ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

„КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

ISSN 0025-1089

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ГОДИНА LXX 2019

СКОПЈЕ
2019

Македонски јазик	ГОДИНА LXX	стр. 1- 207	Скопје 2019

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

излегува еднаш годишно

Редакција:

Снежана Велковска (одговорен уредник)
Гоце Цветановски (заменик одговорен уредник)
Катица Топлиска-Евроска (секретар)
Елена Јованова-Грујовска
Еленка Стоевска-Денчова
Весна Миовска
Наталија Андријевска
Елена Верижникова (Русија)
Милан Михаљевиќ (Хрватска)
Вера Смоле (Словенија)
Ана Цихнерска (Полска)
Станислав Станковиќ (Србија)

Уредувачки одбор:

Кирил Конески
Коста Пеев
Трајко Стаматоски
Влоѓимјеж Пјанка (Полска)
Рина Усикова (Русија)
Виктор Фридман (САД)

Адреса:

Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, п. фах 434

www.imj.ukim.edu.mk

број на жиро-сметка

40100-788-1242

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Финансирано од Министерството за култура на Република Македонија

СОДРЖИНА

ПОВОДИ
Лилјана Макаријоска
Кон седумдесетгодишнината на списанието „Македонски јазик“ 7
Снежана Велковска
90 години од раѓањето на проф. д-р Кирил Конески 13
Лилјана Макаријоска
По повод 85-годишнината од раѓањето на д-р Георги Георгиевски 21
Весна Костовска
Нашите професори и колеги македонисти д-р Мито Аргировски 25
Марија Коробар-Белчева
80 години од раѓањето на д-р Олга Иванова (1939 – 2016) 29
Лидија Тантуровска
Лилјана Минова-Ѓуркова (1939 – 2008) 33
Снежана Велковска
Плодна лингвистичка дејност – Снежана Веновска-Антевска на 60 години 37
Сеќавање за проф. д-р Убавка Гајдова (19.7.1965–6.12.2014) 45
Елена Јованова-Грујовска
Људмил Спасов – 45 години лингвистичка дејност 49

СТАТИИ
Елизабета Бандиловска
Повеќејазичноста и јазичната номинација во системот на боите 53
Давор Јанкулоски
Називите за‘честак’и ‘грмушка’во македонските дијалекти (според материјалите на ОЛА) 61
Елена Јованова-Грујовска
За деминутивите и хипокористиците во расказите на А. П. Чехов 71
Виолета Николовска
Функционалните особености на лексемата *камо* 77
Искра Пановска-Димкова
Временските зависносложени реченици како структура за изразување вообичаено повторување на дејството 91

Зоран Спасовски
Јазичните карактеристики на македонските топоними
од Радовишкиот регион.....103
Марија Стевковска
Референцијална и симболичка употреба на показните заменки
во македонскиот и англискиот јазик.....117
Катица Топлиска-Евроска
Лексиката од тематското подрачје ’подготвување храна‘
во македонскиот јазик (семантички аспект) 131

ПРИКАЗИ

Снежана Веновска-Антевска
Преку изворите земски до окружието, до Блаже Конески
и понатаму... (проф. д-р Димитар Пандев, „Окружието на Конески“,
Македонски збор, книга петта, Скопје 2019) 139
Симона Груевска-Маџоска
Прилози за македонството (проф. д-р Васил Дрвошанов:
Автори и дела VI, Бата прес, Скопје, 2019) 147
Димитар Пандев
Слово за сложенките (Весна Костовска, „Сложенките
во македонските црковнословенски текстови“, Скопје 2018) 151
Искра Пановска-Димкова
Зборник на трудови од меѓународната научна
конференција „Јазикот и културата – состојби и предизвици“... 155
Људмил Спасов
Јазикот на првите преводи на Новиот Завет на современ
македонски јазик напишани со грчко писмо (Борче Арсов, Пагома
прес и Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
2019) 161
Катица Топлиска-Евроска
На почетокот беше збор ... Зборник на трудови од Научниот собир
во рамките на манифестацијата Денови на Благоја Корубин
(одржан на 9 – 10 мај 2017) 165
Катица Трајкова
Језик као запис културе у етнолошкој и лингвистичкој анализи
на релацији Србија – Македонија/јазикот како запис на
културата во етнолошката и лингвистичка анализа на
релација Србија – Македонија, Зборник на трудови.....171

ХРОНИКИ

Снежана Петрова-Џамбазова
Меѓународен научен собир „Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику“ (Ниш, 19 април) 175
Катица Топлиска-Евроска
Дваесет и трети „Денови на Благоја Корубин“ 179
Борче Арсов
LII летна школа (Охрид, 4 – 23 август 2019 г.) и XLVI Меѓународна научна конференција – лингвистика (Охрид, 23 и 24 август 2019 г.) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.....184
Весна Костовска
Семинар за македонски јазик во организација на Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Албанија 187
Борче Арсов
Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (11 – 15 ноември 2019 г.) 189

IN MEMORIAM

Лилјана Макаријоска
Тажно сеќавање Зденка Рибарова (13 јуни 1945 – 13 март 2019) 193
Снежана Веновска-Антевска
Драги Стефанија (Охрид, 10 ноември 1933 − Охрид, 17 јуни 2019) Еден живот, една приказна.....201

811.163.3:050(497.7)(060.91)

КОН СЕДУМДЕСЕТГОДИШНИНАТА НА СПИСАНИЕТО „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“

Во пресрет на издавањето на седумдесеттиот број на списанието „Македонски јазик“, прво стручно и научно списание за македонскиот јазик и на македонски јазик, можеме да истакнеме дека, несомнено, тоа претставува своевидно сведоштво за развојот на македонската наука за јазикот.

Списанието започнува да излегува како месечен билтен на Катедрата за македонски јазик при Филозофскиот факултет во Скопје, во јануари 1950 година и тоа по иницијатива на професорот Блаже Конески и со редакција во состав: Блаже Конески, Крум Тошев, Божо Видоески и Рада Угринова.

Во првиот број на списанието се определени целите и задачите кои се поставувале пред македонскиот литературен јазик во педесеттите години на минатиот век: да се изработи што поскоро солидна научна граматика на нашиот литературен јазик; да се состави речник на македонскиот јазик и во таа смисла да се работи врз создавањето на установена терминологија во сите области; да се води постојана борба за чистотата на нашиот јазик во литературата, печатот, радиото, театарот и др., да се води грижа за македонскиот јазик во училиштата, за начинот на неговото предавање, за подготовката на учебници по македонски јазик.

Редакцијата укажува на прашањата со кои би требало да се занимава билтенот и тоа пред сè од областа на граматиката, како и со критички прегледи на јазикот на преводите, на јазикот на печатот, на радиото, на образованието. Редакцијата исто така повикува околу билтенот да се обединат „сите сили што по еден или друг правец работат на јазичното поле, писатели, журналисти, учители, во прв ред оние на кои македонскиот јазик им е специјалност, но и други културни работници, та заеднички да поведат конструктивна дискусија за проблемите на литературниот јазик“. Се истакнува дека учителите по селата можат да придонесат со прилози од речникот, а предавачите по македонски јазик во средните училишта со изнесување на проблемите и тешкотиите во секојдневната работа.

Првите броеви имаат мал обем и мал формат, но билтенот излегува во десет свески годишно, а во нив се содржани прилози посветени на мошне значајни правописни, лексички и други прашања актуелни при примената на македонскиот литературен јазик и секако предлози за разрешување на одделни јазични прашања.

Страниците на првиот број на билтенот се посветени на: акцентот во нашиот литературен јазик (Крум Тошев), македонскиот јазик во нашите средни

училишта (Рада Угринова), употребата на релативните заменки што, кој што итн. (Блаже Конески), класификацијата на глаголите во нашиот литературен јазик (Божо Видоески) и други помали прилози.

На тој начин во билтенот се одбележани првите чекори на македонската наука за јазикот, определени се првите неодложни задачи и одговорени се основните прашања од областа на македонската граматика, синтакса, лексика итн.

Во првите години на страниците на списанието се расправа за многу прашања од областа на јазичната норма, за јазикот на печатот, радиото, преводната литература, но исто така се реагира на невистините во врска со непостоењето на македонскиот јазик итн.

Апелот за собирање лексички материјал придонесува за големиот број речнички прилози од различни дијалектни подрачја, како на пр. Зборови од Мариово, од Охрид, од Дебарско, од Пореч, од Тиквешко, од Малешево итн. Во рубриката Пошта се остварува неопходниот непосреден контакт меѓу читателите и Редакцијата, како можност за размена на ставови околу значајни јазични прашања.

Несомнено списанието придонесува и за создавањето и изградувањето на научни и стручни кадри, ја поттикнува научната дејност, но истовремено и самото се надградува и „од списание со претежно научно-популарен карактер и со поширока и практична примена веќе прераснува во поизразито стручно и научно списание, наменето главно на науката за јазикот“.

Редакцијата одговара и на прашања во врска со употребата на определени форми во литературниот јазик, во врска со неправилно употребувани зборови и сл.

По првите четири години (1950 – 1953) во кои излегува како месечен билтен на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје, односно од 1954 год. „Македонски јазик“ станува орган на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ добивајќи карактер на научно списание, растоварено од стручно-популарните и речничките прилози, со оглед на тоа што со прашањата во врска со македонскиот јазик во јавното општење, во училишната практика се занимавало списанието „Литературен збор“. Списанието од 1954 до 1959 година излегува во две свески годишно, од 1959 во една книга годишно, а од 1965 година со зголемен формат и со поголем број страници.

На реализацијата на списанието грижливо се посветени редакциските одбори. Одговорни уредници за овој седумдецениски период беа: Блаже Конески год. I–XXIII (1950–1972), Божидар Бидоески год. XXIV–XXXIX (1973–1988), год. XLII–XLVII (1991–1996), Олга Иванова год. XL–XLI (1989–1990), Марија Коробар-Белчева год. XLVIII–LIII (1997–2002), Лилјана Макаријоска год. LIV–LX (2003–2009), год. LIV–LX (2003–2009), год. LXV–LXVIII (2014–2017), Веселинка Лаброска год. LXI–LXIV (2010–2013), Снежана Велковска LXIX– (2018–). Несомнен придонес имаа и долгогодишните членови на редакциските одбори Крум Тошев (1950–1976), Рада Угринова (1950–1984),

Благоја Корубин (1960–1984), Трајко Стаматоски (1970–1984), Олга Иванова (1985–1996), Зденка Рибарова (1985–2002), Маринко Митков (1989–2002) и др.

Списанието „Македонски јазик“ има меѓународен уредувачки одбор од 2007 год. (Лилјана Минова-Ѓуркова, Коста Пеев, Влоѓимјеж Пјанка, Трајко Стаматоски, Рина Усикова, Виктор Фридман, Гизела Хавранек), а од 2013 год. и меѓународна редакција (Елена Верижникова, Милан Михаљевиќ, Вера Смоле, Ана Цихнерска, Станислав Станковиќ).

Од аспект на популаризацијата на прилозите објавени во списанието, во 1959 година излезе библиографски осврт на прилозите објавени дотогаш[1], а во 1969 за изминатите дваесет години[2]. Како додаток кон год. XXV (1974) е објавена Библиографија на прилозите објавени во списанието Македонски јазик I–XXV (1950–1974), составена од Александар Џукески[3], а опфаќа Библиографија (1950–1974), Тематски регистар на прилозите, Регистар на авторите, Регистар на јазиците, Редакција на „*Македонски јазик*“. Исто така објавен е библиографски преглед на год. XXVI–XLI (1975–1990).4

Како додаток кон јубилејниот број LX (2009) е издадена Библиографија[5] (со вкупно 1465 одредници) која ги опфаќа прилозите објавени во списанието во изминатите 60 години, и тоа прилозите кои биле објавувани во рамки на рубриките Статии и расправи, Прикази, Хроники, Поводи и Библиографија. Целта е со Библиографијата целокупната проблематика што била разгледувана во списанието да стане подостапна[6], а кон Библиографијата е приложен и Регистарот на авторите кој овозможува нејзино поедноставно користење.

Во списанието се објавени прилози од историјата на македонскиот јазик, современиот јазик, од областа на македонската дијалектологија, ономастиката, балканистиката, јазичната политика, па споредбени теми за односот на македонскиот јазик кон други словенски и несловенски јазици и сл.

На страниците на списанието голем број лингвисти (од седумдесетина славистички центри) со своите прилози придонесуваа за афирмацијата на македонскиот јазик, се осврнуваа на одделни особености на македонскиот јазик, на проблеми од јазичната практика, третираа и прашања од областа на меѓујазичните контакти односот на македонскиот јазик спрема другите јужнословенски, словенски и балкански несловенски јазици и сл.

---

1 Џукески Александар, Библиографија на трудовите објавени во списанието „Македонски јазик“ од I–X година, *Македонски јазик* X, кн. 1–2 (1959), 159–195.

2 Џукески Александар, Прилози објавени во списанието „Македонски јазик“ XI–XX година, *Македонски јазик* XX (1969), 197–216.

3 Библиографија на прилозите објавени во списанието Македонски јазик I–XXV (1950 – 1974). Составил: Александар Џукески, *Македонски јазик* XXV (1974), 9–112.

4 Миркуловска Милица, Библиографија на прилозите објавени во списанието „*Македонски јазик*“ XXVI–XLI (1975 – 1990), *Македонски јазик* XLV–XLVII (1994 – 1996), с. 449–491.

5 Библиографија на год. I – год. LX (1950 – 2009), составила: Лилјана Макаријоска, додаток кон *Македонски јазик* LX (2009).

6 Достапна и на http://imj.ukim.edu.mk/CMS/Upload/BIBLIOGRAFIJA-MJ-I.pdf

Списанието постојано е отворено и за прилози посветени на македонскиот јазик пишувани на странски јазици, што секако придонесуваат македонската јазична проблематика да биде подостапна надвор од границите на Македонија.

Во изминатите години „Македонски јазик“ се изградува и како значаен фактор за научната комуникација со други славистички центри. Во списанието свои научни трудови објавуваат голем број странски лингвисти, односно слависти и македонисти од различни генерации, меѓу кои на пр.: Франтишек Вацлав Мареш, Збигњев Голомб, Херберт Галтон, Далибор Брозовиќ, Влоѓимјеж Пјанка, Зузана Тополињска, Рина Усикова, Самуил Бернштејн, Павле Ивиќ, Милка Ивиќ, Стјепан Бабиќ, Виктор Фридман, Кристина Крамер, Станислав Каролак, Иван Доровски, Елена Верижникова, Наталија Бороникова, Елена Ерофеева, Елена Степаненко, Јан Соколовски, Јежи Сташевски, Марија Солецка, Ирена Савицка, Даринка Гротан-Премк, Сања Зубчиќ, Јухани Нуорлуото, Валентина Нестор и др.

Со бројноста на прилозите и третираните теми значајни за развојот на македонската лингвистика ова списание го оправдува своето постоење и претставува сведоштво за развојот на македонистичката научна мисла, а со седумдесетгодишното постоење се вградува во континуитетот на македонската наука за јазикот. Во рубриката „Прикази“ редовно се претставувани новите изданија од областа на македонскиот јазик со цел јавноста да се запознае со современите достигнувања во научната и стручната литература. „Хроники“ е рубриката во која на своевиден начин се следат поважни симпозиуми, научни собири, меѓународни конгреси, меѓународни комисии, семинари, советувања и сл., а рубриката „Поводи“ е посветена на значајни датуми, годишнини, јубилеи.

Можеме да заклучиме дека во текот на своето седумдеценско опстојување списанието не отстапува од затврдените рубрики. Во поновите броеви на списанието се објавени и трудови на афирмирани лингвисти, професори, но и на постдипломци, што го потврдува континуитетот и јасно укажува дека македонската наука за јазикот има иднина.

Осврнувајќи се на 35-годишнината на списанието проф. Божидар Видоески меѓу другото истакнува дека тоа „одигра непроценлива улога во стабилизацијата на јазичната норма кај нас на поширок план; многу придонесе во негувањето на јазичната култура; овозможи да се иницираат, да се дискутираат и да се решаваат бројни проблеми од сите подрачја на македонскиот јазик. Преку него ние се доближуваме до светската славистика и лингвистика, и обратно – тие до нас. Значително е и насочувањето на кадрите и организирањето на сите сили што работеа на јазичното поле во најзначајните мигови од развитокот на нашиот стандарден јазик“.

По повод 60-годишнината проф. Радмила Угринова-Скаловска истакна дека „во првите броеви во билтенот си најдоа место сериозни научни трудови на Бл. Конески и Кр. Тошев, како и на многу други личности кои професионално и по образованост беа поврзани со јазична проблематика и оставиле длабока трага во македонистиката од тоа време, а посебно место имаа и прилозите во кои се

објаснуваа поретки и помалку познати зборови, се даваше оценка за најчестите грешки во која било сфера на јазикот“, а подоцна „прерасна во списание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, низ кое најдобро може сè до денес да се следи развојот и растот на македонската наука за јазикот“.

Во годината кога го одбележуваме 70-годишното постоење на списанието им изразуваме благодарност на сите соработници кои го овозможија и го поддржуваа неговото опстојување, ги вградуваа своите сознанија на неговите страници придонесувајќи за растежот на списанието и афирмирајќи ја на тој начин македонската наука за јазикот. Исто така му посакуваме долговечност на нашево списание, со желби како и досега да ги остварува своите основни цели и задачи и да придонесува за развојот на македонистичката научна мисла, а во него да ги објавуваат своите прилози и поновите генерации македонисти продолжувајќи го делото на своите претходници.

Лилјана Макаријоска[7]

7 Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, makarijoska@yahoo.com

929Конески, К.

90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПРОФ. Д-Р КИРИЛ КОНЕСКИ

Д-р Кирил Конески, универзитетски професор во пензија, е роден на 19 јануари 1929 година во Прилеп, каде што го завршил основното и средното образование. Студирал на Филозофскиот (Филолошкиот) факултет во Скопје на Групата за македонски јазик и литература (1950 – 1954). Од 1970 година ги посетувал постдипломските студии по македонски јазик како еден од првите студенти, а во 1973 година магистрирал со одбрана на трудот „Значењата на императивот во македонскиот јазик“ објавен во сп. Македонски јазик кн. XXIV (1973) и XXV (1974). Во јуни 1979 година докторирал со одбрана на докторската дисертација „Глаголските конструкции со **ќе** во македонскиот јазик“, објавена во едицијата Посебни изданија, кн. 17, на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

По завршувањето на школувањето (1954), работел кратко време како лектор по македонски јазик во Радио Скопје и како професор по македонски јазик во Индустриското училиште во Скопје. Од 1957 до 1969 година работел како асистент и виш стручен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Во 1969 година е избран за предавач, а следната година за професор по македонски јазик на Педагошката академија во Скопје, каде што работел до крајот на 1979 година. Во 1980 година е избран за вонреден професор по современ македонски јазик, а во 1985 година за редовен професор на Филолошкиот факултет во Скопје на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, каде што работел до пензионирањето (1989).

Како асистент во Институтот за македонски јазик бил на деветмесечна специјализација во Варшава (1959) и на тримесечен студиски престој (1964), а во 1968 година ја посетувал Летната школа за чешки јазик во Брно. Како професор на Педагошката академија од октомври 1976 до декември 1978 година (три семестри) бил прв лектор по македонски јазик на Катедрата за словенска дијалектологија на Државниот универзитет во Москва. Во рамките на меѓууниверзитетската соработка, како професор на Филолошкиот факултет имал кратки посети со предавања на универзитетите во: Тирана на Филолошкиот факултет (1980), Краков во Институтот за словенска филологија (1981), Хале на Катедрата за славистика (1985), Упсала во Славистичкиот институт одржал краток курс по македонски јазик во рамките на курсевите за постдипломци и докторанди (1985), Гетеборг на Високата школа во Молндал одржал циклус предавања за студентите (Македонци) што студираат за наставници по мајчин јазик (за децата на родители на привремен престој / работа во Шведска) (1985), Братислава престојувал во работна посета на

Одделението за словенски јазици на Институтот за јазик и на Катедрата за славистика (1988). Во 1983 година одржал предавање на XIII меѓународен научен состанок на славистите во Белград, а во 1987 година на XXXVIII југословенски семинар за странски слависти во Задар.

Како член на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, покрај наставата по предметите морфологија, лексикологија со зборообразување и лексикографија за студентите од Групата за македонски јазик, држел настава по македонски јазик на Интердисциплинарните студии по новинарство, а предметот општа лингвистика го предавал за јазични групи на Филолошкиот факултет. Во наставата на постдипломските студии учествувал со предавања и бил ментор во подготовка на повеќе магистерски и докторски дисертации.

Надвор од редовната работа, д-р Кирил Конески учествувал во работата на Семинарот за македонски јазик, литература и култура на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како лектор (1970 – 1977), заменик-директор (1980 – 1981) и директор (1984 – 1985). За потребите на семинарот подготвил *Прирачник за лекторски вежби по македонски јазик*, 1969, и учебник *Македонски јазик за странци – среден курс*, 1977 (со повеќе изданија). Подолго време бил ангажиран како експерт по македонски јазик во Комисијата за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија при Собранието на СФРЈ во Белград. Бил член на редакцијата на списанието *Литературен збор* од 1988 до 1990 година.

На полето на општствената дејност имал разни задолженија: бил делегат во Соборот на здружениот труд на Општина Карпош (како вработен на Педагошката академија), член на Научниот совет (1978) и Советот (1980) на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, член на Славистичкиот комитет, директор на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, член на Претседателството на Сојузот на друштвата за македонски јазик и летература, продекан на Филолошкиот факултет и шеф на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, член на Одборот за соработка со странство во областа на јазикот при Комисијата за културни врски со странство и др.

За придонесот во дејноста на Педагошката академија бил одликуван со Орден на трудот со сребрен венец (1978), а за работата на Филолошкиот факултет со Орден заслуги за народ со сребрени зраци (1989).

По пензионирањето соработувал со Филолошкиот факултет како наставник до изборот на негова замена и како член на комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации, бил член на Советот за македонски јазик (2002 – 2006) и претседател на Комисијата за полагање испит за лектор (1998 – 2010), при Министертството за култура.

Д-р Кирил Конески е афирмирано име во македонската наука за јазикот кај нас, но и во меѓународната славистичка јавност.

Неговата наставна дејност е тесно поврзана со научната, и од таа врска произлегуваат неговите учебници, високо оценети и од домашните и од

странските специјалисти: *Македонски јазик за странци* и *Зборообразувањето во современиот македонски јазик.*

Научната дејност на д-р Кирил Конески произлегува од проблематиката на современиот македонски јазик и пред сè со неговиот глаголски систем, богат со форми и со значења. Пристапот на д-р Кирил Конески заслужува почит: тој тргнува од состојбите во јазикот врз основа на голем број примери ексцерпирани од различни функционални стилови и извлекува од нив заклучоци на кои не може да им се приговори зашто се потврдени од начинот на кој го употребуваат својот јазик македонските родени говорители. Неговите студии за формите со **ќе**, за заповедниот начин, како и книгата *За македонскиот глагол* се незаобиколни библиографски единици за секој проучувач на современиот македонски јазик. Интересот на д-р Кирил Конески е сврзан, пред сè, со современиот македонски јазик, со неговата стандардизација на сите рамништа, а посебно во сферата на морфологијата, зборообразувањето и лексикологијата. Од сите овие области има објавено голем број научни трудови во повеќе списанија во земјата и во странство, со кои дал огромен придонес во расветлувањето на граматичката структура на современиот македонски јазик.

Како лектор на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, уште од првите години на неговата летна школа, д-р Кирил Конески има подготвено учебник *Македонски јазик за странци – среден курс* (1969), кој со извесни дополнувања и промени е издаден и во 1977, а најновото, исто така, изменето издание во 2000 година. Во овој учебник се обработени околу педесет одделни проблеми на граматичкиот систем на стандардниот македонски јазик преку кои странските слависти и другите посетители на Семинарот можат ефикасно и без поголеми тешкотии да ги совладаат структурните белези на македонскиот јазик, пред сè од областа на морфологијата. Повеќегодишното искуство на д-р Кирил Конески како лектор мошне успешно е применето во овој учебник со посебна намена – на едноставен, прифатлив, разбирлив и сублимиран начин да се претстават најкарактеристичните особености на македонскиот јазик. Овој учебник е неодминлив дел од основната литература што се користи во сите лекторати по македонски јазик во светот и на сите универзитети каде што се предава македонски јазик.

Како дел од најупатените наши лингвисти во сферата на стандарднојазичната норма, д-р Кирил Конески повеќе од три децении е вклучен во авторскиот тим на најзначајниот документ за секој стандарден јазик – Правописот. Тој е коавтор на *Правописот на македонскиот јазик со правописен речник* (1969) и на *Правописот на македонскиот литературен јазик* (1998). Покрај неколку поглавја (за употребата на големата буква, за слеаното и разделеното пишување на зборовите, за скратениците и скратувањето на зборовите), д-р Кирил Конески го има подготвено речничкиот дел кон Правописот од 1969 година, со околу 30 000 зборови. Сè до 1999 година ова беше најголемиот и најкористениот нормативен речник на македонскиот јазик.

Проф. д-р Кирил Конески е вклучен во работата и на најновиот *Правопис на македонскиот јазик*, редакција Живко Цветковски (претседател) и др., Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“, 2015, со делот *Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите* заедно со Н. Андријевска.

Следејќи ги будно постојаните поместувања во сферата на лексичкиот состав на нашиот јазик, а особено по големите општестевно-политички промени во деведесеттите години, д-р Кирил Конески во 1999 година го објави *Правописниот речник на македонскиот литературен јазик,* кој опфаќа 43 000 зборови. Овој Речник, не само по обемот туку и по пристапот кон правописната, а и правоговорната норма, претставува голем чекор напред во споредба со речничкиот материјал во Правописот од 1969 година. Во многу случаи е дадена целата парадигма на некои зборови, а особено на глаголите, така што овој Речник има карактеристики и на еден системски нормативен речник. Со неговото објавување македонскиот јазик се искачува на едно многу повисоко рамниште на стандардизација. За сите оние што имаат каква и да било врска со македонскиот стандарден јазик овој Речник, покрај Правописот, е најпотребен и најнеопходен прирачник што треба да се има при рака во секој момент.

Во монографијата *Глаголските конструкции со* ***ќе*** *во македонскиот јазик* (1990) д-р Кирил Конески дава научна анализа на еден од најкарактеристичните белези на глаголскиот систем на македонскиот јазик – на аналитичките футурски форми, на нивните темпорални, модални и други карактеристики. Посебно е разгледан развојниот пат на овие конструкции од старословенскиот период па сè до денеска, при што со многу аргументи се поткрепува тезата дека македонскиот јазик од сите словенски јазици најдалеку отишол во формалното диференцирање на идното време, преку полното граматикализирање на помошниот глагол *ќе*, преку наложувањето на категоријата прекажаност и др. Монографијата и пошироко во славистиката е позната како труд во кој се елаборирани повеќе теориски прашања, а особено за дискутабилниот статус на овие конструкции како апсолутни или релативни, како темпорални или модални и сл. Различните употреби и значења на *ќе*-конструкциите се илустрирани со извонредно богат и засведочен материјал од најразлични сфери на јазикот.

Книгата *Зборообразувањето во современиот македонски јазик* (1995) претставува прв и целосен опис на зборообразувачкиот систем на современиот македонски јазик. Во овој труд на синтетизиран начин е вградено долгогодишното научно и наставно искуство на д-р Кирил Конески, кој својот творечки ангажман го има посветено најчесто на теми од областа на лексиката. Иако оваа книга има намена на универзитетски учебник, таа по низа свои карактеристики ја надминува својата намена. Без никаква резерва може да се каже дека со оваа книга кај нас, а и пошироко, врз основа на мошне прецизни и научно засновани принципи и методологија се промовира зборообразувањето како една од посебните и најновите лингвистички дисциплини, која традиционално се вклучува во морфологијата или пак во лексикологијата. Овој

труд на д-р Кирил Конески се приклучува кон десетината пионерски и капитални дела за македонскиот јазик.

Д-р Кирил Конески е коавтор на монографијата *Македонски јазик* (1998), која беше публикувана во Ополе (Полска), а е резултат на неколкугодишно истражување на состојбите и промените во нашиот јазик од 1945 до 1995 година, во рамките на големиот општословенски лингвистички проект *Современи состојби во словенските јазици*. Во овој труд д-р Кирил Конески го обработува најчувствителното и најподложното на промени јазично рамниште – лексичкото. Со богат илустративен материјал се аргументирани сите покарактеристични поместувања во рамките на речничкиот состав на нашиот јазик во овој период, различните влијанија од соседните словенски и од другите јазици, збогатувањето или осиромашувањето на лексиката во рамките на одделни функционални сфери, односот на нормата кон традиционалната домашна лексика во денешно време, кога и во областа на јазикот се случува глобализација и др.

Како резултат на долгогодишното проучување на глаголот како најсложена лексичко-граматичка категорија во нашиот јазик, д-р Кирил Конески во 1999 година ја објави книгата *Македонскиот глагол*. Во неа се поместени повеќе прилози во кои се разработуваат некои од клучните прашања на глаголскиот систем во нашиот јазик. Посебно ќе ги споменеме неговите мошне значајни истражувања за категоријата вид. Сосема со право може да се каже дека д-р Кирил Конески е најквалификуваниот и најпродуктивниот проучувач на зборовната група глаголи во македонската наука за јазикот.

Во 2000 година, кога во Институтот за македонски јазик се формира нов тим што работи на *Толковниот речник на македонскиот јазик*, д-р Кирил Конески активно се вклучува во работата како главен редактор. Тој е автор на методологијата (Основно упатство за изработување на *Толковниот речник на македонскиот јазик*, сп. Македонистика 8, ИМЈ, 2002) по која се работеше овој капитален труд на македонската лексикографија. Неговото големо искуство, самопрегорноста во работата вроди со плод. Овој голем национален проект, толку значаен за македонскиот јазик, беше завршен во 2014 година. Проектот ја доби највисоката награда за наука „Гоце Делчев“. Д-р Кирил Конески, како жива енциклопедија од знаења за лексичкиот систем на македонскиот јазик, за неговите развојни тенденции на лексичко и на зборообразувачко рамниште, придонесе Речникот да носи релевантни решенија за многу клучни прашања од оваа област.

Импонира неговата работливост и самопрегорноста во работата, од една страна, но и неговата скромност, од друга. Проф. д-р Кирил Конески никогаш не се борел за звучни титули, награди и признанија. Тие доаѓале како природен след на работите и како резултат од неговата навистина импозантна работа. Иако во поодмината возраст, тој секојдневно ја продолжува започнатата работа од пред шест децении, грижата за јазикот, за најновите случувања, за актуелниот момент.

Д-р Кирил Конески има речиси шестдецениска наставно-научна и општествена активност во нашата земја и надвор од неа. Целокупната негова дејност е оценувана и денеска се оценува како мошне успешна, и општестевно корисна. Особено се значајни неговите постигања во областа на современиот македонски јазик, посебно во ортологијата, морфологијата, лексикологијата и, секако, во лексикографијата. Тој е еден од најпродуктивните македонски лингвисти, автор на неколку пионерски и фундаментални трудови за македонистиката со кои таа добро се претставува во славистичките центри во светот.

Библиографија

Книги

1. Географски и други имиња (како и зборови изведени од нив). – Прилог во Речникот на македонскиот јазик III, редактор Блаже Конески, составувачи: Т. Димитровски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1966, 585–595.
2. Обратен речник на македонскиот јазик. – Редактори: Кирил Конески и Александар Џукески; составувач Владимир Миличиќ, 1–354, прилог кон речникот: К. Конески и Ал. Џукески, Преглед на фреквенцијата на еднобуквените, двобуквените и трибуквените завршоци на зборовите, 355–387. – Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1967, 387 стр.
3. Прирачник за лекторски вежби по македонски јазик – среден курс. Скопје: Семинар за македонски јазик, литература и култура, 1969, 63 стр.
4. Правопис на македонскиот литературен јазик. – Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев, Р. Угринова-Скаловска. – Скопје: Просветно дело, 1969, 188 стр.
5. Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник. – Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев, Р. Угринова-Скаловска. – Скопје: Просветно дело, 1970, 607 стр.
6. Македонски јазик за странци – среден курс. – Скопје: Семинар за македонски јазик, литература и култура, 1977, 154 стр.
7. Глаголските конструкции со ќе во македонскиот јазик. – Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1990, 256 стр.
8. Правопис на македонскиот литературен јазик /XII изменето издание/. – Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев, Р. Угринова-Скаловска. – Скопје: Просветно дело, 1994, 151 стр.
9. Зборообразувањето во современиот македонски јазик. – Скопје: Бона, 1995, 189 стр.
10. Правопис на македонскиот литературен јазик /издание со изменет и дополнет текст, под редакција на Тодор Димитровски/. – Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, Р. Угринова-Скаловска. – Скопје: Просветно дело, 1998, 176 стр.

11. Правописен речник на македонскиот литературен јазик. – Скопје: Просветно дело, 1999, 515 стр.
12. За македонскиот глагол. – Скопје: Детска радост, 1999, 279 стр.
13. Македонски јазик за странци (среден курс). – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Семинар за македонски јазик, литература и култура, 2000, 175 стр.
14. Зборообразувањето во современиот македонски јазик /второ поправено издание/. – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2003, 189 стр.
15. Толковен речник на македонскиот јазик. – Проект на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – раководител на проектот Снежана Велковска, главен редактор Кирил Конески, редакција: Снежана Велковска, Кирил Конески, Живко Цветковски; со тим од составувачи: том I, А – Ж, 2003, 640 стр.; том II, З – К, 2005, 675 стр.; том III, Л – О, 2006, 613 стр.; том IV, П, 2008, 680 стр., том V, Р – С, 2011, 623 стр., том VI, Т – Ш, 2014, 571 стр. – во издание на Институтот.
16. Правопис на македонскиот јазик, редакција Живко Цветковски (претседател) и др., Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“, 2015. (Н. Андријевска, К. Конески, Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите, 55–80).
17. Правопис на македонскиот јазик (второ издание), редакција Живко Цветковски (претседател) и др., Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“: Култура АД, 2017. (Н. Андријевска, К. Конески, Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите, 55–80).

Статии (избор)

1. Родот и бројот на туѓите именки на самогласка. – Литературен збор V/2, 1958, 109–115.
2. Изведувањето на именките и придавките од имиња на земји, држави, покраини и сл. – Литературен збор VII/1–2, 1960, 56–62.
3. Изговорот и транскрипцијата на полските имиња во македонскиот јазик. – Литературен збор IX/1, 1962, 22–26.
4. Принципите на изработката на правописниот речник на македонскиот литературен јазик. – Литературен збор X/4–5, 1963, 18–22.
5. Проблеми на правописот на македонскиот литературен јазик. – Литературен збор XI/3, 1964, 11–20.
6. Поглед врз правописната норма во јазикот на Крсте Мисирков – научен собир посветен на 40-годишнината од смртта, Скопје, 24–25 јуни 1966; Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Посебни изданија, кн. 6, 153–160.
7. Употребата на негиран императив од перфектни глаголи во македонскиот јазик. – Македонски јазик XXIII, 1972, 117–132.
8. Значењата на императивот во македонскиот јазик. – Македонски јазик XXIV, 1973, 131–156, и Македонски јазик XXV, 1974, 145–167.

9. Адаптација на туѓите именки на самогласка (-о, -е, -и, -у) во српскохрватскиот и македонскиот литературен јазик. – Литературен збор XXX/5, 1983, 19–23.
10. Тенденции во активирањето на зборообразувачките модели во македонскиот литературен јазик. – Предавања на XVII семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1985, 103–110.
11. Правописната норма во контекстот на меѓујазичните контакти. – Научен собир по повод 10 години од смртта на Крум Тошев, Скопје 1986.
12. Зборообразување и лексика. Во: Македонски јазик, редактор Лилјана Минова- Ѓуркова. – Opole: Uniwersytet Opolski – Instytut Filologii Polskiej, 1988, 129–159.

Снежана Велковска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методи", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје; snvelkovska@yahoo.com

929Георгиевски, Г.

ПО ПОВОД 85-ГОДИШНИНАТА ОД РАҐАЊЕТО НА Д-Р ГЕОРГИ ГЕОРГИЕВСКИ

Деновите на кои ги одбележуваме јубилеите се и денови на кои се навраќаме децении наназад, но и денови на кои навираат спомените. Годинава се навршија 85 години од раѓањето на д-р Георги Георгиевски. Роден е на 15 април 1934 год. во с. Кронцелево, Воденско, во егејскиот дел на Македонија. Од 1948 до 1965 год. живее и работи во Чехословачка, од 1966 год. работи во Народната и универзитетска библиотека во Скопје, а потоа во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Во 1974 год. на Филозофскиот факултет во Скопје го одбранува магистерскиот труд на тема „Јазичните подновувања во записите и натписите во македонската писменост до XVIII век“, а во 1988 и докторската дисертација за „Инфинитивот, неговата замена и конкурентските синтаксички конструкции во македонските текстови од XII до XIV век“.

Со својата долгогодишна работа Георгиевски остава траен влог во македонската наука за јазикот и особено во работата на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, со огромен придонес во збогатувањето на одделенските картотеки и во лексикографската обработка на буквите Б и Г на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“.

Георгиевски е еден од составувачите на „Индексот кон Речникот на македонските библиски ракописи“ (со В. Десподова, З. Рибарова, М. Аргировски, К. Бицевска), автор е на првата темелна студија за употребата на инфинитивот во македонските црковнословенски текстови под наслов „Инфинитивот и неговите еквиваленти во македонските текстови од XII до XIV век“ (1990), на монографиите „Македонистички студии“ (2001), „Да-реченицата во македонскиот јазик“ (2009) посветена на синтаксичките функции на да-реченицата во македонскиот јазик врз основа на богат јазичен материјал ексцерпиран од стотина литературни дела од македонски автори, како и на „Јазичните подновувања во записите и натписите во македонската писменост до 18 век“ (2010) посветена на записите што имаат непроценлива вредност за проучувањето на историјата на македонскиот јазик. Тој се осврнува на фонетските промени документирани во записите и натписите, а проследува и некои морфолошки, синтаксички, како и лексички подновувања што од народниот јазик проникнале во јазикот на записите, па изделува и четири лексички слоеви во записите, според потеклото на зборовите, групирајќи ги во: слој од општословенски зборови, слој од црковнословенизми, слој од народните лексички елементи и слој заемки (главно турцизми и грцизми). Неговите книги

се барани од нашите колеги во странство, односно го привлекуваат интересот на пошироката словенска научна јавност. Неодамна, на молба од колеги од РАН, ги испратив неговата студија „Инфинитивот и неговите еквиваленти во македонските текстови од XII до XIV век“ и „Грцизмите во македонскиот јазик“ од Мито Аргировски.

Резултатите од своите истражувања Георгиевски ги објавува и во списанијата: „Македонски јазик“, „Македонистика“, „Литературен збор“, „Кирилометодиевистика“ и др.

Би сакала да ги споменам и збирката поезија „Безбрежни брегови“ (2001), како и најновата книга „Скршено небо“ (2017) со песни, сеќавања и раскази.

Според Бранко Цветковски, Георгиевски е „од сојот на оние кои погледнувајќи долго од стреата на сенката самоуверено ја прејавува сопствената креативност, сопственото знаење, чувствување и разбирање на поетската уметност како назнака на интелектуалниот и емотивниот арсенал на личноста што се легитимира како свидетел и учесник во откривањето на вистината за радосните и морните навеви на животот, на ведрата и трагичната страна на човековото постоење (...) како неотстапник пред премрежијата на времето и пред агонијата на македонскиот народ кој како надземен здив на вечната стерна опстојува низ сите темнини на милениумите, Георгиевски, со враќањето кон мотивите на големата егејска болка дава свој придонес во историјата на незаборавот на една голема национална трагика и егзодус“.

Во објавените стихови и проза Георгиевски ја овековечува својата потресна приказна за деновите од детството кога и тој како и многу други ја преживеал разделбата со родното огниште со желба неговите детски спомени да бидат мало сведоштво за животот испреврten наопаку, за прогонството, но и „за надежта и светлината пред тунелот во кој е втурнато едно дете без тоа да знае зошто и заради кого мора да поминува низ него“.

Покрај една песна Георгиевски искрено ќе забележи „песната се роди од мојата скрб за родниот крај, за родната куќа и моите најмили. Ја пеевме во детските домови во Чехија кога ни беше тешко на душата и кога солзите ни ги полнеа очите“.

Георгиевски нам ни ги остави резултатите од долгогодишната работа, а ние го паметиме по неговата препознатливата добрина, искреност, скромност и несебичност. Ненаметлив и скромен, посветен на работата, Георгиевски никогаш не истакнуваше колку се вложил во работата, но јас знаев колку се посветува на секој збор, исто како што знаев колку упорност и напор има во заморените очи на неговиот најблизок колега Мито Аргировски додека со часови се трудеше сложените текстови со многу фонтови да ги внесе во компјутер, додека многумина на негова возраст се откажуваа.

Јас, како помлад соработник, ги запознав колегите Георгиевски (со големо искуство во работата на Речникот) и Аргировски (несомнено најдобар познавач на старогрчкиот јазик и на етимологијата меѓу нас) пред 32 години и оттогаш до денес кон нив чувствувам огромна почит и благодарност, за нивната

поддршка, за несебично подадената рака, за искрените совети, за грижата за нас помладите соработници.

Од нивните трудови ги стекнував своите искуства, а честопати во секојдневните разговори во нив го препознавав својот родител, со кој ги поврзуваше потресната судбина на деца бегалци. Токму затоа ниедна наша средба не завршуваше без неодминливите прашања за децата, за семејството, за здравјето. Едноставно, многупати без некоја посебна намера „си ја отворав душата“ за многу работи што ме мачат, за состојбите околу нас, па како да очекував родителска потврда за оправданоста на моите размисли. И ја добивав...

Во една пригода бев пресреќна кога Георги изрази желба да работиме заедно на лексиката на воденскиот говор и со радост го пречекував секогаш кога ќе дојдеше со нови забелешки за да оставиме поголема трага за неговиот роден говор. Кога му кажав дека се грижам дека ќе треба да вложува дополнителни напори за прегледување на материјалот, тој ми рече „кога работиме заедно, јас не мислам на лошо“. Иако сакавме да објавиме мала книга, сепак имавме можност и решивме поскоро да го објавиме материјалот во списанието „Македонистика“ (што е достапно на веб-страницата на Институтот). Искрено се загрижив кога од здравствени причини тој од неодамна престана да доаѓа во Институтот, па не успеав да му ги раскажам впечатоците од читањето на неговата нова книга, да му кажам дека одлучивме да пријавиме магистерска тема за творештвото на неговиот брат Ташко Георгиевски, за чии дела честопати зборувавме.

На крајот, по повод 85-годишнината, би сакала од свое име и од името на колегите од Институтот да му посакам пред сè добро здравје и уште животни радости со неговите најблиски, како и да потсетам на една негова песна.

Патуваме со времето

Се раѓаме
Се качуваме
По скалата на животот
Се луламе
Трипати кон радоста
Двапати кон тагата
Денот оди пред нас
Ноќта иде по нас
Во лулката
На високиот бран од пладнето
На постоењето наше
Денот и ноќта
Веќе се рамни
Се луламе
Трипати кон тагата

Двапати кон радоста
Денот останува зад нас
Ноќта истрчува пред нас
Патуваме со времето
До последното
Трепнување

Лилјана Макаријоска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, makarijoska@yahoo.com

929Аргировски, М.

Д-Р МИТО АРГИРОВСКИ

Задоволство ми е да му се заблагодарам на Учителот во името на сите негови ученици. Да му се заблагодарам за сите негови напори, за неговата поучна соработка и за благородното срце, со што несебично нè воведуваше во една прилично тешка научна сфера.

Ваквиот повод може да предизвика силна емоционалност, што на моменти ќе прозвучи патетично. Меѓутоа, сè што ќе биде искажано понатаму произлегува од една долгогодишна содржајна соработка. И соработка со една голема човечка димензија. Но на крајот на краиштата, ние што долги години создававме вредности во текот на научното трагање, под спокојната и ненаметлива рака на нашиот драг колега Мито Аргировски, секој на свој начин, ја понесовме таа негова посветеност кон нас.

Во животот, неколку лика со својата смиреност, мудрост, знаење ми биле инспирација и откочница во клучни моменти. И имам чувство дека токму на тие ликови никогаш не сум им се заблагодарила на соодветен начин.

Од сегашен аспект, кога размислувам, сфаќам колку едноставно се одвиваше таа соработка. Нашиот Учител никогаш се немаше поставено надмено и строго. А од друга страна, до ден-денес постои тој респект кон вистинскиот ненаметлив авторитет. Младоста понекогаш е слепа за вистинските авторитети, и тие се примаат како такви. Затоа што нашиот Учител Аргировски секогаш имаше доволно време да нè учи и да ни помогне. И да нè советува, па и за секојдневни работи од животно искуство.

А животното искуство и трнливиот пат на нашиот драг колега Мито Аргировски упатува на неговата постапна сестрана изграденост како човек и како научник.

Д-р Мито Аргировски е роден на 2 август 1933 година во село Ошчима, Леринско, во егејскиот дел од Македонија. Основното образование го стекнал во родното село, на грчки јазик. Од 1947 до 1948 година учествувал во Граѓанската војна во Грција. Во 1948 година заминува во Унгарија каде што на 16-годишна возраст работел како учител, предавајќи македонски и грчки јазик. Во 1954 година завршил учителска школа во Будимпешта, а потоа работел како учител во домовите за деца бегалци од егејскиот дел на Македонија. Во 1955 година заминува во Полска, каде што било неговото семејство. Истата година се запишува на Ополскиот универзитет, на групата за славистика, но поради неговата дејност во врска со афирмацијата на македонскиот јазик и култура, набргу бил исклучен под притисок на некои емигрантски грчки раководители. Од 1955 до 1956 година работел како новинар во иселеничкиот весник

„Демократ“ на македонските страници на кои објавил и неколку патриотски песни и носталгични песни за својот роден крај. Неговата желба, што била и желба на една група млади луѓе, негови сонародници, за создавање на чисто македонски весник под наслов „Егејски глас“ била осуетена од страна на грчките тогашни власти, а малку подоцна бил отпуштен од работа како непожелен, непријателски елемент. Продолжува со својата учителска дејност, но повторно бил отпуштен и продолжил да работи како општ работник во фабрика. Во Македонија се вратил во 1962 година, а во 1968 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, на групата за славистика. Во 1971 година се вработува во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Одделението за историја на македонскиот јазик. Во 1988 година хабилитирал со трудот „Словенски лексички остатоци во новогрчкиот јазик“, а во 1992 година на Филолошкиот факултет во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов „Грцизмите во македонскиот јазик (со посебен акцент врз егејските говори)“. Во 1998 година е избран во звањето научен советник. Двапати е избиран како претставник од Институтот во Универзитетскиот сенат. Од 1995 до 1997 година бил в. д. директор на Институтот.

Ние, тогашните млади соработници во Институтот, во Одделението за историја, се соочувавме со потребата да го користиме старогрчкиот јазик во процесот на изработката на **Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција**. Тоа беше голема непознаница за нас. И навистина чувствувавме страв, дали ќе бидеме во состојба да одговориме на поставените задачи. Но ја имавме таа голема среќа во сето тоа да нѐ води нашиот искусен колега Мито Аргировски. За оној што сакаше да научи, вратата од тивката канцеларија на крајот од ходникот на д-р Мито Аргировски секогаш беше отворена. Со ливчињата в рака, баравме помош и по неколку пати во денот. И научивме. Многу научивме, и за пристапот, и за методологијата, и за работата со грчките речници, и за принципот на компарација на црковнословенските лексеми со грчките. Никогаш, ама никогаш не почувствував нетрпение од страна на нашиот учител кога грешев, кога не разбирав. Секогаш со голема посветеност и пристапност ме воведуваше во принципот на обрабтка на грчките лексеми.

Јас никогаш не му се заблагодарив доволно за тоа што ми ја олеснуваше работата при изработката на мојата магистерска и изработката на моите статии.

Јас никогаш не му се заблагодарив доволно што, во миговите кога потклекнував, знаеше дискретно да ми даде едноставни човечки совети што ме поткреваа за понатаму.

Ова е тој миг, за мене многу личен, кога барем малку можам да му се оддолжам на мојот Учител и да му искажам почит затоа што бил еден од малкуте што без суета, без надменост, со темелно знаење и со многу трпение ми помогнал во надминувањето на препреките во текот на моето професионално усовршување.

Неговото творештво е пример за лик научник што ја љуби својата професија до граница на себеодрекување.

Покрај тоа што како соработник беше вклучен во проектот **Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција**, тој раководеше со научноистражувачкиот проект **Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели**, во кој беа вклучени и д-р Александра Ѓуркова и д-р Наталија Андријевска. Како резултат на овој проект во 2003 година беше отпечатена монографија.

Монографијата на д-р Мито Аргировски „Грцизмите во македонскиот јазик“ со големиот број одредници (1756 збора) е труд во кој е сублимирано сето она што е објавено на тема за грчките заемки во македонскиот јазик, до крајот на XX век. Пред сè, вредноста на овој труд се огледа и во фактот што во него се вклучени и обработени голем број дијалектни зборови.

Наша обврска е да се изборите за нови надежни генерации во Институтот, и посакувам да бидат водени и обучувани од такви инспиративни и карактерни ликови како што е нашиот драг колега Мито Аргировски.

Почитуван учителу и колега, Ви посакувам добро здравје Вам и на Вашите најблиски, моменти на среќа и натамошна плодна научна работа.

Весна Костовска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, vesnakostovska63@gmail.com

929Иванова, О.

80 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА Д-Р ОЛГА ИВАНОВА (1939 – 2016)

Олга Иванова е родена на 2 март 1939 година во Скопје. Оттогаш се поминати точно 80 години. Да беше на овој свет ќе го славевме јубилејот, иако не сакаше да биде центар на внимание. Целиот живот ѝ беше работа. Беше вљубеник во ономастиката и не можеше да се засити од убавината на оваа наука. Малку ѝ беше работното време. Доаѓаше во саботите и во неделите, во попладнињата кога ние се одморавме. Сиот работен век го помина во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, во непосреден контакт со картотеките во Одделението за ономастика кои многу ѝ значеа. Резултатите што ги постигна се импозантни. Напиша 10 монографии, 100-ина статии и исто толку реферати што ги презентираше пред македонската и странска научна јавност. Замина тивко, без збогување. Твореше до последен здив. Книгата „Студии од ономастиката и дијалектологијата“ излезе во 2016 година, само неколку месеци пред да ја навјаса смртта.

За Олга Иванова може да се каже дека е еден од втемелувачите на македонската ономастика во Република Македонија. Таа е во Одделението за ономастика при Институтот за македонски јазик од самиот почеток. Ги поминува сите фази на научно-истражувачката дејност за да стигне на врвот како прв магистер и доктор со ономастичка тема на Филозофскиот факултет „Кирил и Методиј“ во Скопје и прв македонски автор со монографија од областа на македонската ономастика. Во периодот 1996 – 2000 е директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Ономастиката како поливалентна наука не може да се истражува без познавање на историјата на македонскиот јазик и неговата дијалектологија. Затоа Иванова е во постојан контакт со овие научни гранки. Со години оди на терен и собира дијалектолошки и ономастички материјал. Има податок дека собрала над 100 000 дијалектни лексички единици од 30 пункта и околу 20 000 топоними од 315 пункта. Нема колега во Институтот што собрал повеќе теренски материјал од неа. Тоа го правеше со многу интерес и задоволство. Иако родена скопјанка, од млади денови и најчесто сама ја пропешачи Македонија, особено источната, додека селата беа уште полни со народ, во близок контакт со обичниот селски свет и амбиент. Речиси сето нејзино творештво се темели на теренскиот материјал што сама го собирала. Ни се потсмеваше нам на помладите кога се трудевме да добиеме податок за некое звано место облечени несоодветно на сточниот пазар, место каде што можеше да се добијат најмногу информации. Ама и постојано се трудеше да ни помогне,

оти сметаше дека материјалот што е прецизно и квалитетно собран е најважен во научните истражувања.

За опусот на Иванова има повеќе сведоштва, сепак некои работи, иако се можеби познати, треба по ваков повод да се повторат. Магистрираше во 1974 година со темата „Суфиксот *-ишт̄е* во македонската топонимија“ при Филозофскиот факултет „Кирил и Методиј“ во Скопје, а во 1980 година ја одбрани докторската дисертација „Месните имиња на областа по сливот на Брегалница“ на истиот факултет под менторство на акад. Божидар Видоески. Во 1982 година излегува од печат нејзиниот „Чешко-македонски разговорник“ како резултат од престојот, т. е. специјализацијата во Прашкиот ономастички центар. Беше учесник на семинарите по словачки јазик (Братислава 1965), по полски јазик (Варшава 1970), по словенечки (Љубљана 1973), по романски (Брашов 1977). Како лектор по македонски јазик во 1975 година престојува на Универзитетот во Крајова (Романија). Беше лектор по македонски јазик на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, заменик-уредник на списанието „Македонски јазик“ и секретар на Меѓународниот славистички комитет.

Олга Иванова го помина работниот век, полни 40 години, во Институтот за македонски јазик. Основната дејност ѝ беше во Одделението за ономастика, но беше вклучена и во проектот „Македонски дијалектен атлас“ што се работи во Одделението за дијалектологија. Работеше на индивидуални и колективни проекти, а сета своја дејност ја преточи во печатени студии и речници што ќе им дојдат како вистински подарок на младите македонисти, т. е. ономастичари.

Олга Иванова беше ономастичар со широк научен интерес. Ја истражуваше и македонската топонимија и македонската антропонимија. Како да беше повеќе наклонета на топонимијата. За тоа сведочат нејзините пет монографии. Првата книга „Месните имиња на областа по сливот на Брегалница“ е нејзината докторска дисертација што ја објави во 1982 година. Во неа се претставени ојконимите на еден поголем регион од источна Македонија. Истакната е дијалектната единственост на овој топонимиски материјал. Покрај тоа, секој ојконим е историски документиран. Некои потврди се од антиката и раносредновековниот период, некои се од поновото време. Преку нив е претставена формалната и семантичката еволуција на топонимите и е предложена една, но често и повеќе етимологии. Нејзин принцип беше етимолошките толкувања да имаат отворен систем на објаснување, поточно да дадат претпоставки кои во иднина можат да се дополнуваат. Тоа е големината на скромните, т. е. големи научници. тоа е перспективата на науката.

Во 1988 година ја отпечати монографијата „Исчезнатите месни имиња во областа по сливот на Брегалница“ и тоа како петти том во едицијата „Споменици на средновековната и поновата историја на Македонија“. Иванова успева да ги открие исчезнатите ојконими врз основа на историски документи, а некои дури и да ги лоцира на споменатиот простор. Тоа на ова дело му дава посебна тежина и нема само ономастичко значење, туку пошироко значење за

културната историја на овие простори. Следната книга е од особено значење. Насловена како „Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница“ таа содржи 11 200 топоними, и макро и микротопоними забележани во нивната дијалектна форма, прецизно лоцирани и научно протолкувани. Секој топоним е речничка статија која содржи историски податоци, предложена етимологија, потребна стандардизација на ојконимот и сл. Оваа студија по својот обем (752 страници) до сега е ненадмината во македонската ономастика. Познато ми е дека во тој период напоредно работеше и на македонската антропонимија. Подготви македонски антропономастикон врз основа на 10-те тома од Турските документи за историјата на македонскиот народ од XV – XVI век. Како на секој искусен ономастичар, и на Иванова историското потекло на онимот ѝ беше посебно важен. Затоа сакаше да ги проучи и претстави и антропонимите од нашиот средниот век. Всушност сакаше да го потврди етимонот на топонимите во чија основа се наоѓаат антропоними, т. е. лични имиња или прекари.

Во 1999 година ќе објави одбрани авторски статии (вкупно 39, од кои 33 се од областа на топонимијата, а 6 се од областа на антропонимијата) под наслов „Студии од антропонимијата и топонимијата“. Тие статии се печатени во разни научни списанија кај нас и во странство. Сите заслужуваат внимание, најмногу поради нивната разновидност и оригиналност. Ќе најдете таму ономастички теми поврзани со народното творештво, со нашата митологија, статии за развојот на историската топонимија и антропонимија и сл.

Иванова беше вклучена и многу активна во два значајни тимски проекта на Одделението за ономастика при Институтот. Тоа беа „Имињата на населените места во Република Македонија“ и „Речник на презимињата кај Македонците“. Во „Речникот на презимињата кај Македонците“ се вклучи во вториот том, во 1996 година. Презимињата што ги обработи се во нејзин стил: темелно и точно. Тоа се презимиња со почетни букви *Т, У, Ч* и *Ц*, вкупно 2 693. Делото се отпечати во 2001 година. Истата година излезе од печат нејзиниот „Обратен речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница“. Се работи за прв наш обратен ономастички речник во македонската ономастика. Со него полесно ќе се проучуваат структурите на ономастичките формации, оние суфиксните, повеќекомпонентните и сл. Во 2007 година ѝ се отпечати уште еден обратен речник, овој пат со презименски репертоар. Тоа е „Обратен речник на презимињата кај Македонците“. Сите 23 946 презимиња од двата тома ги прикажа обратно за да ја покаже и докаже структурата на нашите презимиња и со тоа да им се спротивстави на оние кои сѐ уште пишуваат дека македонските презимиња се вештачка творба и имаат форма наложена со декрет.

Олга Иванова повеќе од 30 години работеше на „Речникот на населените места во Република Македонија“. Тоа е колективен проект на Институтот, многу потребен и ниту малку лесен. За неговата изработка беше неопходно одење на теренски истражувања, формирање на топонимиски и на антропонимиски историски и современи картотеки. Иванова беше дел од

целиот процес на негова подготовка и се вложи во неговата изработка со воодушевување, со многу внимание и многу сериозно. Обработи 495 имиња на населени места и тоа со почетните букви *б, ѓ, е, ј, н, р, ѿ, ќ, у, ф, х, ц* и *ш.* Овој нејзин дел од проектот го отпечати во 2014 година под истиот наслов „Речник на населените места во Република Македонија“. Последната нејзина монографија „Студии од ономастиката и дајалектологијата“ излезе од печат во 2016 година. Содржи 24 статии од две тематски области, од дијалектологијата и ономастиката. И овие статии заслужуваат внимание со широките теоретски елаборации и применливи методологии. Зузана Топољинска по еден повод ќе истакне дека Олга Иванова сета своја творечка и интелектуална моќ ја вложи во афирмација на македонскиот јазик, оставајќи значаен белег во македонската наука за јазикот. За нејзиниот научен придонес е одликувана со „Орден на трудот со сребрен венец“ во 1978 година и со „Орден заслуги за народ со сребрени зраци“ во 1989 година.

И на крајот она што биографските податоци не можат да го пренесат за Олга Иванова е нејзината човечка топлина, ентузијазмот, вечно младиот дух, неуморното собирање и пренесување на знаењата и големата чесност.

Марија Коробар-Белчева[1]

[1] marijakorobar@hotmail.com

929Минова-Ѓуркова, Л.

ЛИЛЈАНА МИНОВА-ЃУРКОВА (1939 – 2008)

„Познато е дека, во најголем број случаи, при средба со текст од еден автор (под услов пред тоа да сме се сретнале со друг или со други негови текстови), можеме со помала или поголема сигурност да му го припишеме уште пред да го прочитаме потписот. Ова, пред сè, важи за познати автори што се изделуваат со својот јазичен израз.“

Лилјана Минова-Ѓуркова, „Македонски јазик“ (MJ, LIII, 2002: 24)

Цитатот што го избравме како мотив, по овој повод, е од последната објавена статија („Текстовите и функционалните стилови“) во списанието „Македонски јазик“ од проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова, кој се однесува на јазичниот израз на Блаже Конески, а кој, секако, без премислување, може целосно да биде пренасочен кон нејзниот јазичен израз. Впрочем, за секое прашање од синтаксата (па и пошироко – од граматиката) или од стилистиката, може да се најде размислување, анализа, одговор во прилозите на проф. Минова-Ѓуркова.

Нејзиното име, во ова списание, е потпишано под дваесетина статии, како и под извесен број прикази, хроники и поводи. Името на проф. д-р Минова-Ѓуркова, како автор, почнува да се среќава во списанието „Македонски јазик“ од 1962/1963 година („Македонски јазик“ XIII–XIV, 1–2, 1962–1963 година). Меѓутоа, бројот на цитираност на нејзините дела (само во ова списание) достигнува до трицифрениот број – 222, со што се потврдува фактот дека нејзиното дело живее во македонистиката и во лингвистиката воопшто, иако го чувствуваме нејзиното физичко отстуство.

Сме имале можност неколку пати да пишуваме за делото на професорката Лилјана Минова-Ѓуркова и во секоја ситуација сме чувствувале големо задоволство и чест, од една страна, а од друга, голема одговорност дали ќе успееме да ја претставиме големината на нејзината личност и на нејзиното дело.

Овој пат, се потсетуваме уште еднаш на личноста и на делото на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова, овој пат, по повод 80 години од нејзиното раѓање. Како што е познато, проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова е родена на 9.VIII 1939 година, а почина на 12 декември 2008 година. Во македонската научна и културна јавност остави препознатлив белег нејзиниот огромен творечки влог во македонската наука за јазикот. Во нејзината четиридецениска научноистражувачка и педагошка работа беше препознатлива водечка личност во македонистиката и во лингвистиката, чии трудови се редовно цитирани во славистиката низ целиот свет, особено од областа на современиот македонски јазик. Бројот од 270 библиографски единици објавени во многу списанија, зборници, едиции и сл. во Македонија и во странство (во европските земји и во САД) претставува потврда за нејзината извонредна продуктивност за македонскиот јазик. Квалификација на современи и на квалитетни учебници добиваат нејзините универзитетски публикации „Синтакса на македонскиот стандарден јазик“ и „Стилистика на современиот македонски јазик“, кои се основна литература во наставата на универзитетско ниво, од областа на македонскиот стандарден јазик. Непроценлив придонес се и учебниците „Прирачник за лекторски вежби по македонски јазик – трет курс“ и „Македонски јазик за странци“ наменети за Летната школа при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. По нив е објавена „Граматиката на македонскиот јазик за странци“ (со превод на француски јазик – во 2006 година и со превод на англиски јазик – во 2007 година), која може да биде одлично четиво и за македонистите.

За огромниот скок во однос на следењето на употребата на македонскиот јазик во сите сфери на комуникација е заслужна токму проф. Лилјана Минова-Ѓуркова, која е основач и прв претседател на Советот за македонски јазик (1998–2002). Преку основната функција и задача на Советот за македонски јазик (која произлегува од Законот за употребата на македонскиот јазик, донесен во 1998 година), Минова-Ѓуркова даде огромен придонес во решавањето прашања и проблеми од областа на транслитерацијата на македонските лични имиња со латинично писмо во личните документи, во усовршување на наставните програми и содржини по предметот Македонски јазик во основното и во средното образование, па сè до претставување на јасната мисла во однос на јазичното планирање и јазичната политика на македонскиот јазик.

Минова-Ѓуркова е заслужна и за организирањето средби и трибини со лекторите по македонски јазик, со професорите во основното и во средното образование, како и со сите оние што се занимаваат професионално со македонскиот јазик.

По нејзина иницијатива (во текот додека беше претседател), Советот издаде пет броја од својот Билтен, каде што се наоѓаат корисни анализи за решавањето на клучни јазични прашања од македонистиката.

Во поголемиот дел од својот работен век проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова ја вршеше својата педагошка дејност на Филолошкиот факултет

„Блаже Конески“ во Скопје, од каде што излегоа голем број дипломирани студенти, а завршија и голем број нејзини магистранди и докторанди.

Сепак, нејзините почетоци (1963 г.) беа во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, во Одделението за современ јазик, каде што беше вклучена на проектот „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“, за потоа, при објавувањето на резултатите, да биде еден од рецензентите на Речникот, кој беше награден со нагарадата „13 Ноември“ за 2002 година (http://www.skopje.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=553#2002, пристапено 7.10.2019). Освен во овој, придонесот на Лилјана Минова-Ѓуркова се гледа во реализацијата и на други домашни и меѓународни проекти, во чиј центар е македонскиот јазик, а чии резултати се препознаваат во десетина публикации. Од странските ќе го издвоиме општословенскиот проект „Најнова историја на словенските јазици, Современи промени во словенските јазици (1945–1995)“, во чии рамки излезе монографијата „Македонски јазик“, објавена во Ополе, Полска.

Д-р Минова-Ѓуркова учествуваше, како долгогодишен и активен претставник на македонистиката, во повеќе меѓународни славистички тела и организации, од кои ќе го истакнеме нејзиното учество во Меѓународната комисија за проучување на граматичката структура на словенските јазици.

Убаво беше да се слушаат нејзините предавања и реферати зашто отвораа нови погледи на конкретен проблем, за кој, решението изгледаше поедноставно. Богатството на јазичниот израз, за кој зборуваше во своите научноистражувачки трудови од областа на стилистиката, беше нејзина доблест. Затоа, сметаме дека со секое навраќање на нејзините напишани дела одново откриваме инспирација за нови решенија во македонскиот јазик.

Со својот авторитет и со својата несебичност, голем број македонисти беа вклучени во меѓународни проекти. Како врвен и афирмиран македонист, голем број теми од македонистичката проблематика беа поставени во меѓународни рамки, каде што со огромна љубов и ангажираност се вклучуваа и работеа странски македонисти и слависти.

Во нејзината би(бли)ографија се забележани и повеќето студиски престои на универзитетите во: Европа, Америка (Фулбрајтов стипендист) и Австралија.

Сурова вистина е физичкото отсуство на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова повеќе од една деценија, по што се забележуваат последиците во повеќе сфери во македонската научна и културна јавност. Останаа нејзините дела што треба да ни бидат единствен и неповторлив патоказ како во научната и во образовната дејност, така и во јасната мисла за местото на македонскиот јазик во сите општествени, политички и културни крстосници.

На крајот, тргнувајќи од научниот постулат дека секој текст му припаѓа на определен функционален стил (кој си има своја норма), па соодветно и овој текст наменет за рубриката Поводи (треба да се придржува кон својата норма),

се надеваме дека ќе ни биде простено (особено од страна на професорката) што внесовме емоции во текст од ваков вид.

Лидија Тантуровска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, lidijatanturovska@yahoo.com

929Веновска-Антевска, С.

ПЛОДНА ЛИНГВИСТИЧКА ДЕЈНОСТ – СНЕЖАНА ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА НА 60 ГОДИНИ

Д-р Снежана Веновска-Антевска е родена на 2 јули 1959 година во Скопје, каде што ги завршила и основното и средното образование. Во учебната 1978/79 година се запишала на Групата за македонски јазик (еднопредметна) на Филолошкиот факултет во Скопје и дипломирала во 1982 година со среден успех 9,31 (на стручните предмети).

Д-р Снежана Веновска-Антевска работи во Институтот за македонски јазик од 1985 година, и тоа во Одделението за современ јазик, прво како помлад асистент, а од 1990 година како асистент. Во 2001 година таа е избрана за научен соработник, во 2004 е избрана во звањето виш научен соработник, а во 2007 го добива највисокото звање, научен советник.

Научната карaиера на д-р Снежана Веновска-Антевска започнува со запишувањето на последипломски студии од научната област македонски јазик во 1983 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ каде што го одбранила магистерскиот труд под наслов *Спротивната реченица кај македонските автори од 19 век* во 1989 година. Овој труд е објавен во рамките на едицијата *Посебни изданија, книга 27* на Институтот за македонски јазик, во 1998 година. Врз основа на ексцерпцијата на авторските текстови на македонските автори од 19 век, авторката му овозможува на читателот да добие јасна претстава за состојбите во врска со овој тип независносложени реченици во набележаниот период.

Во јуни 2001 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, ја одбранила својата докторска дисертација под наслов *Сврзникот НО во македонскиот јазик (дијахронија, синхронија, перспективи).* Оваа докторска дисертација е објавена, во 2003 година, исто така во едицијата *Посебни изданија* кн. 39 на Институтот за македонски јазик. Се работи за монографски труд посветен на еден сврзник, изразувач на логичкиот однос на противставување. Во *Општиот дел* авторката се задржува на местото на сврзникот *но* и на нијансите на врските што се воспоставуваат меѓу одделни делови, а чиј изразувач е овој сврзник. Во рамките на делот *Дијахронија* авторката го разгледува континуитетот на појавувањето на *но* од периодот на старословенскиот, преку црковнословенскиот јазик, сè до состојбите во 19. век и во првата половина на 20 век. Во делот *Синхронија* таа се задржува на позицијата на *но* во современиот македонски јазик и го разгледува односот на

овој сврзник со други сврзници: *а, ама, ами, штуку, меѓуштоа, али, и.* Главно место во анализата на употребата на сврзникот *но* им е дадено на состојбите во уметничколитературниот функционален стил и со право затоа што во рамките на овој функционален стил се одбележуваат сите нијанси на односите чиј изразувач е овој сврзник. Покрај ова, внимание му е посветено и на научниот функционален стил. Авторката го разгледува материјалот што го ексцерпирала распореден на следниов начин: *но* како врска меѓу одделни зборoформи, меѓу реченици и зборoформи, меѓу реченица и нула, во елидирани конструкции и во реченични еквиваленти, меѓу дел-реченици, меѓу дел-реченици и сложени реченици, меѓу сложени реченици, и, одделно, појавата на сврзникот *но* на почетокот на реченицата. Сврзникот *но* е карактеристичен за писмениот јазик, така што во народниот јазичен израз, во определен период, се загубил, но сепак има свој континуитет во пишуваната форма на јазикот. Во делот *Перспективи* авторката му предвидува убава иднина на овој сврзник. Книгата *Сврзникот НО во македонскиот јазик (дијахронија, синхронија, перспективи)* можеме да ја сметаме како голем придонес во областа на историската синтакса на македонскиот јазик, но исто така и како особен придонес во рамките на синтаксата на македонскиот стандарден јазик.

Снежана Веновска-Антевска работела на повеќе значајни проекти.

Од 1986 година работи на проектот *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи* и се јавува како коавтор на сите освен на шестиот том. Работела на буквите Е, S, И, М, Р и П. Како што е познато, научниот советник Благоја Корубин раководеше со овој проект до 1994 година, а потоа го презеде д-р Снежана Велковска сè до неговото успешно завршување во 2001 година. За овој проект соработниците и редакторката ја добија наградата *13 Ноември.*

Од 1994 до 1998 година д-р Веновска-Антевска била вклучена во работната група на проектот *Македонскиот јазик од 1945 до 1995,* во рамките на општословенскиот проект *Најнова историја на словенските јазици (1945-1995)* со центар во Ополе, Полска. Во рамките на работата на овој проект, таа се јавува како коавтор во изданијата: *Македонскиот јазик во јавното општење* (1995) и *Личното име кај Македонците* (1996), а во 1995 година учествувала на научниот собир во Ополе, со реферат на тема *Зборoредот во македонскиот стандарден јазик.* Покрај ова, таа учествувала во групите што извршиле студиски патувања во Мала Преспа, Албанија и во Германија.

Од 2000 година д-р Сн. Веновска-Антевска е вклучена во работата на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик*. Таа е автор на речничките статии за сврзниците и честичките, но учествувала во обработка и на друга лексичка граѓа (буква А (заедно со Елена Јованова-Грујовска и Симона Груевска-Маџоска), буква Е, П (*поѓаволи – помагач*) и буква Ш. Толковниот речник на македонскиот јазик излезе во шест тома и ја доби државната награда за наука „Гоце Делчев“.

Од 2002 година таа работи на проектот *Функционална реченична перспектива во македонскиот јазик,* како раководител. Покрај тоа учествувала во работата и на следните проекти: Портал „Македонски јазик“, потпроект „Крсте Мисирков – живот и дело“ (2004–2006); Струкутра и кохезија на текстот во македонскиот и во полскиот јазик (координатор од македонска страна), Педагошка академија на Јагелонскиот универзитет (2006–2008); Семантичко-дериваци речник на деминутиви, хипокористици, аугументативи и пејоративи, под раководство на д-р Елена Јованова-Грујовска; Дигитализација на Картотека на македонските глаголи (главен истражувач), 2010; Развој на систем за синтеза на говор на македонски јазик за визуелно хендикепирани лица (ФИНКИ), соработник, (2011–2013).

Д-р Веновска-Антевска зеде учество и во изработката на подновениот Правопис на македонскиот јазик како автор и како член на редакцијата. Досега Правописот има две изданија, во 2016 и 2017 година.

Во коавторство со Толе Белчев во 2017 година го објави Речникот на синонимите во издание на УГД „Гоце Делчев“ Штип, речник што пополни една огромна празнина во нашата лингвистичка средина.

Д-р Снежана Веновска-Антевска била на три студиски престои во Полска (1986, 1990, 2002), а во 1996 година била слушател на Курсот по општа лингвистика во Прага, Чешка Република.

На Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во два наврати д-р Снежана Веновска-Антевска била лектор (1986, 1987). На Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, одржала повеќе предавања и тоа: во 2002 година одржала предавање под наслов *Актуелното расчленување врз примери од македонскиот стандарден јазик,* а во 2003 година – предавањето под наслов *Сврзникот НО во македонскиот јазик (дијахронија, синхронија, перспективи).* Во 2004 година на Семинарот во Охрид го одржала предавањето под наслов *Македонскиот јазичен корпус* заедно со Георги Митревски. Следуваат: 2006 – *Македонскиот јазичен корпус, состојба и перспективи*; 2012 – *Влогот на Блаже Ристовски во истражувањето на животот и делото на Крсте Мисирков*; 2016 – *Македонскиот јазик во интерпретациите на современата забавна музика*.

На Научната конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура речиси секоја година учествува со соодветни реферати. Ќе споменеме само некои наслови: 1991 – *Морфосинтаксичка анализа на лексемата АМИ во македонскиот јазик*; 1992 – Идентификација и класификација на спротивната реченица; 1993 – *И и НЕ*; 1994 – *Динамика и континуитет на српското влијание врз македонскиот јазик*; 1995 – *Една турска заемка во македонскиот стандарден јазик*; 2001 – *Некои јазични особености во Зборникот на Миладиновци*; 2005 – *Кон граматиката на Круме Кепески*; 2010 – *Различните пристапи кон класификацијата и поставеноста на сврзниците во македонскиот јазик*.

Д-р Снежана Веновска-Антевска учествувала на повеќе меѓународни конференции: 2003 – Петта македонско-северноамериканска славистичка конференција за македонистика во Колумбус, на тема: *Состојби во македонскиот јазик во периодот од 1990 до 2002 година*, САД; 2012 – IX Македонско-северноамериканска конференција во Охрид на тема *Асоцијативните врски кај лексиката со емотивна оцена во македонскиот јазик*; учествувала на сите конференции што се одржуваат во соработка со Полска, со теми: *Македонскиот јазик (состојби и перспективи); Процесот на озаконување на македонскиот јазик како можност за насочување на неговиот развој; Тенденциите во развитокот на македонскиот јазик; Дискурсот на политичките партии на предвремените парламентарни избор во Република Македонија; Критичка анализа на дискурсот во претседателските и на локалните избори во Република Македонија во 2009 година; Новата балканска јазична слика – јазична политика или политика во јазикот* и др.

Настапила на конференциите во Врање, Република Србија: *Карактеристики на лексиката со емотивна оцена во раниот развој на децата*, Научни скуп „ Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста“, 17–18 ноември, Врање 2011; *Влијанието на средствата за масовна комуникација врз градбата на лексичкиот фонд кај децата во раната возраст*, (коавторство), 17–18 ноември, Врање 2011; Утицај енциклопедије за децу на обликовање језичког израза код деце раног школског узраста, Научен собир „Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце школског узраста, 25. 11. 2012, Врање.

Во Република Хрватска на конференциите во Опатија: The Application of the Associative Method in the Lexis with Emotional Mark in the Macedonian Language, (koavtorstvo so Biljana Malenko) Меѓународна конференција „Odgoj i obrazovanje u savremenom europskom kontekstu- Education in the Modern European Environment“, 17–18. 9. 2012 Опатија, Република Хрватска.

Со рефератот „Крсте Мисирков и јазикот во списанието Вардар“ настапила на Меѓународниот собир во Москва во 2006 година.

Настапила на Првата македонско-германска конференција во Охрид со излагање на тема *Личното име кај македонските родени говорители кои живеат во Германија.* Исто така, учествувала и на собирот посветен на наставата по македонски јазик како странски со излагање на тема *Изучувањето на македонскиот јазик како странски од аспект на возраста.* Покрај сето ова, учествувала и на Научниот собир посветен на стогодишнината на книгата *За македонцките работи* (ноември 2003, МАНУ), а нејзиното излагање носи наслов *Спротивните сврзници во книгата „За македонцките работи“*.

Забележано е учеството на д-р Веновска-Антевска на славистичките конгреси почнувајќи од оној во Љубљана 2003 до последниот во Белград 2018. Особено ќе го истакнеме нејзиното учество во организацијата на XIV славистички конгрес што се одржа во Охрид во 2008 година.

Речиси да нема конференција или тркалезна маса на која не учествувала Снежана Веновска-Антевска. Исто така одржала многу предавања пред стручната јавност во повеќе градови во Македонија.

На манифестацијата *Денови на Благоја Корубин* што секоја година се одржува во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, настапила на речиси сите научни собири со реферати, а учествувала и во сите организациски одбори.

Со свој прилог д-р Веновска-Антевска учествувала и во зборникот на Советот за македонски јазик под наслов *Македонски социолингвистички и филолошки теми* (2002 година) со текстот *Влијанието на јазичното планирање врз квалитетот на јазичната норма.* Исто така, објавила свој текст и во шестиот број од Билтенот на Советот за македонски јазик, насловот гласи *Општествените промени и јазикот*.

Д-р Веновска-Антевска објавува свои текстови во списанијата *Македонски јазик, Литературен збор* и *Македонистика* каде што има објавено неколку статии и прикази.

Нејзината библиографија нуди список од над 150 библиографски единици. Од насловите на одделните книги, како и од насловите на нејзините статии и реферати, може да се види дека специјалноста на д-р Веновска-Антевска е современиот јазик и македонската синтакса, со тоа што се прејавува и во областа на социолингвистиката, комуникологијата, текстуалната лингвистика, стилистиката и сл.

Покрај научниот ангажман, Веновска е многу активна во општественото живеење кај нас.

Била член на Президиумот на Меѓународниот славистички комитет 2003–2008, Член на Претседателството на Македонскиот славистички комитет 2005–2008, Координатор на Тематските блокови на 14 Меѓународен славистички конгрес 2005–2008, Претседател на Организацискиот одбор на 14 Меѓународен славистички конгрес 2005–2008. Во два мандата била член на Комисијата за лекторски испит при Министерството за култура на Република Македонија и член на Советот за македонски јазик 2003 – 2007. Веновска била член на редакциите на списанијата *Македонски јазик* и *Литературен збор*. Во моментов е главен редактор на списанието *Македонистика.*

Од 2002 до 2006 година д-р Снежана Веновска-Антевска е директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Мандатот на д-р Снежана Веновска-Антевска е оценет како многу успешен период од животот на Институтот. За тоа време се организирани бројни научни собири, трибини, промоции, а Лингвистичкиот кружок е обновен и успешно работи. За време на нејзиниот мандат институтската библиотека е збогатена со голем број на нови книги и зборници. За време на нејзиниот мандат се интензивира работата на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик*, па во нејзин мандат излегуваат три тома (од шест), првиот 2003 (А–Ж), вториот 2005 (З–К) и третиот 2006 (Л–О). Во 2003 година се одбележува педесетгодишнината на

Институтот и по тој повод, на оваа наша врвна институција посветена на целосна обработка на македонскиот јазик (од историјата, преку дијалектологијата и ономастиката, па преку лексикологијата, сè до современите состојби во македонскиот јазик) ѝ беше доделена наградата *Единаесетти октомври за 2003 година*. По повод педесетгодишнината на Институтот беше издадена Споменица, во која е поместен текстот на д-р Веновска-Антевска под наслов *50 години Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“*, како и биографии и библиографии на вработените во Институтот, потоа се изнесуваат податоци за издавачката дејност и, на крајот, список на вработените во Институтот од 1953 до 2003 година. Од многубројните активности во мандатот на д-р Снежана Веновска-Антевска ќе издвоиме две работи: во овој период Министерството за култура на Република Македонија го назначи Институтот за Овластен субјект за заштита на јазикот и топонимите (март 2005). Со тоа се овозможи да започне процесот на заштита и можноста за дигитализација на институтските картотеки; и во 2003 година беше излеана во бронза бистата на Мисирков и беше обновена Спомен-собата на К. П. Мисирков благодарение на Министерството за култура и на Музејот на град Скопје.

Д-р Снежана Веновска-Антевска покажува извонредна активност не само на научен план (со учеството на повеќе меѓународни научни собири и конгреси, како и со објавувањето книги како одделен автор или во коавторство, но и со статиите посветени на синтаксички и на социолингвистички прашања) туку и како лектор и јазичен редактор на над 150 книги и брошури од областа на медицината, економијата, историјата, хемијата, физиката итн. Досега била ангажирана како лектор во: Светската здравствена организација, Американскиот црвен крст, Министерство за здравство на Република Македонија итн. Со тоа таа го потврдува и своето практично познавање на современата проблематика на македонскиот стандарден јазик.

Значајно место во работата на д-р Снежана Веновска-Антевска е нејзината наставна дејност. Била ангажирана како визитинг професор на ФОН (додипломски) за предметите: Современ македонски јазик 1 (2006 – 2011); Современ македонски јазик 2 (2006 – 2010); Теории и техники на комуникации (2008 – 2011). Потоа, визитинг професор на Универзитетот „Гоце Делчев“, Филолошки факултет (додипломски студии): Современ македонски јазик 1 (2009), Современ македонски јазик 2 (2010), Современ македонски јазик 3 (2010), Современ македонски јазик 4 (2011), Современ македонски јазик 5 (2011), Современ македонски јазик 6 (2012), Современ македонски јазик 7 (2012), Современ македонски јазик 8 (2013), Морфологија на современиот македонски јазик (2010), Синтакса на современ македонски јазик 1 (2011), Синтакса на современ македонски јазик 2 (2012). Нејзиниот ангажман на Универзитетот „Гоце Делчев“ продолжува и понатаму.

Д-р Снежана Веновска-Антевска одржала повеќе предавања и тоа: Предавања во Царинската управа на РМ, Култура на говор и писмена култура

(циклус 2009, 2010); Предавања во КДС, Деловна комуникација; 2007, 2008, 2010, 2011 (4x2).

Во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ учествува со предавања на постдипломските студии „Македонистика со комуникологија“ со предметите: Комуникологија, Теории и техники на комуникации, Правопис и правоговор, Текстуална лингвистика.

Снежана Веновска-Антевска промовирала многу книги од нашиот лингвистички центар. Учествувала во повеќе емисии на радиото и телевизијата во различни временски периоди.

Д-р Снежана Веновска-Антевска е изграден научен работник кој умее да работи самостојно, аналитички да ги проследува аргументите и на едно високо професионално ниво да донесува соодветни, така да се рече, пошироко прифатливи заклучоци. Таа е една од водечките личности во македонистиката. Нејзината работа на полето на практиката ја направи еден од најдобрите познавачи на современата состојба на македонскиот јазик. Имајќи ја предвид нејзината работа над авторите од XIX век, Веновска се јавува како комлетен научен работник.

Оценувајќи ја целокупната досегашната активност на стручно-научен план по повод нејзиниот шеесетти роденден, можеме да констатираме дека д-р Снежана Веновска-Антевска се докажува како изграден научен работник. Упатена е во методологијата на работа пошироко во лингвистиката, а особено во работата на проектите на кои била и во моментов е ангажирана. Нејзината извонредна темелност во работата и досега покажаните резултати се гарант дека ќе ги оправда очекувањата и дека ќе остане на браникот на македонскиот јазик.

Со задоволство можеме да констатираме дека во ликот на д-р Снежана Веновска-Антевска имаме солиден научен работник подготвен секогаш да одговори на предизвиците на професијата од кој и понатаму се очекуваат капитални трудови за македонскиот јазик.

Снежана Велковска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методи", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје; snvelkovska@yahoo.com

929Гајдова, У.

СЕЌАВАЊЕ ЗА ПРОФ. Д-Р УБАВКА ГАЈДОВА (19.7.1965–6.12.2014)

На 6 декември во 2014 година, Одделението за дијалектологија во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ изгуби драга колешка, соработничка и пријателка, ја изгуби д-р Убавка Гајдова, раководителка на проектот „Македонски дијалектен атлас“. Деновиве, кога се навршуваат пет години од нејзината смрт, треба да се потсетиме на проф. д-р Убавка Гајдова, на нејзиниот лик и на лингвистичките трудови што таа ги остави како наследство за идните генерации.

Д-р Убавка Гајдова почина ненадејно, како што свенуваат цветовите по првиот зимски мраз, оставајќи во тага зад себе многу пријатели и соработници на кои секогаш ќе им недостасува и кои секогаш ќе ја чувствуваат празнината од нејзиното прерано заминување. Во оваа пригода, на петгодишнината од нејзината смрт, ни недостасуваат зборови што можат да го искажат она што го чувствуваме, од една страна неспокој и жалење, но од друга страна утеха: ние имавме среќа да ја познаваме лично, таа беше дел од нашиот колектив цели дваесет години, дел од нашите илјади работни часови поминати во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Убавка Гајдова е родена во Куманово на 19 јули 1965 година. Одрасната во Велес во интелектуална градска средина, Убавка Гајдова, со вродена дарба на аналитичар и мислител, ги вградува во себе сите културни и просветителски придобивки на градот на Рацин и се определува за класични студии, нурнувајќи се во енигмата на старите јазици и цивилизации. Кога се определува за работа во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Убавка Гајдова свесно се впушта во уште еден професионален предизвик, а тоа е спојување на знаењата од официјално изумрените класични јазици и нивните граматички и семантички правила со непишаните правила на македонските дијалекти, живи и распространети по целата македонска дијалектна територија. Како го постигна тоа нашата трпелива, вредна и тивка Убавка? На единствениот можен начин: со многу часови работа и истражувања над книги, во картотеките во Одделението за дијалектологија, но и на терен, специјализирајќи се во сферата на дијалектната морфосинтакса, под мудрото раководство на двајца академици: нашиот професор и раководител, академик Божидар Видоески и нашата професорка и менторка, академик Зузана Тополињска. Се разбира, тука на помош ѝ беа и сите наши постари колеги дијалектолози, Маријана Киш, Коста Пеев, Васил Дрвошанов, но и ние, нејзините најблиски соработници кои,

блиски по возраст, не ѝ бевме само колеги, туку и пријатели и другари, па со нас делеше убави моменти на радост, но и комплицирани моменти на решавање на професионални и на организациски проблеми.

Со магистерската и со докторската дисертација на Убавка Гајдова од сферата на финитните глаголски конструкции и начините на изразување на условниот период во македонските дијалекти, добивме еден извонреден дијалектолог – синтаксичар, добивме колешка која во шеесетината свои трудови од дијалектологија, прецизно ги анализира појавите во дијалектите, но и ги сумира резултатите и донесува заклучоци базирани на синтеза на истражуваното. Како таков врвен дијалектолог, Убавка Гајдова во 2005 година го презеде раководењето на проектот „Македонски дијалектен атлас“, па со сесрдно залагање, нејзино, но и на сите автори или учесници во работата, во 2008 година излезе од печат воведниот том од МДА: *Македонски дијалектен атлас – пролегомена,* како едно од изданијата што ги претставуваат проектите на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Неговото значење е несомнено; како што вели академик Тополињска „се работи за издание со висок современ стандард на лингвистичка обработка и прв (покрај *Општословенскиот лингвистички атлас*) словенски јазичен атлас кој го покажува комплетниот теренски материјал – основа за подготовка на картите; оваа последна карактеристика е особено важна во балканската јазична средина,позната по отсуство на јасно зацртаните граници меѓу одделни дијалектни комплекси.“.

Потоа продолжија активностите на двата проекти од дијалектологија на кои работевме: *Македонски дијалектен атлас* и *Македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија* (под раководство на д-р Гоце Цветановски), а тука има многу часови поминати во обработка на теренски материјал, изработка на индекси, изработка на карти. И почнаа да се нижат активности, убави, но и тешки како алките на синџирот, многу, можеби и премногу за плеќите на еден човек. Тука беа многубројните елаборати за заштита на дијалектите како духовно културно наследство, тука беа истражувања на терен на јазикот на Македонците со исламска вероисповед, тука беа две монографии изработени од колективот на Одделението за дијалектологија во рок од само две години (*Вратничко-полошките говори духовна ризница* 2012; *Банскиот говор* 2014), тука беа раководни функции на два совети, оној во Институтот, но и Советот за македонски јазик при Министерството за култура.

Проф. д-р Убавка Гајдова го започна во Институтот и процесот на дигитализација на картотеката од Одделението за дијалектологија во соработка со Регионалниот центар за дигитализација на културното наследство во Скопје. Да не заборавиме, Убавка Гајдова беше и член на две комисии во Меѓународниот славистички комитет, Комисијата на ОЛА (Општословенскиот лингвистички атлас) и Комисијата за дијалектологија, што секако бараше дополнителен нејзин ангажман на полето на дијалектологијата.

Д-р Убавка Гајдова, со длабочината на своите класични знаења и со ширината на познавањата на трите македонски дијалектни наречја, стана не само македонист – дијалектолог, туку и врвен балканист. Таа во низа свои статии го расветлува македонскиот јазик во балкански контекст, споредувајќи го на синхроно или на дијахроно рамниште со другите балкански јазици, но пред сè со грчкиот. Овие нејзини знаења беа, секако, резултат и на многучасовните дискусии водени во Центарот за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ во МАНУ, каде што таа активно учествуваше во рамките на проектот *Местото на македонскиот јазик во словенскиот и во балканскиот јазичен свет,* а како резултат на што излегоа нејзини трудови во три монографии објавени во МАНУ (в. библиографија).

Убавка Гајдова беше не само научник, туку и прекрасен професор. Таа предаваше дијалектологија на Државниот тетовски универзитет на додипломските студии на студиската група *Македонски јазик и литература*, а беше активно вклучена со повеќе наставни предмети од самиот почеток и во вториот и во третиот циклус студии по македонистика што се организираа во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Убавка Гајдова, беше и ментор на повеќе студенти на сите три циклуси, како резултат на што беа изработени повеќе прекрасни дипломски трудови со нов и убаво обработен теренски материјал.

Проф. д-р Убавка Гајдова беше член на организациски одбори на повеќе конференции како и член на редакција на повеќе списанија и зборници и главен редактор на *Македонистика* и на *Литературен збор*. Таа беше и член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и дел од тимот за изработка на новиот македонски *Правопис*. Убавка Гајдова беше дел од тимот и на еден меѓународен проект: *Евиденцијалноста во европските јазици*, под раководство на проф. д-р Бјорн Вимер од Мајнц, Германија, како и на еден билатерален проект со Словенија *Словенскиот суфикс *-ина во апелативниот и во топонимискиот фонд на македонскиот и на словенечкиот јазик. Структурно-семантичка анализа,* под раководство на проф. д-р Елка Јачева-Улчар, од македонска страна.

Како дел од активностите предвидени со Националната стратегија за развој на културата 2012–2017 година, Гајдова беше вклучена како кораководител начетиригодишен проект наменет за едукација, популаризација и промоција на духовното културно наследство во Македонија, кое подразбира и современи теренски истражувања на дијалектите на македонскиот јазик и нивна мултимедијална презентација на интернет.

Не може да се каже сè во едно вакво сеќавање за д-р Убавка Гајдова, а и не мора. Зашто зборовите ни приближно нема да го пренесат она што се крие зад овој попис на активности нареден во две-три страници текст. Тука се часови и часови поминати осамено во канцеларијата, во која Убавка со мајсторска прецизност го наоѓаше вистинското место за секој збор што ќе го напишеше, понекогаш само со коцка чоколадо како поттик за да се издржи, за да се сработи повеќе, да се стигнат сите рокови и да не се изневерат очекувањата на

соработниците, на колективот, на заедницата, на својот народ за чијшто јазик пишуваше. Но, не се стигнува сè. Не стигна нашата драга Убавка да реализира сè од нејзината долга листа. Многу работи останаа недовршени, почнати, прекинати, како што се: првиот том на Македонскиот дијалектен атлас, уредувањето на преводот на книгата за говорот на Голо Брдо од колегите од Санкт Петербург под раководство на Андреј Соболев, објавувањето на резултатите од истражувањата на горанските говори, менторирањето на две магистерски и на една докторска дисертација, повеќе статии прочитани на конференции и непратени за објавување и други работи за кои и не знаеме, а останаа скриени засекогаш во виртуелниот свет на компјутерите, недостапни до нас, за жал.

Нам, на колегите од Одделението ни требаше многу време да се соземеме од загубата и да ги продолжиме заедничките активности, започнати не само од Убавка Гајдова, туку и од сите наши дијалектолози македонисти што не се повеќе со нас. А нашата патриотска и ентузијастичка професија нè обврзува на тоа, да продолжиме да работиме, можеби не со истото темпо, но со видливи резултати, а тоа е најбитното.

За да ја одбележиме достојно петгодишнината од смртта на проф. д-р Убавка Гајдова, ние, колегите од Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, подготвивме книга со дел од нејзините статии и ја насловивме *Од дијалектната синтакса и други јазични теми*. Книгата има 19 статии главно со проблематика од дијалектната морфосинтакса.

Оваа книга не ги опфаќа сите објавени статии на авторката, туку таа претставува само една мала благодарност за искрената соработка што ја имавме со нашата Убавка Гајдова. Ние, лингвистите, како главно орудие го имаме зборот, па затоа почитта кон своите колеги ја изразуваме со подготовка на книга. Во оваа пригода тоа го направивме искрено и топло, за да оставиме уште една убава научна трага од професор д-р Убавка Гајдова.

Соработниците на Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје

929Спасов, Љ.

ЉУДМИЛ СПАСОВ – 45 ГОДИНИ ЛИНГВИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Проста и строга лингвистичка мисла! Студентот Људмил Спасов учел и научил од професорот Блаже Конески – „како да се роди проста и строга македонска песна“ и проста и строга лингвистичка мисла!

Научил и станал врвен универзитетски професор и научник. Врвен во резултатите. Врвен во подучувањето и пренесувањето на знаењето. Зашто учителот се раѓа, само дарежливиот човек може да биде добар учител и да го сподели своето знаење со другите. Народниот мудрец рекол дека добриот учител е повреден од полица книги.

Професорот Људмил Спасов е еден од највредните и најпрепознатливите професори на Катедрата за македонски јазик и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломира во 1974 година со семинарската (дипломска) работа *Речник на Константин Петкович од 1848 година*. Две години подоцна магистрира на темата *Лексиката на македонската народна поезија*. Со титулата доктор на науки се стекнува во 1982 година со докторската дисертација *Преодноста на глаголите во македонскиот јазик*. Ментор и претседател на трите комисии за одбрана е акад. Блаже Конески. Почнувајќи од 1974 година, проф. д-р Људмил Спасов целиот работен век го поминува на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Секогаш биле и се одлично посетени неговите предавања по: Фонологија на македонскиот стандарден јазик, Историја на македонскиот писмен јазик, Историска фонологија, Историска граматика и лексикологија, Морфосинтакса на македонскиот јазик, Хрватски јазик. Повремено престојува како гостин-професор на универзитетите во Љубљана, Загреб, Краков, Сосновјец, Варшава ... По покана држи предавања на универзитетите во Катовице, Нови Сад, Истанбул, Берлин, Виена, Марибор.

Станува збор за сестран научник и истражувач со светско реноме, за што придонесуваат големиот број статии во научни списанија и зборници, учествата на голем број меѓународни конференции и импозантниот број монографии: *Поглед во јазикот* (Современост, Скопје 1982), *Константин М. Петкович (јазични и книжевно-историски прилози)* (Македонска книга, Скопје 1990), *Фонологија на современиот*

македонски јазик (коавтор Ирена Савицка, МАНУ, Скопје 1991), *Фонологија на современиот македонски јазик, сегментална и супрасегментална* (Детска радост, Скопје 1997), *Значењето на граматиката на Хорас Г. Лант за афирмацијата на македонскиот јазик* (Фондација Небрегово, Скопје 2002), *Избрани поглавја од историјата на македонскиот јазик. Бојата на јазикот. Прв дел* (Култура, Скопје 2005), *Избрани поглавја од историјата на македонскиот јазик. Бојата на јазикот. Втор дел* (Култура, Скопје 2006), *The Konikovo gospel – Кониковко евангелие* (коавтор со Juoko Lindstedt и Juhani Nuorluoto, Хелсинки 2008), *Резултативната видска (аспектна) конфигурација на глаголите во македонскиот јазик* (УКИМ, Скопје 2011), *Македонско-хрватска читанка 1 / Hrvatsko-makedonska čitanka 1* (коавтор со Желимир Циглар, Магор, Скопје 2012), *Правопис на македонскиот јазик* (во коавторство, ИМЈ, Скопје 2015), Македонско-хрватска читанка 2 / Hrvatsko-makedonska čitanka 2 (коавтор со Томислав Ќузиќ, Магор, Скопје 2017), *Duboki slojevi sječanja (razgovori s Vladom Uroševičem)* (Spektrum, Zagreb 2018), *Поглед во минатото (избрани теми од историјата на македонскиот писмен јазик)* (Пагома прес, Скопје 2018).

Покрај постојаната наставна активност, проф. д-р Људмил Спасов својата научна и творечка енергија ја насочува кон трите големи и значајни научноистражувачки проекти:

- *Глаголскиот вид (аспект) во македонскиот литературен јазик* – повеќегодишен проект на Катедрата на македонски јазик и јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ под раководство на проф. д-р Спасов и е дел од поширокиот меѓународен проект *Аспектуалниот и темпоралниот систем во словенските и романските јазици* под раководство на проф. д-р Станислав Каролак;
- *Фонологија на македонскиот стандарден јазик* – заеднички меѓународен проект на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје со Универзитетот во Варшава и Полската академија на науките; раководители на проектот се проф. д-р Људмил Сапсов и проф. д-р Ирена Савицка;
- *Кониковско евангелие* – заеднички проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ и на Факлутетот за словенска филологија при Универзитетот во Хелсинки, Финска,

под раководство на проф. д-р Људмил Спасов и проф. д-р Јоуко Линдстед.

Професорот Људмил Спасов е редовен учесник на Семинарот за македонски јазик, литература и култура и на Меѓународната научна конференција во Охрид. Постојано дава свој удел на меѓународните конференции во рамките на Деновите на Благоја Корубин и на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Како дел од неговата општествена активност, тој е актуелен претседател на Советот за македонски јазик при Владата на Република Северна Македонија.

За успешните истражувачки зафати и за афирмацијата на македонскиот јазик, проф д-р Људмил Спасов е добитник на повеќе награди и признанија, меѓу кои: награда „Гоце Делчев“ (заедно со Ирена Савицка) – највисоко признание за научни достигнувања (1997 година), Благодарница и Плакета од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (2006 година), Благодарница и Плакета од Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (2006 година), Благодарница и Плакета од Институтот за македонска литература (2011 година), Благодарница и Признание од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб за унапредување на наставата по македонски јазик (2018 година), Пофалница од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, за несебичното ангажирање да се претвори родната куќа на Блаже Конески во културен споменик (2019 година).

Професорот Љ. Спасов е претседател на Аспектолошката комисија на Меѓународниот славистички комитет (2019–2018), а од 2018 е почесен претседател.

Се наложува оцената дека во 45-те години работен век е импозантен оригиналниот научен опус на проф. д-р Људмил Спасов. Неговата енергичност и динамичност како човек се пресликува во високиот теоретски и методолошки пристап, што резултира со стотици статии и учества во редакциски, организациски и приредувачки одбори.

Своето знаење Спасов несебично им го пренесува на младите научноистражувачки кадри како предуслов за успешен напредок на

македонистиката. Професорот Људмил Спасов е ментор на најголем број магистри и доктори на науки од областа македонистика и на импозантен број дипломски работи на дипломирани студенти при Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Важи за непосреден, љубезен, праведен и строг професор, што бара широки предзнаења, исцрпност, систематичност, логичко размислување, што ќе резултира со проста и строга лингвистичка мисла.

Елена Јованова-Грујовска

811.163.3'373.612
Изворен научен труд

Елизабета Бандиловска[1]

ПОВЕЌЕЈАЗИЧНОСТА И ЈАЗИЧНАТА НОМИНАЦИЈА ВО СИСТЕМОТ НА БОИТЕ

Апстракт: Суштината на формирањето на номинативните зборовни знаци се состои во тоа што нивната реализација треба да предизвика во определен колектив иста претстава за определен поим, користејќи се со еден општ знаковен систем. Како ќе се одвива овој процес зависи од субјективниот фактор во процесот на номинација, а тоа е номинаторот т.е. човекот. Во актот на номинација се издвојуваат три случаи: создавање нов збор, искористување веќе постоечки збор во јазикот или позајмување збор од туѓ јазик. Во нашиот труд ќе се задржиме на третиот случај и на создавањето одделни номинативни ознаки во спектралниот систем на боите како резултат на различни јазични и културолошки влијанија. Притоа, целта ни е да откриеме дали и колку повеќејазичноста влијае врз формирањето и врз изборот на соодветна јазична ознака со хроматска вредност, имајќи го предвид постоењето на номинативни дублетни форми во системот на боите.

Клучни зборови: боја, номинација, номинативна ознака, позајмување.

Поимот номинација подразбира процес на претворање на фактите од нејазичната реалност во сопствен систем и структура на јазикот, во различни јазични значења, кои го одразуваат општественото искуство во сознанието на носителите на јазикот (Уфимцева 1977). Според тоа, номинативната компонента на јазикот е дел од јазикот како репрезентативен систем од репрезентации на реалноста кој е непосредно врзан со одразувачката способност на човековото сознание. Оттука, јазичните единици може да се сметаат за знаци само доколку природно ја исполнуваат репрезентативната функција во системот на номинативните средства на јазикот. Суштината на формирањето на номинативните зборовни знаци се состои во тоа што нивната реализација треба да предизвика во определен колектив иста претстава за определен поим, користејќи се со еден општ знаковен систем. Како ќе се одвива овој процес не зависи од ономасиолошката структура на јазикот, туку од субјективниот фактор во процесот на номинација, а тоа е номинаторот т.е. човекот. Во актот на номинација се издвојуваат три случаи: создавање нов збор, искористување веќе постоечки збор во јазикот или позајмување збор од туѓ јазик. Првиот случај се однесува на т.н. првична или директна номинација, а вториот на т.н. вторична или секундарна номинација. Третиот случај се подведува под едниот или под другиот вид лексичка номинација.

Актот на првична или директна номинација претставува опредметување на човековиот објективен свет т.е. премин на материјалното во идеално

[1] Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје, РС Македонија, beti.bandilovska@gmail.com

(реалниот, материјален предмет во предмет на номинација) и е поврзан со формирањето на поимот преку одделување и обопштување на неопходното и суштествено значење за предметот или за појавата. Актот на вторична или секундарна номинација е поврзан со усложнување на значењето преку додавање кон него и на друго значење т.е. друг поим за предметот, сличен или близок на веќе именуваниот, односно вторичната номинација претставува искористување на веќе постоечкиот назив во јазикот за нарекување друг предмет од реалноста, т.е. дадениот назив прима и друга, нова за него, секундарна номинативна функција.

Предмет на наша анализа ќе биде третиот случај на номинација и создавањето одделни номинативни ознаки во спектралниот систем на боите како резултат на директна или на секундарна номинација кои, истовремено, се јавуваат и како резултат на различни јазични и културолошки влијанија. Притоа, целта ни е да откриеме дали и колку повеќејазичноста влијае врз формирањето и/или врз изборот на соодветна јазична ознака со хроматска вредност, имајќи го предвид постоењето на номинативни дублетни форми во системот на боите од типот: браон – кафеав, индиго – чивит, кармин – крмуз, порфирен – пурпурен и др. Присуството на ваквите двојни форми со иста номинативна вредност е сосема очекувано ако се има предвид отвореноста на лексичкиот систем и неговата постојана подложност на различни туѓи влијанија, и особено ако се знае дека инвентарот на лексичко-семантичката група со значење *боја* постојано се проширува и се збогатува со нови називи за бои и нијанси на бои, како што се, на пример, синтагматските образувања од типот: со боја на ванила, со боја на јоргован, со боја на тутун итн.

Првиот случај на првична или директна номинација го претставуваат помал број од номинативните ознаки што се однесуваат на боите. Главно, тоа се лексеми со старословенско или прасловенско потекло кои именуваат шест основни бои од спектралниот систем (*бела, жолӣа, зелена, сива, сина, црна*;), како и нијанси на неколку основни бои (*блед, вран, лис, модар, руд*); турски заемки со стилски маркирана употреба навлезени во нашиот јазик многу одамна и со кои се именуваат четири основни бои (*кара, мор, ӣембе, сур*) и две нијанси на црвената боја: *ал* и *ѓувез*; и интернационални зборови од понов временски период со кои се именува една основна боја *браон* и една нејзина нијанса: *беж*. Изделувањето или групирањето на основните бои и нивните нијанси е направено во семантички полиња според основната, доминантна сема во семантичката содржина на лексемата што е носител на основната боја и нејзино поврзување со семите што се исти или слични со доминантната сема, а се среќаваат во основните или во преносните значења на другите лексеми (в. Јашар-Настева 1984: 69-71; Бандиловска-Ралповска 2016: 191-192).

Вториот случај на вторична или секундарна номинација го претставуваат најголем дел од номинативните ознаки што се однесуваат на боите. Тие претставуваат изведени или секундарни лексеми добиени по пат на внатрешна семантичка деривација т.е. претставуваат полисемантички трансформации настанати како резултат на метафорично асоцијативно

поврзување според семата што се однесува на бојата. За лексичко-семантичката група со значење *боја* метафората претставува главно и основно лексичко средство преку кое таа се развива и се збогатува со нови лексички единици, особено продуктивен семантички модел за создавање секундарни лексички значења со нова јазична вредност, карактеристичен признак што ја маркира самата група со неопределеност според бројот на членовите. Метафорично мотивираното поврзување на семите од понизок ранг се заснова на помалку или повеќе изразената сличност на реални, конкретизирани поими во нашата јазична свест кои се поврзуваат аналошки и асоцијативно според издвоеното, маркирано обележје што ја претставува нивната боја. Сличноста меѓу поимот и неговиот јазичен идентификатор е на границата до апсолутност, а остварувањето на точната идентификациска вредност се должи на воспоставената врска со поимот што ја поседува бараната боја како предмет за номинација. Секундарно добиените номинативни ознаки датираат од постаро и од поново време и претставуваат лексеми со старословенско или прасловенско потекло: *вишнов, восочен, златен, костенлив, маслинест, огнен, пепелав, песочен, сламен, сребрен*; турски заемки од постаро и од поново време: *бадемов, бакам, бакарен, зардечал, зејтинлија, каки, кана, кафеав/кафен, килибарен, крмуз, лимонов, портокалов, срмен*; и интернационални називи: *бордо, бронзен, виолетен/виолетов, индиго, кармин, лазур/лазурен, лила/лилав, махагони, окер, оранж, резеда, рубинен/рубинов, смарагден, тераката, тиркиз/тиркизен, циклама*.

Третиот случај се однесува на јазичното позајмување – појава што го збогатува речничкиот состав на јазикот и многу често може да биде стимулирана и од внатрешната состојба во лексичкиот систем т.е. од постоењето празни места и потребата од нивно пополнување. Во однос на конкретнава лексичко-семантичка група, оваа јазична појава, од една страна, се врзува со присуството на турскиот јазик на балканскиот простор и навлегувањето на турските зборови за именување бои и нијанси на бои како резултат на силното турско културолошко влијание во сите сфери од материјалниот и духовниот живот во рамките на еден постар и подолг временски период, а од друга страна, претставува особено актуелен и продуктивен јазичен процес од поново време кој ја следи светската тенденција и има статус на универзална јазична појава, тесно поврзана со потребата за што попрецизно јазично именување на сите нијанси што постојат во светот што нè опкружува. Притоа, изборот на номинативните ознаки со хроматска вредност се сведува на преземање готови веќе оформени јазични знаци од другите јазици или, пак, нивно калкирање што значи дека и самиот избор на зборовите и нивното навлегување се наметнати од светската јазична практика.

Најголем дел од интернационализмите во лексичко-семантичката група со значење *боја* имаат романско потекло и претставуваат заемки од поново време кои навлегуваат по книжевен пат и/или со посредство на други јазици: *беж (бежов)* < фран. beige, *бордо* < фран. bordeaux, *браон* < гер. braun, *бронзен* < фран. bronze, *виолетен (виолетов)* < фран. violette, *драп* < фран. drap, *индиго*

< шпан. indigo < лат. indicum (индиски), *кармин* < кармин < фран. carmin < лат. carminium < шпан. alkermes < арап. qirmiz < перс. kirm = (црв), *крем* < фран. crème, *лила (лилав)* < фран. lilas, < арап. < lilâk, *махагони* < гер. maxagoni, *оранж* < фран. orange < арап. nāräng, *ѿеракоѿа* < итал. terracotta, *ѿиркиз (ѿиркизен* < фран. turquois (турски).

Ако внимателно се разгледа инвентарот на лексичко-семантичката група со значење *боја*, распределен во десет семантички полиња според доминантната сема на основната боја (бела, виолетова, жолта, зелена, кафеава, розова, сива, сина, црвена и црна, в. Бандиловска-Ралповска 2016: 191-192), но и ако се направи споредба меѓу горенаведените називи добиени како резултат на првична или на вторична номинација, се забележува присуство на двојни номинативни ознаки т.е. се јавуваат хроматски номинативни дублети. Ваквата двојна употреба на одделни номинативни ознаки за именување една иста боја или една иста нијанса на боја претставува израз на синонимија која се јавува како резултат на паралелната употреба на зборови од различно јазично потекло. Истовремено, ваквите синонимиски образувања може да се третираат и како одраз на културолошките разлики или влијанија во именувањето на исти поимни вредности, во случајов именување на боите и нивните нијанси. Со ваква функција во рамките на лексичко-семантичката група со значење *боја* се јавуваат следниве номинативни парови: *бордо – вишнов; браон – кафеав; вараклија – јалдазлив; виолеѿов – морав – ѿемјанугав; зејѿинлија – маслинесѿ; индиго – чивиѿ; кармин – крмуз; лазур/лазурен – улѿрамарин; оранж – ѿорѿокалов; ѿембе – циклама; ѿеѿелав – сив – сур; ѿорфирен – ѿурѿур/ѿурѿурен, сребрен – срмен; црн – кара*. Во продолжение, накратко ќе се задржиме на овие зборови и на нивното место во рамките на лексичкиот систем во македонскиот јазик.

Интернационалниот назив ***бордо*** именува темноцрвена боја и е добиен според името на истоименио град во Франција каде што се произведува вино со таква темноцрвена боја. Од семантички и хроматски аспект се изедначува со словенскиот назив ***вишнов*** – што има боја на вишна (според плодот на дрвото Prunus cerasus): *бордо здолнишѿе – вишнова облека*. Сепак, јазичната практика покажува дека за оваа нијанса на црвената боја препознатлива е ознаката бордо, додека вишнов се јавува како збор кој има помала фреквенција и стилски ограничена јазична употреба.

Називот ***браон*** претставува германска заемка за именување на бојата што наликува на кафе (според плодот на растението Coffea) која во македонскиот јазик од поодамна се именува со називот ***кафеав***, преземен како готова номинативна ознака од турскиот јазик и прифатен од македонската стандарднојазична норма, *браон коса – кафеава коса*.

Називите ***вараклија*** и ***јалдазлив*** претставуваат турски називи со архаична вредност, денес речиси непознати за помладите говорители на македонскиот јазик, и со значење – што е позлатен: *вараклија ѿрсѿен – јалдазлив ѿрсѿен* (в. ТРМЈ).

За именување на бојата на цветовите на растението темјанушка (лат. Viola odorata) во македонскиот јазик постојат три лексеми со различно потекло и со различна јазична вредност: ***виолетов***, според францускиот назив за темјанушка – violette, ***морав*** – турски назив за виолетовата боја и ***темјанугав/темјанужен*** – словенски назив за истата боја (што е со боја на темјанушка, добиен според името на самото растение): *виолетов фустан – морава кошула – темјанугава боја*. Во македонската јазична практика е вообичаено да се употребува интернационалниот назив виолетов, додека другите два назива се речиси непознати и стилски маркирани во однос на нивната јазична употреба.

Турскиот назив ***зејтинлија*** – што е со боја на маслинов зејтин (зеленикавокафеава боја) попримил архаична вредност, отстапувајќи му го своето место во лексичкиот и во хроматскиот систем на словенскиот назив ***маслинест*** – што има боја на маслинка (според плодот на дрвото Olea europaea): *блуза зејтинлија –маслинеста блуза*.

Со називите ***индиго*** и ***чивит*** се именува специфична темносина боја, според тропското растение Indigofera tinctoria од чии лисја се добива син пигмент кој со сушење се стврднува во прав со иста таква темносина боја. Називот ***индиго*** е интернационализам со честа и вообичаена примена и во македонскиот јазик, додека ***чивит*** е турска заемка сместена на маргините на македонскиот лексички фонд: *индиго платно – чивит боја*.

Интернационалниот назив ***кармин*** и турскиот назив ***крмуз*** претставуваат ознаки за именување јака или интензивна црвена боја кои се разликуваат во однос на честата и вообичаена јазична застапеност на кармин наспроти архаичноста на крзмуз, но имаат исто етимолошко потекло: кармин < фран. carmin < лат. carminium < шпан. alkermes < арап. qirmiz < перс. kirm = црв.

Називите ***лазур/лазурен*** и ***ултрамарин*** претставуваат интернационализми со латинско потекло. За именување на скапоцениот камен со темносина боја што се добива од минералот лазурит, но и за именување на темносината боја што наликува на бојата на овој камен се употребува називот лазур/лазурен. Називот ултрамарин се користи во сликарството за именување на ситниот прав или пигмент што се добива од овој камен и ја има истата сина боја: *лазурна наметка – пигмент ултрамарин*.

Називот ***оранж*** е француска заемка од поново време која има иста семантичка и хроматска вредност како и турскиот назив ***портокалов*** кој има општоприфатена и вообичаена употреба за разлика од оранж кој поседува помала фреквенција и ограничена јазична употреба. Со овие два назива се именува бојата на плодовите на дрвото портокал – Citrus aurantium: *оранж блуза – портокалова светлина*.

Турскиот назив ***пембе*** е постара и веќе подзаборавена форма за именување на јака или дречлива розова боја која речиси е истисната од употреба и заменета со интернационалната лексема од латинско потекло ***циклама***, добиена според бојата на цветовите на растението од фамилијата јаглики Cyclamen: *пембе фустан – циклама фустан*.

За именување на сивата боја, покрај словенскиот назив ***сив***, се употребува уште една словенска лексема ***пепелав***, добиена според бојата на прототипот пепел која послужила како основа за номинација на оваа основна боја, како и турската заемка ***сур*** која има архаична вредност и маргинална јазична употреба: *пепелав мантил – сива коса – сур орел*.

Грчкиот назив ***порфирен*** од семантички и хроматски аспект соодветствува на латинскиот назив ***пурпур/пурпурен*** со кој се именува темноцрвената боја на каменот профир т.е. темноцрвената боја што се добива од школките Murex: *порфирна намета – пурпурна намета*. Во современата состојба на македонскиот јазик, иако и двете лексеми се дозволени во однос на јазичната норма, преовладува употребата на латинскиот назив ***пурпур/пурпурен*** кој многу често се врзува со погрешна визуализација на бојата што ја именува, изедначувајќи се лексички и хроматски со називот виолетов, под влијание на англискиот јазик.

За именување на бојата што личи на сребро во македонскиот јазик се присутни два назива: словенската лексема ***сребрен*** и турската заемка ***срмен*** која сè уште се употребува во разговорниот јазик и во народните говори, како и во пишаните текстови: *сребрена коса – срмен елек*.

Покрај словенскиот назив ***црн***, за именување на оваа основна боја во народните говори и во книжевните текстови се среќава и турскиот назив ***кара***: *црна коса – кара шубара*.

Спектралниот систем на боите се одликува со квантитативна недефинираност и јазична неограниченост во појавувањето и во креирањето на номинативните можности според определени лексички параметри, како што е метафората, и според различни културолошки влијанија кои се одразуваат во процесот на декодирање на боите преку откривање на прототиповите кои послужиле како основа за нивно номинативно изделување и јазично именување. Исто така, овој систем се одликува и со поливалентност на своите хроматски единици кои дозволуваат присуство и избор на повеќе јазични идентификатори на семантичкото значење *боја*, прифаќајќи го постоењето на називи маркирани во време и во простор, но и во свеста на самите корисници на јазикот. Притоа, неодминлива е констатацијата за испреплетеноста на словенските и на турските називи за бои и, секако, за неодминливото присуство на интернационалните називи. Во овој поглед, неизбежно е влијанието на глобализацијата и на унификацијата на јазичните ознаки, дури и таму каде што е присутна повеќејазичноста, како еден вид код на говорот на боите кој нуди достапност и прецизност во своите именувања.

Summary

The color spectrum is characterized by being quantitatively undefined and limitless from a language point of view, in terms of the creative nominative potentials based on specific lexical parameters, such as metaphor and the different cultural influences detected in the process of decoding of the colors by discovering the

prototypes which have served as the basis for their nominative distinction and language denomination. This system is also characterized by polyvalence of its chromatic units, which allow the presence and choice of more language identifiers of the semantic meaning of *color*, accepting the existence of terms, marked in time and space, and also in the consciousness of the users of the language. Also, we cannot help but notice the intermingling of the Slavonic and Turkish color terms and the unavoidable presence of internationalisms. Not even the existence of multilingualism, as a kind of a code of the language of colors, which allows for greater choice and precision in the denomination, can stop the influence of globalization and the unification of the language denominations.

Литература

Аргировски, М. 1998: *Грцизмите во македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Бандиловска-Ралповска, Е. 2016: *Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Български етимологичен речник 1-6, 1971-2002, Българска академия на науките/Институт за български език, София.

Драгићевић, Р. 2007: *Лексикологија српског језика,* Завод за уџбенике, Београд.

Јашар-Настева, О. 1984: „Лексичко-семантичкиот потсистем на бои во современиот македонски јазик“, *Прилози* 6/2, 59-75, МАНУ, Скопје.

Речник српскохрватскога језика 1967-1976, Матица српска/Матица хрватска, Нови Сад/Загреб.

Толковен речник на македонскиот јазик 1-6, 2003-2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Уфимцева, А. А. 1977: *Лексическая номинация (первичная нейтральная).Языковая номинация (Виды наименований)*, Наука, Москва.

Языковая номинация (Общие вопросы), 1977, Наука, Москва.

Языковая номинация (Виды наименований), 1977, Наука, Москва.

Collins Dictionary of the English Language, 2010, Glasgow.

Robert, P. 1989: *Le Petit Robert, Dictionnaire*, Paris.

Skok, P. 1971-1974: *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, JAZU, Zagreb.

Škaljić, A. 1965: *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, Svjetlost, Sarajevo.

811.163.3'282'373.22
Изворен научен труд

Давор Јанкулоски[1]

НАЗИВИТЕ ЗА ‘ЧЕСТАК’ И ‘ГРМУШКА’ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ

(според материјалите на ОЛА)

Апстракт: Врз основа на македонскиот дијалектен материјал од *Општословенскиот лингвистички атлас* (ОЛА), во текстот се обработуваат називите чии референти се *честак* и *грмушка*. Најпрво, се констатираат соодветните називи, регистрирани во пунктовите на ОЛА, а потоа се прави увид на местата во кои се јавуваат одделните лексеми со соодветните значења на македонската јазична територија. Освен од аспект на географската дистрибуција, се врши и етимолошко-семантичка анализа на називите, при што се консултираат и споредуваат толкувања од повеќе етимолошки и толковни речници. Од анализата треба да се согледаат факторите кои влијаеле за настанувањето на различните називи на македонскиот јазичен ареал, односно мотивите поради кои тие се добиени.

Клучни зборови: лексема *честак*, лексема *грмушка*, географска дистрибуција, етимологија, македонски дијалекти

Вовед

Поаѓајќи од семантичката блискост на поимите *честак* и *грмушка*, во овој текст ќе се осврнеме на називите со коишто се именуваат соодветните поими во македонските пунктови на *Општословенскиот лингвистички атлас* (ОЛА). Анализата се базира на специфичен материјал со соодветна мрежа на истражувачки локации на словенската јазична територија. Во фокусот на вниманието е македонскиот дијалектен материјал на ОЛА, собиран од 24 населени места на македонскиот јазичен ареал. Според *Толковниот речник на македонскиот јазик* (ТРМЈ), лексемата *честак* (или *честар*) се дефинира како ‘честа, густа, ниска, млада шума’ (ТРМЈ VI, 2014: 357), додека лексемата *грмушка* се дефинира како ‘ниско растение што расте во група од повеќе стебленца’ (ТРМЈ I, 2003: 380).

На македонската дијалектна територија наоѓаме повеќе типови конструкции чии референти се *честак* и *грмушка*, зависно од тоа која информација е содржана во коренскиот дел од конструкцијата. Називите кои означуваат *грмушка*, односно *честак* во словенскиот јазичен свет се опфатени со прашањата L 371 ‘куст’ и L 374 ‘густые заросли в лесу’, според Прашалникот на ОЛА (1965), а се претставени во картите бр. 9 (Закревська 2000: 44-45) и бр. 10 (Дзендзелівський 2000: 46-47) во Третиот лексички том на ОЛА од областа на растителниот свет. Македонските дијалектни називи во текстот се предадени според фонетската транскрипција на Видоески (2000).

[1] Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, МАНУ
jankuloski@manu.edu.mk

Литературните називи за *честак* во словенските јазици се: слн. *gošča, goščava,* срп. *гӯштара, гȕшћак, гушћáка, чѐста, чѐстāк, честáка, чѐстāр, честáра,* хрв. *gȕštara, gȗšta, gȕštāk, čȅsta, čȅstār,* мак. *честар, честак,* буг. *чъсталáк,* чеш. *houšti,* слч. *húšt, húština, húšt'ava, húštie,* луж. *husćina, gusćina,* пол. *gąszcz, gęstwina,* блрус. *гушчар,* укр. *хáщі, хаща,* рус. *чаща.*

Литературните називи за *грмушка* во словенските јазици се: слн. *grm,* срп. *жбун, грм,* хрв. *džbun grm,* мак. *грмушка,* буг. *храст,* чеш. *keř,* слч. *ker, krík,* луж. *kerk, keŕ,* пол. *krzak, krzew,* блрус. *куст,* укр. *кущ,* рус. *куст.*

Географската дистрибуција на називите

а) за *честак*

Материјалите на ОЛА покажуваат дека на словенската јазична територија за означување на поимот 'честак' доминираат називи изведени од прасловенските основи **čęst-* и **gǫst-*. Покрај нив, на одредени источнословенски ареали се среќаваат уште и називите како што се **netьra, *zalomъ, *pustja, *čapyga* (**čapyžьnikъ*), **lędina, *zao͡rstь* (**zao͡rstьlina, *zao͡rstьnikъ* и сл.), **xvostja, *gъmyzьnikъ, *xabьje* (**xabьnikъ* и сл.), **borъ, *sǫzemъ, *glušь, *korba, *čagurę* (или *čagarьnikъ*), **pihka*; додека на мали западнословенски ареали се појавуваат и формите: **zao͡rstь, *xvo͡rstjь, *sěčь, *mo͡ldjьje* и **korba*. За словенскиот југ карактеристични се и форми од типот на **šipara*, а во малку јужнословенски пунктови се јавуваат и називите **živica* и **busъkъ*.

На македонскиот јазичен ареал со значењето 'честак' се забележуваат повеќе називи изведени од различни основи, меѓу кои **gǫst-, *čęst-, *buj-* и **drob-*. Формата *ч'естак* е регистрирана во Лазарополе (Малореканска област), Извор (Велешко), Дихово (Битолско) и Витолиште (Мариово, Прилепско), како единствен назив, и во Вруток (Гостиварско), покрај називот *др'обак*. Во Нестрам (Костурски Округ, Р. Грција) е запишана формата *честов'ина,* додека во Кронцелево (Воденско, Р. Грција) и Плевна (Драмско, Р. Грција) се среќава називот *ч'ест урм'ан*, кој ја вклучува лексемата *орман* од турско потекло. Оваа лексема се среќава и во сложениот назив *г'ăст урм'ан,* регистриран во Секавец (Серско, Р. Грција), додека во називот *г'ăста кур'ија*, запишан во Тремно (Кајлари, Р. Грција), е вклучена уште една заемка од турско потекло во македонскиот – *корија*. Називите од типот на *густ'ак* се регистрирани во: Шлегово (Кратовско), Теарце (Тетовско), како *г'устач,* Берово (Малешевија), како *гаст'ак,* како и во Радовиш и во Фурка (Дојранско), под варијантата *гăст'ак*. Формата *др'обак,* како единствен назив со значењето 'честак', се забележува во Ракотинци (Каршијак, Скопско) и во Тиолишта (Костурско, Р. Грција), под варијантата *др'објак,* додека во Звечан (Пореч*е*) и во Вруток се среќава покрај називот *б'ујак,* односно *ч'естак*. Освен во Звечан, *б'ујак* е регистриран и во Охридско-Струшкиот Регион, односно во пунктовите Радожда и Пештани, и тоа како единствен назив, и во Вамбел (Костурско, Р. Грција), каде што, покрај оваа форма, е запишан и сложениот назив *буј'аво орм'анче*. Во Љубанци (Скопскоцрногорско) е регистриран називот *с'ипинак*.

б) за *грмушка*

Во однос на називите за ‘грмушка’, материјалите на ОЛА покажуваат дека на источнословенскиот јазичен ареал доминираат формите од типот на **kustъ*, на западнословенскиот – називите изведени од основата **kъr-* (**kъrjь, *kъrakъ* итн.), додека на јужнословенскиот – називите од типот **gъrmъ* (**gъrmьnъ, *gъrmušьka* итн.). Покрај нив, на словенската јазична територија како називи со значењето ‘грмушка’ се среќаваат уште и: **korьcь, *žъbunъ, *xvo̯rstъ, *šibutъ* (и **šibъkъ*), **xribъ, *dьrača, *čečarь, *sevarь, *dъrma, *busъ, *bokorъ, *tufa*.

Во македонските дијалекти со значењето ‘грмушка’, регистрирани се десетина различни називи. Како и на пошироката, јужнословенска територија, така и на македонската – називите од типот *грм* и *грмушка* се доминантни, а особено се застапени на западниот ареал – формите *гр̥м* и *г'р̥мка* се запишани во Лазарополе, *г'ăрмушка* во Вруток и во Пештани, *гр̥м* во Теарце, *г'р̥мушка* во Љубанци, Звечан и Извор, *гр'омушка* во Радожда, *гр̥м* и *г'р̥мушка* во Дихово. Формите *гр̥м* и *гр̥м'ушка* се јавуваат и во Шлегово, *грăм'уда* во Секавец, додека во Радовиш е забележан називот *грм'ушка*, покрај *д'р̥ма*. Називите од типот на *дрма* се среќаваат уште во Витолиште – во фонетската реализација *д'р̥ма*, во Фурка, како *др'ăмка*, и во Кронцелево – *д'ăрмка*. Називите *к'оп̄ач* и *к'оп̄ачка* се регистрирани во Вамбел, додека во Тиолишта – само *коп̄'ачка*. Формата *шиб'ак* е регистрирана во Берово, *п̄'урнар* во Тремно, *жбуњ* во Ракотинци, *др'ачка* во Плевна, *да*^{м}*п̄* во Бобошчица (Корчанско, Р. Албанија), *чешт̄ев'инка* во Нестрам, сите како единствени во значењето ‘грмушка’.

Етимолошко-семантичка анализа

Формите *чест̄ак* и *чест̄овина*, забележани во дијалектите како називи чиј референт е ‘честак’, и формата *чешт̄евинка*, како назив за ‘грмушка’, водат потекло од иста коренска основа, од прасл. **čęst-*. Оваа основа примарно се однесува на придавката **čęstъ*, позната во сите словенски јазици (рус. *ча́стый*, пол. *częsty*, мак. *чест̄* итн.), застапена и во сложениот назив *чест̄ урман* со значење ‘честак’, кој го вклучува турцизмот *орман* (дијал. и *урман*) ‘многу густа шума’ (TPMJ III, 2006: 552; Škaljić 1966: 503), а поименичена во останатите називи. Во однос на потеклото на **čęstъ* – сродни форми се наоѓаат во балтичките јазици, односно во лит. *kimsztas* со значење ‘наполнет, набиен’, т.е. *kimszti, kemszu* ‘полни’, *kamsza* ‘гужва’ или разговорно ‘стиска (од луѓе)’ (Brückner 1957: 78; ЭССЯ IV, 1977: 106; Boryś 2005: 98). Според Скок (Skok I, 1971: 313), литванската форма *kimsztas* ја објаснува „фонетиката и настанувањето на словенската придавка“. Оваа споредба укажува на тоа дека *е* во словенските јазици настанало од назалот *ę*, додека *-t* претставува партиципска наставка која дошла од индоевропската основа **qem* ‘стисне’ (ibid.). Бориш (Boryś 2005: 98) го претпоставува развојот на примарното значење на оваа придавка: ‘полн’ > ‘блиску еден до друг во просторот’ > ‘чест’.

Називите од типот на *густак* (*густач, гастак* и сл.) ја вклучуваат прасл. основа **gǫst,-*, која примарно се однесува на придавката **gǫstъ*, поименичена со суфиксот *-ak* (*-ač*) во значењето ‘честак, густа шума’. Придавката **gǫstъ* е сесловенска, рус. *густой*, пол. *gęsty*, мак. *густ* итн., а застапена е и во сложените називи за ‘честак’ – *gəst urman* и *gəsta kurija*. Овие називи ги вклучуваат лексемите од турско потекло *орман* (тур. *orman*) и *корија* (тур. *karye*), двете со приближно значење ‘густа шума’, односно ‘шума со високи дрвја, гора’ (ТРМЈ II, 2005: 608). Што се однесува до потеклото на прасловенското **gǫst-*, според толкувањата (сп. Brückner 1957: 139; Skok I, 1971: 637, Фасмер I, 1964: 478), нема јасно утвдени индоевропски паралели. Се претпоставува сродство со ст.лит. *ganstus* ‘богат’, латв. *guosts* ‘мноштво’, а во некои извори се споредува и со грч. *γογγύλος* ‘округло’, како и лит. *gaužtis* ‘соединува’ (ibid.). Според ЭССЯ (VII, 1980: 87), сродството со споменатите балтички паралели е можно, но не и доволно убедливо. Интересно е дека формата **gǫstъ* ја поврзуваат и со чеш. *hutný* со значење ‘дебел’. Оттука можна е и поврзаност со старословенското *gǫzь* ‘задник’. Според Скок (Skok I, 1971: 637), ако се поистовети потеклото на балтичките форми: лит. *gunžys* ‘гуша’, латв. *guza* и ст.прус. *gunsix* ‘оток’ со прасл. **gǫzь*, тогаш индоевропскиот корен е **gong-* со значење ‘грутка, набиеница’.

Називот *бујак* во значењето ‘честак’ се појавува само на македонската дијалекна територија. Формата, веројатно, претставува дериват на прасл. **buj-*, т.е. се поврзува со старословенската придавка *bujь* со значење ‘див, брз, луд’. И називот *бујаво орманче* ја вклучува истата основа во придавската форма. Можно сродство на *bujь* се наоѓа во некои балтички зборови, лит. *burỹa* ‘грамада, куп’, латв. *bûra* ‘голем куп’, а не се исклучува поврзаност и со ст.инд. *bh□ūān* ‘голем, силен, значителен’ и ст.герм. *buro-lang* ‘многу долг’. За индоевропска коренска основа на овие форми се претпоставува **bhehā-* со значење ‘расте, се случува’ (БЕР I, 1971: 96). Скок (Skok I, 1971: 230) смета дека вокалот *u* во *bujь* настанал од дифтонгот *ou/au*, за што наоѓа потврда во авест. *bavyō* ‘долго’. Оваа основа е добиена по пат на ономатопеја затоа што се наоѓа и во неиндоевропски јазици, како во тур. *buyumak* (ibid.).

Називот *дробак* со значењето ‘честак’ или ‘мала, густа шума’ е познат само во некои македонски говори. Составен е од прасловенската основа **drob-* и суфиксот *-ak*. која се однесува на глаголот **drobiti* ‘дроби’. Во словенските јазици од оваа основа се деривирале форми како што се чеш. *drob*, пол. *drób*, г.луж. *drobjeńca*, кои примарно означуваат ‘дребулии (мали составни делови на предмет)’. Од сесловенското *drob* се развиле и секундарни значења, кои отишле во различни насоки, како на пример: слч. *drób* 1. ‘дребулија, ситница’, 2. ‘отпадок’, рус. *дробь* 1. ‘парче, делче’, 2. ‘сачма’, 3. ‘аритметичка дропка’. Во македонскиот јазик се среќаваат и деривати како на пр. *дробилка* и *дропка*. Се претпоставува сродство на овие словенски форми со гот. *ga-draban* ‘исече, обори’ (ЭССЯ V, 1978: 119), а според БЕР (I, 1971: 430), како паралели се додаваат и ст.сканд. *drafna* ‘се распаѓа на делови’, *draf* ‘струготини’, додека нивното потекло се лоцира во индоевропскиот корен **dhrabh-*. Но, овие паралели не можат да се потврдат со сигурност. Веројатно е дека ром. *drob* ‘црн дроб,

грутка’ и алб. *drobitem* ‘се изнемоштува’, *drobitje* ‘изнемоштување, истоштување’, претставуваат словенски заемки.

И називот *ситнак* со значењето ‘честак’ е регистриран само на македонската дијалектна територија. Лексемата *ситнак* во македонскиот јазик означува ‘вид даб, благун; Quercus lanuginosa’, но и ‘ситна густа шума’ (ТРМЈ V, 2011: 389). Називот се поврзува со придавката *ситен*, прасл. **sitьnъ*, а оттука и со глаголот *ситни* ‘прави нешто на поситни парчиња’, форми блискозначни со *дробен, дроби*. Впрочем, мотивацијата за добивањето на називите *ситнак* и *дробак* во значењето ‘честак’, била мошне слична. Во однос на потеклото, прасл. **sitьnъ*, според Скок (Skok III, 1973: 246), се врзува со коренот **si-*, како и зборот *сито*, а првобитно означува ‘она што поминало низ сито, просеано’. Лексемата *ситный* ‘просеано (низ сито)’ во рускиот јазик подлабоко ја зачувала семантичката врска со *сито,* за разлика од *ситен* во јужнословенските јазици, сп. мак. *ситен* 1. ‘што се состои од мали еднородни делови, сп. крупен, јадар’, 2. ‘за чекор, од, оро – што се состои од чекори што следат брзи едно по друго’, 3. ‘што нема голем обем, што нема големи размери’ (ТРМЈ V, 2011: 388-389), срп. *ситан* 1. ‘који се састоји од малих истоврсних делића, честица; измрвљен, самлевен, стучен’, 2. ‘који је по величини, обиму, испољавању, интензитету, броју испод просечног – мален, кратак...’ (РСЈ 2007: 1225), буг. *ситен* 1. ‘който е на малки частици; дробен’, 2. ‘гъст, сбит’ (БТР 1963: 834) итн.

Називите од типот на *грм* и *грмушка* се доминантни како во македонските дијалекти, така и на поголемиот дел на јужнословенскиот јазичена ареал со значењето ‘грмушка’. Се врзуваат со прасловенската форма **gъrmъ,* којашто во одредени словенски говори (не во македонските), покрај ‘грмушка’, може да означува и ‘вид даб’, па и ‘леска’. Се претпоставува дека **gъrmъ* води индоевропско потекло (Младенов 1941: 112), а се поврзува со ст.инд. *gúlma-* ‘грмушка’. Некои етимолози претпоставуваат дека се работи за постаро вкрстување на формите **glmъ* и **drъmъ* (в. БЕР I, 1971: 289).

Називите за ‘грмушка’ од типот на *дрма* и *дрмка* се јавуваат само во неколку од македонските говори. Лексемата *дрма* е забележана во *Толковниот речник* со значењето ‘ниска шума составена од грмушки и разни ниски дрвја’, додека лексемата *дрмка* како ‘грмушка’ (ТРМЈ I, 2003: 546). Според анализата во ОЛА, на овие називи им се припишува грчко влијание, а Скок (Skok I, 1971: 238) смета дека се работи за новогрчка заемка (од византискиот) – *δρυμόν* ‘дабова шума’. Слични форми се надоврзуваат во буг. дијал. (од југот на Бугарија) *дръм, дръма, дърма* ‘грмушка’ (Шјатковски 2005: 238), но исто така се јавуваат и во срп./хрв. дијал. *drmun* ‘издвоена шума’, ‘заградена парцела (издвоена со дрвја)’, слн. *drmášča* ‘честак’, но и ‘ширина, безредие’, рус. *дром* ‘честак, непроодна шума’, чеш. *drmek* ‘вид растение – Vitex agnus-castus’. Имајќи ги предвид овие словенски форми, можеби поверојатно е прасродство на словенските и грчките изрази, а поврзаност се согледува и со ст.инд. *drumás* ‘дрво (во шума)’. Нивното потекло се претполага во индоевропската коренска основа **dru-* ‘дрво’ (сп. Фасмер I, 1964: 541; БЕР I, 1971: 436).

Називот *шибак* ја вклучува прасл. форма **šipъ,* што примарно во македонскиот јазик се однесува на ‘дива роза’, но и на ‘бодлив израсток по стеблото на некое растение, трн, растение покриено со трн’. Овие значења, генерално се присутни и на јужниот и на источниот словенски јазичен ареал, додека на западниот ареал среќаваме: чеш. *šíp*, слч. *šíp*, пол. *szyb, szyp*, г.луж. *šip*, д.луж. *šyp,* сите со значење ‘стрела’. Можна е поврзаност на оваа форма со ст.инд. *kṣipáti* ‘фрла’, *kṣiprás* ‘брза’, *kṣēpas* ‘акција на фрлање, брзо движење и сл.’, кои, пак, се споредуваат со глаголот *шиба* (Фасмер IV, 1973: 440). Паралели се бараат и во други индоевропски јазици, како ст.в.герм. *hiufo* ‘роза’, ср.в.герм. *hiefe*, ст.англ. *héopa* ‘роза, трнеста грмушка’ (ibid.), а потеклото, според некои извори (Skok III, 1973: 394), се лоцира во индоевропското **keipă, *keupą*.

Формата *да*^{м}*ū* како назив за ‘грмушка’ се среќава во еден пункт, не само на македонската, туку и на целата словенска јазична територија. Се врзува со старословенскиот назив за ‘даб’ – ä1ÁÚ, односно прасл. **dǫbъ*. Во најголем број од словенските јазици, како и во македонскиот – поимот *даб* се однесува на ‘род листопадни дрвја со широки назабени листови и со плод желад’. Според некои извори (сп. Фасмер I, 1964: 547; Skok I, 1971: 449), паралели на оваа форма се бараат во грч. *δέμω* ‘гради, прави’, ст.норд. *timbr*, англос. *timber*, ст.в.герм. *zimbar* ‘градежно дрво, дрвена конструкција, живеалиште’, гот. *timrjan* ‘гради, конструира’. Како индоевропска форма се споменува **dom-bhu̯o* со значење ‘материјал за изградба на куќа’, меѓутоа оваа реконструкција е сомнителна. Други, пак, словенското **dǫbъ* го поврзуваат со ст.в.герм. *tanna* ‘смрека’, ст.инд. *dhánvan-, dhánuṣ* ‘лук’, а оттука и со лит. *dumblas* ‘мочуриште, блато’, *daubà* ‘низина, долина’, латв. *dumbrs* ‘мочуриште’ и претполагаат развој на значењата ‘блато’ > ‘шума’ > ‘дрво’ (Фасмер I, 1964: 547). Но, согледувајќи ги овие, како и други етимолошки толкувања, јасно е дека нема прецизна потврда за потеклото на прасл. **dǫbъ*. Уште се претпоставува дека можно е прединдоевропско потекло.

Називите *копач* и *копачка* произлегуваат од активноста *копачење* ‘сечење на растенијата, чистење на почвата и постепено претворање во обработлива површина’, т.е. означуваат ‘нешто што треба да се копачи’. Глаголот *копа* првенствено значи ‘обработува земја со мотика и сл.’, а потекнува од прасл. **kopàti*, како и рус. *копа́ть*, укр. *копа́ти*, блр. *капа́ць*, чеш. *kopat,* слч. *kopat'*, пол. *kopać*, луж. *kopaś*, слн. *kopati,* срп. и хрв. *kopati,* буг. *копая*. Сродни форми се наоѓаат во балтичките јазици, лит. *kapóti, kapóju* ‘раздели, исецка’, *kaplỹs* ‘мотика’, латв. *kapât, -ãju* ‘сече, коле’, *kaplis* ‘мотика’, ст.прус. *en-kopts* ‘погребува’, како и во други инвоевропски јазици, грч. *κόπτω* ‘удира, сече, коле’, *κοπίς* ‘секира’, алб. *kep* ‘чисти, отстранува камења’, *kamés* ‘копач, мотика’ (Фасмер II, 1967: 317). Понатаму, поврзаноста се продлабочува и во грч. *σκάπτω* ‘копа’, *σκάπετος, κάπετος* ‘ров, пештера’, лат. *scapula* ‘лопата’.

Називот *ӣурнар,* забележан како ‘грмушка’ на македонскиот дијалектен ареал, води потекло од грч. *πουρνάρι, πρινάρι* ‘вид даб, Quercus coccifera’. Лексемата *ӣрнар* и во македонскиот јазик првенствено означува ‘вид даб што расте како шумјак, наменет за кастрење за добиточна храна – Quercus coccifera’. Како секундарни значења на оваа лексема во македонскиот јазик се јавуваат

‘зимзелен даб – Quercus liex’, ‘закржлавен даб’, ‘ситна дабова шума’, ‘нискостеблеста шума, воопшто’ (ТРМЈ IV, 2008: 594).

Називот *драчка*, во однос на неговото потекло, се поврзува со прасловенскиот. Веројатно е изведен од глаголот **dьrati* со првенствено проширување *-(a)čь*, особено за изведување називи за nomina agentis – мак. *дерач* ‘живодерец’, чеш. *dráč* ‘живодерец’, ‘разбојник’, ст.пол. *dracz* ‘арамија’, укр. *драч* ‘работник во пилана’ и сл. (в. ЭССЯ V, 1978: 216), а подоцна и со суфиксот *-ka*. Глаголската форма, покрај значењето ‘се бори’, означува и ‘се расече’, ‘се раскина’ – а оттука потекнува и мотивацијата за дериватот со значење ‘грмушка’ како ‘нешто на кое може да се оштети нешто друго со сечење (трн) и сл.’. Впрочем, слични форми, деривати од истата основа, среќаваме и во срп. *дра̏ч* ‘бодликава листопадна грмушка (Paliurus aculeatus)’, ‘бодликаво трновито растение, воопшто’ (РСЈ 2007: 319), укр. *драч* ‘бодлива грмушка’, рус. *драч* ‘алатка за стружење’, *драньˈ* ‘тенки дрвени плочки’, но и *дёрн* ‘најгорниот слој на почвата, обраснат со растенија, трева’, слч. *draň* ‘неплодна почва’ итн. (од **dьranъ,* в. ЭССЯ V, 1978: 217). Можно сродство на прасловенското **dьrati* се согледува во балтичките форми – лит. *dìrti* ‘отфрли’, латв. *dìrât, dîrât* ‘отфрли’, како и во ст.инд. *dṛṇā́ti* ‘пука, крши’, авест. *dar-* ‘измамник’, грч. *δέρω*, аор. *ἐδάρην* ‘дере (кожа)’, кимр. *darn* ‘дел, парче’ (сп. Фасмер I, 1964: 505; Machek 1957: 126). Според ЭССЯ (V, 1978: 218), се претполага дека се работи за индоевропскиот корен **der-/*dr-,* при што **derǫ* и **dьrati* претставуваат парадигматско обединување на двата степени на вокализација на оваа коренска основа.

Дијалектниот назив *жбуњ* (мак. лит. *џбун*) е регистриран само во еден пункт на ОЛА на македонската територија, иако е познат на поширокиот јужнословенски ареал. Овој назив доминира на српската, а е мошне фреквентен и на хрватската јазична територија. Веројатно е дека оваа форма претставува заемка во јужнословенските говори од турскиот јазик. *Толковниот речник на македонскиот јазик* за значењето на лексемата *џбун* (и *џбунка*) упатува на лексемата *грмушка* (в. ТРМЈ VI, 2014: 396).

Заклучок

Од географската дистрибуција се забележува дека во македонските дијалекти постои голема лексичка разнообразност на називите чии референти се *честак*, односно *грмушка*. И покрај семантичката блискост на двата поима, нема совпаѓање на формите на називите во одделните пунктови, впрочем, *грмушка* асоцира на единка, додека *честак* – на множество. Потврда за тоа доаѓа и од единствениот пункт на целиот ареал, Нестрам, во кој се забележани називи изведени од идентична основа – *честовина* за ‘честак’, образувана со суфиксот *-ина* со кој се изведуваат форми со збирно значење (главно од придавска основа, сп. *живина, дивина* и сл.), и *честевинка* за ‘грмушка’, образувана со суфиксот *-ка* (*-инка*) кој внесува информација дека се работи за единка (сп. *детелина* – *детелинка*), односно со кој се внесува деминутивна модификација во значењето – намалување на димензијата (в. Конески 2003: 63, 68).

Од етимолошко-семантичката анализа на одделните форми кои означуваат *честак* и *грмушка* на македонскиот говорен ареал, може да заклучиме дека најголемиот број од нив деривирале од соодветните прасловенски основи. Потребата да се именува она што го опкружувало човекот во просторот придонела за ширењето на семантичките полиња на овие основи до значењата на соодветните називи (најчесто по пат на асоцијативни поврзувања). Пресудна при именувањето била концептуализацијата, па така, генерално, различните називи потекнуваат од блиски семантички компоненти ‘нешто што расте, се згуснува, се зачестува’, ‘станува диво, непристапно’ или ‘се состои од повеќе составни делови, се соединува’, но други се однесуваат на ‘нешто што треба да се сече, кастри и сл.’. Мал број од регистрираните називи не континуираат прасловенска основа, туку претставуваат уште едно сведоштво за отвореноста на лексичкиот систем на јазиците, следствено и на македонскиот, особено кон јазиците од балканската јазична средина.

Некои од називите кои означуваат *грмушка* во одделните микроареали, се генерализирале во ова значење, иако примарно претставуваат специфицирани називи за одреден вид растение, грмушка и сл. (како *да*^{м}*п* - *даб*).

Литература

Аванесов, Р.И. и др. 1965: *Вопросник Общеславянского лингвистического атласа,* Наука, Москва.

БЕР: *Български етимологичен речник,* I, 1971, Българска академия на науките, София.

БТР: *Български тълковен речник,* 1963, Държавно издателство „Наука и изкуство“, Софија.

Видоески, Б. 2000: *Фонолошки бази на говорите на македонскиот јазик,* Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Дзендзелівський, Й.О. 2000: „Карта 10 Густые заросли в лесу“, *Общеславянский лингвистический атлас, Серия лексико-словообразовательная, III Растительный мир,* Минск, 46-47.

Закревська, Я.В. 2000: „Карта 9 Куст“, *Общеславянский лингвистический атлас, Серия лексико-словообразовательная, III Растительный мир,* Минск, 44-45.

Конески, К. 2003: *Зборообразувањето во современиот македонски јазик,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Младенов, С. 1941: *Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ,* Книгоиздателство „Христо Г. Данов“, София.

РСЈ: *Речник српскога језика*, 2007, Матица Српска, Нови Сад.

ТРМЈ: *Толковен речник на македонскиот јазик,* I-VI, 2003-2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

ЭССЯ: *Этимологический словарь славянских языков,* IV-V-VII, 1977-1978-1980, Наука, Москва.

Фасмер, М. 1964-1973: *Этимологический словарь русского языка*, I-IV, Издавательство „Прогресс“, Москва.

Шјатковски, Ј. 2005: „Грчките лингвистички влијанија во Општословенскиот лингвистички атлас“, *Ареална лингвистика – теории и методи,* Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 229-243.
Boryś, W. 2005: *Słownik etymologiczny języka polskieg*, Wydawnictwo Literackie, Krakow.
Brückner, A. 1957: *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Wiedza Powszechna, Warszawa.
Machek, V. 1957: *Etymologický slovník jazyka českého a slovenského*, Československá akademie věd, Praha.
Skok, P. 1971-1973: *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* I-III, JAZU, Zagreb.
Škaljić, A. 1966: *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, Svjetlost, Sarajevo.

Summary

In this paper, the author analyzes the terms for ‘bush’ and ‘thicket’ in the dialects of the Macedonian language, using the materials of the Slavic Linguistic Atlas (OLA). The analysis contains two parts: the first refers to the geographical distribution of the terms in the Macedonian-speaking area, according to the 24 points covered by the OLA; the second part includes an etymological and semantic analysis of the individual terms. There is a great lexical diversity of the terms in the whole territory and the most of them have Proto-Slavic origin. Despite the semantic closeness of the two concepts, ‘bush’ and ‘thicket’, there is no matching of the word forms in individual points; only in one point in the area, the different terms are derived from the same root. Recognizing the origin of the terms, we can establish that, in general, the different names originate from close semantic components, such as 'something that grows, thickens, becomes more frequent', 'becomes wild, inaccessible' or 'consists of multiple constituents, bind' etc.

811.161.1-32:811.163.3'255.4'367.622.22
Изворен научен труд

Елена Јованова-Грујовска

ЗА ДЕМИНУТИВИТЕ И ХИПОКОРИСТИЦИТЕ ВО РАСКАЗИТЕ НА А. П. ЧЕХОВ

Апстракт: Се разгледува деминутивно-хипокористичната лексика во расказите на на А. П. Чехов преведени на македонски јазик во однос на оригиналот (на руски јазик). Се бараат стилистичките разлики и сличности меѓу преводот и оригиналот во рамките на овој вид лексика. Се утврдува припадноста кон лексичко-семантичките групи и кон зборообразувачките форманти во македонскиот јазик.

Клучни зборови: лексика, деривати, деминутиви, хипокористици

Почетните размислувања ми беа поамбициозни – да ги разгледам именките со субјективна оценка во македонскиот превод на расказите на Антон Павлович Чехов. По извршената ексцерпција на три тома раскази[1] се покажа дека е маргинална употребата на аугментативи и пејоративи.

Твојата Пелагија, тоа долно ***будалиште****, ги води по слаткарници. Ех, какво* ***будалиште*** *сум – пламна тој. Господи, таа чесната, гордата, чистата ... сакаше дури и на колена да падне пред ... пред ова* ***девојчиште****! Штом ќе ме погледне со* ***очиштана*** *... како со лактот да сум удрил на оградата. Не сте случајно со толку долго* ***косиште****.*

Ист случај е и со лексемите со деминутивно-хипокористичен формант, а со погрдна конотација, затоа што Чехов сарказмот и иронијата умее да ги пренесе со повеќе јазични средства, вклучително и со деминутивен признак: *Ако некое* ***аристократче*** *отиде кај нив, живо по нивно ќе се научи да тропа. Живее* ***будалетинкава*** *во Русија десет години ...*

Воопшто, расказите на Чехов изобилуваат со деминутивна и хипокористична лексика. Имајќи го предвид субјективниот став што авторот го искажува за лицата и предметите и што се провлекува низ делото т.е. преводот, се наметнаа повеќе прашања:

1. Има ли разлики при употребата на умалително-галовните форми меѓу оригиналот и преводот?

[1] **Одбрани дела од А. П. Чехов** во превод на Димче Билјановски, издание на Наша книга, Култура, Македонска книга, Мисла – Скопје, 1981 год.

2. Дали се работи за стилистичка употреба во зависност од темата на расказот?
3. Од кои лексичко-семантички групи се лексемите?
4. Кои зборообразувачи форманти се најчести во македонскиот превод?

Преведувачот се потрудил да користи соодветна македонска лексика за да ги прикаже субјективниот став и експресијата на авторот. Ова се однесува и на деминутивно-хипокористичните форми.

Его собеседник, Макар Тарасыч Пешкин, маленький ***старичок*** *с тонкими синими* ***ножками****, в ответ на его вопрос пожал плечами и сказал. / Неговиот соговорник Макар Тарасич Пјешкин, малечкаво* ***старче****, со тенки модри* ***ножиња****, одговарајќи на неговото прашање си ги собра рамениците и рече.*

А надо вам заметить, ***Даше*** *тогда и двадцати* ***годочков*** *еще не било. Такая была девица, что просто всем на удивление.* ***Финик****! / А морам да ви кажам дека тогаш мојата* ***Даша*** *уште немаше ни дваесет* ***годинчиња****. Таа беше* ***девојче*** *на кое му се восхитуваат сите.* ***Смоквичка****!*

Гриша*, маленький, пухлый мальчик, родившийся два года и восемь месяцев тому назад, гуляет с* ***нянькой*** *по бульвару. /* ***Гриша****, малечко, полничко* ***детенце****, роден пред две години и осум месеци, шета со одгледувачката по булеварот.*

... за ***нянькиным*** *судуком очень много разных вещей: катушки от ниток,* ***бумажки****,* ***коробка*** *без* ***крышки*** *и сломанный паяц. / ... зад ковчегот на одгледувачката има многу различни нешта: макари од конец,* ***книжиња****,* ***кутиче*** *без* ***капаче*** *и скршен паљачо.*

Солдаты с ***вениками****, большие кошки, лошади,* ***стеклышко****, корыто с апельсинами, светлые пиговици – все ето собралось в кучу и давит его мозг. / Војниците со бањските* ***метлички****, големите мечки, коњите,* ***стакленцето****,* ***коритцето*** *со портокали, светлите копчиња – сето тоа се беше собрало на куп и му го притиска мозокот.*

Там на ***диванчике****, около окошка сидит существо. / Таму на* ***диванчето****, покрај прозорецот, седи господовото создание.*

Этакая ***блондиночка*** *с* ***носиком*** *... с* ***пальчиками*** *...* ***Душичка*** *моя! / Русокоса со* ***носле*** *... со* ***прстиња*** *...* ***Душичка*** *моја!*

Се забележува слобода во преводот и поголема честота на умалително-галовните форми на македонски (*мальчик – детенце*; *корыто – коритце*), освен кај невообичаените деминутиви и хипокористици за македонскиот јазик (*нянька – одгледувачка*; *блондиночка – русокоса*).

Антон Павлович Чехов е луциден познавач на човечката душа и неповторлив мајстор на перото. Именките со субјективна оценка и експресивната лексика воопшто, му овозможиле на авторот, а подоцна и на преведувачот, да ја долови природата на луѓето, нивната радост, надеж и страв, како и амбиентот на збиднувањата. Темата на расказот го диктира изборот на лексиката и на јазичните средства. Во расказите како: Смртта на чиновникот, Дебелиот и слабиот, Коњско презиме, Ефикасни мерки или Подофицерот Пришибеев – во кои што се опишува човечката немоќ, омаловажувањето, презирот и надменоста на надредените има едвај по една или по ниедна деминутивно-хипокористична форма.

Текстовите што се посветени на животот на децата, на младите момчиња и девојки, на жените и љубовта – и во оригиналната и во преведената форма изобилуваат со умалително-галовни лексеми. Такви се расказите: Чеиз, Гриша, Среќен човек, Дечишта (освен пејоративниот наслов) и др.

Кога зборуваме за овој тип лексика, најчесто станува збор за именки. Хипокористичните деривати од личните имиња се редовна појава во именувањето и обраќањето: *Прошка*, *Манечка*, *Машењка*, *Маша*, *Паша*, *Пеќа*. Ваквата појава е засведочена и во насловите: Зиночка, Вањка, Гриша.

Придавките (како: *големко*, *малечко*, *слабичко*, *полничок*) искажуваат субјективен став. Често се однесуваат на дете, член на семејството или на друг начин блиско лице и придонесуваат за поголема експресија што резултира со сожалување (од една) или нежност, интимност и субјективност на исказот (од друга страна).

Прилозите (како: *простичко*) и глаголите (како: *се смешка*, *шетка*, *чкртка*) со семантичката порака ‘по малку’ ја потенцираат, но и ја ублажуваат информацијата.

Деминутивните и хипокористичните именки се дел од повеќе семантички полиња. Најчесто станува збор за лексика во врска со:

- **дом, покуќнина и орудија** (*куќарка, куќичка, таркалца, синџирче, метличка, свеќичка, масиче, чиниче, собичка, касичка, кутиче, тоиче, бравичка, моливчиња, работички, шкафче, шишенце, диванче, коритце, стакленце*);
- **делови од човечкото тело** (*раменце, обравчиња, очиња, очички, брадичка, носе, раче, подбрадоче, ноженце, ножиња, лиценце, прстиња*);
- **роднински и други врски** (*мајчичка, женичка, татенце, братче, детенце, дечиња, пријателче, сирачиња, момченце*);
- **животински и растителен свет** (*бубаче, јагненце, перце, птичка, црвче*);

- **облека и обувки** (*кошулка, панталонки, блуска, чантиче*);
- **книжевен и духовен свет** (*душичка, книжиња, книвче*);
- **релјеф и метеорологија** (*гратче*).

Во рускиот јазик среќаваме називи на млади лица и животни образувани со помалку или повеќе продуктивни форманти: *зверёныш* (зверь), *котёнок* (кот), *орлёнок* (орел). Иако не се работи за типични деминутивно-хипокористични форми, при преводот на македонски јазик често се прибегнува кон лексика со субјективна оценка (*сверче*, *орелче*, *маченце*).

Кај некои лексеми се случил процес на лексикализација (*момче, девојче, тато/тате, клопче, копче*) што често резултирал со терминологизација: *баничка, звонче, шамиче, колаче, сандаче, чашка, книшка, лажичка*.

Во расказите на Чехов на руски јазик се застапени доста продуктивни деминутивно-хипокористични зборообразувачки форманти: **-ик** (*носик, финик*); **-чик** (*диванчик, голубчик, пальчик*); **-ка** (*коропка, бумажка, ножка*); **-инка** (*волосинка*); **-очка/-ечка** (*блондиночка, душечка, Володечка*); **-ушка** (*батюшка, дядюшка, матушка*); **-енька/- онька** (*батенька*), **-це/-цо** (*деревцо*), **-ец** (*братец*).

Преводот на македонски јазик ги бележи следниве продуктивни форманти на структурен план: **-е** (*носе, раче*); **-че** (*зборче, топче*); **-иче** (*чиниче, чантиче*); **-ичка** (*свеќичка, метличка*); **-це** (*перце, туркалце*); **-енце** (*јагненце, лиценце, шишенце*); **-ка** (*кошулка, блуска*).

Рускиот и македонскиот јазик имаат појава на сраснување т.е. кумулирање деминутивно-хипокористични форманти, што дополнително ја потенцира позитивната експресија: *голосочек, листочек* (-очек); *местечко* (-ечко); *момченце* (-енце); *мајчичка* (-чичка).

Поаѓајќи од македонскиот превод кон рускиот оригинал на расказите на А. П. Чехов, можеме да констатираме штедра, но внимателна соодветна застапеност на деминутивно-хипокористична лексика и во двата јазика. Независно што станува збор за деривати настанати преку модификациски процеси во кои мотивирачката основа го дава значењето, а формантот само го изразува субјективниот став, делата на Чехов и во двата јазика нудат богат материјал за лексичка и зборообразувачка анализа што би резултирала со уникатен речник на лексеми со субјективна оценка.

Литература

Апресян, Ю. Д. 1995: *Лексическая семантика, синонимические средства языка,* Москва.

Велева, С. 2006: *Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик*, Скопје.

Велковска, С. 2002: *Белешки за македонската фразеологија,* Скопје.

Веновска-Антевска, С. 2012: „Тавтолошките деминутивни образувања во македонскиот стандарден јазик“, *Современи лингвистички истражувања во македонистиката* (зборник на трудови), Скопје.

Видоески, Б. 1953: „За образувањата на -иво и -ло“*, Македонски јазик* IV 1, Скопје, 1–8.

Гортан-Премк, Д. 1996: „О лексикографској дефиницији и систему лексикографских дефиниција у једнозначном речнику“, *Прилози МАНУ* 21/2, Скопје, 105–123.

Јованова-Грујовска, Е. 2009: „За именките со субјективна оценка од зборообразувачки и лексичко-семантички аспект“, *Македонски јазик* LX, Скопје, 227–230.

Јованова-Грујовска, Е. 2009: „Лексиката со субјективна оценка од областа на животинскиот свет“, *Зборник во чест на проф. Кирил Конески на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, Скопје, 91–97.

Јованова-Грујовска, Е. 2009: „Од семантиката на фитонимската лексика врз моделот на деминутивите и аугментативите“, *Зборник во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, Скопје, 291–295.

Конески, Б. 1975: *Јазикот на македонската народна поезија,* Скопје.

Конески, К. 1995: *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*, БОНА, Скопје.

Минова-Ѓуркова, Л. 2003: *Стилистика на современиот македонски јазик*, Магор, Скопје.

Ристић, С. 2004: *Експресивна лексика у српском језику*, САНУ, Београд.

Summary

The considered Macedonian translation of Chekhov's stories shows a higher frequency of the diminutive-hypocoristic forms compared to the original. The frequency with which this type of lexicon is used, nouns belonging to several semantic fields, depends largely on the theme of the story. The most productive formants in the stories are listed.

811.163.3'37
Изворен научен труд

Виолета Николовска[1]

ФУНКЦИОНАЛНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА ЛЕКСЕМАТА *КАМО*

Апстракт: Предмет на интерес на овој труд ќе биде лексемата *камо*. Лексемата *камо* некаде е дефинирана како прилог, некаде како партикула, има заменско потекло. Во трудот ќе се обидеме да дадеме нејзина морфолошка определба, да се осврнеме на нејзината етимологија и на нејзината функција во исказот. Лексемата *камо* ја разгледуваме од два аспекти: комуникативен (прагматички) и семантички. Од комуникативен аспект, ја определуваме како прагматички маркер, врз кого лежи комуникативниот фокус на соопштението, а од семантички аспект ги разгледуваме синтаксичките конструкции во кои се јавува и значењата кои во тие конструкции ги изразува. Лексемата *камо* е полифункционална (како што се повеќето прагматички маркери) и се употребува со различни степени на семантичка сложеност. Во трудот ќе се осврнеме и на употребата на турцизмот *ќешки*, со оглед на тоа што овие две лексеми се употребуваат во блиски позиции.

Клучни зборови: семантика, прагматика, комуникативна хиерархија, прагматички маркер, партикула

Abstract: The paper provides a comprehensive lexical analysis of *kamo* in Macedonian language**,** a lexeme with pronominal origin but defined as an adverbial or a particle in dictionaries. The author discusses its etymology, morphology and functional properties. The analysis focuses on the pragmatic and semantic properties of *kamo*. In terms of its discourse function, *kamo* is classified as a pragmatic marker that carries the communicative goal of the utterance. It is used in a number of syntactic constructions where it adopts different meanings. The semantic complexity of *kamo* correlates with its multifunctionality. The author also looks at the Turkish loan *keski* which can replace *kamo* in certain contexts.

Key words: semantics, pragmatics, communicative goal, pragmatic marker, particle

1. Вовед

Предмет на нашето истражување е лекемата *камо*. Конески во својата „Граматика на македонскиот литературен јазик“ (Конески 1984) им посветува внимание на партикулите како зборовна група, при што го определува и нивното значење во исказот, но посебно не ја споменува лексемата *камо*. Во оваа Граматика, ниту во групата на прилози, поточно прилози со заменско потекло, не беше наведена лексемата *камо*. Ист е случајот и во „Општата граматика на македонскиот јазик“ (Бојковска и др. 2008). Л. Минова-Ѓуркова (Минова-Ѓуркова 1994), иако зборува за морфосинтакса на одделни зборовни групи, лексемата *камо* не ја споменува; не ја споменува ниту како составен елемент на сложениот сврзнички состав *а камоли*... Единствено ја одбележуваат толковните речници што ги консултиравме, обидувајќи се да ѝ дадат морфолошка определба. Токму затоа, целта на нашето истражување има

[1] Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

пошироки рамки. Ќе се обидеме да проговориме за функцијата на лексемата *камо* во исказот, за семантиката што ја донесува во него, но ќе се обидеме да дадеме и морфолошка определба на оваа лексема и да ја проследиме нејзината етимологија. Нашата анализа, значи ќе ја опфати функционалноста на лексемата *камо* во јазикот: од прагматички, семантички и секако формален аспект. Нашата појдовна хипотеза е дека се работи за партикула, која во јазичниот текст функционира како прагматички маркер и која, во зависност од контекстот, изразува различни семантички содржини (содржини со различен степен на семантичка сложеност). Основната семантичка содржина што ја изразува оваа партикула (која потоа може да биде надградена), според наше мислење е ˹посакувам˺. Токму овој факт оди во прилог на теоријата на полската семантичка синтакса (во анализа на македонскиот јазик претставена во: Тополињска 1995 и Тополињска 1997), според која партикулите се сметаат за предикати (предикати кои како свои аргументи бараат цели реченици, предикатско-аргументски структури). Во таа смисла, анализата ќе ја вршиме во согласност со современите истражувања во прагматиката (кои се однесуваат на функциите на прагматичките маркери) и полската теорија на семантичка синтакса. Структурата на нашето излагање ја сочинуваат: морфолошка определба на лексемата *камо*, нејзини етимолошки карактеристики, определба на *камо* како прагматички маркер, семантичка анализа. Во текот на истражувањето, забележавме дека во слични контексти како *камо*, се користи и турцизмот *ќешки*. Поради тоа, извршивме и споредбено истражување на значењата што ги донесуваат овие две лексеми во соодветните јазични контексти.

2. Морфолошка определба

Според *Толковниот речник на македонскиот јазик* (ТРМЈ II, 2005: 463) лексемата *камо* е прилог. Се употребува во две значења: 1. Со прашално значење на *каде: Камо го? Камо ти го клучот?;* 2. За изразување жалење, незадоволство за нешто што го нема: *Камо тој Господ сите да живееме како побратими. Камо да ја имам твојата младост. Камо среќа.* Истата квалификација ја среќаваме и во *Дигиталниот речник на македонскиот јазик*.[2] Дефиницијата на прилозите, според *Општата граматика на македонскиот јазик* (Бојковска и др. 2008: 212) е „полнозначни зборови кои најчесто одат со глаголите и го определуваат дејството според некој признак“. Според значењето, можат да бидат: прилози за време, за место, за начин, за количество и степен. Според оваа дефиниција, лексемата *камо,* во второто значење, не може да биде прилог.[3] Предмет на наша анализа ќе биде лексемата *камо* само во второто значење. За употребата на *камо* во првото значење, и за нејзината определба како прагматички маркер, в. Sévigny 2010: 45–65. Секако, ова не

[2] http://www.makedonski.info/search/%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BE (преземено на 03. 04. 2019).

[3] За употребата на *камо* во првото значење, и за нејзината определба како прагматички маркер, в. Sévigny 2010: 45-65.

значи дека употребата на *камо* во првото значење не може да се анализира во рамките на други теории, како на пр. во рамките на теоријата на полската семантичка синтакса (Grochowski i dr. 1984; Тополињска 1995; Николовска 2011: 235–255), особено поради сложената семантичка структура на *камо* во овие конструкции (и соодветно на тоа специфичноста на синтаксичките конструкции кои ги гради овој предикат, согласно со теоријата на полската семантичка синтакса).

Партикулите, според *Општата граматика на македонскиот јазик* (Бојковска и др. 2008: 218) се дефинираат како „неменливи зборови што служат за истакнување или за определување други зборови, како и за образувње на некои граматички форми“. Единствена определба за оваа зборовна група, што има инклузивна карактеристика е дека тоа е хетерогена група зборови. Конески (1982: 541) дава поширока определба на партикулите: „Честиците или партикулите служат за истакнување на други зборови или на значењето на цела реченица, како и за определувања од различен вид: посочување, негирање, прашање итн. Во поголемиот дел тоа се зборови што се јавуваат и како прилози и сврзници, но нивната функција е, кога идат како партикули, подруга“. Тоа значи дека партикулите како зборовна група се определуваат според нивната функција. Колебањето во категоризацијата на зборови од овој тип не е само во македонската лингвистика. Аризанковска (2007: 12), цитирајќи ја Смолеј (Smolej 2001: 1) одбележува дека во граматиките на словенечкиот стандарден јазик, до 1974, честичките не претставуваат посебна зборовна група, туку се сметаат за прилози од два различни типа: „Pred tem so bili (npr. v Slovenski slovnici 1956, 1964) obravnavani večinoma kot predstavniki dveh podskupin prislovov, kot podskupine poudarnih prislovov in podskupine miselnih prislovov;“...„členki se dele v členke (v ožjem pomenu beside), v prislove, predloge in veznike (Breznik 1934: 68, ibid, 12) [Пред тоа, тие биле третирани (на пр. во Словенечката граматика 1956, 1964) воглавно како претставници на две подгрупи прилози, како подгрупа на нагласени прилози и подгрупа на мислени прилози“...; партикулите се делат на партикули (во потесна смисла на зборот) и прилози, предлози и сврзници).] Со оглед на тоа што во групата на партикули можат да влезат и зборови кои по потекло се прилози, нашето мислење е дека од морфолошки аспект, лексемата *камо* можеме да ја сметаме за партикула.

3. Етимологија

Речникот на П. Скок (Skok 1972) не го одбележува *камо* како посебна единица. Го сретнавме во „Български етимологичен речник“ (Георгиев В. И. и др. том II, 1979: 182), со ознака дијалектно. Како негово значење се наведува ʻкаде’ и ʻсе надевам’.[4] Се одбележува неговата употреба како прагматички маркер во двата типа конструкции: *камо го, камо ја* (со кратките заменски форми во безглаголски изрази) и во конструкциите што се предмет на наш интерес: *камо да* (значењето што е приведено е ʻсамо да’, ʻзошто(ли) не’. Примарното значење (означено со старобугарски) е ʻнакаде, во каква насока’.

[4] Буг. *дано.*

Интересно би било да се истражи патот по кој се добило неговото метафорично значење во споменативе конструкции во функција на прагматички маркер. Дали можеби е под влијание на турцизмот *ќешки*, на кој ќе се осврнеме подолу во текстот. Една компаративна студија за употребата на *камо* во словенските јазици секако би дала одговори во врска со ова прашање. На ова место само ќе одбележиме дека според *Български етимологичен речник*, формата *камо* се среќава во сите словенски јазици (или во нивни дијалекти). Главно означува прашање за правец. Потеклото, иако никаде во *Речникот* не е нагласено, ѝ е заменско. Заменката ја има, во соодветен гласовен облик во прасловенски **kāma* и индоевропски **k^{w}āmo*.

4. Прагматички маркер

Пред да го дефинираме *камо* како прагматички маркер, да се обидеме да кажеме нешто за полето на интерес на прагматиката како научна дисциплина и во нејзини рамки, да приложиме некои од дефинициите за прагматичките маркери.

Pragmatics outlines the study of meaning in the interactional context. It looks beyond the literal meaning of an utterance and considers how meaning is constructed as well as focusing on implied meanings. It considers language as an instrument of interaction, what people mean when they use language and how we communicate and understand each other...[5].

[Прагматиката го нагласува проучувањето на значењето во интеракциски контекст. Таа излегува надвор од буквалното значење на исказот, обмислува како се гради значењето и се фокусира на имплицитните значења. Таа го разгледува јазикот како инструмент на интеракција, разгледува што мислат луѓето кога го користат јазикот и како комуницираме и се разбираме едни со други...]

Pragmatics, in linguistics and philosophy, the study of the use of natural language in communication; more generally, the study of the relations between languages and their users. It is sometimes defined in contrast with linguistic semantics, which can be described as the study of the rule systems that determine the literal meanings of linguistic expressions. Pragmatics is then the study of how both literal and nonliteral aspects of communicated linguistic meaning are determined by principles that refer to the physical or social context (broadly construed) in which language is used. Among these aspects are conversational and conventional "implicatures" (e.g., "John has three sons" conversationally implicates that John has no more than three sons; "He was poor but honest" conventionally implicates an unspecified contrast between poverty and honesty). Other aspects include metaphor and other tropes and speech acts[6].

[Прагматиката, во лингвистиката и философијата, е учење за употребата на природниот јазик во комуникацијата; поопшто кажано, учење за релациите

[5] http://all-about-linguistics.group.shef.ac.uk/branches-of-linguistics/pragmatics/what-is-pragmatics/ (преземено на 12. 04. 2019).

[6] https://www.britannica.com/science/pragmatics (преземено на 12. 04. 2019).

меѓу јазиците и нивните корисници. Понекогаш се дефинира во контраст со лингвистичката семантика, која може да се опише како учење за правилата во системот кои го определуваат буквалното значење на јазичните изрази. Прагматиката, според тоа е учење за тоа како буквалните и имплицитните аспекти на комуницираните значења во јазикот се определуваат од принципи кои се во врска со физичкиот или социјалниот контекст (пошироко разбран) во кој се користи јазикот. Во рамките на овие аспекти влегуваат конверзациските и конвенционални „импликатури“ (пр. *Џон има три сина*, конверзациски импликува дека Џон нема повеќе од три сина; *Тој беше сиромашен, но чесен*, конвенционално импликикува еден недефиниран контраст помеѓу сиромаштвото и чесноста). Другите аспекти на прагматиката ја вклучуваат метафората, други тропи и говорните чинови.]

Прагматичките маркери се дефинираат според нивната функција во контекстот. Од различните дефиниции, ќе ги изделиме оние елементи кои сметаме дека ќе бидат релевантни во определбата на *камо* како прагматички маркер.

Pragmatic markers as we see them are not only associated with discourse and textual functions but are also signals in the communication situation guiding the addressee's interpretation. The term as we are using it can also be defined negatively: if a word or a construction in an utterance does not contribute to the propositional, truth-functional content, then we consider it a pragmatic marker. (Aijmer and Simon-Vandenbergen 2006: 5)

[Прагматичките маркери, како што ги разбираме, не се поврзуваат исклучиво со дискурсот и текстуалните функции, туку тие се исто така сигнали во комуникацискиот акт, кои управуваат со имнтерпретацијата на соопштението од страна на адресатот. Терминот што го употребуваме, исто така може да се дефинира негативно: ако зборот или конструкцијата во исказот не придонесува во пропозиционалното значење, во односот кон вистинитоста на соопштението, тогаш ние ги сметаме за прагматички маркери.]

Фрејзер (Fraser 2009: 295, во Кусевска 2019: 10) ги дефинира прагматичките маркери како „free morphemes which are proposition-initial, signal a specific message either about or in addition to the basic message, and are classified as pragmatic markers by virtue of their semantic/pragmatic functions“ [слободни морфеми кои се на прво место во реченицата, сигнализираат определена порака за или како дополнување на основната порака, и се класифицирани како прагматички маркери врз основа на нивната семантичка/прагматичка функција]. Под поимот 'прагматички маркер' може да се опфатат различни функционални класи зборови и форми: "connectives, modal particles, pragmatic uses of modal adverbs, interjections, routines (*how are you*), feedback signals, vocatives, disjuncts (*frankly, fortunately*), pragmatic uses of conjunctions (*and, but*), approximators (hedges), reformulation markers" [сврзници, модални партикули, прагматички употребени модални прилози, извици, рутински изрази (*Како си*), повратни сигнали, вокативи, дисјункти (*искрено, за среќа*), прагматички употребени

сврзници (*и, но*), апроксиматори (ублажувачи), маркери за реформулација]. (Aijmer and Simon-Vandenbergen 2011: 10, in Crible, 2018: 34).

При определувањето на *камо* како прагматички маркер, да се задржиме на констатациите: guiding the addressee's interpretation; if a word or a construction in an utterance does not contribute to the propositional, truth-functional content, then we consider it a pragmatic marker; free morphemes which are proposition-initial, signal a specific message either about or in addition to the basic message. Дали *камо* употребено во реченици од типот: *Камо да не ја среѿнев онаа кобна ноќ! Камо сиѿе да се како него!* ги исполнува овие услови за да го оквалификуваме како прагматички маркер? Точно е дека во овие примери *камо* управува со интерпретацијата на исказот. Ако глаголот *уѿравува* го сфатиме во неговото основно, буквално значење, тоа е така. Глаголот *уѿравува* нѐ води до поимот за предикат, бидејќи предикатите се оние кои имаат способност за рекција (lat. rego, is, ere, rexi, rectum – управува; води, раководи; владее (Grujić 1983: 228). Согласно со теоријата на полска семантичка синтакса *камо* се смета за предикат, и тоа од надреден вид, кој како свој аргумент импликува предикатско-аргументска структура. Значи, несомнено, *камо* управува со интерпретацијата на исказот, согласно со семантиката што ја донесува. Прагматиката се изнедрува од рамките на семантиката. Таа не се занимава со основното значење на јазичните единици, туку се фокусира на нивното значење во даден контекст, со практичната димензија на јазикот, она што излегува од системското, односно се занимава со јазичната употреба. Значи, во случајов, треба да се фокусираме на тоа каква е функцијата на *камо* во интерпретацијата на исказот, а не само со неговата семантичка улога. *Камо* можеме да го сметаме како полифункционална јазична единица, и како такво да го анализираме од различни аспекти. Иако по потекло тоа е заменски збор, на исказот му дава модално значење, изразува, како што ќе видиме подолу при анализата, желба. Неговото значење е оптативно ʻ посакувам да...ʼ . Кусевска (Kusevska 2019: 11), повикувајќи се на Бринтон (Brinton 1996) тврди дека прагматичките маркери се семантички празни и можат да бидат испуштени без да биде засегнато значењето на реченицата. Ако прагматичкиот маркер биде испуштен реченицата ќе биде граматички правилна, но ќе се смета за неприродна, непријатна, неповрзана, неучтива. Да ја провериме неопходноста на *камо* во приведените примери. *Камо*, како и неговото блискозначно *ѿосакувам,* задолжително се јавуваат со *да*.[7] Без да го дефинираме *да* во конструкциите од овој тип, не можеме да ја определиме ниту улогата на *камо*. Можни се две толкувања на *да* во овие конструкции: во првиот случај, можеме да го сметаме за партикула, која внесува оптативно значење; а во вториот случај можеме да го сметаме за синтаксички оператор, кој воведува реченица аргумент на надредениот предикат *камо*. Таква функција врши појавувајќи се и покрај предикатот *ѿосакувам (да)...*

[7] Освен во изразот *Камо среќа!,* кој го сметаме за семантички деривирана структура, која во себе го имплицира *да* (*Камо да е ѿаа среќа... да...*).

Во науката за јазикот, *да* се разгледува и како оптативна партикула. Тополињска (Тополињска 1995: 263) го споменува Шклифов (1979: 119) кој под насловот „Частици за пожелание“, во својата монографија за костурскиот говор ги приведува: *да, белким, билќи, нака / нека, кешки* (покрај *белким, билќи* и покрај *кешки* како појаснување стои значењето ‘се надевам’)[8]. Подведувањето на употребата на различниве партикули под оптативно значење, ни дава за право и *да* во контекстите што ги анализираме да го сметаме за употребено со оптативно значење, иако не е најинтензивно изразено како во примерите: *Да ти ет жиф домакино, да ти са живи дечината, да са здрави и живи, да векве* (во примери на благослови и клетви). При ваквото разбирање на *да*, партикулата *камо* „може да биде испуштена без да биде засегнато значењето на реченицата“, таа само ќе изгуби на интензитет на изразувањето на желбата: *Камо да не ја срет нев онаа кобна ноќ! Камо сите да се како него!*, кои може да се парафразираат *Да не ја срет нев онаа кобна ноќ! Да се сите како него!* Навистина, реченициве иако се граматички логични, звучат неприродно, непријатно, како нешто да им недостасува. *Да* како оптативна партикула го разгледуваат и Мазон (Mazon 1936) и Лавров (Lavrov 1932), според Тополињска (1995: 264–265). Употребата на *да* во вакви конструкции Тополињска ја оквалификува како прагматички мотивирана.

Од друга страна, партикулата *да* можеме да ја сметаме за синтаксички оператор (сврзник), кој во конструкциите со *камо* ја воведува реченицата аргумент. Во тој случај тој е семантички празен, врши само синтаксичка функција, а целата семантичка тежина е на партикулата *камо*. Партикулата *камо* не би можела да се испушти без промена на значењето на реченицата. Меѓутоа, примерите *Да не ја срет нев онаа кобна ноќ! Да се сите како него!* сведочат за тоа дека *да* во овие случаи не е семантички празно, како што веќе утврдивме. На овој начин, ја потврдивме тезата дека (согласно со приложените дефиниции) *камо* е прагматички маркер. Секако, со ова не е исцрпена целата дефиниција за *камо* како прагматички маркер и за функциите на *да* во овој тип на конструкции, но за потребите на анализа од овој формат, сметаме дека тука треба да застанеме. На семантичката сложеност на *камо* и на неговата употреба ќе посветиме поголемо внимание понатаму во анализата.

Во рамките на прагматиката, се разгледува и она што во европската лингвистика (Прашката лингвистичка школа) се нарекува функционална реченична перспектива или актуелно расчленување на реченицата (Daneš 1974). Се работи всушност за анализа на воспоставувањето на комуникативна хиерархија во исказот. Во таа смисла е и разликувањето на тема (топик) и рема (фокус), стара и нова информација во еден контекст. Новата информација, ремата или фокусот во соопштението е всушност и она заради коешто се започнува исказот. Тоа е комуникативно најоптоварениот дел во исказот. *Камо* во нашите конструкции функционира единствено како рема. Иако е во позиција на почетокот на реченицата, позиција резервирана вообичаено за темата

[8] Лексемите, а и примерите што ќе ги преземеме, ги приведуваме без знаците за акцент, кој не е предмет на наш интерес во анализата.

(старата информација), фокусот на соопштението е на него. Поставувањето на *камо* во позиција невообичаена за ремата е уште еден начин да се зголеми комуникативната тежина на кажаното. Во конструкциите со *камо*, комуникативната тежина е најмногу на *камо*, а потоа, како што тече исказот таа опаѓа. Како што опаѓа извичната интонација. Исказот без *камо* би изгубил на интензитет и на комуникативна вредност.[9]

5. Семантичка функција

Примерите за анализа ги користевме од корпусот примери на *Дигитални от речник на македонски от јазик* (во најголем дел од уметничката литература) и од јазикот на порталите, форумите и блоговите. Во Корпусот на Дигиталниот речник сретнавме малку примери со *камо*, повеќе со сврзникот *камоли*, но затоа во публицистичкиот стил, порталите, особено во насловите, сретнавме многу повеќе, што е и разбирливо, бидејќи употребата на оваа лексема му дава поголема ефективност, впечатливост на исказот, што е една од функциите на прагматичките маркери.

Примерите што ги анализиравме ни покажаа употреба на *камо* во две временски перспективи, со различни значења.

4.1. *Камо* како маркер за посакувани собитија во сегашноста

4.1.1. Реално остварливи

Семантичките карактеристики на дејствата на кои се однесува *камо* се: ˮ неостварено, посакувано, реалноˮ. Комуникативно примарно во употребата на *камо* е изразувањето на желбата: ˮжелба (имам), посакувамˮ.

(1) *Камо тебе да те* имам.[10]

(2) *Камо да се роди уште еден Хитлер и да направи ред на овие монструми.*[11]

(3) *Камо да заборавиме колку се повредивме.*

Камо да го вратам времето. Не, камо да го сотрам инаетот... Камо да ги сменам различните карактери, погрешните сфаќања, егоистичните потези.[12]

---

[9] Постојат и искази кои се состојат само од *камо*: *Камо*... Всушност, тоа *камо* се јавува како еден вид на завршна констатација на претходно изреченио исказ и го изразува жалењето, посакувањето, каењето (во зависност од контекстот). Пр. *Камо да не отидев во клубот таа вечер. Да не ја сретнев. Камо...*

[10] Наслов на поп-песна од Влатко Лозаноски (во текстот на песната се употребува можен начин, се споменува верување во чудо; тонот на целиот контекст е – посакување, реално остварливо).

[11] Примерот е пример за говор на омраза.

[12] Примерите се од прозен текст на Марија Лозаноска, на почетокот е *камо* во насловот на текстот; http://pisatelkataodlozana.weebly.com/1050107210841086-10761072-1079107210731086108810721074108010841077-10821086108310821091-10891077-1087108610741088107710761080107410841077.html

4.1.2. **Реално неостварливи**

Семантичките карактеристики на дејствата на кои се однесува *камо* се: ‘неостварено, посакувано – во сегашноста, нереално’. Во значењето на партикулата *камо*, комуникативно примарно е не самото постоење на желбата, туку неоствареноста на желбата. Маркираноста со минатост го сигнализира ирреалисот.

Примерите се реалзирани со модалноста на ирреалис, маркирана со суфикс за минато време кај глаголот.

(1) *И камо да можеше наместо темнината на шумата пред себе да ги види градските светла, да сети дека е опкружен со други човечки суштества како него, наместо со блиски и далечни, секогаш невидливи sверки.*

(2) *Времево лета... камо и јас да можев да летнам со него.*

(3) *Камо да беше Заев деспот.*

(4) *Камо да имав повеќе време.*

(5) *Камо среќа јас да раководев со СЈО, ќе ги спроведев реформите и уставните промени без никаква мака!*

(6) *Камо сите да бевме како ова момче (видео). 28/01/2018.*

4.2. *Камо* во мината перспектива

4.2.1. За искажување на остварено, непосакувано дејство

Прагматичкиот маркер *камо* често е придружен со лексемата *среќа*, што покажува дека во примарното значење, *камо* придружува посакувано дејство. Поради тоа, во посочениве примери, повлекува негација – остварено е непосакувано дејство. Минатоста е сигнализирана со соодветна морфема. Во примерите, глаголите се од свршен вид.

(1) *Камо среќа никаде да не ја пуштев.*

(2) *Камо среќа да не отидев на состанокот.*

(3) *Камо да не ја сретнев онаа ноќ.*

(4) *Камо да не ме прашаше за неа, ќе молчев и ќе се залажував дека не постои, ја нема...*

4.2.2. За искажување на неостварено, посакувано дејство (‘камо да беше така, но не е...’)

Семантички најбогата информација носи *камо* во оваа група примери (со мината перспектива 4.2.). Неговото значење е збогатено и со компонентата ‘жалам и/или се каам’. Во комуникативната хиерархија, највисока вредност во значењето има компонентата ‘жалам’, а потоа компонентите ‘остварено, непосакувано’ или ‘неостварено, посакувано дејство’.

(1) *И камо како децата да си пружевме мало прсте и да си речевме дека сме смир како печен компир. Да си продолжевме со играта како ништо да не било. Но, тоа и беше проблемот - нашето не го сфаќавме како игра.*

Нашето беше сфатено сериозно. Како да сме пар пред веридба, како вереници пред свадба. Сериозна беше љубовта, сериозна беше кавгата.

(2) *Не, камо да го сотрев инаетот...*

(3) *Камо да ги сменев различните карактери, погрешните сфаќања, егоистичните потези.*

(4) *Камо да оставев настрана само една преградка од многуте која ќе реши сè. Само да се гушневме и да запомниме колку се сакавме.*

(5) *Камо да го намалев повредувањето.*

(6) *Камо да ја намалев љубовта.*[13]

5. Лексички корелации – тур. *ќешки*

Во исти позиции со *камо* во разговорниот стил се употребува турцизмот *ќешки*. Во турскиот јазик, лексемата *keşke* или *keşki* се смета за извик од персиско потекло, што доаѓа на почетокот на реченицата, изразува носталгија и каење во смисла ʻкако би било' (Türkçe Sözlük 2011: 1402). Пр. *Keşke bunu bil seydim. Камо среќа ова да го знаев. Кога ова би го знаел.*[14] Според *Речникот на турскиот јазик*, изразот *ќешки* е извик. Со оглед на тоа дека и во нашиот јазик, одредени именки (лексеми) добиваат, од прагматички односно комуникативен аспект вредност на извици, како на пр.: *Помош! Пожар!,* ваквото разгледување на *ќешки* не може да ни биде туѓо. Во иста позиција би можел да дојде и наш извик: *Ех, ова да го знаев.*

Во *Толковниот речник на македонскиот јазик* (Т-Ш, том VI, 2014: 150) изразот *ќешки* морфолошки е определен како партикула или модален збор. Во две негови значења, дадена е неговата употреба во конструкции што ги прикажавме и за *камо*: како показател односно маркер за посакувани настани во сегашноста и во конструкции со мината перспектива: 1. За изразување жалење, незадоволство што се случило нешто; камо да, поарно. *Ќешки да дојдев.* 2. За потсилување на нешто пожелно што треба да се случи; само да. *Ќешки да се договориме, потоа лесна работа.*

Сепак, примерите со *ќешки* што ги сретнавме во корпусот на примери на Дигиталниот решник на македонскиот јазик и особено во разговорниот јазик (употребен на социјалните мрежи и интернет порталите), покажуваат за нијанса поголема функционалност во употребата на оваа лексема од лексемата *камо*:

5.1. Со идна перспектива[15]

(1) *Ќешки да се договориме, потоа лесна работа.*

---

[13] Примерите се од веќе споменатиот текст од Марија Лозаноска.

[14] Преводот на значењето во Речникот, како и преводот на примерот е од Марија Леонтиќ.

[15] Јазикот покажува и една философска димензија на сегашноста. Бидејќи сегашноста не е статична, секој момент изминува, а она што го посакуваме сега, не се ограничува на сега, туку речиси секогаш се однесува и на иднината, така и нашиве примери сметаме дека искажуваат и една идна перспектива. Типична сегашност, сметаме дека имаме во примерот: *Ќешки да е така – каму среќа да е така.*

(2) *А, бре ќешки за плаќање нека е, колај работа! — рекоа деверите и фрлија по еден грст ситни пари преку дупката.*

(3) *Море, ќешки нека дојде до бакнување рака, бег, та истеристемес ќе бакне.*

(4) *„Ајде, ајде, невешче. Та ќешки таа клетва нека биде. Сѐ ќе помине со здравје.*

(5) *А бре ќешки ти да ме бесиш, токо јас би рекол никој никого да не беси.*[16]

5.2. Со мината перспектива

(1) *Ќешки да дојдев.*

(2) *Ќешке со пушка да бев убиен, мајче, и тамо да бев умрен, во нашите гробишта да бев закопан, за ти, мајко да ми идеш на гробот да ми палиш свеќа и да ми раздаваш задужбина!*

(3) *Ќешки да останев и јас таму, немаше да се случи таа несреќа.*

5.3. Со дополнително, модално значење

(1) *@edencoek Требеше да му напишиш „Ти кешки оди, другото ние ќе го средиме“*

(2) *Ќешки вие направите го. Да дочекам да го видам ама не верувам право да ти кажам.*

Во трите употреби, *ќешки* искажува посакувано дејство. Во зависност од временскиот контекст (временската перспектива), во комуникативната (прагматичка) хиерархија различни аспекти од неговата семантичка вредност доаѓаат до израз: ако е сместено во минат контекст, акцентот е на тоа дека дејството е неостварено и поради тоа се изразува жалење, а ако временската перспектива е идна, акцентот е на посакуваноста на дејството. Во последните примери, друг аспект од полисемичноста на оваа партикула доаѓа до израз (и тој е од комуникативен аспект во преден план), а тоа е дека, иако е посакувано дејството, од страна на говорителот е проценето како тешко остварливо (што е и јазично експлицирано во последниот пример). Семантички најкомплексна е употребата на *ќешки* во последната група примери, а наједноставна, употребата на *ќешки* во идна перспектива.

Како што може да се види од примерите, *ќешки* е послободно и во однос на синтаксичките конструкции кои ги имплицира (според теоријата на полската семантичка синтакса). Се јавува не само покрај партикулата *да*, туку и покрај *нека*, но интересно е тоа што може да се јави и со императивни конструкции.

6. Заклучок

Лексемата *камо* ја оквалификувавме како партикула, прагматички маркер и како лексема што може да се употребува со различни степени на семантичка сложеност, во зависност од комуникативните потреби на исказот на

[16] Во последниве два примери како да имаме и еден посебен тип на модалност, едно измирување, прифаќање на ситуацијата (несакана), кое сепак, донесува и искра за друга можност, едно ‘но...’.

говорителот. Нејзината употреба се движи од наједноставното значење ‘посакувам’, кое понатаму се усложнува со значењето ‘она што го посакувам е неостварливо’ до ‘жалам (поради тоа што она што го посакувам е неостварено’. Во слични позиции се употребува и турцизмот *ќешки*. Оваа лексема покажува поголема синтаксичка слобода од *камо* (кое се јавува само со партикулата *да*), имено ја среќаваме и со партикулата *нека* и со императивни конструкции; во однос на семантиката изразува и едно значење кое не го сретнавме кај *камо*: ‘неверување во остварливоста на дејството’. Интересно е тоа што ова значење го изделивме кај примерите со императивни конструкции. Секако, една компаративна студија за употребата на *камо* во словенските јазици и употребата на *ќешки* во турскиот јазик би можела да донесе интересни сознанија, меѓу другото и за тоа како се развивале овие, да ги наречеме метафорични употреби на заменскиот прилог за правец *камо*.

Summary

The lexeme *kato* we qualified as a particle, a pragmatic marker and as a lexeme that can be used with varying degrees of semantic complexity, depending on the communicative needs of the speaker`s statement. Its use ranges from the simplest meaning ‘ I wish ’ , which is further compounded by the meaning of the ‘ what I wish is elusive ’ to ‘ regret (because what I wish is unfulfilled’.

Литература

Аризанковска, Лидија 2007: *Од семантиката и синтаксата на дел од словенечките и македонските партикули,* Универзитет Св. „Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Скопје.

Бојковска Стојка и др. 2008: *Општа граматика на македонскиот јазик,* Просветно дело, Скопје.

Георгиев Владимир Иванов и др. 1979: *Български етимологичен речник И-Крепя*. Издателство на БАН, София.

Конески, Блаже 1982: *Граматика на македонскиот литературен јазик,* Култура, Скопје.

Николовска, Виолета 2011: „Полската семантичка синтакса“. *Прилози на МАНУ* XXXVI 1-2. МАНУ, Скопје, 235-254.

Толковен речник на македонскиот јазик З - К, том II и Т - Ш, том VI, 2005, 2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Тополињска, Зузана 1995: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија*, Синтакса, I дел, МАНУ., Скопје.

Тополињска, Зузана 1997: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија,* Синтакса, II дел, МАНУ, Скопје.

Шклифов, Благой 1979: *Долно-Преспанският говор*. София.

Aijmer, Karin and Simon-Vandenbergen, Anne-Marie (eds.) 2006: *Pragmatic Markers in Contrast*. Oxford/Amsterdam: Elsevier Ltd.
Breznik, Anton 1934: *Slovenska slovnica za srednje šole*. Ljubljana.
Brinton, Laurel J. 1996:. *Pragmatic Markers in English*, Mouton de Gruyter, Berlin.
Crible, Ludivine 2018: *Discourse Markers and (Dis)fluency.*, John Benjamins Publishing Company, Amsterdam/Philadelphia.
Daneš, František (ed.) 1974: *Papers on Functional Sentence Perspective*, Publishing House of The Czekoslovac Academy of Sciences, Prague, Mouton, The Hague, Paris: Academia.
Fraser, Bruce 2009: "An account of discourse markers", *International Review of Pragmatics 1*, 293– 320.
Grochovski, Maciej i dr. 1984: *Gramatyka współczesnego języka polskiego – Składnia*, Państwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa.
Grujić, Branislav 1983: *Latinsko – srpskohrvatski rečnik*, Obod, Cetinje.
Kusevska, Marija 2019: **"**Research of Pragmatic Markers: Domains and Approaches", *Journal of Contemporary Philology*, Vol 2, No 1, 7-23.
Lavrov, Petr A. , Polívka Jiři (vyd.) 1932: *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů S. Verkovičovych.* Praha.
Mazon, André 1936: *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud*, II, Pièces Complementaires. Paris.
Sévigny, Alexandre 2010: „"Kamo, an attitudinal pragmatic marker of Macedonian". In: *South Slavic Discourse Particles* eds.: Mirjana N. Dedaić, Mirjana Mišković-Luković, John Benjamins Publishing Company, Vol. 197, Amsterdam / Philadelphia, 45-65.
Skok, Petar 1972: *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika II K – poni*[1], JAZU, Zagreb.
Smolej, Mojca 2000: Členki *v besedilu in za besedilo* (lektorsko srečanje, junij 2000; referat) Filozofska fakulteta, Ljubljana.
Akalın, Halûk Şukru. et al. 2011: *TürkçeSözlük*, TürkDilKurumu, Ankara.

Електронски извори:

Дигитален речник на македонскиот јазик. http://www.makedonski.info/
All about Linguistics. http://all-about-linguistics.group.shef.ac.uk/branches-of-linguistics/pragmatics/what-is-pragmatics/ (преземено на 12. 04. 2019)
Britannika. https://www.britannica.com/science/pragmatics (преземено на 12. 04. 2019)
Лозаноска, М. *Камо да заборавиме колку се īовредивме.*
http://pisatelkataodlozana.weebly.com/1050107210841086-10761072-10791072107310861088107210741080108410771082108610831082109110891077-108710861074108810771076108010741084107 7.html (преземено на 04. 04. 2019).

811.163.3'367
Изворен научен труд

Искра Пановска-Димкова[1]

ВРЕМЕНСКИТЕ ЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ КАКО СТРУКТУРА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ВООБИЧАЕНО ПОВТОРУВАЊЕ НА ДЕЈСТВОТО

Апстракт: Во трудот се разгледува употребата на временската зависносложена реченица за изразување хабитуалност во македонскиот јазик. Таквата временска реченица ја нарекуваме хабитуална временска реченица. Во нејзиното составување учествуваат речиси сите временски сврзници, а најпродуктивен е сврзувачкиот збор *кога*. Хабитуалната временска реченица е структурно идентична со логичката дефиниција на хабитуалноста, а со зависната дел-реченица се изјаснува условот што го активира повторувањето на настанот од главната реченица. Во трудот се претставуваат и се анализираат и разликите во семантиката на одделните временски сврзници.

Клучни зборови: македонски јазик, временски зависносложени реченици, хабитуалност, глаголски вид, временски сврзници

Временските зависносложени реченици се разгледуваат во литературата главно од аспект на меѓусебниот темпорален однос на дејствата во главната и зависната дел-реченица. Но, временската реченица истовремено претставува совршена структура за изразување на видската категорија хабитуалност, сфатена како можност за повторување на дејството. Ако тргнеме од логичката дефиниција на хабитуалноста: *X е таков што (кога/ако S) (му) се случува P*, ќе видиме дека временската реченица структурно и семантички ѝ одговара на дефиницијата, односно зависната дел-реченица го изјаснува условот S, *кога/ако S*, чие случување го активира повторувањето на настанот претставен во главната реченица (Пановска-Димкова 2011). Ваквата временска зависносложена реченица со која се изразува хабитуалност ја нарекувам *хабитуална временска реченица*.

На можноста да се искаже повторливост со временските зависносложени реченици со *кога* укажува Минова-Ѓуркова (1994: 252): *Кога размислувам за тие дни, ми идат горчливи смеења*, а за хабитуалната употреба на сложените реченици во македонскиот јазик има пишувано и Кристина Крамер (1995), која речениците што искажуваат вообичаеност и повторливост ги нарекува минато-итеративни реченици, кои се прават со сврзниците: *кога, штом* и *откако* (*Штом ќе се најадеше, ќе легнеше да спие*, *Откако ќе го испразневме полето... одевме в орман* итн.). Зборувајќи за итеративно-хабитуалната употреба на *ќе*-конструкциите, и К. Конески (1990) ги разгледува зависносложените временски реченици за изразување повторливост,

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, ipdimkova@gmail.com

вообичаеност на дејствата, на пр.: *Кога ќе дојде кај мене да прикажуваме, јас оставам секаква работа и го слушам!* што значи '*секогаш* кога ќе дојде'. Повторливоста на дејствата може да биде и експлицитно одбележана: *Секогаш кога ќе се изнервираш се качуваш на покривот!* (К. Конески 1990: 42). За тоа колку честа позиција е временската зависносложена реченица за итеративно-хабитуалната употреба на минато-идно време покажуваат резултатите од испитувањето на К. Конески, каде што од околу 2000 примери на минато-идно време во итеративно-хабитуална употреба околу 800 (значи речиси половина) отпаѓаат на временската зависносложена реченица (К. Конески 1990: 195). Повторливоста кај сложените реченици ја разгледува и Шокларова-Љоровска (1990), која вели дека за тоа дали конструкцијата ќе изразува еднократност или повеќекратност, решава видското значење на глаголот што е предикат во надредениот дел, независно од видот на глаголот во подредениот дел. Кога предикатот во надредениот дел е несвршен, тогаш конструкцијата изразува повторливост, вообичаеност, обусловеност, неактуелност, воопштеност, генеричност: *Навечер, кога се враќаше од работа и кога легнуваше да се одмори, ја прашуваше сестрата за него.*

Хабитуалната временска реченица се составува со сврзниците: *а, додека/дури да, (сè) додека/дури не, како, кога, кога да, откако, откога, пред да, само што* и *штом*[2]. Од овие единаесет сврзници, најслободена од дополнителни значења е хабитуалната реченица со сврзникот *кога*, која ја има парафразата: *X е таков што (кога/ако S) (му) се случува P*. Оваа реченица е и најпродуктивната во рамките на хабитуалните временски реченици.

1. *кога*. Најчесто, хабитуалната временска реченица се јавува со сврзувачкиот збор *кога*. Притоа со зависната дел-реченица се именува условот S, а со главната подредениот момент P. На пр.: *Кога излегува, секогаш со себе носи чадор* има значење: 'тој е таков што кога/ако излезе (S), му се случува да носи чадор (P)'. За означување на отворен интервал на повторувањето, се употребуваат имперфективи, а сегашното време во оваа конструкција е експонент на континуумот.

Бидејќи сврзникот *кога* во македонскиот јазик не оди со сегашно време од свршени глаголи (**кога седне*, **кога дојде*), свршен глагол во зависната дел-

[2] Во хабитуалната временска реченица не спаѓаат временските зависносложени реченици со сврзниците: *додека* и *дури* затоа што зависната дел-реченица воведена со овие сврзници не го претставува условот S на видската категорија хабитуалност, туку изразува истовременост на дејството во зависната дел-реченица со дејството во главната дел-реченица: *Додека јас работев, тој спиеше*. Исто така, во рамките на хабитуалната временска реченица не ги разгледувам ниту речениците со сврзниците *тукушто* и *штотуку*, поради тоа што нивната семантика е: 'во моментот кога', што значи дека ни со нив не се искажува условот на хабитуалноста, туку се реферира на определен момент истовремен со дејството во главната дел-реченица.

реченица со *кога* за означување отворен интервал може да се употреби само во идно време. Притоа, глаголот во главната дел-реченица останува имперфектив во сегашно време, и со него се искажува континуумот на хабитуалноста: *Кога ќе се разбуди, се тегне*.

На планот на минатото, континуумот на видската категорија хабитуалност се изразува со глаголот во минато определено несвршено време[3], на пример: *Кога доаѓаа кај нас, ни носеа убави подароци*, што има парафраза: ‘тие беа такви што кога/ако дојдеа кај нас (S), се случуваше да ни донесат убав подарок (P)’. За изразување хабитуалност во затворен интервал се употребува и глагол во минато-идно време само во зависната: *Кога ќе влезеше, сите му стануваа*, или и во двете дел-реченици: *Кога ќе влезеше тој, сите ќе станеа*.

Разликата во значењето меѓу реченица со минато-идно време наспрема реченица со имперфект е, главно, стилска (К. Конески 1990: 198): *Кога доаѓаше, носеше чоколадо* vs *Кога ќе дојдеше, ќе донесеше чоколадо*. Според нас, реченицата со имперфект укажува на дејство што се случува регуларно и со поголема сигурност (*кога доаѓаше*), а реченицата со минато-идно укажува на дејство што поретко и нерегуларно се случува (*кога ќе дојдеше*). Од аспект на видот, двете реченици се истозначни: хабитуални, а разликата е во хиерархијата на значењата што ги внесува зависната дел-реченица: услов – прв настан од низата. Имено, во зависната дел-реченица со имперфект на преден план е значењето на остварлив услов (*кога/ако дојде*), а во зависната дел-реченица со минато-идно време на преден план е значењето на прв настан од низата (*му се случуваше да дојде*). Во парафразата и двете реченици се исти: ‘(тој е таков што му се случува да дојде) и кога/ако дојде, тогаш тој е таков што му се случува да донесе чоколадо’.

2. *кога да*. За врзување со сегашно време од перфективни глаголи во хабитуалната временска реченица е специјализиран сложениот сврзник *кога да*: *Кога да дојде баба му, тој многу се радува*. Овој сврзник е единствениот од сврзниците во временската реченица што во литературата се посочува само како сврзник за изразување повторливи дејства (Бл. Конески 1987: 538; Минова-Ѓуркова 1994: 252). Но, иако е специјализиран за изразување хабитуалност, овој сврзник далеку поретко се употребува во хабитуалната

[3] Минатото определено несвршено време може да придонесе со зависната дел-реченица со *кога* да не се именува услов, туку истовременост со дејството во главната дел-реченица. Во овој случај, сврзникот *кога* е синоним на сврзникот *додека*, и таквата реченица се врзува со актуелен контекст и не изразува хабитуалност. Така, во реченицата: *Кога ја миев колата, врнеше*, сврзникот *кога* може да се замени со сврзникот *додека* без да се смени значењето на реченицата: *Додека ја миев колата, врнеше*. Хабитуалност со минато определено несвршено време се добива само кога зависната дел-реченица го изразува условот S, и во тој случај сврзникот *кога* не може да се замени со *додека*: *Кога ја миев колата, заврнуваше* (не е обично: **Додека ја миев колата, заврнуваше*), со значење: ‘времето е такво што кога/ако ја мијам колата, се случува да заврне’.

временска реченица од сврзникот *кога*. Ова потиснување на реченицата со *кога да* од страна на реченицата со *кога* може да се должи на хомонимната прашална/исказна реченица: *Кога да дојде?*, *Прашува кога да дојде*, како и на синонимната допусна реченица: *Кога и да дојде, се радува*, па оттука, во оваа употреба, почесто ќе се каже: *Кога доаѓа баба му, тој многу се радува*, отколку: *Кога да дојде баба му, тој многу се радува*.

Во хабитуалната временска реченица со *кога да* двете глаголски форми се во сегашно време, со тоа што глаголот во зависната дел-реченица е перфектив, а глаголот во главната дел-реченица е имперфектив. Реченицата: *Кога да види повредено куче, многу се натажува* – има парафраза: ‘Х е таков што кога/ако види повредено куче (S), му се случува многу да се натажи (P)’. На планот на минатоста, реченицата со *кога да* се поставува на начин што перфективниот глагол од зависната дел-реченица е во имперфект, а глаголот во главната дел-реченица е имперфектив во имперфект или перфектив во минато-идно време: *Кога да видеше неправда, не остануваше рамнодушен.*

3. *што*. Дел-речениците во хабитуалната временска реченица може да бидат врзани и со сврзникот *што*. Притоа, како и во реченицата со *кога*, и временската зависна дел-реченица со *што* го изразува условот S, а подредениот момент P е изразен во глаголот на главната дел-реченица. На пример: *Што потемни небото, заврнува* има парафраза: ‘времето е такво што кога/ако потемни небото (S), се случува веднаш да заврне (P)’. Разликата меѓу реченицата со *кога* и реченицата со *што* е во тоа што дел-реченицата со *што* изразува услов S што бара непосредно извршување на дејството P од главната дел-реченица. Значи, веднаш по исполнувањето на условот воведен од *што*, се исполнува подредениот момент претставен во главната дел-реченица.

Глаголите во хабитуалната временска реченица со *што* се во сегашно или во идно време, но глаголот во зависната дел-реченица е задолжително свршен[4], а глаголот во главната дел-реченица е несвршен: *Што остварат добар профит, фабрикантите се враќаат на Север*.

Кога хабитуалната временска реченица со *што* се поставува на планот на минатоста, тогаш континуумот на хабитуалноста се изразува со глаголот во минато определено несвршено време од зависната дел-реченица. Притоа, глаголот во зависната дел-реченица е исто така во минато определено несвршено време, но останува перфектив: *Што влезеше во салата, сите се*

[4] Со сврзникот *што* може да се врзат и несвршени глаголи во сегашно време, но во тој случај со зависната дел-реченица повеќе не се искажува условот S и автоматски не се изразува видската категорија хабитуалност. Овие реченици се врзуваат со актуелниот контекст, и тоа токму со моментот на зборувањето: *Што студи, ќе се облечам потопло* – со значење: ‘ако ти велиш дека студи, а јас ти верувам, тогаш ќе се облечам потопло’. Доказ дека овие реченици се врзани со актуелниот момент на зборувањето е фактот што тие не можат да се пренесат во минато определено несвршено време: **Што студеше, ќе се облечев потопло*.

свртуваа кон неа. Сепак, на планот на минатоста пообична е употребата на минато-идното време, и тоа или само во зависната или и во двете дел-реченици: *Штом ќе слезеше од коњот, таа ќе застанеше/застануваше пред него да го дочека*.

4. *а*. Сврзникот *а* во хабитуалната временска реченица е синонимен со сврзникот *штом*, но е покарактеристичен за разговорниот јазик. Пример: *А го види, се смее*: 'тој е таков што кога/ако го види (S), му се случува веднаш да почне да се смее (P)'. Исполнувањето на условот S е тесно врзано со случувањето на настанот P од главната дел-реченица, што значи дека настанот од главната дел-реченица следува веднаш по исполнувањето на условот/настанот од зависната дел-реченица.

Исто како со *штом* и со сврзникот *а* се воведуваат моментни дејства, па во зависната дел-реченица глаголот е свршен во сегашно време, а глаголот во главната дел-реченица е несвршен во сегашно време: *А седнам да работам, ѕвони телефонот*. На планот на минатоста, реченицата со сврзникот *а* се образува исто како и реченицата со *штом*, па така глаголот од зависната дел-реченица во минато определено несвршено време е перфектив: *А го видеше, почнуваше да се смее*. Освен имперфект, за затворен интервал и во оваа структура се употребува минато-идно време: *А ќе тргнеше да си оди, ќе се сетеше уште нешто*.

5. *само што*. Во овој тип хабитуална временска реченица, сложениот сврзник *само што* е синоним на сврзниците *штом* и *а*. Условот воведен со *само што* е најтесно врзан со исполнувањето на подредениот момент од главната дел-реченица, така што во парафразата на ваквата реченица, исто така, се јавува зборот 'веднаш'. На пример: *Само што ќе влезе дома, го пушта телевизорот* е со значење: 'X е таков што кога/ако влезе дома (S), се случува веднаш да го пушти телевизорот (P)'.

Сврзникот *само што* се разликува од *штом* и *а* по тоа што не се врзува со сегашно време од свршени глаголи. Бидејќи семантиката на сврзникот *само што* бара воведување на моментни дејства, глаголот во зависната дел-реченица е свршен, но во идно време, а глаголот во главната дел-реченица е несвршен во сегашно време: *Само што ќе легнам, ми ѕвони телефонот*. На планот на минатоста оваа реченица оди само со минато-идно време од перфектив во зависната дел-реченица, а со минато определено несвршено време од имперфектив во главната: *Само што ќе влезеше, бараше кафе*.

6. *како*. Сврзувачкиот збор *како* во литературата ретко се споменува како сврзник што учествува во временската зависносложена реченица. Кај Минова-Ѓуркова (1994), на пример, воопшто не е споменат меѓу временските сврзници, но затоа во Толковниот речник временското значење на сврзникот *како* е наведено како прво, а односното како второ (ТРМЈ 2005, II). Кај

хабитуалната временска реченица со *како*, зависната дел-реченица е во препозиција, а во главната може да се јави и прилогот *ѿака*. И во парафразата на оваа реченица се јавува зборот *веднаш*. Пример: *Како ќе легне, ѿака заспива* има парафраза: ‘Х е таков што кога/ако легне (S), му се случува веднаш да заспие (P)’. Како што се гледа од примерот, оваа реченица не може да биде начинска, зашто не одговара на прашањето *како?*, туку е синонимна на реченицата со *само шѿо*: *Само шѿо ќе легне, заспива*.

Бидејќи *како* не оди со перфективи во сегашно време, глаголот во зависната дел-реченица е или перфектив во идно време, или, поретко, имперфектив (главно, вторичен имперфектив) во сегашно време: *Како ќе влезе, ги фрла чевлиѿе во ќош и седнува на кауч*. Во затворен интервал оваа реченица покажува симетрија со отворениот интервал. Имено, ако глаголот е имперфектив, тогаш е во имперфект, а почесто е перфектив во минато-идно време: *Како влегуваше, ѿака седнуваше на оваа фоѿеља, Како ќе сѿигнеше на рабоѿа, го сѿаваше ѓезвеѿо за кафе*.

7. *оѿкако.* Со зависната дел-реченица со *оѿкако* се внесува моментно дејство што му претходи на дејството во главната дел-реченица. Дејството што претходи е и условот S за исполнување на дејството од главната дел-реченица. Значи, во хабитуалната временска реченица со *оѿкако*, освен информацијата дека дејството од главната следи по дејството од зависната дел-реченица, има и информација дека дејството во зависната дел-реченица е услов за случувањето на дејството во главната дел-реченица. На пример, реченицата: *Оѿкако се ѿрекрсѿувааѿ, верниците ја бакнувааѿ иконаѿа* има значење: ‘верниците се такви што кога/ако се прекрстат (S), се случува да ја бакнат иконата (P)’.

Сврзникот *оѿкако* воведува моментно дејство, па глаголот во зависната дел-реченица е вторичен имперфектив[5], а глаголот во главната дел-реченица е имперфектив – и двата во сегашно време: *Оѿкако завршува со испиѿиѿе, ѿрофесороѿ ги средува ѿријавиѿе*. Најчесто, во хабитуалната временска реченица со *оѿкако* глаголот во зависната дел-реченица е перфектив во идно време, а глаголот во главната дел-реченица е имперфектив во сегашно време: *Оѿкако убаво ќе се најаде, оди да си легне*.

На планот на минатоста оваа реченица се поставува со имперфектив (најчесто вторичен) во зависната и имперфектив во главната дел-реченица. И двата глагола се во имперфект: *Оѿкако завршуваше со учењеѿо, излегуваше со другариѿе*. Сепак, многу пообична на планот на минатоста е ваквата реченица со минато-идно време во зависната дел-реченица: *Оѿкако ќе влезеше, се уѿаѿуваше кон шанкоѿ*.

---

[5] Со сврзникот *оѿкако* може да се воведе и дел-реченица со примарен имперфективен глагол во сегашно време, но таквата реченица не е хабитуална: *Оѿкако одам на вежбање, се чувсѿвувам многу ѿодобро*. Сврзникот *оѿкако* ја означува левата граница на дејството/состојбата, т.е. моментот на почетокот, и во неа е вградено значењето на ‘почнав да’, па ваквата реченица е истозначна со реченицата: *Оѿкако ѿочнав да одам на вежбање, се чувсѿвувам многу ѿодобро*.

8. *откога.* Сврзникот *откога* во литературата се смета за синонимен на сврзникот *откако* – двата сврзника служат за искажување претходност. Но, фактот што хабитуалната временска реченица е многу понеобична со *откога* отколку со *откако* укажува на можната разлика меѓу овие два сврзника: се чини дека *откога* е необичен со имперфектив во сегашно време, од типот: **Откога завршува со работата, си оди дома* vs *Откако завршува со работата, си оди дома*. Пообична е употребата на овој сврзник со перфектив во идно време во зависната дел-реченица: *Откога добро ќе се најаде, легнува да се одмори*. Различната нијанса во значењата на *откако* и *откога* веројатно се состои во следново: со *откако* се воведува дејство што му претходи на дејството во главната дел-реченица и што претставува услов за негово исполнување; со *откога*, пак, исто така се воведува дејство што му претходи на дејството во главната дел-реченица, но резултатот или ефектот од тоа дејство влијае врз случувањето на настанот од главната дел-реченица. Така, на пример, ако се претпостави дека настанот во зависната дел-реченица е сообраќајна незгода, со двата сврзника би биле обични две различни реченици:

Откако ја направи сообраќајката, сме се виделе два-три пати.

Откога ја направи сообраќајката, не му даваат да вози.

Јасно е дека во реченицата со *откога*, настанот од зависната дел-реченица влијае врз настанот од главната дел-реченица, во конкретниов пример е и чиста причина за настанот во главната дел-реченица (поради сообраќајката не му даваат да вози), додека во реченицата со *откако*, се определува момент на временската оска што, заклучно со моментот на зборувањето, прави временски интервал во кој се случил/се случува настанот од главната дел-реченица. Оттука, зависната дел-реченица со *откако* ја има парафразата: ‘од моментот на сообраќајката’, а зависната дел-реченица со *откога* парафразата: ‘од моментот на сообраќајката и поради неа’.

Оттука, сврзникот *откога* го вбројуваме во хабитуалната временска реченица со забелешка дека таквите реченици се пообични со *откако*. Реченицата: *Откога ќе сфати дека претерал, се извинува* има парафраза: ‘тој е таков што кога/ако сфати (S) дека претерал, му се случува да се извини (P)’.

На планот на сегашноста, реченицата со *откога* се прави со перфективен глагол во идно време во зависната и имперфективен глагол во сегашно време во главната дел-реченица: *Откога ќе се отрезни, се кае за стореното*. На планот на минатоста ваквата реченица е можна само со минато-идно време во зависната дел-реченица (во главната може да оди и минато-идно и имперфект): *И откога ќе се уталожеа комшијте од вапирот, ќе му влезеше дома и ќе му отвореше ноќвите, та ќе му изваеше сѐ што ќе имаа внатре и ќе му ѝ наклааше сред куќа и сета посатка ќе му ја собереше на куп сред куќа*.

9. *пред да.* Хабитуалната временска реченица може да биде составена и со сложениот сврзник *пред да*. Условот S што се воведува со сврзникот *пред да*

има сложена семантика – го претставува времето што му претходи на случувањето на дејството Т означено со глаголот, па така условот S воведен со *пред да* има парафраза: ‘се готви Т’. Оттука, дефиницијата на хабитуалноста за реченицата со *пред да* гласи: *Х е таков што кога/ако S (каде што S е ‘се готви да се случи Т’), се случува Р.* На пример: *Пред да заврне, небото потемнува* има парафраза: ‘небото е такво што кога/ако се готви да заврне (S), се случува да потемни (Р)’ – при што *заврне* го означува настанот Т што се готви да се случи.

Хабитуалната временска реченица со *пред да* е најобична со перфектив во сегашно време во зависната дел-реченица и имперфектив во сегашно време во главната: *Пред да заспијам, читам*. Можни се и примери со имперфектив во зависната дел-реченица, но и тоа дејство се сфаќа како заокружено, односно ограничено со лева граница. Па така реченицата: *Пред да јадам, си ги мијам рацете* претставува скратена варијанта на реченицата: *Пред да почнам да јадам...* (‘почне да’ – лева граница), или: *Пред да оди на работа* е со значење на: *пред да тргне за на работа*. Доказ за ова е што со *пред да* не се воведуваат други имперфективни глаголи: **пред да читам*, **пред да седам* итн.

На планот на минатоста оваа реченица се искажува со минато определено несвршено време во главната дел-реченица[6]. Глаголот во зависната дел-реченица останува перфектив во сегашно време: *Пред да излезе, проверуваше дали е сè исклучено*.

10. *додека/дури да.* Сврзниците *додека да* и *дури да* се истозначни во хабитуалната временска реченица, па затоа не ги разгледувам посебно, туку како целосни синоними. Разликата меѓу нив е само во тоа што *дури да* се маркира повеќе за разговорниот јазик отколку *додека да* (Минова-Ѓуркова 1994: 254). И во реченицата со *додека/дури да*, со зависната дел-реченица се внесува условот на хабитуалноста – S, но карактеристично за оваа реченица е тоа што условот се дефинира како: ‘не Т до определен момент’ (слично како условот воведен со *пред да*). Со други зборови, дефиницијата за хабитуалната временска реченица со *додека/дури да* гласи: *Х е таков што кога/ако S (каде што S е неслучување на настанот Т до определен момент), му се случува Р*. На пример: *Додека да се свртам, млекото ми претекува* има парафраза: ‘јас сум таква што кога/ако не се свртам (Т) до определен момент (S), ми се случува млекото да претече (Р)’.

Хабитуалната временска реченица со *додека/дури да* се прави со перфективен глагол во сегашно време во зависната дел-реченица и

[6] Временската зависносложена реченица со *пред да* на планот на минатоста изразува хабитуалност само ако со зависната дел-реченица се означува условот S. Инаку, со зависната дел-реченица со *пред да* може да се искажува и десната граница на дејството – завршувањето, и со таквата реченица тогаш се изразува лимитативност, на пр.: *Пред да дојде таа партија на власт, ние убаво живеевме*.

имперфективен глагол во сегашно време во главната дел-реченица: *Дури да излезе, ја фаќа стара вечера*. Иако во разговорниот јазик може да се чујат реченици од овој тип со *додека/дури*, но без *да*: *Дури се свртам, млекото ми претекува*, ваквите реченици се сметаат за неправилни поради тоа што *додека/дури* не може да оди со перфективен глагол (Минова-Ѓуркова 1994: 254).

На планот на минатоста, ваквата реченица се поставува со употребата на имперфект во двете дел-реченици, при што глаголот во зависната дел-реченица останува перфектив, а во главната – имперфектив. Во главната дел-реченица поретко може да се употреби и перфектив во минато-идно време: *Додека да ритнев, тој секогаш ќе ме претекнеше*.

11. ***(сѐ) додека/дури не.*** Овој тип хабитуална временска реченица се прави со сложениот сврзник *додека не* и со синонимниот *дури не*. Овој сврзник може, но не мора, да биде придружен и со заменката *сѐ*: *(сѐ) додека/дури не*. Со него се внесува условот S на хабитуалната видска конфигурација, а во парафразата условот е без негација, иако се внесува од сложен сврзник што ја содржи честицата за негирање, па, на пример, условот: *сѐ додека не се стемни* има парафраза: ‘кога/ако се стемни’ (S). Во зависност од тоа дали има или нема негација во парафразата на подредениот настан P, значи во главната дел-реченица, речениците со *(сѐ) додека/дури не* се јавуваат во два поттипа: (1) кога глаголот во главната дел-реченица не е негиран, и тогаш парафразата на P е со негација, (2) кога глаголот во главната дел-реченица е негиран, и тогаш парафразата на P е без негација.

Во однос на употребата на глаголските времиња, за отворениот интервал овие реченици се обични во сегашно време со перфектив во зависната дел-реченица и имперфектив во главната дел-реченица, а за затворениот интервал глаголите се во имперфект при што глаголот во зависната дел-реченица останува перфектив, а глаголот во главната имперфектив.

За разлика од другите хабитуални временски реченици, каде што пообичен е редот на дел-речениците со зависната во препозиција, во реченицата со *(сѐ) додека/дури не*, пообичен е редот: главна, па зависна дел-реченица.

Кога глаголот во главната дел-реченица не е негиран, тогаш условот S воведен со зависната дел-реченица претставува воедно и ограничување на дејството во главната дел-реченица. Во парафразата на оваа реченица се јавува негација на P (иако негација нема во главната дел-реченица), па парафразата за овој тип реченица гласи: *X е таков што кога/ако S, се случува да престане P/да не се случува P*. Така примерот: *Јана шеташе сѐ додека не се стемнеше* има парафраза: ‘Јана е таква што кога/ако се стемни (S), се случува да престане да шета/да не шета (P)’. Во овој случај условот S претставува десна граница на траењето на дејството P од главната дел-реченица, т.е. P трае сѐ додека не се случи S, или P е ограничен од S. Тоа значи дека во овој случај хабитуалноста е наложена врз лимитативност од типот: *Јана шеташе сѐ додека не се стемни* (со *се стемни* е ограничено времетраењето на дејството *шета* од главната дел-

реченица, и реченицата е актуелна и еднократна – лимитативна, в. Пановска-Димкова 2002). Кога таа реченица ќе се стави во сегашно време, станува хабитуална: *Јана шета сè додека не се стемни.*

Семантички попроста парафраза има реченицата со *(сè) додека/дури не* кога глаголот во главната дел-реченица е негиран. Во тој случај двете негации – од зависната и од главната дел-реченица – се неутрализираат, и во парафразата на таа реченица нема негација: *Х е таков што кога/ако S, се случува Р*, на пример: *Јана не шеташе сè додека не се стемнеше* има парафраза: 'Јана е таква што кога/ако се стемни (S), се случува да шета (Р)'. Во овој случај со зависната дел-реченица се воведува условот S по чие исполнување се случува настанот Р. Овде не се работи за ограничување на траењето на дејството од главната дел-реченица, па во главната дел-реченица, како и во другите хабитуални временски реченици, може да се јави кој било имперфектив. Така, додека реченицата без негација на глаголот е неприфатлива: **Тој излегуваше сè додека не се стемнеше*, во овој случај, со негација на глаголот во главната дел-реченица, а без негација на Р во парафразата, е можна и сосема прифатлива: *Тој не излегуваше сè додека не се стемнеше* и има парафраза: 'тој е таков што кога/ако се стемни (S), се случува да излезе (Р)'.

Заклучок. Кај хабитуалната временска реченица, со зависната дел-реченица се именува условот S, а со главната се именува подредениот момент Р. Специфично за оваа реченица е што исполнувањето на условот S е тесно врзано со случувањето на подредениот настан Р. Тоа значи дека кога се исполнува условот од временската зависна дел-реченица, сигурно се исполнува и подредениот настан претставен во главната дел-реченица.

Сепак, секој сврзник што учествува во хабитуалната временска реченица придодава различна семантичка нијанса. Па така, според семантиката на дел-реченицата што ја воведуваат, временските сврзници може да се групираат на следниов начин:

- *кога* и *кога да* – воведуваат дејство што претставува услов S ослободен од други значења – парафраза: 'кога S, тогаш Р';
- *а, како, само што* и *штом* – воведуваат дејство што претставува услов S чиешто исполнување е многу тесно врзано со исполнувањето на настанот Р – парафраза: 'кога S, тогаш веднаш Р';
- *откако* и *откога* – воведуваат дејство што претставува услов S, но во кое се задржува и значењето на претходност – парафраза: 'кога S, коешто му претходи на Р, тогаш Р'.
- *пред да* и *додека/дури да* – воведуваат дејство што се готви да се случи и што претставува услов S, што значи условот е времето пред случување на некое дејство Т – парафраза: 'кога S, каде што S е се готви Т, тогаш Р';

- *(сѐ) додека/дури не* – воведува дејство што претставува услов S, по чие исполнување P веќе не се случува, што значи дека условот е десна граница на P – парафраза: ‘кога S, тогаш не P’.

Литература

Конески, Бл. 1987: *Граматика на македонскиот литературен јазик,* Култура, Скопје.

Конески, К. 1990: *Глаголските конструкции со ќе во македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Крамер, К. 1995: „Начинот, времето и видот во зависносложените темпорални реченици во македонскиот јазик“, *Македонски јазик,* XL–XLI, 283–290.

Минова-Ѓуркова, Л. 1994: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик,* Радинг, Скопје.

Пановска-Димкова, И. 2002: *Лимитативната видска конфигурација во македонскиот јазик*, 3Д-Проект студио, Скопје.

Пановска-Димкова, И. 2011: *Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

ТРМЈ: *Толковен речник на македонскиот јазик* I–VI, 2003–2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Шокларова-Љоровска, Г. 1990: *Семантика и синтакса на временските односи во македонскиот јазик во споредба со полскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Summary

The paper deals with those types of temporal clauses in Macedonian that denote habitualness, i.e. habitual repetition of events. Having into consideration the logical definition of habitualness: *X is such that (when/if S), P occurs*, we see that the temporal clause structurally corresponds with it, whereas the dependent clause expresses the condition S which triggers the occurring of the event P in the main clause. We designate this type of temporal clause as a *habitual temporal clause*. Almost all temporal conjunctions participate in such a clause: *a, dodeka/duri da, (sè) dodeka/duri ne, kako, koga, koga da, otkako, otkoga, pred da, samo što* and *štom*. Each of the conjunctions adds a distinct semantical meaning to the habitual temporal clause, *koga* being the most frequent one and the one that denotes habitualness most accurately, free of any other additional meanings. Although *koga da* is a conjunction specialized for expressing habitualness, due to various causes, it is not nearly so frequently used as *koga*.

811.163.3'282'373.21(497.741)
Изворен научен труд

Зоран Спасовски

ЈАЗИЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ТОПОНИМИ ОД РАДОВИШКИОТ РЕГИОН

Апстракт: Предмет на ова статија се јазичните карактеристики на топонимите од радовишкиот регион. Радовишкиот регион, иако мал по површина, покажува прилична разноликост во однос на јазичните карактеристики. Регионот се состои од четири групи села, од кои секоја помалку или повеќе прави посебна целина. Највисоките планински села се села на шопски доселеници во областа, кои си ги задржале цртите на својот говор. Под нив следи група турски села, под која се простираат села со мешано население, составено од Турци и од дојденци од околните области (струмичката, малешевската итн.). Последната група села е составена од население кое главно отсекогаш било на тој терен. Во дополнение, во одредени случаи и во самите групи села се присутни дијалектни разлики.
Во оваа статија се одлучивме да ги опишеме јазичните карактеристики само на македонските топоними од областа.

Клучни зборови: радовишки регион, фонетски особености, морфолошки развој, дијалектни апелативи

Радовишкиот регион претставува претежно планински предел расположен во југоисточниот дел на Македонија. Ги зафаќа територииите на Општина Радовиш, Општина Конче и Општина Подареш. Неговата вкупна површина изнесува 841,5 км^2.

На теренот има две јазични групи топоними, словенска и турска. Освен тоа, во малку позначителна мера е присутна и влашка, и сосема малку и српска топонимија. Се разбира, во словенската се присутни и топоними во кои има елемент, или се чувствува влијание, од турскиот јазик.

Иако теренот според административната поделба е поделен на неколку општини (Радовишка, Конечка и Подарешка), а локално на неколку подобласти (Јуруклук, Дамјанско Поле, Радовишко Поле и Лакавичка Долина), за описот порелевантна е географската разместеност на селата. Имено, населбите се така разместени на теренот што почнувајќи од север, во правецот кон југ, разместени се четири групи села. Тоа се следните. Највисоко во областа и на нејзиниот краен север е шопската група села. Под нив, на пониските ридови на планината Плачковица, стигајќи речиси сè до градот Радовиш, е лоцирана турската група села, познати како јуручки села. Под нив, пак, по долината на Стара или Радовишка Река, сместена е третата група села, расположени на двете страни од реката. На крајот, најнајуг од теренот и одвоени од другите со природен ѕид од планини, се селата во конечката област, кои прават посебна група.

Секоја од овие четири групи села оформува помалку или повеќе посебна етничка и географска целина. На крајниот север имаме шопски села, под нив турски, додека селата по долините на Стара и Лакавичка Река се населени со автохтоното население од областа. Но, додека тие расположени долж Крива

Лакавица во Општината Конче покажуваат поголема етничка хомогеност и поголема архаичност, селата долж Стара Река се многу измешани и со турско и со македонско население од околните области, па не може со толку голема сигурност да се зборува за оригинално население од радовишката област. Од сите овие причини веруваме дека нивната теренска разместеност влијаела и врз оформувањето на топонимите и затоа, иако се разбира дека претставуваат дел од радовишкиот говор, кој е јасно одвоена целина во однос на другите дијалекти, во нивниот опис се раководевме примарно од неа.

*

* *

Радовишкиот говор им припаѓа на штипско-струмичките говори од југоисточното наречје (Видоевски 1998:32), но со своите карактеристики јасно се одвојува и од штипскиот и од струмичкиот говор. Како што навестивме погоре, во рамките на овој релативно мал простор, јазичниот материјал е прилично неуедначен. Материјалот во шопската етничка група покажува особености на шопските говори. Но, како што ќе може да се види подолу, дури и во нивни рамки, постојат некои мали разлики. Полските села, иако оригинално македонски, во минатото биле населени со турско население, кое подоцна се иселило и на чие место се доселиле жители од сите околни региони. Како резултат, во нив денес може да се чуе мешаница од дијалекти - тиквешко-мариовски, малешевско-пирински, северни говори итн (сите соседни говори).

Во дополнение, во регионот има и една група јуручко-турско население, кое се разбира, си го задржало својот турски јазик, но со карактеристики на јуручкиот говор, кој иако многу малку, донекаде се разликува и од самиот турски. Како последица на сето тоа, за почист радовишки говор и материјал кој ги одразува карактеристиките на радовишкиот дијалект, можеме да зборуваме во врска со материјалот од долната група лакавички села од Конченската општина. Се разбира, тука и е материјалот од градот Радовиш, кој ги одразува карактеристиките на својот градски говор, кој очекувано, се одликува со престиж во однос на говорите од селските средини.

Во овој текст ќе ги разгледуваме само јазичните карактеристики на македонската топонимија од областа.

Интересен факт е што и покрај својата местоположба (во источното наречје, меѓу штипските и струмичките говори), топонимијата задржала и некои црти од западните говори, кои ги нема во соседните источни говори.

ФОНЕТИКА

Проф. Бојковска (2003:15) забележува дека во инвентарот на фонолошкиот систем на радовишкиот говор, покрај самогласките ***а, и, е, о*** и ***у***, присуствува и самогласката ***ă***; на тоа ние би можеле да додадеме дека не најдовме ниеден топоним со гласот ***ă*** кој потекнува од етимолошкото **ъ**. Единствените топоними каде што е присутно се топонимите *Калд**ă**рма̄та, Калд**а**рма, Калд**а**рма*, каде што се работи за неетимолошко **ъ** и веројатно е под влијание на турски изговор (*kaldırım*). Во неколку топоними го има и како резултат на редукција на **а**: *Т**ă**ӣ ˈила*, а најчесто се среќава само во топоними во кои се забележува развој на вокалните ***р̥*** и ***л̥***: *В**ă**рчва, В**ă**рбˈинска Река, Ефрˈемово Пр**ă**жˈар, Тр**ă**јне*; *В**ă**кова Чˈука* (≤ Волкова), *Л**ă**скаро̄т* (≤ *lъskati ,блеска, отсјајува‘ Труб 16:248) итн. Речиси редовно се појавува како резултат на редукција на ***о*** во наставката ***-ов***: *За Трк**а**лă**ф** Рˈӣт Пˈа̄то, Нˈенк**ă**ва Нˈива, Шˈарк**ă**вица* итн. За последнава карактеристика Бојковска (2003:25) го нагласува токму спротивното: дека *о* не се редуцира во придавските форми на ***-ов, -ова, -ово, -овци*** итн. Можеби се работи за карактеристика што се сретнува само во топонимијата. Освен тоа, го има и во топоними од турско потекло: *К**ă**шлӣте, Л**ă**ца*. Пример со ***ă*** ≤ ***ѫ*** е само *К**ă**ӣинˈарнико*. Соодветно на тоа ***ă*** не се јавува на почетокот и на крајот на зборот, а единствени случаи каде се јавува во коренска морфема се топонимите во кои се следи развој на вокалните ***р̥*** и ***л̥***, како и малиот број случаи каде има редукција од ***а*** и во турски топоними.

Другите вокали се среќаваат во вокални секвенци секој со сите: ***ие***: *Бо̯ічоск**ие** Равнˈак*, ***ио***: *Васˈил'ов**ио** Чукˈар*, ***ое***: *Широко Прис**ое**, **уа***: *С**уа̄та** Река*, ***ои***: *Бˈук**ои**ќ*, ***уи:*** *Пˈе̄ткова Грˈ**уи:**ца*, ***уо***: *Гр**уо**вˈица;* ***ао***: *Влˈ**ао**, **еа***: *Ор**еа**вец*; ***ео***: *Зл**ео**во*, ***ау***: *Н**ау**мов Валок*, ***оу***: *Рад**оу̯**вˈишки Пˈа̄т* (пришто забележуваме дека примерите со изговор на ***-о-*** кој се крева кон ***-у-*** се покарактеристични за долнолакавичките села, но конкретно најмногу за *Лубница* - од осум примери со оваа појава, шест се од *Лубница*, еден од *Негреновци* и еден од *Долни Лӣовиќ*). Секвенци со ***і̯*** има поретко: Бˈа̯і̯*на̄та, Вал'ˈа̯і̯*ца и *Чˈу̯і̯ Пˈе̄тӑл*. Освен нив, со помал степен на редукција се и *Вˈо̯і̯чка̄та* и *Во̯і̯слˈавски Па̄т*.

Два исти вокала во непосреден допир не се толку чести. Во неколку топоними се забележуваат само секвенци од ***а, о*** и ***и***: *Л**а**скарова М**аа**ла, Трˈ**оо**ло, Тр**ии**ца, Бˈач**ии***. Притоа, и во *маала* се работи за несловенски, конкретно турски збор.

Од фонетските промени кај вокалите ги забележавме: вдолжнување на вокалите по извршена метатеза пред консонант: *Бˈ**а:**р̄та* (≤ бааарта ≤ барата), *Буч**а:**л̄то* (≤ бучаалто ≤ бучаолто ≤ бучалото); *Бˈ**е:**л̄та Зˈемја* (≤ беелта ≤ беалта ≤ белата), *Цр**е:**ш̄те* (≤ црееште ≤ цреиште ≤ црешите), *Шк**о:**л̄то* (≤ шкоолто ≤ школото), *Ш**у:**т̄то Дˈа̄че* ≤ шуутто ≤ шуотто ≤ шутото) итн; по губење на консонант зад нив: ***Е:**лӣте*: Пример без асимилација е: *Ст̄уд**е:**н̄та Вода* (≤ студената). Потоа асимилација со контракција: *Орев**и:**чки Пˈа̄т* (≤ ореевички ≤ ореовички); само вдожнување: *Зм**и:**н Дол*; само контракција: *Ил**и:**н Кˈамен*; елизија: *Благˈун̄то, Бровињˈако, Вˈрбта*. Топонимите *Ст̄**а:**вец* и *Ст̄**а:**вец*

Ч'ешма се добиени со отпаѓање на ***р*** и потоа контракција на ***а*** од формите **Старавец* и *Старавец Чешма*, и се со нарушена конгруенција.

Во одреден број случаи самогласката -***и***- ја губи слоготворната функција, односно преоѓа во ***ј***: *Ч'ує Пʼеташ'л, Боїчоские Равн'ак, Дăїзте Н'ије, Цăрнїо Габер, Б'елїо К'амен* итн.

Од историските промени на вокалниот систем, ги издвојуваме замената на носовките **ѫ** и **ѧ**, замената на полугласовите **ъ** и **ь**, на **ѣ**, на **ы** и на **р̥** и **л̥**.

Како рефлекси на **ѫ** во радовишката топонимија ги наоѓаме ***а***, ***о***, ***у*** и ***и***. Во најголем број се примерите со ***а***: *Гаск'арнико, Г'аста̄та Г'ора, Д'абица, Дăрв'арската Пат'ица, Л'аго, Л'ака, 'Обрдă̄чи, Пад'арница, Садовец, Ст'апката* итн.

Во одреден број случаи, не толку ретки, но сепак многу поретки од рефлексот ***а***, како замена се јавува и гласот ***у***: *Голуб'иноец, Г'уста Јас'ика, Дубр'авите, К'уса П'ашка, Струга* итн.

Во многу помал број случаи, односно само во топонимите *Добр'ава, Оброчи* и *Под'арник*, се јавува рефлексот ***о***, додека замената ***и*** е ограничена само на една лексема - ‚дибок' (од ст.сл.*глѫбък*): *Диб'ок Дол* - Козб., *Диб'ок Пр'еслап*, итн.

ѧ, пак, во сите случаи и сите позиции е заменето со ***е***: *Говед'арник, Гр'еата, Ечм'ените, Света Ср'еда* итн., освен во еден единствен топоним, каде замената, веројатно под влијание на акцентска редукција, е ***и***: *Свити Ѓ'орѓе*

Замената на ***ъ*** и ***ь*** е доследна, во сите позиции (и во коренски морфеми и во наставки), ***ъ*** **≥** ***о, ь*** **≥** ***е***. Примери со ***ъ*** во коренска морфема: *Б'озгело, Б'очвата*; со ***ъ*** во суфикси: *Вис'ок Брек, Шир'ока Пол'ана* итн. Примери со ***ь*** во коренска морфема: *Т'емен Рит, Т'енка Пат'ица*; во суфикси: *Брест'еко, Ј'астребец* итн. Секундарниот ер обично се вокализирал во **е**: *Г'абер Дол, Ч'ує Пет'ел* итн.

Рефлексот на **ѣ** низ целата наша територија и во најголемиот број примери е ***е***: *Бел Пат, Бр'его, Брезик'арнико, В'енецо, В'етрина, Л'ева Р'ека, Т'есното* итн. Единствен случај со малку подолго ***е*** е *Л'е:сте* (≤ лѣсь, ‚лес'). Освен тоа, во неколку случаи се забележува и рефлексот ***а***. Тој се забележува во лексемите ‚орев' и ‚целина': *Ор'аите, Ор'ао, Ц'алини, Цал'и:нте*, односно зад ***р*** и ***ц***, како што забележува и Бојковска (2003:35).

Ы, како и на целата наша јазична територија, без исклучок, во сите примери и во целиот регион, преминал во ***и***: *Бивол'ешка Р'ека, К'исела В'ода, К'иселецо, К'итката* итн.

Најкарактеристични рефлекси во радовишката топонимија има за ***р̥*** и ***л̥***. Вокалното ***р̥*** во најголем број случаи се зачувало како вокално ***р̥***, додека за вокалното ***л̥*** има повеќе рефлекси.

Рефлекси на ***р̥*** во радовишката топонимија се **р̥, ър и ръ.** Примери со **р̥:** *Бришл'ано, В'р̥ба, Врten Дап, Вртешка, Грлото, Д'рмата, Прж'аро* итн., вкупно 168 примери. Далеку помалку застапен е рефлексот **ър**, со многу помалку примери: *Бăрток ивец, Бăршл'ано, Вăрбата, Вăрчва, Мăрл'ада, П'ăрно, Пăрж'аре* итн., вкупно 64 примери, а најретка е замената со ***ръ***: *Ефр'емово Прăж'ар, Прăс'иите, Скрăдо, Трăјне, Трăсје* итн., во само 13 примери.

Континуанти на вокалното ***л*** се ***ъ, и, лъ, ли*** и ***у***. Всушност, во најголем број случаи ***л̨*** се развило во ***ъ*** и може да се каже дека ова е рефлексот на вокалното ***л*** во радовишката топонимија. Другите се јавуваат само по исклучок, во неколку топоними. Примери со ***ъ***: ***Вăкова*** *Ч'ука, Дăгаѿа Вагленˈарница, Жăѿаѿа В'ода, Лăскароѿ, Лˈубˈинкови Јабăки* итн. Континуантите ***и, лъ*** и ***ли*** се јавуваат само во една единствена лексема. Тоа е лексемата ‚длабок'. Најчест резултат е ***и***: ‚дибок' (≤ 'длабок'): ***Диб***ˈ*ок Дол,* ***Диб***ˈ*ок Пр*ˈ*еслаѿ,* ***Диб***ˈ*окаѿа Р*ˈ*ека* итн., и во други топоними со оваа придавка. По исклучок, се јавува и **лъ**: *Дăгаѿа, Дăгио Риѿ, Дăк Риѿ, Дл*ˈ*ăг Р*ˈ*иѿ, Дл*ˈ*ăк Р*ˈ*ид* (само во тие примери). Рефлексот **ли**, пак, е присутен само во топонимот *Дл**и**б*ˈ*ок Пр*ˈ*еслаѿ*, т.е. *Дл*ˈ***и****бок Пр*ˈ*еслаѿ*. Треба да се каже и дека рефлексот ***л*** е забележен во топонимите ексцерпирани од катастарот во Радовиш и дека рефлексите ***лъ*** и ***ли*** се јавуваат речиси исклучиво во топонимите од шопската оаза (само во еден пример - Д***л***ăгата - во *Покрајчево*, во сите други во *Козбунар* или *Шиѿковица*). Со други зборови, се покажува дека континуантот за вокалното ***л*** во радовишката топонимија е ***ъ***, освен во лексемата *дибок*, каде е ***и***, низ целата територија. Исклучок се само шопските говори, кои оригинално не се од радовишката територија. Според Бојковска, ***и*** во дибок е по аналогија, или со мешање со придавките висок и широк (Бојковска 2003:38).

Што се однесува на консонантскиот систем, треба да се забележат развојот на неколку консонанти и неколку општи консонантски тенденции.

Имено, како и општо во македонскиот јазик, и во радовишкиот говор е присутна тенденцијата за целосно затврднување на консонантите. Во овој поглед, во радовишките топоними речиси не е присутно меко ***л***. И малкуте примери каде што го има најчесто се од селата од шопската оаза или од полските села, во топоними кои содржат лични имиња. А тие може и да се понови и, со оглед што изразуваат присвојност, да им припаѓаат на дојденци од други села. Во примерите со ***л, л*** се користи во сите позиции и пред сите вокали и консонанти: *Е:л**и**ѿе* - Козб.; **пред *е*: *Ар*ˈ*илевец*, пред *о*:** *ˈАнгелово Тˈрло, Голˈем Прˈел**о**к*, **пред *у***: *Гнˈ**и**лушкиѿе*, **пред *а***: *Бˈела Водˈица, **Л**ˈаго,*: **пред консонант**: *Бˈе:лѿа Зˈемја*, **на крај од зборот:** *Арˈангел*. Но, има и примери со мекото ***л'***: *Бăршл'ано*, *Бˈе:л'ѿе Кˈамене, Бˈел'оф ‿Дол, Вал'ˈаіца, Вел'ˈа ‿Глава, **Л'**ˈил'ако Шˈил'асѿа Чукˈара* итн., и ***лј***: *Гˈ**о**лјак, Кˈ**и**селјак* итн. Во само еден пример, рефлексот е ***јл'***: *Гˈ**о**јл'ак*. На местото на старото меко ***н*** се среќаваат ***н'***: *Бˈелаѿа Зˈем**н'**а, Вран'ак*, *Свин'ˈарник*, итн.; и ***јн***, како што би било карактеристично за прилепските говори: *Бˈа**јн**ата, Вра**јн**ак, Дрˈе**јн**еѿо, Ду**јн**ица, Ијнево, Трˈăј**н**е, Тра**јн**ˈако, Тˈр**јн**еѿо* итн. Сепак, среќаваме и глас ***њ***: *ˈАгинитѣ Ѣˈиви* (Козб.), *Бˈањиѿе Тˈурски* (Рад.), *Бˈелиѿе Кˈамења* (Смил.). Можеби се работи за топоними од поново време или за српско влијание од доселеници од Србија.

Х се чува во лексемите ***орах*** и ***врх***, почесто во шопските и полските села отколку во долнолакавичките: *Богорˈојчини Орˈа**х**, Вăков Орˈа**х**, Вˈаласки Орˈа**х**, Вˈели Вˈр**х**, Елˈени Вăр**х***. Во одредени примери е на губење: *Крˈу*ˣ*чеѿо*, или се загубило: *Илˈи Вˈр*. Но, понекои примери покажуваат дека се чува и во лакавичките села: *Бри**х**чˈина, Ми**х**арлˈива Ридинˈа, Пˈи**х**ина Нˈива* итн.

Ф е добиено од ***в*** по обезвучување во средината на зборот: *Мр ˈа**ф**кит̄е, Ни**ф**чˈин^{a}т̄а, О**ф**чˈаров Грот̄, Сли**ф**ка* итн., или во наставката ***-ов***: *Бˈел^{l}о**ф** ‿Дол, Бож ˈино**ф** Дˈол, Гˈанов̯ Рˈит̄* итн. Етимолошко ***ф*** се чува во: *А**ф**ионо, **Ф**ˈилкова Гˈорница, **Ф**рл^{l}ˈавишт̄е, **Ф**рчево* итн. (вк. во 14 топоними).

Исто така, се чува етимолошко ***s***: ***S**ид ˈинит̄е, **S**ˈука, **S**ˈунки*, или добиено со преглас од ***з***: *Пр ˈело**s**ит̄е*.

Џ е присутно во многу мал број примери, од кои само два се со етимолошко ***џ***: *Мˈа**џ**ови Тˈрли, Мˈур**џ**оф Дˈол*. Во неколку примери, не е етимолошко: ***џ*** ≤ ***з***: ***Џ***гура; ***џ*** ≤ ***ѓ***: ***Џ***ˈурово итн.

В, како и во радовишкиот говор воопшто (Бојковска 2003:44) се чува во сите позиции на зборот; на почеток: ***В***ˈăкова Чˈука, ***В***адˈица; на средина меѓу два вокала: *Бач**в**ˈинит̄е, Бро**в**иньˈако*; во наставки - множинска: *Грˈобо**в**ет̄о, Лˈазо**в**е*; зборообразувачки: *Дˈопко**в**ец Дрˈагеве**в**ец*; во придавски образувања: *Брˈест̄о**в**и Дол, Буру**в**ˈит̄ат̄а Ридинˈа* итн. Одредени примери покажуваат преод на ***в*** ≥ ***л***: *Букˈо**л** Дˈол, Мошˈо**л**-Дол, Гăрдˈо**л** Дˈол, Домо**л** Долец* (тоа се сите примери) и на ***в*** во ***ј***: *Валˈа**ј**ица*, но тоа е ретко. Мал број (сè на сè два) се примери каде ***в*** се губи во меѓувокална позиција: *Бˈукоиќ, Голубˈиноец*.

Како протетички гласови се јавуваат ***ј***: ***Ј**абукˈарник, **Ј**агудˈарник, **Ј**еловˈарник, **Ј**ечменишт̄е*, и ***в***: *Дăгат̄а Ваглен ˈарница.*

На местото на старата прасловенска група ****tj*** најчесто се јавува ***ќ***: *Бˈуковиќ, Влˈашкит̄е Кˈуќи, Јовˈаново Цвˈеќе, Леќишт̄а, Ст̄ˈарит̄е Куќи* итн. Но ***ќ*** можело да се добие и од консонантот ***к*** пред ***е***: ***Ќ**ерамидˈарницат̄а*, или пред ***и***: *Аќˈимос, Кат̄ќит̄е, Кот̄ˈанќит̄е* итн., и од консонантската група ***tj*** на состав на морфеми: *Раст̄ˈаќе*. Освен тоа, се забележуваат и рефлексот ***шт̄***: *Вра**шт̄**ˈичка Воден ˈица, Ле**шт̄**ен ˈико, Пˈе**шт̄**ерит̄е, Пла**шт̄**ˈако, Плˈо**шт̄**а, Трˈе**шт̄**ено Дăрво* итн. и ***шч***: *Вра**шч**ˈички Дол, Крˈаи**шч**е, Куќˈи**шч**е, Пло**шч**ˈицат̄а, Прекарˈи**шч**ет̄о* итн. Освен ова, групата ***шт̄*** можела да се добие и од групата ***ст̄***: *Горни Ко**шт̄**ан, Ко**шт̄**ил^{l}ˈаф Орах, **Шт̄**ˈафел^{l}о, **Шт̄**ˈубел^{l}* итн.

Континуант на прасловенската група ****dj*** е ***ѓ***: *Лозѓат̄а, Меѓат̄а, Răѓавец* итн.; но ***ѓ*** можело да се добие и од консонантот ***г*** во позиција пред ***е***: ***Ѓ***ˈенино Тˈăрло, Калˈуѓер Дол, Свˈет̄и Арˈанѓел* итн., или пред ***и***: *Граѓит̄е, Маѓ**и**ˈил^{l}т̄е // Маѓˈи:л^{l}т̄е* итн. Како и ***ќ***, добиено е и од консонантската група ***dj*** на состав на морфеми: *Грамˈаѓе, Огрˈаѓје*. Пример каде континуант е ***жд***, наспроти тие со ***шт̄***, има само еден: *Сˈа**жд**енико*, додека топоними со ***жџ*** нема. Воопшто, континуантите на групите ****tj*** и ****dj*** се согласуваат со состојбата што Бојковска (2003:48-49) ја опишува воопшто за радовишкиот говор: во најголемиот број случаи, тоа се ***ќ*** и ***ѓ***. Многу поретко, резултатите се ***шт̄*** и ***ж*д**.

Во неколку топоними се јавува и прегласот ***ја*** ≥ ***је***: ***Е**сˈенико, **Е**сˈенцки Дол, **Е**чмˈенит̄е, **Е**чмˈеништ̄е, **Ј**ечменишт̄е, Полˈ**е**нат̄а*.

Гласовни групи

Согласничката група ***-вн-*** се чува во еден дел од топонимите кои ја содржат лексемата ‚рамен‘: *Рˈа**вн**ако, Бојчоские Ра**вн**ˈак, Рˈа**вн**ат̄а Ридинˈа* (почесто во *Смилјанци* и шопските и полските села); освен тоа, и *Слˈи**вн**ик,*

Пл ˈевнˡа итн. но, во голем број случаи прешла и во ***-мн-***: *Рˈамна Ридˈина, Рамнˈак, Рамнако, Рамни Ширини, Плˈемнˡа* (претежно во долнолакавичките села, но не може да се направи остра разлика).

Групата ***-стр-*** се чува во: ***Стр***ˈ*аната, Јˈастребец, Ѻстр*ˈ*ил*ᵒ*то,* ***Стр****умешница* итн. Поголем дел од топонимите со лексемата ‚среде‘ се со ***ср***: ***Средица, Средна Нива, Ср***ˈ*еднˡа,* ***Ср***ˈ*ет Сˈело* итн. Сепак, во помал број примери се јавува и ***стр***: ***Стр***ˈедна Нˈива, ***Стр***ˈедната Рˈека, итн. ***-здр***, пак, се чува во ***Здр***ˈ*авецо,* ***Здр****авˈечка Рˈека,* ***Здр***ˈ*афче Дˈол* итн. Групата ***чр-*** поминала во ***цр-***: ***Цр****венˈика,* ***Цр****нˈицит е.* Групата ***-тск*** се упростува во ***-цк***: *Грˈацка Курˈија, Сˈелцка Чˈешма*, а ***-кс*** во ***ч***: *Дабјˈачки Чаˈирја, Ајдˈучко Кладˈенче* (во последниот случај можеби и од ***-тск***, од турската форма haydut ‚разбојник‘).

Резултатите од метатезата се следните. Од групата *-or- резултатот е ***ра***: ***Ра****кит ец* (≤*orkūta, Cnoj:522), ***Ра****клиш* (≤ *orky, Cnoj:522)*; Вранˡак* (≤ *vorn-, Cnoj.:728)*, Врашт*ˈ*ичка Воденˈица* (≤*vorta, Cnoj:728-729)*, Градˈинˡе* (≤* gord-Cnoj:154)*, Градˈишт е* (≤ *gord) итн. и ***-ре-*** во *Белјо Брек* (≤ *berg, Cnoj:45). Во групите со ***-л-***, во сите случаи, резултатот е ***-ла-***: *Главˈица* (≤ *golva, Cnoj:143), *Плˈаништ а* (≤ **polnъ - Лома 2013:15*). Само во еден пример, иако не се работи за метатеза, како да има полногласие: *Валˈаска Воденˈица, Вˈаласки Орˈах* (≤ Власи).

Еден од многу ретките примери на обезвучување согласки на крајот од зборот е топонимот *Јˈастреп*. Ваквите случаи се ретки, бидејќи во овој регион основната форма на топонимите обично завршува со членската морфема, а крајната согласка не се слуша, т.е. членот ***-от*** преоѓа во ***-о***.

Акцент

Акцентот во радовишкиот говор е фонетски слободен, а морфолошки фиксиран на еден ист слог во парадигмата (парадигматичен). Исто така е и редуктивен и неговото место влијае врз изговорот на вокалите во непосредна близина на слогот на кој паѓа (Бојковска 2003:70).

Самогласките се редуцираат во различни степени. ***А*** се редуцира во ***ă***: *Кăпинˈарнико, Мăрлˈада;* ***ạ****:* ˈ*Обрạ*(ă)*чи, Ширˈинᵃт а*, или ***у***: *Мусулˈат а* (овде може се работи и за нарушен изговор на туѓиот збор). ***Е*** се редуцира во ***ẹ***: *Дрˈенẹвец* и во ***и***: *Свит и Ѓˈорѓе* и *Сирˈава*. Најмногу примери има со редукција на о: ***о*** ≥ ***у***: *Боʸрˈилец, Бубˈишт е, Бужˈуро, Бурувˈит ат а Ридинˈа, Вудиничˈарски Пˈат, Гулˈем Дат, Емчувˈица, Удунˈаднат а Мàла // Чифлико*; ***о*** ≥ ***ọ***: *Милчˈовит е Тọп ˈоли, Ѻсˈојо, Ѻстр*ˈ*ил*ᵒ*то*; ***о*** ≥ ***ă***: *Нˈенкăва Нˈива, Шˈарăвица Пˈато,* ***о*** ≥ ***а***: *Вадˈица, Вадˈички Дол, ˈУшкавица*.

Од морфолошка гледна точка, треба да се прави разлика меѓу еднсложни (и со тоа и основни, неизведени) зборови и повеќесложни зборови. Повеќесложните се најчесто изведени (Бојковска 2003:70), па затоа разликата, всушност, е меѓу основни и неизведени именки. Оваа разлика е важно да се направи затоа што кај основните именки акцентот паѓа на единствениот слог и е парадигматичен (при зголемување на зборот со наставките, акцентот останува на своето место - Бојковска 2003:70). Од друга страна, кога се работи за збор изведен

најчесто со зборообразувачки наставки, ситуацијата се менува и тогаш се работи за два акцентски модела: именки со акцент на производната основа и именки со акцент на суфиксната морфема (Бојковска 2003:70-71). Ваквата ситуација се следи и во топонимијата. Акцентот кај еносложните именки од машки род е парадигматичен: *Г'абер, Г'аберо, Г'аберчето; 'Изворите; К'амен К'амено, К'аменица, К'аменчето, К'аменчињата*. Исто е и со именките од женски род: *Б'ара, Б'арата, Б'аричките* и со тие од среден род: *Ј'ајце, Ј'ајцето*. Што се однесува на произведените именки, како што забележува и Бојковска (2003:70-79), има повеќе акцентски типови и акцентот зависи од родот на именката, карактерот на наставката, историското место на акцентот итн. Меѓутоа, ние сметаме дека можеме да кажеме, што се однесува на топонимите, дека има мала разлика во акцентот меѓу топонимиски неизведените (а произведени именки) и топонимиски изведените топоними. Имено, кај топонимиски неизведените именки (деминутивите, nomen loci и збирна множина) акцентот во поголемиот број случаи е на основата. Од деминутивите, кај тие изведени со наставките ***-иче*** и ***-ица***, акцентот редовно паѓа на наставката: *Грамад'иче, Камен'иче; Плошч'ицата*, додека изведените на ***-че, -ичка, -очка и -ка*** се со акцент обично пред наставката: *Смрдл'ивче, Ос'ипче; Горн'ичките, Јаргул'ичка, Јас'ичката; Сред'очката; Лив'атки, Лив'атките*. Формите на збирната множина се редовно со акцент пред наставката: *Град'ијн'е, Огр'аѓе, С'ипјето, С'рјето, Ц'ерјето* итн, а nomen loci се со акцент или на наставката: *Боб'иштето, Буб'ште, Гр'адиште*, или со акцент на еден слог пред наставката или на почетниот слог: *'Оришче, П'асиште*. Притоа, не може да се рече дека еден од овие модели преовладува над другиот; тие со акцент на наставката се во поголем број.

Што се однесува на топонимиски изведените топоними, местото на акцентот зависи од наставката. Акцентот редовно го чуваат на наставката изведените со ***-ач***: *Пласк'ачо*, ***-(ј)ак***: *Бор'ако, Бровињ'ако*; ***-(ј)ага***: *Шуп'агата* и на ***-ар***: *Јасик'аре, Јасик'аро*. Мали исклучоци има кај изведените со ***-(ј)ак***. Акцентот секогаш е на слог пред наставката кај изведените со ***-ка***: *Бршл'анка // Брашл'анка, S'унка, Ск'рката, Стој'анките*. Кај изведенките со наставките ***-ец, -ик, -ик*** и ***-ин*** акцентот речиси никогаш не паѓа на наставката: *Вик'анец, Ј'астребец*; *Б'уковик, Б'укоик* (од сите микротопоними со оваа наставка исклучок е *Кос'ик*); *П'ал'иник, С'еник* и *Г'олин* (само во тој еден единствен пример). Изведените со наставката ***-ица*** покажуваат два модела - со акцент на наставката: *Богден'ица* и со акцент на друг слог од зборот: *Б'огданица*. Но во случаите кога суфиксот е проширен (***-ашница, -ешница, -алица, -алница***), акцентот секогаш паѓа на проширувањето од суфиксот: *Пепел'ашница, Струм'ешница*; *Петр'алица*; *Плак'алница, Струг'алница*. Истата ситуација е и со суфиксот ***-ник***; произведените со него можат да имаат акцент и на наставката и на основата: *Кашкав'алнико, Колов'озник, Лештен'ико*, но кај примерите со проширен суфикс акцентот редовно паѓа на проширувањето: *Говед'арник, Јабук'арник, Јагуд'арник*; *Кашкав'алнико, Смăрд'ешник*.

Кај префиксално-суфиксалните изведени топоними, акцентот обично останува на основата: *Раск ˈрсјеѿе* (*2x*), *Расѿ ˈаѿија, Разд ˈолци, Расѿ ˈаѿкиѿе*, а кај сложените, без разлика какви основи учествуваат во нивното образување (именка+именка, именка+придавка, именка+глагол итн.), акцентот секогаш паѓа на елементот кој ги спојува: *Сред ˈорека, Шар ˈенда* (≤ шарен даб), *Ср ˈеѿсело, Вар ˈи ‿Урда, Град ˈи ‿Враѿче, Пӑрд ˈи Кон', Вол ˈодор*.

Морфологија

Во овој дел ќе ја разгледаме употребата на морфолошките категории карактеристични за зборовните групи што учествуваат во структурата на топонимите од нашиот терен. Во нивното образување се јавуваат зборови од речиси сите категории - именки, придавки, заменки, прилози, предлози и глаголи, но бидејќи во најголем број се застапени именските зборови, повеќе ќе се задржиме на именските категории, т.е. категориите род, број, определеност и падеж и на нивната употреба и застапеност во нашиот материјал. Исто така, ќе се обидеме накратко да дадеме забелешки и за употребата и продуктивноста на некои форманти и синтаксичките врски во сложените топоними.

Родот. Тој во македонскиот јазик се формирал како граматичка категорија по расколебувањето на старата именска поделба на основи. Тоа се случило така што по низа фонетски промени (затврднувањето на меките консонанти, губењето на еровите итн.) и морфолошки преструктурирања (губењето на категоријата падеж), дошло до слевање на именките од одредени претходно различни основи во исти групи (на пр., од ***-а-*** и ***-ја-*** и ***-о-*** и ***-јо-*** промените). По ова, релевантни станале завршоците на кои завршувала именката, а не поврзаноста со категориите живо/неживо, фонетски критериуми од типот мекост/тврдост, именска промена и сл. Како резултат на тоа, родот во македонскиот јазик е чисто граматичка категорија и секоја именка се вклопува во една од трите групи - машки, женски и среден - според својот завршок, без разлика што означува - жив/нежив предмет, апстрактен поим, сопствено име итн. Но во одредени случаи, главно во промената по **-ъ-** основата, по губењето на завршокот, како резултат на некогашната мекост и тврдост на сега крајниот консонант, останало колебање, чија последица е двојството во родот кај некои именки: *кал, ѿесок, бол, јад, крв* итн. Во радовишката топонимија, се разбира, се среќаваат топоними од сите три рода: *Бл ˈок, Божур, Валок; Лесковец, Г ˈол'јак, Бо ˈаника, Вад ˈица, Валав ˈица, Л ˈазарица, Бл ˈаѿо, Д ˈевало, С ˈелце, Говед ˈарниче* итн. Речиси не забележавме примери каде што родот се колеба, од типот *Горни Преслаѿ* и *Поѿоа Преслаѿ* (Пјанка1970: 300). Единствениот случај каде што би можело да се зборува за вакво нешто се топонимите *Осоја* и *Осоје*, но и во овој случај треба да забележиме дека именката *осој* во македонскиот јазик е од машки род (РМЈ:92), па можеби се работи за некакви изведувања. Од друга страна, втората форма е забележена од катастарска ексцерпција, па може и да не била точно запишана.

Топоними со нарушено согласување по род се: *Гӑрл'о ˈОрница, Дӑк Г ˈорница, Ефр ˈемово Прӑж ˈар*, кое се слуша и како *Ефр ˈемово Прӑж ˈаре, Поѿоа*

Преслаѿ, Д'олˈно 'Ржˈени (≤ Долно Село Ржени), *Скˈркаѿа Пˈаѿо, Шˈарѝвица Пˈаѿо* итн.

Се разбира, родот на основната именка се менува и со додавање на наставка, но во тој случај веќе се работи за нова, изменета лексема (во нашиот случај, најчесто со ново топономастичко значење). Во случаите како *Присој* и *Присојки*, првиот топоним, кој е од машки род, го означува само видот на местото, не давајќи повеќе информации за бројот на местата означени со него, местоположбата, па дури и ограниченоста на именуваното место, додека вториот повеќе или помалку ги искажува сите тие информации; освен тоа, означува и некаков објект што е под присој, не самиот присој (ниви).

Бројот. Множинската наставка за едносложните именки од машки род е ***-ове***: *Вˈирове*. Варијантата ***-ови***, која не се појавува ниту во говорниот јазик (Бојковска 2003:65), не ја забележавме ниту во топонимијата. Повеќесложните прават множина со наставката ***-и***: *Говедˈарници II*, *Цуцули*, но во мал број случаи и со ***-е***: *Волˈодерˈе, Вѝче Палˈане*, гореспоменатото *Ефрˈемово Прѝжˈаре, Јасикˈаре, Пѝржˈаре, Тиѥлишˈоре* итн. Овде забележуваме дека поголем број од овие топоними се од селото *Смилјанци*. Множинската наставка за женски род е ***-и***: *Пˈадини, Јˈосовиѿе Нˈиви* итн. (примери со ***-е*** нема), а за среден род ***-а***: *Бачила, Тѝпˈила* и ***-и(ј)нˈа***: *Тˈимови Парчˈинˈа, Прелокчˈи:нѿа* итн. (Бојковска 2003: 67). Суфиксно-префиксните образувања и месните имиња прават множина со ***-ци***: *Раздˈолци*; *Каламˈарци, Рˈаѿковци,* ***-ја***, *Расѿˈаѿјаѿа;* ***-и***: *Расѿˈаѿкиѿе* итн.

Избројаната множина се чува: *Дᵛаѿа Бресѿа, Двˈаѿа Грˈоба* итн. Примерите со збирна множина не се многу чести и се образуваат со наставките ***-ја***/***-је***: *Дˈабјеѿо, Градˈиј̣нˈе, Грамˈаѓе, Дрˈејнеѿо, Дрˈеј̣нˈеѿо, ˈИзворјеѿо, Јасˈенˈаѿа, Огрˈаѓе, Огрˈаѓеѿо, Рˈуѿја* (*2x*), *Сˈиѿјеѿо, Сˈрјеѿо, Цˈерјеѿо*.

Определеност. Во радовишкиот говор не се употребуваат членските морфеми на ***-в***- и ***-н***- (Бојковска 2003:68). Соодветно на тоа, примери со нив нема ни во топонимијата. Во топонимијата се употребува единствено членската морфема ***-оѿ, -ѿа***, ***-ѿо***, ***-ѿе***, при што формата на членската морфема за машки род е ***-о***, за женски ***-ѿа***, за среден ***-ѿо*** и за множина ***-ѿе***: *Грˈобо, Раскˈрсницаѿа, Јˈајцеѿо, Мˈинделиѿе, Колˈибиѿе, Корˈиѿаѿа, Перˈалишѿеѿо* итн. Но треба да се каже дека употребата на членот во радовишката топонимија е исклучително честа и дека примерите со топоними во основна форма, како *Вис*, се многу ретки во однос на тие со членска морфема: *Вˈисо*. Тоа може да значи дека во радовишкиот говор функцијата на членската морфема може да добила топономастичко значење, односно значење на конкретизација на дадено место во свеста на говорниците, преку што произведува топоним од апелатив; на пр., од апелативот ‚уши', преку метонимизација и конкретизација, обособувајќи токму едно дадено место, произведува топоним *ˈУшиѿе*.

Карактеристична за радовишкиот говор е измената на вокалот и за старата определена форма од придавките од машки род (*сѿар*:*сѿари*, *висок*:*високи*) во ***ј***, по што во комбинација со членската морфема ***-о*** се добил завршокот **-јо** (*сѿарјо*, *високјо* итн.) и се формирала извесна симетрија меѓу неопределените и определените придавки (*сѿар-сѿарјо*, *висок-високјо*)

(Бојковска 2003:88). Оваа особеност се чува добро и во топонимијата: *Б'ел'јо К'амен, Диб'окјо Пр'еслаѿ, Р'аменјо Паѿ, Сеч'ењо 'Осој, Сол'ењо Кл'аденец, С'уијо Дол*, но и *С'уио Д'ол, Т(р)кал'есјо Камен, Црв'ењо М'ос*. Но вака формираната дијалектна форма на членската морфема за придавки од машки род понекогаш се употребува и со зачувано ***и*** од старата определена промена и тоа покажува дека завршокот сосема се обособил како член: *Ж'ăѿијо К'амен, Кăрсѿофијо Вол* итн.

Што се однесува на старите падежни форми, од нив во радовишката топонимија нема никакви остатоци.

Во врска со сложените топоними (composita), многу мал број топоними се независни состави, но и кај нив секогаш има согласување по некоја категорија: (**по род**): *Грнч'ар Камен, Кал'уѓер Дол,* (**по определеност**): *Д'оло П'аѿо, Ск'ркаѿа П'аѿо*, (**по број**): *Аврам Падина, Гăрл'о 'Орница* итн.

Кај повеќекомпонентните топоними, забележавме присвојни (генитивни) состави: *Баба ‿Т'анкин Дол, Д'еда Јован'оваѿа Воден'ица*; описни: *Г'орни Кор'иѿни Д'ол, Г'орни Ракл'ишки Паѿ*; локативни: *Воден'ицаѿа у Д'олнаѿа Л'ака, М'оѿо на Сѿ'уѿница*; дативни: *Д'олнио П'аѿ за Р'екаѿа, П'аѿ за Д'олно Р'адеш*; аблативни: *Оѿ кај К'ăрѿо* и независни: *С'елскаѿа Р'ека М'оѿо, Шу:ѿѿо Д'аѿче П'аѿо*.

Во врска со употребата на формантите во радовишката топонимија, можеме да кажеме дека ретко се јавуваат зборообразувачки дублети со исто значење како *Б'ачии, Б'ачиѿе, Бачила*. Употребата на членот и на деминутивните суфикси е многу честа, додека, како и во секојдневниот говор аугментативните образувања се помалкубројни во однос на другите, вклучувајќи ги и деминутивните (Бојковска 2003:86). Релативно ретки се и формите за збирна множина, додека почести се топонимите со топономастички морфеми. Голема честотија покажува членот: *Б'илаѿа, В'енецо, К'арпаѿа, Д'елоѿо.* Многу образувања се придавски образувања и од нив најчести се тие на ***-ск-***: *Злеовски Риѿ, Нивич'анска Воден'ица, Подар'ешки Л'озја, Цăркв'енско Д'олче.* Се разбира, сразмерно чести во однос на другите топоними се тие изведени од фитоними (*Вр'ежо, 'Ивиѿе, См'ило* итн.), и зооними (*Ј'аспреѿ, Мр'афкиѿе, Цуцул'ига*) бидејќи се работи за планински предел. Теренот изобилува и со свои дијалектни топонимиски форманти, како ***-ач*** (*Гру'ачо, Лунача*)**, -очка** (*Сред'очкаѿа*) ***-јак*** (*Бор'ако, Бровињ'ако*)**, -јага** (*Шуѿл'агаѿа*) итн.

На крајот, во овој дел сметаме дека треба да додадеме само уште дека говорот на селото *Смилјанци*, со свои акцентски, зборообразувачки итн. карактеристики, образува своевидна микродијалектна оаза на теренот, бидејќи покажува форми кои не се забележуваат во ниеден друг на теренот. Почеста е множината на ***-е***: *Јасик'аре, Маѓ'аре, Ти*$_{е}$*лиш'оре, Чук'аре*; членска морфема за придавки од мр на ***-ие***, не на ***-јо*** како на целата останата територија: *Кр'ив**ие** Р'иѿ, Кум'иѿск**ие** Кл'а(д)енец, К'ус**ие** Сред'ок*; акцент на крајот од зборот: *К'онскоѿо Рăб'е, Кум'иѿска Ридин'а, М'арина Скал'а*, преглас ***ја*** ≥ ***е*** во средина на зборот: *Пол'енаѿа* итн. Тоа можеби покажува дека жителите на селото *Смилјанци* се доселени во областа од некое друго место.

Како лексика карактеристична за овој терен може да ја издвоиме следнава.

Топоними што упатуваат на архаизми од најстариот топонимиски слој се *Бˇрт̄окливец* (≤ *bъrtь ,шуплина во дрво‘), *Вˇал ˇа Глˇава* (валъ, -ъı ,валчест‘), *Вˇрт̄ач* (≤ вртача ,длабнатинка, јама‘), *Гˇот̄ен, Ст̄ˇар Гˇот̄ен* (≤ гат ,насип‘, ,премин‘), *Крˇат̄а Ридˇина* (крапъ, -ъı ,кус, краток‘), *Лˇаго* (≤ лѫгъ ,шумичка, горичка‘), *Лˇакавица* (≤ лѫка + -овъ, -ъı → лѫкава река со лаки‘), *Лˇе:ст̄е* (≤ лѣсъ ,шума‘), *Лˇисец* (≤ лисъ,-ъı ,ќелав, гол‘), *Лˇубница* (≤ лѹбъ’ таркалезен рид‘), *Плˇаништ̄а* (≤ планъ, ≤ *pъln, -ъı ,чист од растенија, отворен за светлост‘, *Расоха* (≤ расоха ,место што се двои‘), *Сăп̄* (≤ съп ,водопад‘), итн.

Дијалектни апелативи, карактеристични за овој терен се содржани во топонимите: *Залˇизина* (≤ зализина ,лизгаво место‘), *Пролˇизина* // *Пролизˇако* (≤ пролизина ,место што се лизга или свлекува‘), *Ојˇат̄ит̄е* (≤ појата ,трло, кошара‘), *Скăрдо* (≤ скăрд ,пладниште‘), *Проˇорница* (≤ проорница - нејасно), *Гˇингеро* (≤ гингер - нејасно), *Гнˡˇушкит̄е* (≤ гнушка ,гнила крушка‘), *Гˇорупа* (≤ горупла, ,дива црешна‘), *Гургˇушит̄е* (≤ гургуша ,глогушка‘), *Мˇиндалˇица* (≤ миндал, т.е. мигдал, ,бадем‘), *Прˇешник* (≤ преш ,праз‘) итн.

Дијалектната лексика од турскиот јазик учествува со позначителна бројност, па сметаме дека треба да биде предмет на засебна статија.

Од грчкиот јазик се *Бубˇаќит̄е* (≤ βαμβάκι ,памук‘), *Калˇуґер Дол* (≤ καλόγˇερος ,монах‘), *Босˇилица* (≤ βασιλικός ,босилек‘), *Поп̄ˇоват̄а Вˇарница* (≤ παπάς ,поп‘), *Клˇисура* (≤ κλεισουρα ,теснец, кањон‘), *Кукудˇарница* (≤ κουκκόδα ,зрно‘) итн.

Топоними со аромански лексеми во својата структура се *Бот̄урˇуш Чˇешма* (≤ puturós ,смрдлив‘), *Парма̄нт̄е* (≤ paramana - ,крфица, парче‘; лексемата можеби е од грчкиот јазик - Реч.:476), *Ст̄ˇин ‿Дол* (≤ stină ,бачило‘), *Сурдулци* (≤ surd ,глува, затворена долина‘), *Цуцулˈки* (≤ cucul ,остар врв‘).

Според нашето толкување пак, селото Пагулево доаѓа од латинскиот апелатив *pagus* ,село‘, а Иванова (Реч.:576) го толкува оронимот *Сˇерт̄а,* другото име на *Конечка Планина*, од латинското *serta* ,венец, китка‘. Ако се овие две толкувања точни, би можело да се каже и дека овие два топонима содржат во себе апелатив од латинскиот јазик.

СКРАТЕНИЦИ

Бојковска 2003 — Стојка Бојковска, Радовишкиот Говор, Скопје 2003

Видоевски 1998 — Божидар Видоевски, Дијалектите на македонскиот јазик, Том I, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1998

Лома 2013 — ***Лома А.***, *Топонимија Бањске Хрисовуље*, Књига 2, САНУ, Београд 2013

Пјанка 1970	Влоѓимјеж Пјанка, Топономастиката на Охридско-Преспанскиот Базен, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1970
Реч.	Олга Иванова, Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1996
РМЈ	*Речник на македонскиот јазик I, А-Н*, Детска Радост, Скопје 1994
Сној	Марко Сној, Словенски етимолошки словар, Љубљана 1997
Труб 16	Этимологический словарь славянских языков, Праславянский лексический фонд, Выпуск 16

Литература

Соколовски М., *Струмичко и Радовишко во 16-от в.*, Прилози на МАНУ IX, Скопје 1978

Андонов-Полјански Х., *Историско и културно минато,* Радовиш и Радовишко, Радовиш 1984

Бојковска С., Радовишкиот Говор, Скопје 2003

Видоески Б., *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, Скопје 1999

Видоески Б., *Дијалектите на македонскиот јазик, Том 1, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1998*

Иванова О., *Двоимени топоними во областа по сливот на Брегалница,* Folia Onomastica Croatica 12-13, Zagreb 2006

Иванова О., *Исчезнатите месни имиња во областа по сливот на Брегалница*, Институт за истражување на старословенската култура, Прилеп 1988

Иванова О., *Месните имиња на областа по сливот на Брегалница*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1982

Иванова О., *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1996

Митева Д., *Суфиксот -ка во топонимијата на Радовишко-струмичкиот регион,* Скопје 1988

Панов М., *Радовиш* (*Антропогеографски испитувања*), Скопје 1956

Пеев К., *Топонимискиот систем во Радовишко и неговата дијалектна основа*, ГЗбФФ, Скопје 1989, 137-157

Пјанка В., *Топономастиката на Охридско-Преспанскиот Базен*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1970

Речник на македонскиот јазик I, А-Н, Детска Радост, Скопје 1994

Этимологический словарь славянских языков, Праславянский лексический фонд, Выпуск 16

Summary: Subject of interest of this article are the phonetic and morphological characteristics of the toponyms of the region of Radovish. The Radovish region, although not covering a very large area, shows considerable diversity in regard of its phonetic and morphological features. The region consists of four groups of villages, of which each more or less constitutes a separate whole. The highest mountain villages are villages of Shop settlers in the area, who kept the features of their own speech. Under them follows a group of Turkish villages, below which villages with mixed population, consisting of Turks and comers from the surrounding areas (Strumica, Maleshevo area) spread. The last group of villages is comprised of population which mainly always was present on that terrain. In addition, in certain cases there are dialectal differences within the very group of villages also.

In this article, we chose to describe only the features of the Macedonian toponyms from the area.

Key words: Radovish region, phonetic features, morphological development, dialectal appellatives

811.163.3'367.626.3:811.111'367.626.3
811.111'367.626.3:811.163.3'367.626.3
Изворен научен труд

Марија Стевковска[1]

РЕФЕРЕНЦИЈАЛНА И СИМБОЛИЧКА УПОТРЕБА НА ПОКАЗНИТЕ ЗАМЕНКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Показните заменки се вид на деикси кои се користат за посочување на предмети/лица/настани чија интерпретација зависи од екстралингвистичкиот контекст на исказите. Овој труд претставува обид да се дадат одговори на две истражувачки прашања: 1) Како се преведуваат англиските показни заменки на македонски јазик? и 2) Дали постојат значајни разлики во референцијалната и симболичката употреба на показните заменки помеѓу англискиот и македонскиот јазик? Не постојат значителни разлики во референцијалната употреба на показните заменки помеѓу двата јазика, освен тоа што во македонскиот постои повеќе од еден преведен еквивалент чиј избор зависи од јазичниот регистар. Ова се должи на фактот што во македонскиот јазик ориго може да биде и говорното лице и соговорникот, за разлика од англискиот каде што говорното лице го претставува деиктичкиот центар. Показните заменки кои се користат симболички покажуваат голема сличност помеѓу двата јазика во однос на функцијата и нејазичните средства. Во македонскиот постои повеќе од една заменка/член за изразување на различни ставови кон референтот, кои се движат по скалата на интензитет на чувства како и скала на регистарот. Од ова произлегува дека македонскиот јазик е поекспресивен во доменот на показните заменки.

Клучни зборови: деикси, показни заменки, референцијално значење, симболичко значење.

Вовед

Перцепцијата и ориентацијата во просторот се одлучувачки фактор во човековата интеракција. Според тоа говорот во голема мера зависи од познавањето на контекстот: времето и местото каде се изговара исказот, и кое е говорното лице. Овие три димензии *кога, каде* и *од кого* традиционално се нарекуваат т.н. ориго или деиктички центар на сите јазични настани. Без нив ниеден јазичен израз не може правилно да се протолкува. Освен тоа постојат и социјални и психолошки услови кои се важни фактори во деиктичкото утврдување на јазикот.

Во овој труд ќе се обидеме да одговориме на две истражувачки прашања: 1) Како се преведуваат англиските показни заменки на македонски јазик? и 2) Дали постојат значајни разлики во референцијалната и симболичката употреба на показните заменки помеѓу англискиот и македонскиот јазик?

Трудот започнува со дефинирање на концептот на деикси, поточно на показните заменки. Потоа се разгледува референцијалната и симболичката

[1] Меѓународен балкански универзитет, Скопје, Македонија
m.stevkovska@ibu.edu.mk

употреба на показните заменки *this, that, these, those* во англискиот јазик, по што следува преглед на нивните македонски преводни еквиваленти. Овие еквиваленти се анализираат со помош на методот на контрастивна анализа (КА). На крајот, се изведуваат заклучоци во врска со горенаведените истражувачки прашања.

1. Деикси

Традиционално деиксите се однесуваат на локацијата и одредувањето кон лица, предмети, настани и активности за кои се говори или кон кои се посочува, во однос на просторниот и временскиот контекст којшто се создава и одржува преку говорниот чин и учеството во истиот, најчесто со едно говорно лице и најмалку еден соговорник. Андерсон и Кинан (1985) разликуваат три главни категории на деикси: лични, просторни и временски деикси. Овие автори додаваат уште три дополнителни категории: дискурсни деикси (кои се однесуваат на делови од дискурсот кој следи: *подолу, следно, понатаму*); социјални деикси (кои содржат аспекти од социјалната врска помеѓу говорното лице и соговорникот: *Ваше Височество*); и перцептивни деиски (*Ене го Хари).*

Според оваа класификација показните заменки можат да спаѓаат во сите овие категории, во зависност од контекстот, како што ќе биде прикажано подолу. Според тоа *показните* заменки можат да се наречат и *деиктички* заменки.

Во македонскиот јазик показните заменки се дефинираат на следниов начин: „Показните заменки служат за просторно и временско посочување на лица или предмети во однос на лицето што зборува. Тие се: *овој, оваа, ова овие* (за блиски предмети до), *оној, онаа, она, оние* (за оддалечени предмети , но во видокругот на) и [1] *тој, таа, тоа, тие* (за предмети блиски до соговорникот). Освен тоа, показните заменки ги употребуваме за посочување во рамките на јазичниот текст” (Бојковска и др. 1997:110).

Како што може да се види, во македонскиот јазик постојат три показни заменки, секоја со својата парадигма: а) *овој* – this, машки род еднина, *оваа* – this, женски род еднина,

[1] Показните заменки *тој, таа, тоа, тие* не треба да се заменуваат со личните заменки *тој-he, таа-she, тоа-it* и *тие-they*.

ова – this, среден род еднина, *овие* – these, множина за сите родови; б) *оној* – that, машки род еднина, *онаа* – that, женски род еднина, *она* – that, среден род еднина, *оние* – those, множина за сите родови; и в) *тој* – that, определен член *the* за машки род еднина, *таа* – that, определен член *the* за женски род еднина, *тоа* – that, определен член *the* за среден род еднина, *тие* – those, определен член *the* за сите родови множина.

Највоочливата разлика помеѓу двата јазика е непостоењето на третата показна заменка *тој, таа, тоа, тие* во англискиот јазик[2]. Ова е поради фактот што во англискиот показните заменки секогаш се дефинираат од гледна точка на говорното лице, односно тие зависат од растојанието до таканареченото деиктички центар или ориго кој може да се менува според своето место и време во зависност од контекстот (Saeed 2003). Ориго најчесто е локацијата на говорното лице во моментот на исказот (Diessel 2008), оттаму заменката this/these е во релативната близина на ориго, додека that/those е подалеку од него. Соговорникот не се зема предвид. За успешна комуникација слушателот треба ментално да ја преземе положбата на говорното лице и да претпостави од каде поаѓа тој или таа.

Што се однесува до дихотомијата показна заменка наспроти показна придавка во македонскиот постои смао една форма на заменката, без разлика дали таа се користи како атрибут на именката, т.е. како показна придавка (Земи ја оваа *книга* – Take *this* book) или како показна заменка, т.е. наместо именската фраза (Земи ја *оваа* – Take *this/this one*). Поради тоа во литературата се користи само терминот показна заменка а не показна придавка. Во англискиот јазик пак, по показните придавки кои се однесуваат на предмети најчесто следува заменката *one* кога овие придавки се користат како заменки.

Како што ќе видиме во следната точка постои уште една разлика помеѓу англискиот и македонскиот јазик во однос на употребата на определениот член како

[2]Разликата во растојанието како кај англиските показни заменки не е единствената можна дистинкција. Во некои јазици може да се направи разлика во однос на тоа дали референтот се гледа или е надвор од видното поле; дали е повисоко или пониско поставен во однос на ориго, или пак дали е нагоре или надолу, итн. Во некои јазици воопшто не се прави разлика помеѓу разликата во растојание и тие се нарекуваат ‚неутрални во однос на растојанието'. Литературниот шведски јазик е пример за јазик кој е наеутрален во однос на растојанието; имено показните заменки denna и detta се разликуваат само по род, заеднички (utrum) и среден (neutrum). Поради тоа што показните заменки не се разликуваат деиктички, се користат прилози или прилошки фрази заедно со нив за да може да се изрази разликата во растојанието; här (проксимално) и där (дистално) кои се употребуваат по показната заменка. Според Дисел (2008) сите јазици имаат минимум две адвербијални показни заменки или деиктички честички за да може на некој начин да се разграничат концептите за овде наспрема таму. Некои од овие јазици користат една од нив како основна, неутрална показна заменка.

еквивалент на *this/that/these/those*. За разлика од англискиот, во кој постои само една форма на определениот член, односно *the*, во македонскиот постои троен

определен член којшто се додава на именката во вид на наставка (види Табела 1 подолу).

2. Македонски еквиваленти на англиските показни заменки

Анализата на преводните еквиваленти на англиските показни заменки во македонскиот јазик беше направена со помош на методот на меѓујазична контрастивна анализа (КА), поконкретно со помош на структуралниот модел. Единицата на КА е реченицата, односно показните заменки во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот се анализираа на реченично ниво. Според методот на КА показните заменки и нивните преводи во македонскиот јазик се споредливи врз основа на семантичките критериуми, односно критериумите на значење. Работната основа на КА е триаголникот:

В
/ = \
А Б

Во кој А го означува англискиот јазик, Б македонскиот, а В претставува *Tertium comparationis*, којшто е третиот елемент (семантички) според кој се прави споредбата помеѓу А и Б. Во овој случај Tertium comparationis е универзалната карактеристика, т.е. дефиницијата на показните заменки во А и Б – *Показните заменки се користат за идентификување или посочување на предмети или лица.* На граматичко ниво видот на врската помеѓу двата јазика е дивергентна, што значи дека постојат повеќе од еден преводен еквивалент за секоја показна заменка која се преведува од англиски на македонски јазик:

на пр. this book →оваа книга that book → онаа книга

книгава книгана

книгата

таа книга

Контрастивната анализа покажа дека постојат сличности помеѓу англискиот и македонскиот јазик во системот на показни заменки.

За да може во целост да се разберат македонските преводни еквиваленти на англиските показни заменки треба да се запознаеме со парадигмата на тројниот определен член во македонскиот јазик.

род	**еднина**	**множина**
машки род	-от (човек***ош*** - ***the*** man) -ов (човек***ов*** - ***this*** man) -он (човек***он*** - ***that*** man)	-те (книги***ше***- ***the*** books) -ве (книги***ве*** - ***these*** books) - не (книги***не*** - ***those*** books)
женски род	-та (жена***ша*** - ***the*** woman) -ва (жена***ва*** - ***this*** woman) -на (жена***на*** - ***that*** woman)	
среден род	-то (дете***шо*** - ***the*** child) -во (дете***во*** - ***this*** child) -но (дете***но*** - ***that*** child)	-та (деца***ша*** - ***the*** children) -ва (деца***ва*** – ***these*** children) -на (деца***на*** – ***those*** children)

Табела 1: Троен определен член во македонскиот јазик и негови англиски еквиваленти

Определениот член кој во вид на наставка се додава на именката претставува едно од главните обележја на македонскиот јазик по кое тој се разликува од сите останати словенски јазици, освен бугарскиот јазик. За разлика од англискиот, определниот член во македонскиот секогаш се додава како наставка на крајот од именката или на придавката употребена како атрибут на именката. Можеме да забележиме дека определениот член за машки и женски род е ист во множина, додека морфемите на членот за среден род во множина се исти како морфемите за женски род еднина.

Кога пред именката се употребува придавка или присвојна заменка тогаш определниот член се додава на придавката, односно присвојната придавка.

на пр. a sister- сестра
the sister- сестра**та**
my sister- моја***та*** сестра
the older sister – постара***та*** сестра
this new house- нова***ва*** куќа
those old houses – стари***не***/***оние*** стари куќи

Според табела 1 определниот член има тројно просторно разграничување кое кореспондира со трите показни заменки: *-от/-та/-то/-те = тој/таа/тоа/тие* (за предмети или лица близу до или во видокругот на соговорникот); *-ов/-ва/-во/-ве = овој/оваа/ова/овие* (за предмети или лица близу до говорното лице) и *-он/-на/-но/-не = оној/онаа/она/оние* (за лица или предмети оддалечени од говорното лице) (Topolinjska, Z. 2007).

Определениот член *-от/-та/-то/-те* и соодветните показни заменки *тој/таа/тоа/тие* всушност се неутрални во однос на локацијата на говорното лице во просторот.

Во следната точка ќе видиме како показните заменки и тројниот определен член се користат како преводни еквиваленти на англиските показни заменки.

3. Референцијална употреба на показните заменки

За да одговориме на прашањето *Како се преведуваат англиските показни заменки на македонски?* потребно е да ги разгледаме трите начини на кои англиските показни заменки се користат и преводите на секоја од нив.

1.Прономинални показни заменки кои функционираат како самостојни заменки
1а (се посочува мајмун на дрво) ***That*** just threw a banana peel at me. Превод на македонски јазик: ***Оној*** самошто ми фрли лушпа од банана. 1б (се посочува далечински управувач во близина) Can you get ***that*** for me? Превод на македонски јазик: Може ли да ми го подадеш **тоа**?
2. Показните заменки или 'адноминални показни заменки' (Diessel, 1999) кои стојат пред именката и имаат улога на атрибут на именката (именски додаток)

2а (се посочува фустан кој е во рацете на говорното лице) I like ***this*** dress. Превод на македонски јазик: Ми се допаѓа ***овој*** фустан/фустан***ов***. 2б (се посочува книга која е далеку од говорното лице) ***That*** book isn't mine. Превод на македонски јазик: ***Онаа*** книга ***/Таа*** книга ***/Книга***на не е моја.
3. Показни идентификатори (се користат со сум како глагол-врска и во реченици без глагол)
3а ***These*** are my sons. (По ***These*** следува нејзиниот референт-my sons) Превод на македонски јазик: ***Ова*** се моите синови/ ***Ова*** ми се синовите (второто е неформално и со доза на нежност). 3б ***This*** is Jane. (*this* се користи за да се идентификува Џејн и може да се замени со личната заменка *таа*) Превод на македонски јазик: ***Ова/Таа*** е Џејн.
4. Показни заменки со анафорична и катафорична функција, пред или по кои има дел-реченици, предикати со глагол-врска, глаголски фрази, или пак дискурсни сегменти со различна должина. Овие показни заменки се однесуваат на апстрактни видови, како што се пропозиции, ситуации, настани или карактеристики.
4а It's always been presumed that when the glaciers receded, the area got very hot. The Folsum men couldn't adapt, and they died out. ***That***'s what is supposed to have happened. It's the textbook dogma. (Webber, 1991: 107) (Анафоричната ***That*** овде се однесува на појава - нешто што би можело да се случи – опишано со првите две реченици. Превод на македонски јазик: Отсекогаш се претпоставувало дека глечерите ќе почнат да се смалуваат областа станува многу топла. Луѓето од Фолсун не можеле да се навикнат и затоа изумреле. Се претпоставува дека **тоа** е она што се случило. Така се вели во книгите. 4б ***These*** are the best apples in the country. (по катаформчната ***These*** следува нејзиниот референт - јаболка) Превод на македонски јазик: ***Ова/Овие*** се најдобрите јаболка во земјата .

Табела 2: Видови на референцијална употреба на англиските показни заменки

Според примерите во табела 2 можеме да го забележиме следново:

● показната заменка *this* се преведува со показните заменки *овој/оваа/ова/овие* и определениот член *-ов/-ва/-во/-ве,* во зависност од родот и бројот на именката која се посочува.

Нема промена во значењето во врска со употребата на заменка или член. Изборот зависи од социо-прагматичкиот контекст на исказот. Показна заменка се употребува во поформална ситуација, за разлика од определениот член.

● показната заменка *that* се преведува со показната заменка *оној/онаа/она/оние;* показната заменка *тој/таа/тоа/тие*; и определниот член *-он/-на/-но/-не,* во зависност од родот и бројот на именката на која се однесува.

Употребата на определниот член е најмалку формална од трите преводни еквиваленти, додека показната заменка *тој/таа/тоа* е најформална во однос на регистерот.

● показната заменка *these* се преведува со показната заменка *ова/овие* или со определениот член *–ве* (за машки и женски род множина) / *-ва* (на среден род множина). Кога *these* се употребува катафорично може да се преведе со *ова* или со *овие* а глаголот кој следува е секогаш во множина. Доколку се работи за настан во вид на претставување (како во примерот 3а) *these* секогаш се преведува со *ова* во формален, полу-формален и неутрален стил, додека во неформален стил постои изборот помеѓу *ова* и *овие*.

Кога *these* се користи како показен атрибут се преведува со *овие* или *-ве/-ва*. Изборот помеѓу овие два преводни еквиваленти повторно е прашање на регистер, пришто *овие* е поформално од *-ве/-ва*. Постои и една експересивна функција на *-ве/-ва* или на комбинација од *ова* + *-ве/-ва*, за што ќе стане збор во следната точка.

● показната заменка *those* се преведува со показните заменки *оние* или *тие,* или со определниот член *-не/-на* именките во машки и женски род множина, односно среден род множина. Членовите *-не/-на* најчесто се користат во неформален контекст и го прават исказот поекспресивен, што е дел од дискусијата за симболичката употреба на показните заменки.

Како што беше случајот со *these,* кога *those* се користи во катафориична функција заменката може да се преведе со *тоа* или со *тие,* а глаголот што следи по заменката секогаш е во множина. Интересен е фактот што за апстрактни именки секогаш се користи само заменката *тоа* (на пр. *Those* were the days- *Тоа* беа времиња).

Да заклучиме дека показните заменки во англискиот *this, that, these* and *those,* имаат преводни еквиваленти во македонскиот јазик, кои можат да бидат

показните заменки *овој, оној, тој, овие, оние, тие* и определените членови *-от -ов, -он, -не,, -на*. Во однос на формата во македонскиот јазик постои поголем избор на показни заменки затоа што од фунцкионална гледна точка деиктичкиот центар во македонскиот не е секогаш говорното лице, туку може да биде и соговорникот. Поради тоа постојат показни заменки и определни членови како *тој/таа/тоа/тие* и *-от/-та/-то/-те* кои можат да бидат просторно неутрални или да се однесуваат на предмети/лица близу до соговорникот, или пак да се во видното поле на соговорникот. Освен другите македонски показни заменки и определениот член, и овие форми можат да бидат преводни еквиваленти на англиските показни заменки. Изборот помеѓу показните заменки и тројниот определен член исто така зависи и од формалноста на ситуацијата и симболичката употреба на показните заменки, како што ќе може да се види во следната точка.

4. Симболичка употреба на показните заменки

При гестикулациска употреба на показните заменки за да може да се знае што се посочува со показната заменка соговорникот мора да знае накаде покажува говорното лице или кон кого, односно кон што. За разлика од ова, при симболичката употреба говорното лице не може да посочи кон местото или лицето за кое се зборува. За ова „е потребно познавање на поширокиот контекст на ситуацијата, во што спаѓа многу повеќе од она што во моментот го гледаме во нашата непосредна околина" (Diessel, 1999:94). Симболичката употреба најчесто подразбира основно просторно и временско познавање на исказот. Па така, на пр.:

'I love ***this*** city' Превод на македонски јазик: Го сакам ***овој*** град/град***ов***.

Потребно е познавање само на моменталната локација. Слично на ова е и примерот:

'I went to ***this*** city one time'… Превод на македонски јазик: Бев еднаш во **еден** град…

во кој има недеиктичка употреба на *this* затоа што заменката не посочува ништо конкретно. Таа всушност е употребена како неопределен член, исто како што неопределниот член во англискиот јазик *a* би можел да се употреби на нејзино место, што е и случај со македонскиот превод каде преводниот еквивалент е токму неопределниот член – *еден*.

Симболичката употреба покажува дека показните заменки со егзофорична функција можат да се употребат за референти без конкретни или видливи физички тела во непосредната околина, како што може да се види од примерот:

This is a really good feeling. Превод на македонски јазик: ***Ова*** е навистина добро чувство.

/ Чувство***во*** е навистина добро.

Кога деиксите се користат како показни заменки, перцепцијата и сфаќањето на реалниот простор претставува прототип. Меѓутоа изборот помеѓу проксималните и дисталните заменки може да зависи и од социјалната средина на говорниот акт; оттаму заменките можат да означуваат и ставови. Во следниот пример двајцата говорители се свртени еден кон друг; хрчакот е фигурата а говорното лице Б е подлогата: хрчакот е проксимален елемент за Б но дистален за А:

А: What's ***that*** in your hand? - Што ти е ***она/ѿоа*** во раката?

Б: ***This*** is a hamster. – ***Ова*** е хрчак.

Меѓутоа, во истиот просторен распоред говорното лице А може да употреби проксимална заменка преку деиктичка проекција која во одредена мера зависи од насоката на неговото внимание, фокусирајќи се на животното, но и со одреден позитивен став кон него, а притоа центарот на посочување ќе се пренесе и прашањето ќе содржи друга заменка:

А: What's ***this*** in your hand? - Што ти е ***ова*** во раката?

Б: ***This*** is a rat. – ***Ова*** е хрчак.

Како што гледаме од македонските преводни еквиваленти истото правило важи при изборот на *она/ѿоа* (негативен став) наспроти *ова* (позитивен став).

Супрасегменталните шеми на исказот (на пр. интонацијата) и телесните движења (на пр. кога едниот од соговорниците оди нанапред или пак се оддалечува) исто така можат да ја променат или нагласат ваквата маркирачка функција во однос на ставот на говорното лице.

Да разгледаме уште еден пример:

а) Who's ***this*** woman? наспроти б) Who's ***that*** woman?

Која е ***оваа*** жена/жена**ва**? Која е онаа ***жена*** /***ѿаа*** жена/жена***на***?

Доколку личноста која се посочува во (а) и таа во примерот (б) се подеднакво оддалечени од соговорниците, на пример личноста влегува во канцеларија во двата примера, од спротивстаеноста помеѓу *this* и *that* произлегува деиктичкиот приказ на социјалните врски, а не реалниот просторен приказ. Од ова следува дека показните заменки имаат метафоричка употреба

при што проксималната форма може да означува позитивни ставови (интерес, задоволство, нежност, љубов), додека пак дисталната форма се употребува за изразување негативни чувства (недоверба, одбивност, непривлечност, непријателство, нетрпеливост). Истото е случај и со македонскиот јазик, каде *оваа* укажува на позитивни чувства додека *онаа/таа/-на* на негативен став. И двата става најчесто се придружени со гестикулации, соодветен говор на телото или движења со главата, како и со движењата на соговорниците во текот на целиот комуникативен чин.

Кога *this/these* се користат за изразување на позитивен став кон референтот тие секогаш се преведуваат на македонски со *овој/оваа/ова/овие* оили *-ов/-ва/-во/-ве*. Од регистерот и интензитетот на чувствата зависи изборот помеѓу овие две заменки: првата е поформална и помалку емпатична за разлика од втората.

Кога *that/those* се употребуваат за искажување негативни ставови нивните македонски преводни еквиваленти се 1) *оној/онаа/она/оние; 2) тој/таа/тоа/тие* или 3) *-он/-на/-но/не*. Определениот член *-от/-та/-то/-те* не се користи во ваков контекст, како што беше случај и со референтната употреба на показните заменки. Изборот помеѓу 1), 2) и 3) повторно зависи од регистарот и јачината на чувствата: *тој/таа/тоа/тие* се понеутрални и формални; *оној/онаа/она/оние* се помалку формални и *-он/-на/-но/не* се неформални и укажуваат на силни чувства на анимозитет, недоверба и недопаѓање.

Можеме да заклучиме дека истите правила важат за показните заменки кога тие се користат симболички во двата јазика. Регистарот и видот на чувствата се одлучувачки фактор при изборот на показните заменки. Ниеден од овие фактори не е директно поврзан со физичкото растојание. Главната улога при изборот на показните заменки ја игра ‚ситуациската близина' а не ‚физичката близина'.

Заклучок

Од дискусијата за референцијалната и симболичката употреба на показните заменки во англискиот и македонскиот јазик можеме да дадеме одговор на двете поставени истражувачки прашања.

Англиските показни заменки во македонскиот јазик се преведуваат со показните заменки *овој/оној/тој* и определениот член *-от/-ов/-он,* во зависност од родот и бројот на именката на која се однесуваат во македонскиот јазик.

Не постојат значителни разлики во референцијалната употреба на показните заменки, освен што во македонскиот јазик постојат повеќе од еден преводен еквивалент и што изборот зависи од регистарот.

Кога показните заменки се користат симболички постои голема сличност помеѓу двата јазика во однос на функцијата и нелингвистичките средства, како што се гестови, говорот на телото и тонот на гласот. Позитивните ставови се изразуваат со *this/these* а негативните со *that/those*. Македонскиот јазик ги има истите одлики во врска со употребата на *овој/-ов* кога се користи како преводен еквивалент на *this/these* и *оној/ѿој/-оѿ* за *that/those*. Во македонскиот јазик има повеќе од една заменка/член за изразување различни ставови кон референтот/референтите, кои се наоѓаат на скала на интензитет на чувствата како и на скала на регистарот – од неформален до формален регистар. Ова значи дека македонскиот јазик е поекспресивен и би можеле да се направат понатамошни истражувања за социо-прагматичката заднина на поголемата експресивност на македонскиот јазик во делот на показните заменки.

Резиме

Толкувањето на показните заменки зависи од екстралингвистичкиот контекст на исказот. Целта на овој труд е да даде одговор на следниве истражувачки прашања: 1) Како се преведуваат англиските показни заменки на македонски јазик? и 2) Дали постојат значајни разлики во референцијалната и симболичката употреба на показните заменки помеѓу англискиот и македонскиот јазик? Македонските преводни еквиваленти на англиските показни заменки *this/that/these/those* се *овој/оној/ѿој* и определениот член *-оѿ/-ов/-он,* во зависност од родот и бројот на именката која ја посочуваат. Во македонскиот јазик постои повеќе од еден преводен еквивалент, а изборот зависи од регистарот. Ова се должи на фактот што во македонскиот јазик ориго може да биде и говорното лице и соговорникот, за разлика од англискиот јазик каде говорното лице е деиктичкиот центар. Показните заменки кои се користат симболички покажуваат голема сличност во двата јазика во однос на функцијата и нејазичните средства, како што се говорот на телото, гестикулациите и супрасегменталните карактеристики. *This/these* се користат за изразување позитивни ставови додека *that/those* се употребуваат за изразување негативни чувства. И во македонскиот јазик важи истото при употребата на *овој/-ов* како преводен еквивалент на *this/these* и *оној/ѿој/-оѿ* за *that/those*. Во македонскиот јазик постои повеќе од една заменка/член за изразување различни ставови кон референтите, кои се движат по скала на интензитет на чувствата како и скала на регистарот – од неформален до формален регистар. Ова го прави македонскиот јазик поекспресивен во областа на показните заменки.

Литература

Anderson, S., Keenan, E. 1985: ‘Deixis’, in: Timothy Shopen (ed.) *Language Typology and Syntactic Description III: Grammatical categories and the lexicon*, 259-308. Cambridge: Cambridge University Press.

Бојковска, С. и др. 1997: *Македонски јазик за средно̄то образование,* Просветно дело, Скопје.
Chung. K.G. 2011: *Usage of demonstratives*, Tony Brook Linguistics Department, New York.
Dzordzevic, R. 1987: *Uvod u kontrastiranje jezika*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstve, Beograd.
Diessel, H. 1999: *Demonstratives. Form, Function and Grammaticalization*, John Benjamins, Amsterdam.
Diessel, H. 2006: "Demonstratives, joint attention, and the emergence of grammar" *Cognitive Linguistics 17: 463–489.*
Diessel, H. 2008: "Iconicity of sequence. A corpus-based analysis of the positioning of temporal adverbial clauses in English" *Cognitive Linguistics* 19: 457–482.
Fillmore, C.J. 1997: *Lectures on Deixis*, CSLI Publications, Stanford.
Mey. L.J. 2001: *Pragmatics: An Introduction*, 2nd ed. Blackwell Publishing, Oxford.
Saeed, J. 2003. *Semantics*, 2nd ed. Blackwell Publishing, Oxford.
Topolinjska, Z. 2007: "The triple article-Yes or no" *XXXIX international seminar on Macedonian language, literature and culture*, Ss Cyril and Methodius University, Skopje.
Webber, B. 1979: *A formal approach to discourse anaphora*, Garland Publishing, London.
Webber, B. 1991: "Structure and ostension in the interpretation of discourse deixis." *Language and Cognitive Processes* 6.2: 107-135.

811.163.3'367.625'37
Изворен научен труд

Катица Топлиска-Евроска[1]

ЛЕКСИКАТА ОД ТЕМАТСКОТО ПОДРАЧЈЕ ’ПОДГОТВУВАЊЕ ХРАНА‘ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК (семантички аспект)

Апстракт: Лексиката од областа ’храна‘ претставува едно омеѓено тематско подрачје вградено во општиот лексички фонд, системски проткаено со меѓусебни релации, причинско-последични односи и сопоставувања во сооднос со надворешнојазичната реалност. ’Подготвувањето храна‘ како нејзин сегмент пак, опфаќа бројни процеси што се однесуваат на начинот, времетраењето, опфатот на конкретни видови суровини и многу други постапки што се дел од кулинарската технологија, кои на јазичен план се одразуваат и се дефинираат преку глаголската лексика. При семантичкиот пристап кон глаголската лексика, тргнуваме од факторот топлина како епицентрална точка чија улога може да се спореди со улогата на огнот во историско-еволуциска и културна смисла. Притоа, се изделуваат три големи групи глаголи што се однесуваат на: бестоплинска обработка на храната, топлинска обработка на храната и ферментација, односно обработка на храната со топлина што се доближува до топлината на здравото човечко тело.

Клучни зборови: македонски јазик, семантика, глаголи, ’подготвување храна‘, фактор топлина

Тематското подрачје ’подготвување храна‘ најшироко условно би можеле да го омеѓиме со глаголските лексеми со најопшто значење и да го сведеме на основните глаголи *прави* и *готви* и изведените глаголски деривати *подготвува* и *приготвува*. Овие и уште неколку други глаголи се разработени во една статија на Тофоска (2001: 134–141) како еден вид креативни глаголи со кулинарски предзнак. Иако со малку поинаков пристап, и нашите согледувања одат во правец на тие, изнесени во споменатата статија.

Глаголот *прави* има најширока и најопшта семантика барајќи задолжително покрај себе аргумент (конкретна или апстрактна именка или пак именски збор или синтагма). На тој начин глаголот *прави* го конкретизира глаголското дејство: *прави куќа*, *прави планови*, *прави раздор*, *прави свадба*, *го прави нервозен*, *ја прави будала*, или повратните *се прави важен*, *се прави дека спие* (ТРМЈ 2008: 419). Во тоа богатство од нијанси во значењата е вклучено и кулинарското значење: *прави ручек*, *прави пита*, *прави салата*, *прави торта*. Всушност, значењето се дооформува со аргументот (директниот објект), кој претставува вид оброк, конкретно јадење или пак состојка што може понатаму да подлежи на дополнителен процес на подготовка, но сепак со степен на заокруженост во подготовката: *прави фил* (за пита), *прави крем* (за торта). Аргумент претставен со именка со значење ’овошје, зеленчук‘ не кореспондира

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, katicatopliskaevroska@yahoo.com

со глаголот *прави* и не го доуточнува комплетно неговото значење, односно бара дополнителни елементи.

Глаголот *готви* има две значења од коишто првото е поопшто, ’прави, врши подготовки‘, а второто значење влегува во рамките на кулинарската лексика и подразбира ’приготвува, прави јадење‘ (ТРМЈ 2003: 365). Деривираната глаголска лексема *подготвува* нема значење што конкретно се поврзува со храна, но во рамките на своето општо значење ’направи определени постапки однапред за определена цел или со определена намена‘, кога има аргумент што означува конкретно јадење, оброк, може да придобие кулинарска конотација. Кај глаголот *приготвува* кулинарското значење ’направи јадење, подготви вид храна‘ (ТРМЈ 2008: 548) е второ во рамките на двете значења, повторно со аргумент што означува вид оброк, конкретно јадење или некоја суровина за понатамошна кулинарска постапка.

Од четирите разгледани глаголи, кои во основа имаат општа семантика што ѝ припаѓа на кулинарската лексика, глаголот *готви* доживува семантичка специјализација, иако негово прво значење е ’прави, врши подготовка за нешто; подготвува‘ (ТРМЈ 2003: 365). Идентично е размислувањето на Тофоска, која зборува за „... глаголот **готви** како креативен глагол од областа на кулинарството...“ и понатаму додава „… иако ова негово значење (кулинарско – з. н.) ... се посочува како второ, во денешната употреба во современиот јазик токму тоа се наложува како прво“. Имајќи предвид дека ваквиот став е изнесен пред петнаесетина години, а го детектираме и денес, значи дека семантичката специјализација на овој глагол е прилично затврдена. Уште една потврда за ова наоѓаме и во фактот дека само глаголот *готви* (од четирите разгледувани глаголи) означува ’подготвува јадење, храна‘ без притоа да е неопходен аргумент. Така, кога ќе кажеме *Таа готви*, недвосмислено значи дека глаголското дејство со коешто таа се занимава е ’подготвување храна‘. Кога сме кај семантиката на глаголот *готви*, забележано е дека тој означува подготовка на храна со варење (ИСРМГ 1992: 347), на што се надоврзува Тофоска (2001: 140), додавајќи дека може да подразбира и процеси на подготвување храна со пржење и печење. Ние ќе сумираме дека глаголот *готви* се врзува со значењето ’подготвување храна‘ што неминовно вклучува термичка обработка без оглед дали се работи за варење, пржење или печење или некоја варијација од овие дејства, на што се темели и опонирањето на *готвената* наспроти *суровата храна* (т.е. храна што се обработува на друг начин, но со исклучување на термичкиот фактор), што посредно ќе може да се согледа и подолу, при подеталното разгледување на глаголската лексика. Всушност, овде се фокусираме на синтагмата ’подготвување храна‘ со која оперираме, а којашто иманентно ја засегнува глаголската лексика. Во врска со ова Тофоска (2001: 138) вели: „подготвувањето храна ... е сложен процес кој се состои од повеќе одделни, исто така креативни процеси кои се однесуваат на начинот на приготвување“. Имајќи ги предвид претходните ставови и надоврзувајќи се на потребата од екстралингвистички пристап, особено кога се работи за сфери од секојдневниот живот и егзистенцијата, ние се определивме за семантичкиот

аспект при разгледувањето на глаголската лексика при подготвувањето храна тргнувајќи од факторот топлина.

Маркова (2011: 77), бугарски етнолог, во монографијата посветена на храната од културолошки аспект истакнува дека секоја храна што човекот ја јаде е обработена на некаков начин, односно практично е „окултурена“, односно култивирана, а восприемањето на храната во голем степен зависи од кулинарската технологија, којашто има длабоки корени во некогашната ритуалност. Значи, храната е обработена на некаков начин, до определен степен и преку различни постапки и процеси, па останува да се одговори на прашањето, како на тие процеси на подготвување храна да им се пристапи во систем, како на постапки што се поврзани, последователни, а за нас што е од особена важност, и отсликани на јазичен план. Кога се зборува за кулинарската технологија, значењето на огнот, во историско-еволуциска и во културна смисла, се сопоставува со факторот топлина, стожерен момент и појдовна точка што конечно ги изделува трите вида кулинарска обработка (Маркова 2011: 126). Маркова разликува три поголеми аспекти во рамките на кулинарската технологија: обработка на храната со отсуство или со минимално учество на термичкиот фактор, термичка обработка со крајните степени, на висока и на ниска температура, и термичка обработка во која факторот температура се врзува со температурата на човечкото тело (2011: 127). Ваквиот културолошки и етнографски пристап нам ни послужи за семантичка класификација од лингвистички аспект, па процесите при подготвувањето храна, односно глаголите што се јазичен одраз на тие процеси, ги групиравме според видот и учеството на топлинскиот фактор. При разгледувањето на глаголската лексика, најпрвин, се изделуваат три големи групи глаголи што ги дефинираат, именуваат процесите при подготвувањето храна, но истовремено, исто така диференцираат и бројни подгрупи што се однесуваат на специјализирани постапки (и процеси) при готвењето.

I. Глаголи што се однесуваат на преттоплинска (бестоплинска) обработка на суровините. При ваквиот начин на обработка на храната факторот температура целосно отсуствува или пак учествува незначително, маргинално. Но, и во рамките на ваквата обработка може да се изделат подгрупи што носат заедничка специфична семантика.

I. 1. Во првата група глаголи влегуваат: *мие*, *чисти* како подготвителни дејства при подготвување храна, коишто прејавуваат разлики кај различните видови суровини (овошје/зеленчук : месо).

I. 2. Втората група ја сочинуваат глаголи што означуваат механичка обработка на храна, постапка што може да се остварува на два начина:

I. 2. а) Механичка обработка на храната, односно на суровините без употреба на инструмент, орудие, што имплицитно подразбира единствено учество на рацете: *дере*, *дроби*, *кине*, *крши*, *рони*, *ситни*, *трие*, *троши*. И тука може да се јави изнијансирана семантика (*дроби* ’ситни‘ сирење (со рацете), но и *дроби* ’сече во нееднакви парчиња‘ кромид, на пр., што веќе влегува во рамките на I. 2. б)).

I. 2. б) Механичка обработка на храната со помош на инструмент (нож, виљушка, игла, ренде, толчник, машина за мелење, кујнски чекан): *бод(н)е, гмечи, длаби, коле, лӯпи, меле, ниже, п̄асира, реже, ренда, сече, т̄олчи, т̄раншира, фашира, чука*.

I. 3. Глаголи што се однесуваат на додавање на нешто, во мала количина, во содржината со што се придонесува за промена на вкусот на храната: *бибери, блажи, зачини, кваси, (за)кисели, маринира, саламури, соли*.

I. 4. Глаголи што се поврзуваат со постапки со кои повеќе разнородни состојки се доведуваат до еднолична маса на различен начин и до различен степен*: бие, блендира, ма̄пи, меша, миксира*.

I. 5. Постапки со кои се нанесува нешто во мала мера нерамномерно или во тенок слој по површината: *брашни, валка, мачка, мрси, обложи, ороси, п̄анира, п̄осипе, п̄релева, п̄рска*.

I. 6. Глаголи што се однесуваат на постапки поврзани исклучиво со изработка и обликување на тесто. Овде на прво место е глаголот *меси* со поопшта семантика ’прави тесто‘, а потоа глаголите *влече, т̄егне, сука* со значење ’прави, развива кора‘, и тоа кај *т̄егне* и *влече* изнијансираното значење е ’прави, развива кора со раце‘, а кај *сука* ’прави, развива кора со сукало‘, како процеси што се последователни на процесот на месење.

I. 7. Постапки на обликување, формирање на суровини во специфична еластична конзистенција што дозволуваат да се обликуваат (листен зеленчук, тесто, месна смеса или смеса за десерти): *вит̄ка, мо̄та, п̄леска, ролува*.

I. 8. Постапки на бестоплинска обработка со исполнување, распоредување, вметнување, јазично одразени преку глаголите: *п̄олни, филува, шт̄икува*. Глаголското дејство *п̄олни* се практикува и кај овошјето (јаболка) и кај зеленчукот (пиперки, домати, тиквички), кај рибата и месото од ситни животни (пиле) во утробата; *се филуваат̄* торти, но и современите пити, а *се шт̄икува* месото, односно тоа е постапка што подразбира ’вметнување сланина (или некој вид зеленчук) во месо со специјална алатка наменета за тоа‘.

II. Топлинска обработка на храната, односно на суровините подразбира обработка на храната во која доминира факторот температура, и тоа во две основни варијанти: како нискотоплинска обработка и како високотоплинска обработка, односно обработка на високи температури.

II. 1. Нискотоплинска обработка на храната подразбира обработка на храната, генерално, на ниска температура, но, и тука можат да се изделат две подгрупи во однос на тоа на точно која температура се вршат определени кулинарски постапки.

II. 1. а) Нискотоплинска обработка на храната, односно на суровините на температура околу 0 ºC или под 0 ºC се реализира преку кулинарските постапки: *лади* и *мрзне/смрзне*, со кои се одржува свежината на овошјето, зеленчукот и месото (на пократок рок) или пак се одложува користењето на суровините (на подолг рок) со смрзнување.

II. 1. б) Нискотоплинска обработка на храната што се врши на температура од околу 50 ºC до (околу) 100 ºC со кулинарски постапки

претставени преку глаголите: *дими*, *суши*, *чади*. *Дими* и *чади* (синонимни глаголи) именуваат постапка на изложување (на месо) на слаб извор на топлина (жар во пепел, на пр.), при што се ослободува чад, кој истовремено со термичката обработка (од неколку дена до неколку месеци) им придава специфична, пријатна арома на месните преработки.

Постапката сушење се среќава кај овошјето, зеленчукот, тестените производи, месото. Во нашата традиција е познато сушењето на сливи, кајсии, јаболка, потоа на пиперки, домати, како и на зачински и лековити билки. Лукот и кромидот се сушеле на суво, провевливо место, исплетени во венци. Традиционалните тестени производи кори/јуфки и тарана исто така се подложувале на сушење и станувале погодни за одложена употреба и до неколку месеци. Сушењето на месото како постапка на нискотоплинска обработка се практикувало по постапката на солење, по што отстојувало подолг период на суво, провевливо место (пастрма).

II. 2. Високотоплинска обработка на храната подразбира обработување на храната со изложување на висока температура од над 100 °C, при што се разликуваат различни процеси претставени со глаголите: *бари*, *вари*, *врие*, *динсшa*, *души*, *пече*, *похува*, *пржи*, *шопи*. Во основата на високотоплинската термичка обработка лежат три процеси именувани со глаголите: *вари*, *пржи* и *пече*, додека другите наведени глаголи во низата се нивни варијации и/или комбинации на трите основни процеси.

Вари подразбира термичка обработка со ’изложување на некоја суровина на висока температура во вода‘. Се вари зеленчукот, јадењата од брашно, месото, млекото и млечните производи, но и овошјето при неговата конзервација. Глаголот *бари* значи ’кратко вари (најчесто во солена вода)‘ и претставува високотоплинска обработка како подготвителна постапка за понатамошни други начини на обработка на храната. Глаголот *врие* има малку потесна семантика и значи ’интензивно мешање на слоеви на некоја течност под дејство на висока температура‘. Процесот на варење содржи во определен степен заокруженост на дејството што се постигнува со сварување на состојката, суровината што се вари (зеленчук, месо, млеко), додека кај *врие* процесот е траен, без момент на заокруженост. За семантичката дистинкција на глаголите *врие* и *вари* зборува и следниот пример: *Зелјето се исчисшува, се сшушша во вода шшо врие и се вари 4 минуши* (СГ 1967: 185).

Пржи значи ’подготвува храна во маснотија на висока температура‘, постапка применлива кај јадењата од тесто (тиганици, питулици, мекици), но и кај зеленчукот и месото. Близок по значење е глаголот *похува*, кој означува ’пржи во маснотија по претходно обложување со јајца, брашно и/или лебни трошки‘, односно панирање, за што зборувавме во точка I. 5. Глаголот *шопи* означува ’претворање, преминување на маснотија од полуцврста во течна состојба‘, постапка применлива кај животинските маснотии (сланина, маст, путер), а во поново време и кај други индустриски производи (чоколадо).

Глаголската лексема *пече* означува ’изложува на топол воздух со минимум маснотија‘. Процесот може да се врши со директно изложување на извор на топлина (на жар, на скара) или пак во сад (под вршник, во рерна).

Специфичен начин на високотоплинска обработка се означува со глаголот *души*, постапка што била применувана кога било потребно повеќе време за подготовка со значење ’изложува на висока температура со наполно затворање, т.е. оневозможување на проток на воздух‘. Наполното затворање се остварувало со обложување на рабовите на капакот од садот со тесто, додека денес најблиску до оваа кулинарска постапка е готвењето во експрес-лонец.

Процесот на високотоплинска обработка на храната што е меѓу пржењето и варењето е процесот *динста*. Оваа постапка подразбира ’подготвува храна со малку вода и малку маснотија при изложеност на умерено висока температура во затворен сад‘ и се карактеризира со продолжено времетраење.

III. Обработка на храната со топлина што се доближува до степенот на топлината на здравото човечко тело (од околу 25 ºC (собна температура), па до 37 ºC), при што се случуваат хемиски процеси што би можеле да се подведат под општиот назив *ферментација*. Глаголот *ферментира*, од интернационално потекло, е затврден во македонскиот јазик како глагол со општа семантика што го покрива и едно од значењата на глаголот врие. Во македонскиот јазик во врска со овој процес се среќаваат глаголски лексеми што означуваат повеќе традиционални постапки во зависност од видот на суровините врз кои се применува (тесто, овошје, зеленчук, млеко).

III. а) Глаголските лексеми што се јавуваат при овој вид топлинска обработка на тестото се синонимите *кисне* и *стасува*. Всушност, тестото „се кисели“ со додавање на квасец, односно на домашниот квас во минатото. При хемискиот процес – ферментација, на оптимална температура, се размножуваат квасните габи, кои, ослободувајќи јаглерод диоксид, предизвикуваат зголемување на волуменот (на тестото). Овој процес започнува со месењето, најинтензивен е кога тестото се остава да кисне/стасува, а завршува со печењето, при што му дава специфичен квалитет на готовиот производ – еластичност и шупликав изглед (за разлика од тестото без квасец/пресното тесто).

III. б) Киселењето зеленчукови плодови е познат процес и во традиционалната и во современата кулинарска практика и се поврзува со глаголските лексеми: *стаса/(се) стори*, а во тесна врска со нив се и глаголите *вее/превејува*. Познато е ставањето зелка во туршија, при што таа се реди со сол и се прелива со вода, по што се остава да ферментира, т.е. да стаса. Процесот на стасување, односно на ферментирање се остварува на малку пониски температури (на отворено), а се потсилува ако пресолот се меша, односно *се вее (се превејува)/се точи (се преточува)*. На процес на ферментација се подложуваат и други зеленчукови плодови: пиперки, зелени домати, моркови, краставички, карфиол итн. – живата туршија – при што, освен сол и вода, се додава оцет, кој го потсилува процесот на киселење.

III. в) Процесот на ферментација кај млекото е претставен преку лексемите: *се кваси*, *се потквасува* (на пресното млеко му се додава потквас, односно мала количина од веќе ферментирано млеко), при што се добива кисело млеко, со погуста конзистенција и кисел вкус што реже. Кај млекото е познат уште еден процес на обработка со ферментација, претставен преку глаголските лексеми *се сири*, *се потсирува*, што како краен резултат дава млечна преработка – сирење, продукт со специфична пластична конзистенција и благокиселкав вкус.

III. г) Процесот на ферментација кај овошјето, како начин на негова преработка, е познат кај грозјето (и др. вид овошје), кој настанува по природен пат под дејство на овошните шеќери. Процесот на ферментација се одвива на неутрална, собна температура, со повремено мешање, при што се ослободува јаглерод диоксид, што потсетува на вриење. Оттаму, процесот се именува како *врие/преврива* (односно комината врие/преврива), т.е. ферментира, а како краен продукт се добива нископроцентен алкохолен пијалак со трпок вкус – вино. Со процес на ферментација се добива безалкохолен пијалак од пченкарно брашно и други додатоци, боза, а исто така и пиво, при што се користи пивоквас.

Нашата анализа ќе ја завршиме овде, што секако не значи дека овој пристап е апсолутно сеопфатен, и се разбира дека би можело да се нурне уште подлабоко и подетално во семантичкиот пристап што го понудивме.

На крајот, како заклучок што сам по себе се наметнува е богатата семантика што се однесува на процесите на подготвување храна, што е во корелација, особено, со традиционалната, но и со современата кулинарска практика. Оттаму и богатството на глаголски лексеми што се однесуваат на процесите и постапките поврзани со храната, од најопштите до најспецифичните. Секако, неодминлив е фактот дека во тоа лексичко богатство свое место има и домашната и туѓата лексика. Во најголем дел, превладуваат домашните лексеми. Со навлегувањето на нови постапки на подготовка на храната и, особено, со навлегувањето на нови алатки во кулинарството, забележливо е присуството и на туѓа лексика.

Литература

ИСРМГ: *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи*, том I (А – Ж), 1992, том IV (П), 2000, Бл. Корубин (редактор), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Маркова, М. 2011: *Храна и хранене: между природа и култура*, Академично издателство „Проф. Марин Дринов“, София.

СГ: *Современ готвач*, 1967, Издавачки завод Југославија, Белград и НИП Нова Македонија, Скопје.

Тофоска, Ст. Ст. 2001: „За еден тип креативни глаголи“, *Зборник на трудови од собиротт „Македонскиот глагол – синхронија и дијахронија“*, едиција Јазикот наш денешен, книга 4, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 134–142.

ТРМЈ: *Толковен речник на македонскиот јазик* I–VI, 2003–2014, Сн. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски (редакција), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Summary

Vocabulary from the field of food is a blended thematic field built into the general lexicon, systematically possessing both intertwined and cause and effect relationships to extralinguistic reality. Food preparation as a sector, encompasses a number of measures relating to the manner, duration, scope of certain types of raw ingredients, and many other processes part of culinary technology, which are linguistically defined and reflected in the verbal lexicon. In the semantic approach to the verbal lexicon, we begin with the element of heat as the epicentre, whose role can be compared to the role of fire in the historical-evolutionary and cultural sense. There are three major groups of verbs that relate to: the preparation of food without the addition of heat, the preparation of food with different degrees of heat, and the preparation of food at normal human body temperature or using fermentation. These three groups of verbs are further subdivided into numerous subgroups, to describe different culinary procedures, from general to more specific methods. The research conducted demonstrates the abundance of vocabulary relevant to food preparation, primarily domestic, yet with the influence of foreign vocabulary in the Macedonian language.

821.163.3.09Конески,Б. (049.3)

ПРЕКУ ИЗВОРИТЕ ЗЕМСКИ ДО ОКРУЖИЕТО, ДО БЛАЖЕ КОНЕСКИ И ПОНАТАМУ...

(проф. д-р Димитар Пандев, „Окружието на Конески“, Македонски збор, книга петта, Скопје 2019)

Неодамна излезе од печат петтата книга од едицијата Македонски збор, од Фондацијата за македонски јазик Небрегово, од проф. Димитар Пандев со наслов „Окружието на Конески“. Пред сè, пред да се осврнам на сето она што сакам да го претставам, наместо вовед овде ја прикажуваме скицата што може да го побуди интересот на читателите да го избегнат клишето на обични читачи и да станат дел од ‘окружието’ еден дел кон кој се стремевме генерации да бидеме присутни, блиску, очевидци на сето она што го опфаќаше Конески и сè што водеше од, во или до него.

Таа скица може да се започне со Авторовата белешка во која ќе напише Димитар Пандев *„Окружието на Конески“ е работена на фоном на целокупното дело на Конески, на фоном на литературата за Конески, како и на македонистиката и општата лингвистика која кореспондира со творештвото на Конески.* Опусот на Блаже Конески е голем и сестран, кога станува збор за македонистиката ги задира речиси сите области: јазик, литература, фолклор, историја, култура..., но и други љубопитства што сведочат дека интересот кон некое прашање побарувал сеопфатност, трпение, навраќање кон изворите земни и кон манастирот на скришно место – онаму каде што лежат одговорите на сите прашања. Но, обично со отворањето на едно прашање се отвораат многу повеќе, а упатството е да се држиме до патот, а патеките да им ги оставиме на другите, колку само да се потврди дека се води кон една цел – да се стигне до срцевината, до изворот и повторно да се враќаме по ознаките што сме ги оставиле. Дел од тие прашања што си очекуваа време и простор ги среќаваме во оваа книга, во вид на строго научно елаборирани одговори, но и тие развиваат делови што повторно ќе нè навраќаат и тоа не е движење во круг, туку систем во кој се создава окружието.

Скицата на Окружието може да се претстави вака, текст од 248 страници, автор Димитар Пандев, издавач Фондацијата за македонски јазик Небрегово, за издавачот Трајко Стаматоски, претседател на Фондацијата; уредник Атанас Конески, рецензенти Живко Цветковски и Максим Каранфиловски, печатено во Бомат-графикс, корица Бојан Средоевиќ.

Авторот дел по дел ја гради врската што наликува на лавиринт со јасни патокази, како да се движиме, како преку различни патишта да стигнеме до она

што ги поврзува сите во таа мрежа од ликови, настани, дела, пораки. Сето тоа ги поврзува сите во денешното време и уште еднаш сведочи за безвременското кај Конески, во препознавањето преку мислата, преку зборот, преку идеите, преку поривот што нѐ води низ простори омеѓени со премини кои се имагинарни и преминувањето од еден дел во друг е незабележителен, се движи преку зборот кој добива ново значење и се спојува со нови зборови и форми кои го опишуваат новото што и воопшто не е ново, туку е вградено одамна, почнувајќи од зборот окружие и многу други што се карактеристика на авторот.

Наместо вовед – Пандев ја избира пораката како насока за читателите определувајќи ја оската Конески меѓу претходниците и следбениците. Таа порака е едноставна, проста, но строга, сосема разбирлива за сите како што зборуваше Конески, како што живееше Конески, со умислата дека секогаш има од секого да се научи нешто. Тогаш учителот станува ученик и воопшто не се грижи за авторитетот и за сопствената големина, ако е големина – сето друго по неа треба да се мери и да се премерува.

Врската преку книгата, дозволата да се прошетаме низ лавиринтите на мислата, она што го поврзува перципиентот, она што ги отвора патиштата, што го гради мозаикот на нешто што на една матрица ќе се преслика друга и кога палимпсестот ќе се отчита е тогаш ќе се разбере пораката. Тој процес не е едноставен, можеби е најсовршениот систем во кој од сложеното се открива едноставното, се открива вистината за опстојувањето како мрежно поврзување, кога од фуснотата извира делото, а од делото се создава нова насока која може да биде пресоздавање. Тој процес кога зборот ќе си најде ново место, во друга димензија, ќе открива процес на десемантизација. Токму тоа може да се прочита во празните места меѓу редовите на овој труд, во ненапишаните што очекуваат од нас да ги откриеме според сопствениот одраз.

Книгата е поставена преку осум делови низ кои се гради окружието од 256 имиња што на некој начин се поврзани со Конески и за кои авторот смета дека се само дел од онаа релација што е отворен систем, таков систем што продуцира нови имиња со секое читање и препрочитување. Така доаѓаме до 33 текста (случајно или намерно) без деловите наместо вовед и наместо поговор. Ако ни асоцира нешто на размислувањата дека нема да сме во можност да определиме кој кого го избира (авторот темите или темите авторот) останува да ја толкуваме пораката дека преку изборот се гради интересот, а преку интересот се формира и окружието.

Текстовите вградени во оваа книга се пишувани етапно според определени потреби и како резултат на различни согледувања. Некои од нив претставуваат долгогодишни истражувања врз определена тема. Но, опфатите при нивната класификација се направени според определен редослед во рамки на определена спирала со временски и просторен зафат. Таа спирала се состои од вградени делови на цврста оска која го придвижува посебното кон општото, формата и изразот и зборот кон изворот за да се направи соодветен избор,

создавајќи имагинација дека сè се одвива во наше присуство, тука, на овој простор, преку личности кои се постојано со нас, нè водат низ длабоката шума преку светлината на зборот.

Пандев започнува со три текста во вид на слова: Слово за Мисирков, Слово за Рацин и Слово за Конески (*Првиот опфат I КОНЕСКИ ВО ПОРЕДИЦАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОНСТАНТИ НА XX ВЕК* (*3 текста*) – *Слово за Мисирков или: Сроти матицата во нацијата и кодификацијата на јазикот. – Слово за Кочо Рацин или: Скица за погледот на Рацин врз широкото платно на македонската културна историја. – Скица за Слово за Конески на фонот на Мисирков и Рацин*), сместувајќи го Конески на врвот во поредицата на македонските константи на XX век. Целта е да се претстави моќта на Блаже Конески да го избере она што е јадро на секоја порака од претходниците и таа поврзаност се должи на она што го има напишано и Конески за Мисирков и Рацин.

Вториот дел е составен од еден текст каде што Пандев го поставува Конески во рамките на светската лингвистика и славистика. (*II КОНЕСКИ ВО ПОРЕДИЦАТА НА СВЕТСКАТА ЛИНГВИСТИКА И СЛАВИСТИКА* (*1 текст*) – *Маѓепната квадратура на Конескиот круг: Хумболд – Јакобсон – Селишчев – Конески: Јазикотворечка личност – Преточување на форми – Јазична санкција – Стилска синтеза: Проста и строга македонска песна*). Сето она што можело да го поттикне Конески да ги вгради истражувањата од искуствата од светски лингвисти и слависти и да го примени во сопствените истражувања и творештво многу умешно е претставено во овој дел. Како и што ќе нагласи Пандев дека Конески го доживеал сето тоа во еден здив. Како лингвист и литерат. Како поет и раскажувач. Просто и едноставно, го вградил сето тоа во својот поетски свет, а со тоа го разбранувал и го раздвижил во системот на македонскиот јазик. Преку теориите и на Хумболд и на Јакобсон и на Селишчев, во митот за јазикот како единствена целосна татковина. Но, за тоа не е потребно само знаење, туку и умеење, нешто што не може секој да го поседува, за среќа ние ја имавме таа личност (Блаже Конески) кој несебично се посвети на истражувањата за, на и околу македонскиот јазик, успевајќи да ја крене македонската лингвистика на едно повисоко ниво.

Сосема природно како трет дел се јавуваат 2 текста посветени на кодификацијата на македонскиот јазик и околу македонската универзитетска филологија (*III КУЛТУРНИТЕ АКЦИИ НА КОНЕСКИ* (*2 текста*) – *Кодификацијата на македонскиот јазик. – Вовед во македонската универзитетска филологија*). Пишувајќи за кодификацијата и за сето она што значи нова насока на македонскиот јазик врз корените поставени многу одамна Пандев ја определува улогата на Конески, што денеска од дистанција можеме

да ја согледаме, да застанеме пред тој добро одбран и мудар чин како насока за она што го имаме ние денеска

Професорот Конески во различни пригоди знаеше да каже дека меѓу лингвистите и литератите македонисти се чувствува меѓу своите и дека во сето ова што го работи во македонистиката никогаш не се чувствувал сам. Еден дел од оваа книга се слова кои ги има посветено Пандев на соработниците на Конески. *(IV СЛОВА ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ НА КОНЕСКИ – Воведно слово: Конески меѓу своите. – Слово за Крум Тошев или: одбележувањето јубилеи во македонската научна средина. – Слово за Васо Томановиќ на фонот на скопската и на светската лингвистика. – Лингвистичкиот профил на првата генерација дипломирани македонисти. – Слово за професорот Божидар Видоески. – Лингвистичкиот профил на Радмила Угринова-Скаловска. – Слово за Трајко Стаматоски во македонскиот јазик. – Лингвистичкиот профил на Оливера Јашар-Настева. – Слово за Благоја Корубин или: социолингвистичкиот пристап во историјата на македонскиот јазик. – Слово за стилистиката на Ружа Паноска на фонот на Граматиката на Конески*). Станува збор за Крум Тошев, Васо Томановиќ, Божидар Видоески, Радмила Угринова-Скаловска, Трајко Стаматоски, Оливера Јашар-Настева, Благоја Корубин и Ружа Паноска.

Пандев посветува и цел еден дел на сомислениците на Конески во литературата и културната историја од 9 текста, каде што ја воспоставува врската меѓу Конески и Поленаковиќ, Митрев, Старделов, Гане Тодоровски, Блаже Ристовски, Цветан Грозданов, Вера Антиќ, Вангелов за да го заокружи овој дел на критички согледби со Атанас Конески и Вдахновенијата. (*V СЛОВА ЗА СОМИСЛЕНИЦИТЕ НА КОНЕСКИ ВО ЛИТЕРАТУРАТА И КУЛТУРНАТА ИСТОРИЈА* (9 *текста*) – *Слово за луцидното кај Конески и Поленаковиќ на фонот на Димитар Митрев. – Слово за антологиското кај Конески и Митрев. – Слово за естетското кај Конески и Старделов, или: Скица за периодизација на македонската култура според личности – епохи. – Слово за Гане Тодоровски или: Скица за портрет на Гане Тодоровски преку седум навраќања врз широкото платно на македонската национална семиосфера. – Слово за Блаже Ристовски или: културната историја како предизвик. – Слово за Цветан Грозданов или: на фонот на седмочисленичкиот творечки дух. – Слово за Вера Антиќ или: за фатиката во науката. – Тријадата: Јакобсон – Конески – Вангелов – Загледи во филолошко-семиотичкиот круг на Атанасконеските „Вдахновенија“*). Тука кај вдахновенијата ќе го издвојам ставот на Димитар Пандев кон ова дело дека дел од читателите се во самата книга, а нивниот број се наголемува со секое наредно издание, каде што трајноста на пораките е во нивното преточување од една во друга форма, како цивилизациска и културна опстојба. Така се раѓаат приказните од настаните кои се јавуваат ненадејно и од кои се создаваат ненапишаните приказни и од кои се создаваат насоките каде сè допира Блаже Конески, колку неговата мисла создала простор за нови созданија.

Потоа повторно Пандев се навраќа на две личности, туѓи, а наши, кои ја задолжија македонистиката со своите ставови и поддршка кон сето она што ја издвојува и обележува македонската лингвистика и литература. Станува збор за Рина Усикова и Нуло Миниси. (*VI СЛОВА ЗА СТРАНСКИТЕ ПОЧИТУВАЧИ НА КОНЕСКИ. Слово за Рина Усикова. – Слово за Нуло Миниси или: На маргините на „Блаже Конески – поет и граматичар“*).

Дел од книгата од пет текста се трудови пто се наедно тесна специјалност на авторот. (*VII ПОТТИКОТ НА КОНЕСКИ ВО МАКЕДОНИСТИКАТА – Старите текстови и историјата на македонскиот јазик. – Македонското книжевно наследство во македонската наука за јазикот. – Панорамски поглед врз историскодијалектолошкиот, но и врз други сродни пристапи во проучувањето на македонскиот јазик. – Примената на јазичните теории од Прашката школа во македонската лингвистика. – Историја на јазикот VS историска социолингвистика*). Минувајќи низ овие текстови се навратив на една мисла од Владимир Набоков дека „Постоењето е серија од фусноти во едно големо, непознато и недовршено ремек дело“ дека сè во некој момент се сведува на тоа кој кого ќе го претвори во своја фуснота и дека во овој свет сите сме подвижни текстови, чекориме по светот со невидливи копии залепени на нас, на својата кожа носиме биографии на други луѓе за кои притоа не знаеме ништо. Оттаму Набоков имал право кога рекол дека сите ние сме делчиња од мегатекст и во еден момент создаваме текстови врз кои други ќе градат свои замисли и форми, притоа ги прераскажуваме со други зборови нашите сознанија за некој друг да ги пресоздаде.

Примената на различни теории врз македонскиот јазик само ја покажуваат различноста и посебноста преку историскодијалектолошкиот панорамски преглед.

Како осми дел авторот повторно не враќа кон јадрото кон центарот на окружието (*VIII АПОКРИФНИ СЛОВА. Конески во своите окружија* (*Небрешка легенда*) *или: Вовед во нанологија за Конески*). Со ова патување од свети Климент Охридски до Блаже Конески и понатаму кон овие текстови создавани дел по дел се гради целата слика, бидејќи како што ќе нагласи Пандев дека „од школата на Конески излеговме сите ние – македонистите и македонските писатели. И не ги избирал Блаже Конески своите работни должности, туку тие го избирале него, бидејќи сè, сакале ние или не, се одвива според Божјата промисла – најтешките задачи да им се даваат на најсилните војници, па оттаму доаѓа и неговата пресудна улога во конечното оформување на јазичната слика на македонското писмо и правопис.“ Оттаму произлегуваат многу текстови инспирирани од делото на Конески, бидејќи секое ново препрочитување сведочи за една строга научна поставеност, посветеност, но и

едноставност, разбирливост. Наша обврска е да се потсетуваме на нив! Како нешто што е многу важно и не смее да се заборави. Така дел по дел се создаваа дела и доаѓаа содружници и сопатници што го создаваат окружието на професорот Конески, некои од нив што не се во оваа книга споменати се родени по Конески, но преку книгите, пораките, мислите го запознале и го имаат како свој. Како што ќе истакне Пандев, Конески ги оформи своите окружија: Друштвото на писателите на Македонија, Катедрата за македонски јазик во состав на Филозофскиот факултет и на Универзитетот; ја вклучи македонската лингвистика во престижни институции: Меѓународниот славистички комитет; активно учествува во одбележувањето на сите значајни настани од македонската културна историја; концепциски ја осмисли Академијата. Никогаш сам, туку секогаш во окружие со најзначајните личности од своето време, од кај нас и од светот. Но, тука не завршува приказната, затоа што многумина млади по мислата се препознаа и влегоа во еден нов круг.

Си дозволувам овде и една мала трансформација од еден дел од книгата. Преку начинот на кој зборува Пандев и како пишува и како треба да го читаме како порака за однапред кога ќе имате можност во тишина да дружите со неа, со текстовите за кои мислев дека се неповторливи при јавните настапи, не само затоа што јас ги доживував така туку затоа што сите што присуствуваа при презентирањето на Димитар Пандев сметаа дека се неповторливи (и дека им треба голема храброст и умешност на оние што ќе настапат по него).

„Книгава не би била тоа што е да не бил стимулот од испраќачите на поканите, зад кои стојат еминентни организациски одбори, за учество на македонистички симпозиуми и други научни средби од нашите врвни научни институции и, бездруго, репликата од нивниот примач, независно од моментното расположение, кое познавајќи го авторот, ништо, па ни тоа, ниту пак мрежата од односи и врски, не може да го поколебаат кога е во прашање македонството и особено можноста, од една страна, да се проговори и желбата, од другата, да се чуе збор повеќе за личноста и дејноста на Блаже Конески и за неговото време.“ Ова Пандев го напиша за Стаматоски кој меѓу лингвистите најсуштествено го опсервира делото на Конески, но кога зборуваме за другите многу повеќе кажуваме за себеси, еве преку книгава важи тоа и за Димитар Пандев, затоа што досега не најдов толку умешно поврзување на Конески со сето она што го сторил Пандев во оваа книга, секако создавана етапно и при секој дел да се поврзе со центарот, со изворот, како што се дадени пораките на крајот од деловите, пораки што биле ориентирот во создавањето на одделните теми. И на крајот уште еднаш наместо поговор „вкратце“ за окружието на Конески треба да се спомене дека сите ние, учениците на Конески и ученици на неговите ученици, презедовме по нешто што наедно ни овозможува да бидеме дел од окружието.

Денес нам ни е дадена можеби најтешката задача, бидејќи наша е сегашноста, а треба да си го чуваме минатото и да создадеме иднина во која ќе биде вградено сето она што ни го порачуваат претходниците што беа

следбеници на големото дело. Колку има од нивните пораки што се вградени во основната: ова треба да се памети, ова не смее да се заборави, ова е многу важно. Ние во себе го носиме скапоцениот камен, тој е вграден во меморијата на течноста, од него и да сакаме не можеме да се отргнеме затоа што постојано ќе се навраќаме (свесно или несвесно) и со секое ново паѓање ќе се издигнеме уште повисоко затоа што зборот е свет и тој не може да се избрише (ништо не може ниту да му се одземе ниту да му се додаде), само може да помислиме дека сме сториле нешто ново, сме откриле некоја тајна, а тоа си постоело и ќе си постои. Во магијата на метафората се сите скриени значења, кога ќе се стаи водата, во бистрината ќе ни се открие клучот на пораката, а таа е едноставна и јасна, не треба многу да се мисли, треба да се создава, да се пишува иако само ненапишаните книги не можат да бидат уништени, обезвреднети и критикувани, а нив ги има уште и не треба зад себичноста да ги чуваме за себе. Токму затоа треба да се чита и да се препрочитува оваа книга за да се прими во себе пораката што ни ја остави професорот Конески да се грижиме за македонскиот јазик затоа што тој е нашето најголемо богатство што сме го наследиле како аманет.

Снежана Веновска-Антевска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, venovskas@yahoo.com

811.163.3(049.3)
821.163.3(049.3)
930.85(497.7)
(049.3)

ПРИЛОЗИ ЗА МАКЕДОНСТВОТО

(проф. д-р Васил Дрвошанов: Автори и дела VI, Бата прес, Скопје, 2019)

Идејата на познатиот македонист проф. д-р Васил Дрвошанов да ги собере на едно место трудовите на низа ценети и вредни научници и македонисти е навистина многу благородна. На тој начин, на сите ни го олеснува пристапот до тие значајни дела и ги прави достапни и за пошироката јавност преку нивната опсежна анализа. Оваа, може да се каже веќе едиција, дојде и до шестата книга во која се претставени трудовите на Олга Иванова, Драги Стефанија, Стојан Ристески и Милован Стефановски.

Во почетокот на оваа вредна книга за македонистиката е делото *Студии од ономастиката и дијалектологијата* на познатата ономастичарка Олга Иванова, а издадено во Скопје, од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во 2016 година. Како што напоменува проф. д-р Дрвошанов, „таа е првиот научен истражувач во нашава земја, кој се стекна со титулата доктор по филолошки науки од областа македонска ономастика.“ Иванова е авторка на првиот *Чешко-македонски разговорник* во македонската применета лингвистика, на првиот обратен речник на топоними објавен кај нас *Обратен речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*, на првиот *Обратен речник на презимињата кај Македонците*, потоа на *Месните имиња на областа по сливот на Брегалница*, *Исчезнатите месни имиња во областа по сливот на Брегалница*, *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница, Македонски антропомастикон* (*XV – XVI век*), *Речник на имињата на населените места во Р Македонија* (*б, ѓ, е, ј, н, р, т, ќ, у, ф, х, џ, ш*), *Студии од топонимијата и антропонимијата* и со колективниот труд *Речник на презимињата кај Македонците*.

Делото *Студии од ономастиката и дијалектологијата* содржи вкупно 270 страници, поделено во две целости: „Ономастика“ и „Дијалектологија“, на кои им претходи Предговор. На крајот има Список на скратеници: 1. Јазици и дијалекти, и 2. Други скратеници и знаци.

Ова дело е всушност „пресек на нејзиниот целокупен творечки развој“, како што вели проф. д-р Дрвошанов, почнувајќи од 1967 до 2016 година.

Вториот анализиран труд е *Македонистички погледи* на Драги Стефанија, издаден во Охрид, од НУ Завод и Музеј, во 2016 година.

Проф. Стефанија направил селекција од своите повеќедецениски истражувања распоредувајќи ги во шест поглавја: „Придружни делови од книги“, „Статии и студии“, распоредении во два дела – „Јазично секојдневие“ и „Македонска лингвистика“, „Македонско-словенечки јазични и книжевни

врски“, „Полемики“, „Разни теми: книжевност, историја, фолклор, митови“ и „Научно-популарни сведоштва“. Ним им претходат: „Предговор“ од академик Цветан Грозданов, прилогот „Кон моите македонистички погледи во изборов“ од авторот и посветата – На моите 7 внуци: Свит, Вита, Маруша, Сара, Алекс, Софија и Клемен. Делото е заокружено со „Биографија на проф. д-р Драги Стефанија“ и „Библиографија“ од 252 библиографски единици.

Третиот анализиран труд е *Промовирања* од д-р Стојан Ристески, објавен во Струга, од ИРИС во 2016 година.

Циклусот „Промовирања“ содржи 22 прилога. Како што вели проф. д-р Дрвошанов, „делото ја потврдува постојаната присутност на проф. д-р Стојан Ристески во јавниот живот со свои искажувања за актуелни настани и личности, главно, од областа на книжевноста и историјата, првенствено, од охридско-струшкиот регион, но и пошироко за прашања што се однесуваат на теми за македонската опстојба и простумење.“

Четвртата разгледана книга е исто така од авторот д-р Стојан Ристески со наслов *Чудата на свети Еразмо* (Второ /дополнето/ издание. Струга: ИРИС, 2017)

Со монографијата *Чудата на Свети Еразмо* проф. д-р Стојан Ристески потврдува дека македонскиот народ до денешни дни го зачувал во својата меморија чудотворецот Св. Еразмо, кој оставил неизбришлива трага и бил еден од првите втемелувачи на христијанството на овие простори, заедно со чудотворците Св. Климент и Св. Наум.

На крајот, се анализира стихозбирката *Суд пред бескрајот* на македонскиот поет Милован Стефановски. Како што вели проф. д-р Дрвошанов, „поетот длабоко нурнал во минатото на човештвото, но сосема е видливо дека во центарот на неговиот пев се човекот и пределите од македонската земја, односно народот македонски, кој низа векови опстојува(л) и простуми на овие простори под ова ширно небо.“

Стихозбирката има 30 песни, распоредени по десет песни во три циклуси: 1. „Залутан брод во познати води“, 2. „Мозаик од планини и реки“ и 3. „Солзата ја суши вселенски пожар“.

По анализата, проф. д-р Дрвошанов заклучува: „може да се рече дека книгата *Суд пред бескрајот* од самиот наслов до завршниот стих претставува големо метафорично платно. Поетот длабоко нурнал во минатото на човештвото, но сосема е видливо дека во центарот на неговиот пев се човекот и пределите од македонската земја, односно народот македонски, кој низа векови опстојува(л) и простуми на овие простори под ова ширно небо.“

Авторот на шестата книга *Автори и дела*, проф. д-р Васил Дрвошанов, прави навистина мошне значаен придонес за зачувувањето и промовирањето на делата на наши истакнати македонисти и дејци. Со опширната анализа на овие дела, тој ни ги приближува и нè потсетува на овие истакнати научници, но и на еден поет, на кои центарот на нивниот креативен и научен пристап им е *македонството*, како што вели авторот во својот Предговор – „Под признакот **македонство** ги подразбираме позитивните духовни и интелектуални

карактеристики на благородниот Македонец. Токму тој признак е предизвикот да се подложи на критичко набљудување секое од делата со цел да се афирмираат пораките што тие ги носат до сегашните и до идните поколенија.“

Од сето изнесено, може да се заклучи дека книгата *Автори и дела* заслужува да се најде во редот на значајните македонистички дела, зашто како што македонството е заедничка нишка на анализираните автори во оваа и на другите веќе објавени книги од оваа едиција, така е и заедничка нишка на целокупната досегашна научна и книжевна активност на проф. д-р Васил Дрвошанов.

Симона Груевска-Маџоска[1]

[1]Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, simonagrum@yahoo.com

811.163.1'373.611:[091:003.349.8

СЛОВО ЗА СЛОЖЕНКИТЕ
Весна Костовска, „Сложенките во македонските црковнословенски текстови“, Скопје 2018

Една од трите основни, прифатена и од Де Сосир, дефиниции за јазикот, имено дека јазикот е трезор, т.е. ризница, бездруго, е најдолгоодржаната во филолошко-лингвистичките академско-универзитетски спротивставувања. Зашто, севременска е! Му била позната таа и на патронот на овој дом на македонскиот јазик, Крсте Мисирков, па стожерно се јавува и во „За македонцките работи“, во блескавата многузначност на неговото сфаќање дека јазикот е сокроишче, што не е ништо друго туку тезаурус или просто кажано речник. И го има оваа поставка својот извор уште во богословската и црковнословенската традиција, но и се јавува како престижна задача не само на *Одделението за историја на македонскиот јазик* туку и на *Институтот за македонски јазик* во целина: подготовка на речници во кои се собира македонското национално јазично богатство засведочено во која било форма, од најстарата врз пергамент, но и од онаа уште постарата од древнини зачуваната во умот, како неизбришлива трага на јазична свест, сознајба просветлена од дамни дамнини, културна когницијa. Самиот Сосир, кој ни за миг не се зачудувал од појавата на новите литературни јазици на прагот на XX век, а по него и Чомски, по формалнологичките странпатеки, би го нарекле тоа парадокс, некои други би го нарекле идеја, и тоа духовна, која се здобива со народнојазична форма и прераснува во национална задача. А таа задача не е ниту лесна ниту едноставна, напротив, макотрпна е и – макољубна.

Ми дојде овој збор, ете, така мимолетно, транзитивно, остромислено, или едноставно, наврапито, по освежениот прочит на една од најновите книги во едицијата ЛИНГВИСТИКА: „Сложенките во македонските црковнословенски текстови“ од Весна Костовска. Ме наведе книгава на овој благогласен збор, кој можеби сум го сомислил како македонољубна, но јазичната економија ме навела малку да го збијам по форма и да го оддалечам по содржина. Или можеби само да го сраснам! Како на времето што го правеле тоа старите херменевтичари, толкувачи или толмачи на зборот, преведувачи и приредувачи, соочени со преточување на зборови и форми од еден јазик во друг, пред најсветата задача, кога искушението прераснува во искуство: преводот на светите книги.

А токму преводот на светите книги на почвата на Македонија, имено на истата онаа почва на која не само што се зародила туку и целосно се остварила идејата за преводот на библиските текстови на македонската редакција на црковнословенскиот јазик од евангелието, па сè до нивното ренесансно-

рационалистичко толкување во дамаскинарската литература се јави како една од првите задачи на *Одделениетo за историја на македонскиот јазик* што се реализира преку „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“, иницран уште во 1958 година, тимска работа од која постепено веќе, по Индексот од 1984 година, произлегуваат воазбучени свески, но и во која се вложени голем број лични заложби, кои прераснуваат во заштитени магистерски и докторски дисертации и во бројни самостојни настапи на научни конференции. И секоја од нив си има свои специфичности.

Особено, заложбата на Весна Костовска!

Костовска се исправила пред една тешка задача: да го систематизира хаотичното, имено, да го опише и да го анализира, да го класифицира и да го компарира токму најнедофатното при преведувањето кога зборот е побрз од мислата, зашто преведувачот ја открил смислата, ја знае содржината и веќе се вживеал во повратната врска на содржината од јазикот предлошка или извор во јазикот цел, кој не е толку утока колку што е одново, според механицистичко-бихевиористичките концепции од кои ќе произлезе теоријата на информацијата – вруток, зашто е посвеж од изворот, и врело врие, како кога се кове железото, како што го откриваат тоа и старите добри македонски писатели, како што пишува пред токму два века Јоаким Крчовски на претпоследната страница од својата последна книга „Различна поучителна наставленија“ и како што продолжува Конески дека јазикот најдобро се кове во ковачницата на преведувањето, и како што од овој произлегоа не само најдобрите македонски преведувачи и приопштувачи на туѓојазичните книги на македонски јазик туку и најпрецизните лингвисти во доловувањето на смислата на текстот на сите рамништа. И сè е тоа чиста лингвистика, структурално-функционална, и се потпира врз стамена филологија, која особено ги вреднува изворите, во тој контекст и текстовите во кои првин се јавуваат определени содржини, но и иновациите, по кои ќе пека историската лингвистика во систематизацијата на историјата на словенските писмени и литературни јазици, меѓу кои по својата рана старословенска кодификација посебно место има токму македонскиот јазик, издигнат врз јазикотворечките напори на Охридската книжевна школа.

Костовска се зафатила со сложенките во македонските црковнословенски текстови, кои бездруго спаѓааат во највжештената проблематика при преведувањето, имено, со оној чин кога и самиот преведувач мисли дека доловил нешто недостижно од високите сфери на теоцентричноста, а всушност создал нешто привремено, оказионално, на кое може никој нема да му обрне вниманиие, ниту пак да го преповтори во својата рутинска практика, а секој дури и не толку строг редактор, да не зборуваме за оние на кои јазичната санкција им е основна задача, едноставно би го пренебрегнал, избришал и би го заменил со сосема обичен збор без ниту здив високомудрие.

Особеност се токму таквите сложенки и на јазикот и стилот на свети Климент Охридски, особено на неговата поетика. Впрочем, сложенките и се

јавуваат во смиреноста на реториката и поетиката, но и во немирот на хевристиката и на херменевтиката, во чиновите на комуникација, кога се менува рамништето на кое се разбиструва „небеската“ информација, а цел на преведувачот е да се реши за соодветен превод, за прифатлива заемка позната во повеќејазично окружение во кое зрее полнотата на културнојазичниот израз или за разбирлива калка, која ниедно уво дотогаш не ја зачуло, а веќе се вдомува социолектно во книжевна школа, во јазична редакција, во јазик на литературата во која секоја нова сложенка можеби е само привремено решение, но ги отвора патиштата на литературниот збор.

А не се сложенките, особено реторичките и химнографските, само убава мома која род нема, зашто се резултат на заемки и калки, кои пак се продукт на миксоглотија и билингвизам. Според историската лингвистика, а тоа е нагласено во оваа книга, нивниот стимул е во индоевропеистиката, и дури уште пред она време да се оформат основните класификации на зборовите во категории, на кои толку инсистира граматиката.

Во интерес на повисоката наука, Костовска ги систематизира сложенките и според зборови групи, таа ексцерпира над 2500 сложенки од македонскиот црковнословенски корпус вграден во Речникот на македонските црковнословенски текстови, па заклучува дека најбројни се од групата на придавките, по кои следат именките. Едните разубавуваат, другите именуваат појави од повисоки сфери. Костовска не ги анализира сложените броеви, но чинам токму во нив како да е изворот на сложенките во јазикот, и особено нивната застапеност во текстот на синаксарот, покрај сложеноста на денот именуван со ден и месец да му се даде и сложена особеност на теоцентричниот поглед на светот, на светителите, на страдалниците, на мачениците... И не само ним туку и на антропоцентричниот заглед во себеси и во другиот, на чекор пред или по гревот. Зашто, признале или не, најмногу ги има сложенките при описот и именувањето на гревот, кога ѓаволот ја менува формата, но и не содржината. И има, тука едно благоподатно НЕ, по кое следи утешение и спасение грешним. Следи нова нарација и поетика, врз библиската и химнографската.

Сложенките се како самовилите! Привремени а севременски. Како призрак се, ни на небо, ни на земја. Но град градат. И се вградуваат во јазикот како трајна градба. Им треба само војвода – според многумина, една од првите индоевропски сложенки, која во религиозниот дискурс добила дури и „небеско“ значење.

И со нив, со сложенките, не може секој. А, Весна Костовска успеа да ги подреди според класификациите што ѝ се на служба на лингвистиката.

Димитар Пандев[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, d.pandev@flf.ukim.edu.mk

811.163.3(082)(049.3)
81:316.7(082)(049.3)
39(=163.3)(082)(049.3)

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЈАЗИКОТ И КУЛТУРАТА – СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ“

Зборникот „Јазикот и културата – состојби и предизвици“ претставува збир на реферати претставени на 6 и 7 ноември 2018 година на истоимената меѓународна научна конференција, која се одржа во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Во зборникот на 400 страници се претставени 45 научни трудови, од кои 15 се од странство (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Полска и Турција).

Трудовите се осврнуваат на научните истражувања за македонскиот јазик, но и за другите словенски и несловенски јазици на синхрониски и на дијахрониски план; на развојот на јазикот, како средство за комуникација низ историјата во социолошки и во културолошки рамки, како и на културата како основа за мултидисциплинарни истражувања.

Претставувањето ќе го започнам со трудот на **Димитар Пандев**, „Меѓу интуицијата и емпатијата“, каде што се разгледува интуитивно-емпатискиот пристап во проучувањето на културните текстови на јазичните личности во македонската литература, со посебен осврт на Блаже Конески и на Крсте Мисирков, а на Пандев и Конески, како успешен спој на јазикот и книжевноста, се осврнува **Вера Стојчевска-Антиќ** кога зборува за согледувањата на стручното и научно поле меѓу книжевноста и јазикот во трудот„Книжевноста меѓу јазикот и културата“.

Социолингвистичкиот аспект го зафаќа **Лидија Тантуровска** во статијата „Чесен пионерски збор“, каде што се осврнува на лексемата *заклетва*, укажувајќи какво влијание има општествено-политичкиот живот врз изделувањето посебни значења кај инаку синонимните лексеми *заклетва* и *клетва*. Во трудот „Јазикот како фактор за кохезија на општеството врз примери од македонската писмена традиција“ на **Доца Цветкоска**, се анализира општеството, како социјален субјект, настанато како резултат на јазикот и јазичната комуникација, илустрирано со примери од делата на македонските преродбеници од XIX век. **Борјана Прошев-Оливер** во трудот „За јазичниот идентитет“ укажува на фактот дека јазикот е еден од најважните, но не и единствен идентификатор на културниот идентитет и дека сите општествени промени влијаат и врз културата на заедницата, како и врз самиот јазик. Социолингвистичкиот круг го заокружува статијата на **Михајло**

Марковиќ и **Соња Новотни**, „Македонскиот јазик како културен код – социолингвистички и етнокултурни аспекти – дијахрониски приказ“, во која авторите му посветуваат внимание на јазикот и неговата значајна улога во развојот и напредокот на секој образовен процес од социолингвистички и од етнокултурен аспект.

Од областа на современиот јазик, **Фани Стефановска-Ристеска** пишува за „Префиксот *не-* во состав на глаголска придавка“ кој образува збор со ново значење, спротивно на значењето на мотивирачкиот збор, односно го негира својството означено со мотивирачката придавка, при што се формира антонимиски пар, а **Лилјана Митковска** и **Елени Бужаровска** во трудот „Хипотетичкиот маркер *би* во прагматичка функција“ покажуваат дека *би* се користи во различни ситуации и за различни прагматички функции, меѓутоа не се јавуваат сите употреби со подеднаква честота. Заклучуваат дека исказите со *би* се маркирани како поформален стил. Во трудот на **Маја Вукиќ**, „Везе координатора и семантичких конкретизатора адитивности у савременом српском језику“ се анализираат конструкциите составени од адверзативни координатори и јазичните средства со кои се искажува семантиката на адитивност.

За јазикот во медиумите пишуваат **Виолета Јанушева** и **Марија Стојаноска** во статијата „Категоријата обраќање во телевизиските емисии во македонскиот стандарден јазик“, проучувајќи го статусот на вокативната форма, при што согледуваат дека продолжува негативниот тренд на губење на специфичните наставки за обраќање во македонскиот јазик, а исто и **Снежана Петрова-Џамбазова** во трудот „Личните заменки и медиумите“ подетално се задржува на употребата на формите за удвојување на директниот и на индиректниот објект и на внимателноста и познавањето на стандардот на зборувачите во овој поглед. „Употребата на стандарднојазичната норма во зборообразувачките и формообразувачките модели (на новинарите)“ ја разгледуваат авторките **Елена Јованова-Грујовска** и **Елизабета Кузмановска**, кои истакнуваат дека новинарите, особено во авторските текстови, прават зборообразувачки отстапувања од нормата, со цел да ја прикажат проблематиката од поспецифичен аспект.

Во трудот „Потеклото на неколку имиња на прилепски раселени села“, **Љубица Станковска** се осврнува на потеклото на имињата на прилепските раселени села: *Белево, Глигоровци, Долени, Душник, Еленешци, Комарчани, Кучковени, Лишина, Могилени* и *Храшѿани*, а со трудот „Личното име *Георги (-ј,-ја)* и неговите деривати во македонската топонимија“ **Мери Јосифовска** ја претставува поврзаноста на антропонимискиот со топонимискиот систем на македонскиот јазик, заклучувајќи дека *Георги* е едно од најфреквентните лични имиња во македонската топонимија.

Со лексиката во стандардниот, но и во народниот јазик, се занимаваат најголем број трудови во зборникот. Така, во рефератот „Речник као чињеница националне културе“, **Јордана Марковиќ** укажува на условеноста на лексиката од страна на културата, што се отсликува и во речникот на еден јазик, а тоа го

покажува на примери од македонскиот и од српскиот јазик, како јазици кои делат голем број заеднички културни информации. Во написот „Изразувањето на семемата ’голема кашлица‘ во македонските говори“, **Васил Дрвошанов** го разгледува изразувањето на оваа семема од тематското подрачје болести и лекување на македонската јазична територија и увидува дваесетина нејзини лексичко-семантички разновидности. Во игрите од детството нѐ враќа **Светлана Давкова-Ѓоргиева** со рефератот „За називите на игрите од нашето детство“ набројувајќи го богатството називи на содржината и предметите од три детски игри. **Аида Кршо** во рефератот „(Ne) opravdano prisustvo anglizama u modnom časopisu (lingvostilistička analiza)“ укажува на напливот на англиски лексеми во босанскиот јазик, особено од областа на модата, што претставува глобален проблем, кој секако го засега и македонскиот јазик. Во својот труд **Мери Цубалевска** ги претставува „Турцизмите во прозното творештвото на Јован Стрезовски“, коишто придонесуваат јазичниот израз на авторот да зазвучува архаично, му придаваат разговорен белег на исказот, а со тоа се постигнува потребната спонтаност на јазичниот израз.

Предмет на трудот на **Лилјана Макаријоска**, „Кон македонската народна астрономија“, се народните називи и сфаќања за небеските тела, но и обичаите и верувањата, како и соодветната симболика поврзана со нив. Народните претстави за небеските тела кај Македонците се во корелација со слични претстави кај народите на Балканот, а **Макаријоска** во коавторство со **Еленка Стоевска-Денчова** во трудот *„Куќата* во македонската традиционална култура“, заклучува дека етнолингвистичките проучувања на градбата и структурата на куќата го потврдуваат нејзиното значајно место во македонската традиционална култура, односно во обредно-обичајната практика. Предмет на истражување во трудот „Култот на самодивата во бугарската поезија и сликарство“ на **Ѓонул Узели** се женските слики на самовилата (самодивата) во бугарската поезија и сликарство, со компаративен осврт на слични или идентични митолошки суштества во јужнословенската митологија. Во текстот „Интегрирачката функција на музичко-фолклорните текстови кај обредните пејачки жанрови во македонското традиционално народно пеење“, **Родна Величковска** претставува спој на музичко-фолклорни текстови на водичарски, лазарски, ѓурѓовденски и варварушки песни, во кои се пее за здравје и за љубов. **Кристина Димовска** дава „Прилог кон сфаќањето на семантичката функција на паремиолошките искази во две епски песни („Марко и Гино Арнаутче“ и „Марко и Муса Кесеџија“)“, при што балканските епски песни ги гледа како ризница на паремиолошки искази. Во текстот „Народните верувања прикажани преку филмскиот јазик“ **Катерина Петровска-Кузманова** ја обработува комуникацијата со фолклорот преку медиумите, со посебен осврт на телевизијата и филмот преку анализа на ТВ-филмот „Нави“, како пример за едно авторско, уметничко видување на народните верувања.

Во својот реферат, **Димка Митева** се задржува на „Општонародната и дијалектна лексика“, при што ги објаснува поимите дијалект и дијалектизам и ги бара причините за нивното настанување преку илустративни примери на зборови коишто не се употребуваат во стандардниот македонски јазик. **Веселинка Лаброска** и **Лилјана Гушевска** го анализираат „Темниот глас /ă/ во градскиот охридски говор како културна престижна особеност“, кој се појавува и во специфични фонетски позиции во зборот, како што е редукцијата на /а/ под акцент во неиницијален слог и во соседство со сонант, а **Татјана Трајковиќ**, во трудот „Бујановачки и кумановски идиоми у народним лирским песмама“, ги анализира дијалектните карактеристики во фолклорните лирски песни од генетски и географски блиски дијалекти од подрачјето Бујановац во Србија и од кумановскиот крај во Македонија.

Со историскиот аспект на јазикот се занимава **Катица Трајкова**, која ги испитува „Повеќекомпонентните состави во Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“ и ги претставува видовите на зборовни состави што се среќаваат во Речникот, како и начинот на нивната лексикографска обработка. Во трудот „Аналитизам у деклинацији у српским и македонским средњовековним споменицима“, **Надежда Јовиќ** анализира српски средновековни споменици од периодот XIV – XVI век и ги споредува со македонските средновековни споменици од периодот X – XV век. Богатата деривација во патерикот како книжевен жанр ја претставуваат **Соња Новотни** и **Михајло Марковиќ** во трудот „Компаративна анализа на определени зборообразувачки модели во два патерика од XIV век“, преку анализа на именските зборообразувачки суфикси. **Борче Арсов** дава преглед на формите користени за „Именувањето на Исус Христос во преводите на Новиот завет на современ македонски јазик од втората половина на 19 век“ и тоа преку споредбена анализа на Кониковското, Кулакиското, Бобошчанското и Трлиското евангелие со современиот превод. Овој круг реферати го заокружува **Ален Калајџија** кој дава специфичен увид во разбирањето на влијанието на ориентално-исламската култура во Босна, како и увид во босанскиот јазичен израз од претстандардниот период во трудот „Bosanska leksika konceptualnog tursko-bosanskog rukopisnog rječnika iz *Codexa Alihodžić*“.

Со преводна проблематика се занимава **Марија Стришевска** во трудот „Деминутивно-хипокористични називи во романот *Мајсторот и Маргарита* од Михаил Булгаков и неговите преводи на полски и македонски“, каде што врши карактеризација на деминутивните именки од рускиот, полскиот и од македонскиот јазик. Во статијата на **Барбара Јариш**, „Значењето на познавањето на јазикот на истражуваната група при теренски истражувања. Рефлексии од истражувањата на карневалите во Македонија“ се елаборираат прашања поврзани со вршењето теренски истражувања во групи, чијшто јазик не е мајчин јазик на истражувачот. Главните пристапи за проучување на литературни текстови во системот на наставата на рускиот јазик како странски ни ги претставува **Зоја Шенґудер** во трудот „Особенности использования текстов русской литературы в турецкой аудитории“. Во трудот „О некоторых

лексических проблемах перевода романа «Анна Каренина» Л.Н. Толстого на турецкий язык“, **Нихаљ Ертуран** на лексичко ниво ги истражува проблемите со перцепцијата на преводот од руски на турски јазик.

Оливера Каевска ни го претставува „Македонскиот (стандарден) јазик како наставен предмет во основното образование за возрасни“ во единственото основно училиште за возрасни „А. С. Макаренко“, со чие усвојување полесно и поуспешно се совладуваат содржините од сите подрачја. **Билјана Никовска** во статијата „Пишувањето со рака и дислексијата“ укажува на постоење на директни невролошки врски меѓу квалитетот на пишувањето со рака и невролошките процеси во основата на фонолошкото процесирање, што е особено важно при работата со деца со специфични тешкотии во учењето.

Свето Тоевски во својот труд „Културната трансмисија како меѓугенерациско пренесување и учење на јазикот преку коеволуција на лексиката и синтаксата – осврт и на македонскиот јазик“ го разгледува „културното учење“ при кое јазикот се пренесува од една на друга генерација во заедницата. Целта на студијата „Просветительская политика и языковые программы в эпоху Екатерины II в культурно-историческом контексте“ на **Емине Инанир** е да ги прикаже реформите на Екатерина Втора и улогата и придонесот на Екатерина Дашкова во втемелувањето на современата европеизирана руска култура. **Јасмин Хоџиќ** во трудот „Neki kognitivnolingvistički i komunikološki aspekti odabranih dijaloških formi u bosanskom jeziku kao izrazito obilježje kulture“ прави анализа на реалните и фикциските микродијалошки форми, со осврт на креативните елементи на дијалогот како посебно обележје на јазичната вештина. Во статијата „Iskustvo rata (1992.-1995.) naprema jezičkog i sociokulturnog identiteta u Bosni i Hercegovini“, **Хаџем Хајдаревиќ** зборува за научната ревалоризација на лингвистичката одредница ‘босански јазик’ низ призмата на психолонгвистиката.

Зборувајќи за „Културната, образовната и научната соработка меѓу Македонија и Хрватска (1960 – 1966)“, **Александар Симоновски** укажува дека наставните програми по историја биле значаен сегмент при градењето на братството и единството на југословенските народи по Втората светска војна. Претставувањето ќе го завршам со трудот на **Лидија Аризанковска**, која ја претставува „Афирмацијата на македонскиот јазик и на македонската култура во Република Словенија“, покажувајќи ја на тој начин општествено-културната улога на македонскиот јазик во Република Словенија.

Искра Пановска-Димкова

27-246:811.163.3'366'373(049.3)
811.163.3(091)(049.3)

ЈАЗИКОТ НА ПРВИТЕ ПРЕВОДИ НА НОВИОТ ЗАВЕТ НА СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НАПИШАНИ СО ГРЧКО ПИСМО
(Борче Арсов, Пагома прес и Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2019)

Кон крајот на 2019 година, во издание на „Пагома прес“ и на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, излезе од печат книгата „Јазикот на првите преводи на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо“ од Борче Арсов. Станува збор за исклучителен научен труд, монографија на 256 страници што обработува мошне важна тема од областа на развојот на македонскиот писмен јазик, и со тоа ја збогатува македонската наука за јазикот, воопшто.

Книгата е структурирана во 6 глави. Одделните глави се систематизирани во точки и во потточки, со наслови и со поднаслови, со што се овозможува соодветно следење на материјата што е обработена во книгата.

Детално:

Воведот (стр. 7–24) се состои од четири потточки:

Во првата потточка (*Неколку зборови од авторот*) Арсов им се заблагодарува на сите оние за кои смета дека придонеле, на ваков или на онаков начин, за излегувањето на неговата книга.

Во втората потточка (*Терминот „стилизација“)* се дава дефиницијата на стилизацијата онака како што авторот го користи овој термин за потребите на анализата: „Проширување на дијалектната основа, односно избегнување на форми што во тоа време би можеле да бидат разбрани како премногу локално обележани. Ваквите постапки на стилизација одат, од една страна во насока кон поширока дијалектна база, а од друга страна кон повисок стил. Конечно, станува збор за селекција на оние јазични црти/модели што опфаќаат поширок дијалектен ареал, како и такви што претставуваат „вештачки“ форми, т.е. форми што се приближни или се во кореспонденција со оние употребувани во црковнословенската и во современата словенска писменост.“

Во третата потточка од воведот (*Значење на КЕ, на КуЕ и на БЕ за македонскиот јазик и за македонската култура*) авторот ги претставува текстовите за анализа, односно ги опишува ракописите, зборува за нивното датирање, за авторството, а дава и кус преглед на особеностите на одделните говори (долновардарските – во врска со КЕ и со КуЕ и корчанскиот – во врска со БЕ). Направена е и куса споредба со првите преводи на Новиот завет на народен јазик на соседните словенски и несловенски јазици.

Во четвртата потточка (*За анализата*) авторот укажува дека целта на анализата, чијшто предмет се три евангелија (Кониковското (КЕ), Кулакиското (КуЕ) и Бобошчанското (БЕ)) е споредбено претставување на постапката на јазична стилизација (според претходно дадената работна дефиниција), пред сѐ, на морфолошко, но и на зборообразувачко и на лексичко рамниште во споменатите три текста (КЕ, КуЕ и БЕ), а преку тоа и покажување на различните тенденции од гледна точка на јазикот и од гледна точка на стилот (степенот на неговото издигнување кон библиски). Стилизацијата во трите текста се разликува во однос на обемот, но и во однос на длабочината на постапката.

Втората глава од книгата е насловена „Споредба на морфолошките, на лексичките и на зборообразувачките модели во КЕ, во КуЕ и во БЕ“ (стр. 25–209). Оваа глава е и најобемната во книгата. На почетокот се дадени забелешки во врска со транскрипцијата/транслитерацијата на текстовите, а потоа анализата е расчленета во 6 точки со повеќе потточки. Во оваа глава се прави анализа на именските, на глаголските и на неменливите зборови, и тоа од морфолошки аспект, изделувајќи и одделни (покарактеристични) примери од лексиката и од зборообразувањето во текстовите на КЕ, на КуЕ и на БЕ. Во одделните точки се претставени именските зборови: именките (преку родот, бројот, определеноста и преку флексијата, односно преку морофолошките падежни форми, како и преку образувањето), придавките (преку родот, нивната поделба врз основа на завршоците и на видовите, степенувањето и преку образувањето), броевите и заменките (преку нивниот инвентар и преку парадигмата на личните заменки); глаголските форми: сегашното време (преку независната и преку зависната употреба, врз основа на глаголските групи, како и преку формите на помошниот глагол сум), заповедниот начин, минатите времиња (преку наставките за образување на аористот и на имперфектот, глаголската л-форма, односно преку формите на перфектот и на плусквамперфектот, *има*-конструкциите и *сум*-конструкциите, како и преку формите на помошниот глагол *сум*), идното време (преку формата на честичката за образување на идното време), како и глаголските придавки, глаголските именки (врз основа на завршокот) и глаголските прилози; и неменливите зборови: прилозите (преку нивната поделба врз основа на значењето), предлозите (преку нивниот преглед врз основа на образувањето и врз основа на нивната функција), сврзниците (преку поделбата врз основа на односот во сложената реченица), честичките (преку нивната поделба врз основа на значењето) и извиците.

Третата глава ги содржи заклучните согледувања и е насловена „Заклучоци од споредбата на морфолошките, на лексичките и на зборообразувачките модели во КЕ, во КуЕ и во БЕ“ (стр. 210–226). Заклучоците се групирани врз основа на постапките на стилизација спроведени во секое евангелие одделно, водејќи се од тоа дали стилизацијата оди во насока кон проширување на дијалектната база на текстот или, пак, во насока кон повисок (библиски) стил. Оттаму, оваа глава е поделена во две точки:

3.1 Постапки на стилизација во насока кон проширување на дијалектната база и

3.2 Постапки на стилизација во насока кон повисок (библиски) стил.

Од анализата авторот извлекува важен заклучок дека постапките на стилизација се среќаваат во сите три текста, но нивната фреквенција и нивните насоки се разликуваат. На повеќе места, постапката на стилизација може да оди и во двете насоки, односно се среќаваат примери што покажуваат стилизација во насока кон проширување на дијалектната база, а истовремено покажуваат и тенденција за издигнување на стилот.

На крајот, се заклучува дека текстот на КЕ, во споредба со текстовите на КуЕ и на БЕ, предничи во поглед на стилизацијата во двете насоки.

Четвртата глава содржи список на скратениците што се користени во трудот.

Во **Петтата глава** е даден преглед на користената литература.

Шестата и последна глава на трудот, како додаток, содржи избор на факсимили од текстовите на КЕ, на КуЕ и на БЕ.

Во својата книга Арсов доаѓа до заклучокот дека, во поглед на застапеноста на постапките на стилизација во насока кон поширока дијалектна база, се истакнува текстот на КЕ, а особено неговата втора рака за која препоставуваме со голема сигурност дека е на Павел Божигропски. Помал број на вакви постапки се среќаваат во текстот на КуЕ, додека текстот на БЕ покажува најсилно изразени локални карактеристики што исто така се стилизација на локалниот идентитет, мошне важен за овој крај.

Всушност, во трудот се заклучува, односно се потврдува дека од сите евангелски преводи на народен македонски јазик во јужниот дел на Македонија во периодот на 18 и на 19 век најстилизиран текст е воедно и најстариот ваков превод, е текстот на КЕ (1852 г.), и тоа неговата втора рака, т.е. претпоставената редакција на Павел Божигропски. Понатаму, постапките на стилизација, без разлика дали се во насока кон повисок стил или во насока кон проширување на дијалектната база, се во помала мера застапени во анализираниот текст на КуЕ (1860 г.), а најмалку во текстот на БЕ (1880 г.). Дополнително, во текстот на БЕ може да се претпостави тенденција за стилизација во насока кон тоа свесно да му се дадат што е можно повеќе локални елементи на текстот, со што тој нема да се приближи кон идејата за некоја поширока дијалектна основа, туку ќе се оддалечи од оваа идеја, сведочејќи за постоењето на корчанскиот говор (*кајнас*) како одделен јазик, во што се гледа дека уште во тоа време заедницата од Бобошчица и од Дреновени имала особено изразена свест за својата јазична и културна посебност.

Авторот докажа дека текстовите што се предмет на анализа во неговата книга не се само обиди за преведување и обично пренесување на соодветниот говор/дијалект, туку се осмислени преводи и чекор во изградбата на македонскиот писмен јазик во 19 век. Со тоа, тие претставуваат еден од

клучните фактори во развојот на македонскиот писмен јазик во 19 век и на нив може да се гледа како на основа за создавањето на современиот македонски стандарден јазик.

За разлика од ова, текстовите на преводите на Новиот завет на народен македонски јазик со грчко писмо од 18 и од 19 век претходно во позитивистичката наука биле разгледувани само како дијалектни записи.

Особено е важно да се спомене дека со книгава, за првпат, воопшто во науката, се опишуваат постапките на стилизација (споредбено) како проширување на дијалектната база, но и како начин на одбирање на јазични средства што подобро ќе го одразат јазикот и стилот на Библијата. Истражувањето на стилизациите и меѓусебната споредба го покажува значајното место на овие текстови во македонската културна историја. Анализата е извршена многу детално и на високо истражувачко рамниште.

Оваа книга отвора и простор за следни проучувања во врска со преводите на Новиот завет од овој период, гледајќи на нив како на дел од еден поширок процес и тенденција на преведување во регионот на словенските (бугарски, српски, хрватски, словенечки) и на несловенските јазици (аромански, грчки, албански).

Сметам дека книгата „Јазикот на првите преводи на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо“ од Борче Арсов, како и резултатите од неговото истражување, имаат исклучително важно место во натамошните проучувања од областа на историјата на македонскиот писмен јазик, како и на историската граматика и на историската лексикологија на македонскиот јазик, но и на јужната славистика воопшто, а особено на културната историја на македонскиот народ и на другите јужнословенски и балкански народи.

Људмил Спасов[1]

[1] ljspasov@ukim.edu.mk
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

811.163.3(082)(049.3)

НА ПОЧЕТОКОТ БЕШЕ ЗБОР ...
Зборник на трудови од Научниот собир
во рамките на манифестацијата *Денови на Благоја Корубин*
(одржан на 9 – 10 мај 2017)

„Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога, и Бог беше Словото“ *(Јов. 1.1; Откр. 19.3; Јован 17.5).* Би можело ли посоодветно да се започне со прикажување на Зборник, под наслов *На почетокот беше збор...,* од библискиот цитат кој е мотивот за неговото именување. За ова, секако има оправдување, во прв ред, оправданиот култ кон зборот од кој сè започнува, па и создавањето на светот започнува со зборот. Особено ни се чини овие редови, одекнуваат, кога се работи за оазата на зборот, каде се проучува, истражува македонскиот збор, Институтот, расадникот на македонистичката научна мисла. Потврдата за ова е Зборникот *На почетокот беше збор..* кој е писмен запис за 21-те коишто традиционално ги одбележува Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Ова е уште еден начин да се поткрепи ставот за *„...универзалноста на мислата за светоста на зборот, на силината, на моќта на зборот...“* Овој цитат, како и цитатот од Библијата, е позајмен од првата статија, чиј автор е Снежана Велковска, идејниот творец, осмислувач и реализатор на манифестацијата, а истовремено и главниот редактор на овој Зборник. Сето ова, се чини, ни дава доволно аргументи на Зборникот на трудови *На почетокот беше збор...* да му го дадеме заслуженото место на солидно и актуелно четиво од македонистичката научна литература.

Снежана ВЕЛКОВСКА, во својот прилог под наслов *Царски збор назад не се враќа* зборува за фразеолошките изрази со компонентата збор како и концептуалните метафори кои произлегуваат од нив со акцент на јазикот на М. Цепенков. Опфатот се однесува на концептуалните метафори: *зборовите се предмети*, откаде што произлегуваат нивните својства, (величина, естетски квалитет, мерливост и сл.), потоа, *зборовите се оружје, зборовите се храна, зборовите се пари*. Димитар ПАНДЕВ, својата статија *Концептот* ***облак*** *во лингвистиката и литературата* ја определува како пригодна и ја посветува на одбележувањето на два значајни јубилеја: 200 години од „Чудесата на пресветата Богородица“ на Ј. Крчовски и 101 година од „Курсот по општа лингвистика“ на Ф. Де Сосир. Концептот *облак* го проследува преку сознанијата за повеќе лингвистички школи и правци, како и неговото место во *тријадата на културологијата*: религијата, митологијата и уметничката литература. Истовремено, авторот го сопоставува овој концепт и со сродните концепти (ветер, врата, мрежа, како и јама, камен, вода, сонце, извор, небо

итн.). *Сакралното во зборот – од клетвата до благословот* е насловот на прилогот на Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА која во рамките на фразеологијата како научна дисциплина се задржува на благословите и клетвите како опозитни јазични структури кои се движат од еден збор, па до структура со лице, предикација, со карактеристичен збороред. Од една страна се благословите, посакувањето добро, а од друга страна се клетвите посакувањето зло, а некаде меѓу нив се наоѓаат клетвите кои се употребуваат за оттргнување од злото, штитат од него, па на тој начин се доближуваат до благословите и се нарекуваат превентивни клетви. Истражувањата се базираат на мал речник на македонски клетви и благослови (од Т. Белчев и Сн. Веновска-Антевска). Зборот од фолклористички аспект го разгледува Катерина ПЕТРОВА-КУЗМАНОВА во прилогот под наслов *Функцијата на зборот во обредите под маски*. Во него авторката се задржува на вербалниот дел на обредите под маски што може да биде секојдневен, обичен говор, но и говор со променет глас, како дел од маскирањето, а говорниот текст пак, може да биде фиксиран или импровизиран. Особено внимание авторката посветува на функцијата на зборот во обредите под маски која со текот на времето се менува од обредно магиска во забавна. Коавторките Олгица ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА и Катица ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА, во прилогот *Кулинарската лексика во фразеолошкиот состав на македонскиот јазик* се задржуваат на храната како еден од најзначајните културни кодови, но и репрезент на етничката и културната препознатливост. Познато е дека фразеолошкиот состав на јазикот е одраз на лингвокултурната општост, но и на националното културно самосознание, па оттаму и анализата на фразеологизмите со лексички елементи од сферата на храната ги изнесоа на површина најпродуктивните кулинарски елементи: брашното (производите од него, лебот и др.), млекото и млечните производи, јајцето, зеленчукот и овошјето што сведочи за силната земјоделска, сточарска и градинарска традиција на македонскиот народ. Со тема од фразеологијата е и прилогот на Јасминка ДЕЛОВА-СИЛЈАНОВА, под наслов *Фраземи со компонента* ***заб*** *во македонскиот и во чешкиот јазик*. Во него, таа, преку компаративна анализа на двата јазика ја согледува нивната сличност, но и разликите во перцепцирањето, но и во учеството на деловите од телото во фраземите, со посебен осврт на тие со компонента *заб*. Маќеј КАВКА својот труд *За јазикот на* ***пост –вистината*** *и говорот на омраза во медиумите – суфиксот -оид* зборува за слободата на изразување дефинирајќи го поимот за пост-вистината, проследувајќи ја оваа релативно нова, интернационална појава преку суфиксот *–оид* во нашата медиумска средина. Медиумите се предмет на интерес и во трудот на Снежана ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА, насловен како *Јазичната како дел од медиумската култура*. Авторката се задржува на употребата на македонскиот стандарден јазик во телевизиски емисии и интернет портали, нотирајќи примери на јазична (не)култура на повеќе јазични рамништа. Во заклучокот авторката го истакнува големото влијание на медиумите врз јазичната култура во јавноста, како и на медиумската привилегија со силата на аргументите постојано да ги потврдува

вековните придобивки. *Говорот на боите* е насловот на прилогот на Елизабета БАНДИЛОВСКА во кој таа ја разгледува лексичко-семантичката група со значење ’боја‘ во македонскиот јазик. Притоа, лексемите што именуваат и означуваат бои, се погледнати низ призмата на синонимијата како лексичка појава, определувајќи ги како апсолутни, идентични синоними или како релативни односно делумни синоними во зависност од тоа дали значењето ’боја‘ е нивно основно или преносно значење. Интересот на авторката Лилјана МАКАРИЈОСКА, во нејзиниот прилог ***Словото*** *во прозното творештво на Славко Јаневски* е насочен кон јазикот на Сл. Јаневски кој се одликува со целен стилистички пристап при изборот на лексиката. Згуснатата застапеност на архаичните, пред сè црковнословенски лексеми, но исто така и оживувањето на некои зборообразувачки средства го дефинираат јазичниот израз на Јаневски како богат, ...*со архаичен тоналитет, ... како маркантен и индивидуален*, како што резимира Макаријоска. И прилогот на Мери ЦУБАЛЕВСКА е посветен на едно од најзвучните имиња на македонската литература. Во својот труд под наслов *Турцизмите во творештвото на Петре М. Андреевски*, таа се задржува на лексичките заемки од турскиот јазик застапени во јазичниот израз на Андреевски што е резултат на свесниот стилистички пристап за поавтентично претставување на времето во кое е сместено дејството, за нијансираност на ликовите и со актуелизирање на архаичната лексика, временско и јазично навраќање во минатото. Елизабета КУЗМАНОВСКА, во прилогот *Информирањето и новинарските стилови* зборува за употребата на јазикот во средствата за јавно информирање при што ги разгледува жанровите во рамките на новинарскиот потстил и воочува нивно вкрстување. Проследувајќи ги актуелните состојби авторката истакнува дека изборот на јазичните средства и на лексиката, се во рацете на новинарите кои се креатори на јазичниот стандард во медиумите. Дијалектолошките теми се застапени во Зборникот со неколку реферати. Првиот од нив на Гоце ЦВЕТАНОВСКИ, иако носи поопшт наслов *Уште еден прилог кон македонскиот дијалектен речник* се однесува на конкретен изворен дијалектен материјал од собирачот Крисанта Јанкула од с. Долна Горица. Авторот, Цветановски, материјалот од различните фолклорни жанрови веќе ги редактираше и оваа книга, во меѓувреме и на општо задоволство, ја виде светлината на денот. Во статијата посветена на овој фолклорен материјал, авторот се задржува пред сè на лексичките елементи помалку познати на пошироката јазична територија со надеж дека неговите согледувања ќе бидат прилог кон големиот дијалектен атлас. Следните три статии од областа на дијалектологијата претставуваат одделни лексиколошки студии за конкретни дијалектни лексеми. *Изразување на семемата* ***молчелив*** *во македонските говори* е наслов на трудот на Васил ДРВОШАНОВ кој ја претставува распространетоста на лексемите и нивните разновидности на сета македонска јазична територија. Притоа, ги дава неопходните етимолошки толкувања, како и застапеноста на дијалектните лексеми низ македонските лексикографски трудови од семантички аспект. Светлана ДАВКОВА-ЃОРГИЕВА ги анализира називите со кои се именува *црното што се крева од*

огнот во статијата под наслов *Називите* ***дим*** *и* ***чад*** *во македонските говори*. Врз основа на анализираниот и картографиран материјал, таа забележува изделување на четири поголеми островски ареали како и изолирани ареали со наспоредна употреба, а во анализата ги вклучува и етимолошките толкувања како и застапеноста на разгледуваните лексеми на современ план. На *Лексемите* ***вистина*** *и* ***лага*** *во македонските дијалекти,* што е истовремено и наслов на нејзината статија, својот интерес го сосредоточува Веселинка ЛАБРОСКА. Авторката, врз основа на материјалот од *Македонскиот дијалектен атлас* ги анализира сите фонетски и лексички варијанти на лексемите *вистина* и *лага* со осврт на ареалите што одделните форми ги зафаќаат, нивната етимологија, со краток семантички осврт. Синтаксата е предмет на интерес во следната статија *Именската функција на глаголската придавка*. Во неа авторката Фани СТЕФАНОВСКА-РИСТЕСКА ја разгледува оваа општа партиципска форма од аспект на нејзината функција, изделувајќи ја функцијата на глаголската придавка како именска определба, потоа двојната функционална врска и со именска и со предикатска функција, потоа функцијата на именски дел од предикативната врска, како и функцијата на именка т. е. супстантив. Следните две статии својот интерес го сосредоточуваат на личности од нашата јазично-културна и политичка историја, секако низ призмата на јазикот. Статијата на Људмил СПАСОВ, *Забелешки за животот и дејноста на Павел Божигропски (лични размислувања)* ги презентира своите лични сознанија за авторот, подготвувачот на Кониковското евангелие. Трудот произлегува од проследената обемна литература за Павел Божигропски при подготовката на, за првпат објавениот целосен текст во современата балканистика и славистика, споменатото Кониковско евангелие. Лилјана ГУШЕВСКА, пак, во својот труд *Јазикот на писмата на Марко Бошнаков* преку факсимили од три писма го афирмира обидот на охридскиот гемиџија за придржување кон нормата во јазикот усвоен во текот на образованието, наспроти, некодифицираната народна реч. Трудот се заокружува со комуникацискиот аспект на писмата, имајќи предвид дека се работи за еднонасочна комуникација како и применетите културни обрасци преку кои доаѓа до израз фактичката функција во јазикот. Следните две статии, на Катица ТРАЈКОВА и на Весна КОСТОВСКА се однесуваат на прашања од историјата на јазикот. Во прилогот *За орнаментиката на евангелијата во Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција,* авторката Трајкова својот интерес го насочува кон мотивот на заставките и иницијалите како дел од орнаментиката на средновековните ракописи и тоа проследени во евангелијата што се дел од базата на проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*. Во статијата, пак, *Преглед на суфиксите за образување сложени именки во македонските црковнословенски текстови* авторката Костовска ги разгледува македонските црковнословенски текстови на зборообразувачки план. Фокусот е насочен кон образувањето на сложени именки, продуктивноста на определени суфикси, како и бессуфиксното образување на сложенки чиј резултат се т.н. *чисти сложенки*. Коавторките

Јаворка МАРИНКОВИЌ и Драгана СТАНКОВИЌ во статијата *Балканизми као сиона сусретања балканских народа и језика* се задржуваат на Балканскиот јазичен сојуз од аспект на лексиката со што уште еднаш го потврдуваат фактот дека лексичкиот слој е најдинамичниот слој од јазикот. Во науката за јазикот промените во лексиката се изразуваат преку чување на старите модели на зборообразување, афирмирање нови начини на образување како и преку степенот на лексичко заемање што е богато илустрирано во рамките на оваа статија, конкретно турцизмите. Нормата од правописен аспект е засегната во статијата на Наталија АНДРИЈЕВСКА под наслов *За еден исклучок од правилата за едначење по звучност*. Авторката зборува за небележењето на едначењето по звучност во зборот себство, предочувајќи ги последиците што може да ги предизвика ваквото правописно решение и кон другите можности за образување именка од заменката себе. Авторката Лидија ТАНТУРОВСКА, преку досетливиот наслов на статијата *На крајот беше...*, опозитен на насловот на Зборникот нѐ воведува во темата за интерпункцијата во македонскиот јазик тргнувајќи од ставовите на Корубин во врска со ова прашање. Разгледувајќи го ова прашање, таа заклучува дека, засиленото внимание на интерпункцијата во конкретни дела во последно време оди во прилог на фактот интерпункцијата да се разгледува како јазично изразно средство, во рамките на стилистиката. Наставата по предметот македонски јазик како значаен дел од изградувањето на јазичната писменост е предмет на интерес во статиите на Благица ПЕТКОВСКА и на Анита ШТЕРЈОСКА-МИТРЕСКА. Во првата статија, *Зборот во наставата по читање, литература и лектира од I до V одделение* авторката зборува за потребата од логичко и изразно читање со цел самостојно доживување и анализирање на литературните текстови. За таа цел, неопходна е квалитетна читанка со избрани текстови со сознајни, етички и естетски вредности што би придонеле кон уметнички насочувања на ученикот. Вториот прилог во овој зборник од областа на методиката на наставата по македонски јазик носи наслов *Јазичната писменост и толкувањето на зборот во наставата по македонски јазик во основното училиште*. Во него, авторката Штерјоска-Митреска, се осврнува на улогата на наставникот во процесот на комуникација во рамките на наставата и неговата умешност да го пронајде вистинскиот начин за оживување на зборот во речникот на учениците. Притоа, трудот нуди податоци за актуелниот третман на фазата за толкување на зборовите во процесот на описменување на учениците во одделенската настава, како и на потребата од воведување нови иновативни методски приоди за толкување на зборовите и подобрување на активниот речник кај учениците. Уште една статија во овој зборник е поврзана со образовниот процес, но овој пат во средното образование. Тоа е трудот на коавторките Елена ЈОВАНОВА-ГРУЈОВСКА и Доца ЦВЕТКОСКА, насловен *Јазичната култура на младите во Охрид*. Во него, авторките ги изложуваат резултатите од нивното анкетно истражување за користењето на јазикот кај средношколската младина во Охрид. Целта на истражувањето е согледување на нивото на јазичната култура кај оваа млада популација односно каков е односот

на употреба на стандардниот јазик наспроти охридскиот говор како и во кои сфери се употребува специфичната разговорна лексика на средношколската младина. Во ерата на Интернетот неодминливи се и прашањата поврзани со јазикот од информатички аспект. Последните два реферати во Зборникот се посветени токму на оваа тема. Едниот од нив е во коавторство на Вено ПАЧОВСКИ и Марјана ВАНЕВА насловен *Предлог-архитектура на информациски систем и спецификација на ресурси за обработка (и заштита) на македонскиот јазик*. Авторите на статијата покрај заклучокот за неповолната ситуација за квалитетот на јазикот достапен во електронските содржини нудат и конкретни решенија во врска со тоа. Нивниот предлог е изработка на портал за обработка на јазикот, под надзор на Институтот за македонски јазик, на кој во вид на специјален информациски систем би биле јавно достапни ресурси, како речник, речник на валенции, модули за проверка на пишување и граматичка структура и сл. Статијата пак, на Владимир ЦВЕТКОВСКИ, *Кон тоцелосна слика на македонскиот глаголски систем* (- *vigna.mk*-) нуди конкретен предлог со апликацијата за автоматска конјугација – vigna.mk да се направи нов обид за добивање прегледна слика на македонскиот глаголски систем. Преку морфолошко-деривациски алгоритми, оваа апликација, го препознава глаголскиот вид, менува глаголски форми со видски парници и во висок степен го прикажува глаголскиот систем онаков каков што го употребуваат говорителите во секојдневното општење.

Зборникот *На почетокот беше збор...* содржи 29 јазични статии од различни области: фразеологија, лексикологија, дијалектологија, граматика, правопис, од историјата на македонскиот јазик, јазикот во медиумите, во наставата, како и јазикот во контекст на информатичката технологија. Богатството и разнообразноста на темите недвосмислено и постојано (со оглед на тоа дека овој Зборник е 21 по ред) ја дополнуваат и збогатуваат македонистичката, но и пошироко, лингвистичката научна мисла, воопшто. Континуитетот во истражувањата, презентирани усно, а потоа и отпечатени во Зборници како што е *На почетокот беше збор...* ја оправдуваат, во практиката, потребата од насочена научна мисла кон актуелните прашања на македонистиката, лингвистиката, па и пошироко, културологијата.

Катица Топлиска-Евроска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
katicatopliskaevroska@yahoo.com

811.163.41'373:811.163.3'373(082)(049.3)
811.163.3'373:811.163.41'373(082)(049.3)

ЈЕЗИК КАО ЗАПИС КУЛТУРЕ У ЕТНОЛОШКОЈ И ЛИНГВИСТИЧКОЈ АНАЛИЗИ НА РЕЛАЦИЈИ СРБИЈА – МАКЕДОНИЈА/ЈАЗИКОТ КАКО ЗАПИС НА КУЛТУРАТА ВО ЕТНОЛОШКАТА И ЛИНГВИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РЕЛАЦИЈА СРБИЈА – МАКЕДОНИЈА, ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Минатата година како резултат на билатералниот проект *Језик као запис културе у етнолошкој и лингвистичкој анализи на релацији Србија – Македонија/Јазикот како запис на културата во етнолошката и лингвистичка анализа на релација Србија – Македонија* излезе од печат првиот број на истоимениот зборник со трудови во издание на Српската академија на науките и уметностите и Македонската академија на науките и уметностите. Во него, покрај *Воведниот збор* на уредниците, се содржани дванаесет лингвистички и етнолошки прилози со висока научна вредност, а на крајот е даден Регистар на клучни зборови и изрази за српски и за македонски јазик.

Уредниците на зборникот ги подредиле статиите во пет целини, иако визуелно, односно технички не се одвоени. Првите три, а делумно и четвртиот прилог се однесуваат на некои јазични и културни сегменти од областа на исхраната на човекот, потоа следуваат две статии поврзани со облеката на луѓето и ткајачката терминологија. Третиот дел е посветен на дрвото како огревен материјал и на лексичкото поле на огнот и неговото одржување, како и на називите на големата и малата пила за сечење дрва. Четвртата целина ја сочинуваат два текста што се однесуваат на семантичкиот развој на лексемата авет и на потеклото и трансформацијата на лексемата базилиск. Последната, петтата целина има два прилога, кои ја опфаќаат семантиката на антонимниот пар грд – убав.

Во продолжение во кратки црти ќе го разгледаме секој прилог одделно.

Зузана Тополињска во статијата *Термална обработка на храна: полски – македонски (лингвистичко претставување)* се задржува на основната група на глаголските предикати во полскиот и во македонскиот јазик во чија семантичка структура е вградена термалната обработка на храната. Во анализата се земени предвид дериватите изведени: од старите наследени глаголски корени *pek-/*peč, *vъr-/*var-/*bar-, кои го наследиле како појдовно значењето ’термална обработка на храна‘ и до ден-денес го зачувале во многубројните деривати и во двата јазика, а во македонскиот јазик се оформила и секундарна зборообразувачка база *бар-*; потоа дериватите изведени од коренот *got-, кој имал широка семантика ’некој/нешто подготвува некого/нешто за нешто‘, а во двата јазика се среќава со значењето ’термална обработка на храна како главно‘; во трите предикати, мак. ’пржи‘ и пол. smażyć,

smażę и dusić, duszę, обработуваното значење се јавува како секундарно, деривирано значење; кај предикатот *грее*, со мошне широко појдовно значење задржано и до ден-денес и во двата јазика, во трудот се разгледува само деривираното значење *греење на храна*. Од анализата на односната проблематика, односно од експанзијата и динамиката на семантичката деривација, Тополињска заклучува дека „засегнатите јазици, и двата со заедничко прасловенско потекло, сукцесивно се оддалечуваат, а процесот е поттикнат од еволуцијата на светот околу нив“.

Во статијата *Око пите и лексеме 'комат' забележене у селу Кучевиста (Скопска Црна Гора)*, авторите Станислав Станковиќ, Драгана Радојичиќ и Веселинка Лаброска најнапред се задржуваат на начинот на подготовка на питата комат, а потоа, преку географската дистрибуција на посочената лексема, прават компаративна семантичка анализа во македонските дијалекти и во југоисточниот дел на призренско-тимочката дијалектна област. Анализата упатува на заклучокот дека во македонските дијалекти лексемата *комат*, 'пита што се приготвува од неколку кори и фил што најчесто се подготвува од зелје, сирење и јајца', ги зафаќа речиси сите говори на западномакедонското наречје, вклучувајќи ги северните преодни говори и говорот на Сухо и Висока во Солунско, додека многу мал број изоглоси упатуваат на значењето 'парче леб'. Во југоисточните делови на Србија, со лексемата комат се означува 'парче леб' или 'рибањка', додека питата со сукани кори, но со фил на секоја кора се вика 'баница' и 'зељаник'.

Лексемите поврзани со производство на продукти од млеко, поконкретно производство на т.н. биено сирење во две села во Светониколско се предмет на интерес кај авторките Виолета Николовска и Македонка Додевска во статијата *Лексиката при производство на млечни продукти во говорот на с. Црнилиште и на с. Ѓуѓанце – Светониколско*. Анализата посочува дека називите на посатките што служат во процесот на производство на биеното сирење се претежно словенски (ведро, јаглија, каленица, крбло и др.), со мал број заемки од турскиот (ѓеран, тепсија), грчкиот (бутињ/бутим) и од персискиот јазик (брnse).

Со етнодијалектолошки материјал се карактеризира статијата на Драгана Радовановиќ со наслов *Из лексике божићних обичаја у Сиринићу*, која содржи богата лексика поврзана со божиќните обичаи. Лексичката граѓа е класифицирана во повеќе тематски групи и покажува дека Сириниќинска Жупа и со инвентарот и со мотивацијата на лексичките единици главно припаѓа на општиот српски лексикон на културни термини од обредно-обичајната практика, кои се главно од словенско потекло, додека мал број лексички единици, главно имиња на јадења, се турцизми.

Статијата *Лексиката поврзана со тркаењето и со алатките за тркаење во неколку говори од западното македонско наречје – паралели со српски јазик* од Веселинка Лаброска и Дијана Петровска содржи богат дијалектолошки материјал собран од три говори, од тетовскиот, поречкиот и од дебарскиот крај. Преку компаративна анализа со соодветните називи во македонскиот и во

српскиот стандарден јазик се добива слика за називите на обработуваната лексика, која главно има словенско потекло, со фонетски или зборообразувачки разновидности во двата јазика. Различни именувања се следат кај алатките што служат за предење, на пр. во македонскиот фурка и чекрек (позајмена лексика) наспроти преслица и родан во српскиот јазик.

Мирјана Менковиќ во статијата *Назив одевног предмета као носилац културне информације на примеру балканске градске репрезентативне одеће из 19. и са почетка 20. века* изложува мошне интересни податоци за два називи на предмети што се користат за облекување, поточно за долама и џубе, што ги има и во машката и во женската облека, а се среќаваат на просторот на Централен Балкан. При анализата се користени различни извори, тргнувајќи од дефинициите за овие два предмети во речниците, потоа преку материјал собиран на терен и ексцерпиран од литературата, како и преку материјалот каталогизиран од Етнографскиот музеј во Белград и Музејот во Приштина. Менковиќ, преку анализираниот материјал, доаѓа до заклучок дека ист назив на предметот може да носи различни културни информации што се однесуваат на полот, статусот, функцијата или на конфесионалната припадност на сопственикот (на пр. називот долама е поврзан, пред сè, за градските луѓе и за поимотните), а измените на називот на предметот укажуваат на неговото движење од градската во селската, народната култура.

Називите на малата и на големата пила во македонските говори се тема на интерес во статијата на Васил Дрвошанов. Авторот, анализирајќи ги називите на малата и на големата пила, заклучува дека тие имаат голем број разновидности првенствено од фонетски и зборообразувачки карактер, но во македонскиот дијалектен материјал немаат јасна диференцијација, туку има семантичко прелевање и при именувањето на двата предмета заедно и при именувањето на предметите одделно.

Огањ, па жишка, ожег, жар и још понешто око ватре у призренско-тимочким дијалекатским речницима е насловот на статијата на Софија Милорадовиќ. Овде авторката дава преглед на основните лексички средства што се користат за да се изрази поимот оган и неговото одржување во призренско-тимочките говори. Богатиот лексички материјал ексцерпиран од тринаесет дијалектолошки речници посветени на односните говори укажува дека лексемата оган „не уступа тако брзо пред ватром, бар не онолико брзо како се, чини се, мислило и очекивало, но свакако ће *ватра* пре или касније ’прогутати‘ не само *огањ* него и *огњило, ожег*, па и сам *ватраљ*“. Тоа значи дека традиционалната лексика што се однесува на огнот и предметите што служат околу него поради технолошките промени станува архаична лексика, а авторката верува дека во некоја не така далечна иднина ќе се слушаат две лексеми од ова лексичко поле, *огниште*, како второ име за родната куќа, родниот крај, што ќе сведочи за особеното значење на огништето во српската култура и *Огнена Марија*, како име на светица и име на празник.

Ивана Башиќ во статијата *Старе вешти сухе као авет: семантички развитак лексема авет и вехт у контексту словенских митских представа и*

обичаја го следи семантичкиот развој на лексемата авет, која се јавува во ограничен словенски простор, имено во Македонија, Србија и Црна Гора, притоа доведувајќи ја мотивациската основа во врска со метафоричкиот концепт „животот е вода“, односно со словенската митска појава на потенцијалната поврзаност помеѓу водата и животот и со словенските ритуали на испраќање на старите на „оној свет“. Користејќи ги постојните етимолошки речници, авторката укажува на можноста дека лексемите (х)авет и вехт/вет имаат иста основа со оглед на заедничката семантичка компонента и ареалната распространетост.

Статијата на Лидија Стојановиќ *Базилиск: демон, покровител (српско-македонски еквиваленти)* донесува информации за етимологијата, симболизмот, иконографските и наративните трансформации што ги добива базилискот во различен историски и географски контекст во рамките на македонската и на српската традиционална култура. Авторката дава и свое видување за причините за неговото отсуство од просторот на Македонија, како и за евентуалното значење на петелот.

Марјан Марковиќ во прилогот *Географска дистрибуција и етимолошко-семантичка анализа на називите за 'грд' во македонските дијалекти* посочува дека во македонските дијалекти се среќаваат неколку лексеми со оваа семантика: грд, грозен, груб, гаден, гнасен, неприлегнат. Од нив најголем дијалектен простор заземаат грд (во западното наречје), грозен (во централните, во источните северни говори, во источните и голем дел од јужните говори) и груб (во мал дел од северните говори).

Последната статија од овој зборник е посветена на лексемата убав во статијата *Високо дрво лад нема, убава мома род нема: семантика лексеме убав у српском и македонском народном изразу* на Ивана Башиќ. Авторката се задржува на лексемите со субјективна оцена, кои не мора секогаш да се нужно обележани со вообичаените зборообразувачки модели, туку значењето може да се утврди и врз основа на контекстот и прагматичките моменти (интонацијата на говорителот и реакцијата на примателот). Според тоа, авторката предлага дефиницијата на лексемите со субјективна оцена да се прошири со контекстуалните и прагматичките моменти.

На крајот ќе истакнеме дека со оглед на квалитетните научни прилози овој зборник ќе биде показ за понатамошни попродлабочени компаративни истражувања на двата сродни јазици и за многубројни успешни билатерални проекти, а за истражувачите лингвисти, етнолози, фолклористи ќе биде богат извор на значајни информации.

Катица Трајкова[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, katicatrajkova@yahoo.com

811.163.41'276.2:811.163.3'276.6(082)(049.3)
811.163.3'276.2:811.163.41'276.6(082) (049.3)

МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СОБИР „ ОПСЦЕНА И ДРУГА КОЛОКВИЈАЛНА ЛЕКСИКА У СРПСКОМ И МАКЕДОНСКОМ ЈЕЗИКУ“[1]

На 19 април 2019 година Филозофскиот факултет во Ниш беше домаќин на меѓународниот собир посветен на опсцената и на другата колоквијална лексика во српскиот и во македонскиот јазик. Во улога на коорганизатор се најде Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Конференцијата е дел од активностите во рамките на потпишаниот Договор за соработка меѓу Филозофскиот факултет од Ниш и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје што по иницијатива на проф. д-р Јордана Марковиќ се потпиша во октомври 2018 година.

На Собирот беа прочитани и претставени дваесет и девет реферати во една пленарна и шест редовни сесии, во коишто се разгледуваше опсцената и другата колоквијална лексика од повеќе агли, речиси во сите функционални стилови, на повеќе медиуми, нивната употреба во содржини со уметнички карактер итн.

Во пленарната сесија своите реферати ги изложија: Надежда Јовиќ „Називи за жену и човека лаког морала у Црнотравском речнику Р. Стојановића“, потоа: Олгица Додевска-Михајловска и Гоце Цветановски „Опсцената лексика во македонската фразеологија“ и Даниела Поповиќ-Николиќ „Прилози Тихомира Ђорђевића у часопису *Anthropophyteia* Фридриха Саломо Крауса“.

Првата редовна сесија ѝ беше посветена на употребата на опсцената лексика во дијалектите и во разговорниот стил и настапија референтите: Недељко Богдановиќ „Опсцена и вулгарна лексика у дијалекатским речницима“, потоа Васил Дрвошанов со рефератот од областа на дијалектологијата „Изразувањето на семемата ’testicules‘ во македонските говори“. Јордана Марковиќ настапи со рефератот „Опсцена лексика у номинацији човека“, а Лилјана Макаријоска и Мери Цубалевска „Називите за ’неморална жена‘ во македонскиот и српскиот јазик“. Последни во оваа сесија настапија Веселинка Лаброска и Лилјана Гушевска со рефератот „Избегнување или замена на опсцената лексика во секојдневната комуникација“.

Втората сесија опфати реферати со разнородна тематика: опсцената лексика во фолклорот, во виртуелната сфера, во книжевноста, во речниците и сл.

[1] Опсцената и другата колоквијална лексика во српскиот и во македонскиот јазик (превод на авторката на текстот).

и како учесници настапија: Биљана Сикимиќ со рефератот „Фолклорна инвектива: интерактивне римоване ругалице“, по него следуваше рефератот на Лидија Тантуровска „Три точки и бииип“. На лексичка тема беше рефератот на Елена Јованова-Грујовска и Весна Костовска „Меѓу колоквијалното и еротското во *Сок од ӣростата* на Јован Павловски (осврт на лексиката)“. Потоа Гоце Цветановски, Олгица Додевска-Михајловска и Катица Топлиска-Евроска го изложија својот реферат „За употребата на некои српски опсцени зборови и изрази во јазикот на македонските портали“, а Маја Вукиќ ја разгледа синтаксата на пцостите во „Синтакса псовке“. Последна во втората сесија настапи Александра Јаниќ со рефератот „Синонимија и блискозначност именица у *Речнику жаргонизама јужне ӣруге* “.

Во третата сесија беа причитани реферати коишто ја анализираат употребата на опсцената лексика во уметничката литература, во фолклорот, во новокомпонираните песни и во печатот. Настапија референтите: Ирена Цветковиќ-Теофиловиќ со рефератот „Српске ’срамотне‘ пословице у XVIII и XIX веку“, потоа: Иван Јовановиќ со рефератот „О семантичком аспекту опсцене лексике у српским новокомпонованим песмама“. Снежана Петрова-Џамбазова се осврна на опсцената лексика во драмските сценски текстови со рефератот „Опсцената на сцената“, а Драган Лилиќ ја затвори сесијата земајќи ги, како медиум, таблиодите и употребата на опсцената во нив со својот реферат „Опсцена лексика у насловима таблоидне штампе“.

Четвртата сесија беше посветена, главно, на разговорната лексика и во неа настапија четворица референти: Бранимир Станковиќ со рефератот „Слаба дефинитност и полидефинитност на објектот во македонските пцости“; Катица Трајкова се осврна на „Еуфемизмите за опсценоста во романот *Фани Хил*“, рефератот на Марина Јањиќ кој ја опфати колоквијалната лексика е со наслов „Колколквијална лексика у говору нишких средњошколаца“, а последна во сесијата настапи Ана Савиќ-Грујиќ со рефератот „Негативне метафоре у карактеризацији човека“.

Петтата сесија се состоеше, главно, од реферати коишто опфатија ономастички теми: Гоце Цветановски и Катица Топлиска-Евроска реферираа „За опсцената лексика во македонскиот јазик“; Мери Јосифовска настапи со рефератот „Прекари создадени по пат на опсценска мотивација во македонскиот јазик“. Потоа, рефератот на Голуб Јашовиќ, исто така, се осврна на ономастичка тема, но од српската ономастика „Опсцена лексика у ономастичкој грађи пописаној у Горњој Топлици и у јужном Стигу“. На оваа тема интерес побуди и рефератот на Татјана Трајковиќ „Опсцено у српској антропонимији и топонимији“.

Последната, шеста, редовна сесија ја сочинија рефератите на: Мирјана Бојаниќ-Ќирковиќ „Мала спика - Дивча жвака: шатровачки језик као поетички сигнал прозе Мирољуба Тодоровића“; на Јелена Стошиќ „О опсценој лексици у

Рјечнику ЈАЗУ“ и на Ивана Митиќ „Лингвостилистичка анализа лесковачких псовки без опсцених лексема“.

Собирот понуди разновидни теми и видувања за опсцената и за другата колоквијална лексика во српската и во македонската јазична средина. Учесниците понудија богат материјал и разновидни пристапи кон овие прашања, коишто се составен дел од јазичното богатство на двата народа. Се размениј научни искуства и разновидни начини на интерпретација на оваа лексика, со што Собирот ја постигна својата цел и го оправда своето одржување.

Им благодариме на колегите од Ниш за срдечниот пречек и нивното гостопримство, за беспрекорната организација на Собирот и нивните несебични заложби сè да се одвива во најдобар ред.

Воедно, ние, колегите од Македонија, сакаме да им изразиме длабоко сочувство на колегите од Ниш за прераната смрт на колешката проф. д-р Маја Вукиќ, со којашто се дружевме и разменувавме искуства на нашите собири, како и на овој собир од кои ќе останат прекрасните спомени.

Снежана Петрова-Џамбазова[2]

[2] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
snpetrova@yahoo.com

811.163.3(062)(049.3)

ДВАЕСЕТ И ТРЕТИ „ДЕНОВИ НА БЛАГОЈА КОРУБИН“
ДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК(5 мај 2019 година)
Јазична трибина: „Употребата на македонскиот јазик“

Меѓународен научен собир: ПРЕТХОДНИЦИТЕ КАКО СОВРЕМЕНИЦИ и МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СПОРЕДБЕНИТЕ ЛИНГВИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА(27-28 мај 2019 година)

Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков “ – Скопје, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во рамките на традиционалната манифестација „Денови на Благоја Корубин“, годинава ги прошири вообичаените активности. Уште еден настан кој отсега, па натаму ќе стане дел од годишните чествувања: *Денот на македонскиот јазик*, 5 мај, кој оваа година, како прво негово чествување, се одбележа следниот ден и со кој, по иницијатива на проф. д-р Снежана Велковска, претседател на Организацискиот одбор, започнаа „Деновите на Благоја Корубин“. Првото чествување на *Денот на македонскиот јазик* го отвори директорката на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, а го поздравија и заменик-министерот за образование и наука проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Људмил Спасов, претседател на Советот за македонски јазик при Владата и долгогодишниот поранешен директор на Институтот проф. д-р Трајко Стаматоски, истакнат научен работник во пензија. Јазичната трибина којашто ја организираше Институтот во чест на *Денот на македонскиот јазик,*беше насловена *Употребата на македонскиот јазик*. Трибината беше предвидено да биде повторно навраќање кон актуелни прашања од употребата на македонскиот јазик, особено на почитувањето на стандарднојазичната норма во сите општествени сфери како и во различни функционални стилови, но и за поставеноста на македонскиот јазик во законските и подзаконските акти. Македонскиот јазик во образовниот процес како постојано отворена тема беше дискутиран и на оваа Јазична трибина, како и потребата од електронски изданија на веќе издадените лексикографски изданија, но и потребата од нови видови речници на македонскиот јазик. На крајот, како заокружување на претходните искажувања се продискутира за актуелните задачи во лингвистичките истражувања. Модератори на Трибината беа проф. д-р Снежана Велковска и проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, како домаќини, проф. д-р Људмил Спасов од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ и проф. д-р Благица Петковска и проф. д-р Елизабета Бандиловска од Педагошкиот факултет „Климент Охридски“.

Научниот собир го поздрави и го отвори директорката на Институтот проф. д-р Елена Јованова-Грујовска. Оваа година Меѓународниот научен собир беше двојно насловен: *Претходниците како современици* и *Македонскиот јазик во споредбените лингвистички истражувања*. Првиот наслов предвидуваше теми во врска со научното дело на полето на лингвистиката од далечниот старословенски до блискиот современ, од црковнословенскиот, претпреродбенскиот, преродбенскиот до современиот период како значајните периоди од нашата јазична, културно-просветителска, па и национална историја. Вториот наслов предвидуваше споредбени лингвистички истражувања преку проследување контрастивна анализа на македонскиот јазик со другите јазици на сите јазични рамништа, на учењето на македонскиот јазик и други странски јазици како и македонскиот јазик и теоријата на преводот. Според, програмата на Собирот беа пријавени 39 реферати од кои беа прочитани 32, а од нив 6 беа во коавторство. Пред почетокот на работниот дел на Собирот беше промовиран Зборникот, *На почетокот беше збор...*, книга 29 од едицијата „Јазикот наш денешен“, од научниот собир одржан на 9 – 10 мај2017 година, чиј промотор беше авторката на овој прилог.

Работниот дел на годинешниот Меѓународен научен собир беше организиран во два дена, во вкупно четири сесии: две сесии првиот ден, 27 мај и две сесии вториот работен ден на Собирот, 28 мај. Пленарната сесија којашто им претходеше на редовните сесии ја сочинуваа три излагања: Борјана Прошев-Оливер настапи со рефератот под наслов*Крсте Петков Мисирков – парадигма на егзилот во македонската културна историја*, излагањето на Јордана Марковиќ беше под наслов *Лингвистичка терминологија у македонској граматици Крума Кепеског из 1946 године* и, на крајот,пленарно излагање имаше Снежана Велковска со темата*Смртта на Балканот (фразеосемантичко поле ’смрт‘)*.На првата редовна сесија беа прочитани 7 реферати. За *Размислувањата на Благоја Корубин за акцентот погледнати од денешен аспект* реферираше Искра Пановска-Димкова, за *Традуктолошките ставови во истражувањата на Благоја Корубин* зборуваше Ирина Бабамова, а Димитар Пандев читаше *Слово за Хараламбие Поленаковиќ (или: Меѓу акрибичноста при филолошкото читање на текстот и луцидноста при текстолошките заклучоци)*. Снежана Веновска-Антевска зборуваше за *Улицата со многу имиња,* а коавторките Елена Јованова-Грујовска и Елизабета Кузмановска ги изнесоа своите согледувања на една временска отсечка *Од грижата на првите македонски радио и телевизиски водители до јазикот на порталите*. Катица Топлиска-Евроска зборуваше за *Народните називи на растителната лексика во Толковниот речник на македонскиот јазик*, а Весна Костовска за *Сложенките во Тритомниот и Толковниот речник на македонскиот јазик*.Првиот реферат од втората сесија на првиот работен ден на Собирот во коавторство на Веселинка Лаброска и Катица Трајкова ги изнесе нивните ставови во врска со *Фонемата/ј/ во црковнословенските текстови од македонска редакција – споредба со современиот македонски јазик*, додека заедничките согледувања на Михајло Марковиќ и Соња Новотни се однесуваа

на *Почитувањето на стандарднојазичната норма на македонскиот јазик во записите и натписите во Тетово*. Лидија Тантуровска зборуваше *За една културолошка појава при учењето на македонскиот јазик како странски*. Следните реферати се однесуваа на теми од наставата. Марина Даниловска се осврна на *Употребата на правописната норма во писмените работи по предметот Македонски јазик и литература во средното образование*, додека коавторките Татјана Гочкова-Стојановска и Елизабета Бандиловска ги изнесоа своите ставови околу прашањето за *Степенот на јазичните знаења како одраз на усвоените содржини по предметот Македонски јазик (согледувања и препораки)*. *Дидактичкиот говор во одделенската настава*беше насловот на рефератот на Анета Штерјоска-Митреска, за *Наставата по македонски јазик во Пустец*зборувашеМиалаќ Апостоловски, а на *Именувањата на роднинските односи во еден учебник на Димитар Василев Македонски* се задржа во својот реферат Васил Дрвошанов, додека Раско Лозаноски ги изнесе своите согледувања во врска со *Поставеноста на додатната и дополнителната настава во основното образование – видувања, можни постапки за изведување и сугестии*. Сесијата ја заокружи Свето Тоевски со рефератот *„За македонцките работи“ во 21 век: дијахрониско-синхрониска концепција и пракса на интегралниот македонизам на лингвакултурен план* по којшто следуваше дискусија со што заврши првиот работен ден од Собирот. Вториот работен ден од Научниот собир опфаќаше контрастивни теми на различни јазични рамништа. Претпладневната сесија ја отвори Јасминка Делова-Силјановскасо рефератот *Фраземите со компонента ’кожа‘ (македонско-чешки паралели)*, во истиот дух продолжи Билјана Мирчевска-Бошева со својот реферат *За потеклото на фраземите*, а Фани Стефановска-Ристеска зборуваше за *Меѓујазична македонско-бугарска лексичка хомонимија*. *Називите во врска со традицискиот народен календар во македонскиот, српскиот и во бугарскиот јазик*беше темата на којашто беше насочен интересот на Лилјана Макаријоска во нејзиното излагање. Последните два реферата од оваа сесија беа во коавторство: првиот на Елени Бужаровска и Љиљана Митковска се однесуваше на *Зависната дел-реченица: македонско-бугарски паралели*, а вториот во коавторство на Борче Арсов и Катарина Ѓурчевска-Атанасовска се однесуваше на *Сегашниот партицип со прилошка функција во англискиот и неговите корелати во македонскиот јазик*. Последната, четврта сесија на вториот ден од Собирот донесе 6 реферати. Сесијата ја започна Хидајете Азизисо рефератот под наслов *За присуството на препозитивниот член во албанскиот и неговото отсуство во македонкиот јазик*, а веднаш по неа, Марина Спасовска направи *Контрастивна анализа на перфектот во македонскиоти во албанскиот јазик.* Сашка Грујовска-Миланова зборуваше за модалноста во рефератот под наслов *Модалните глаголи како маркери за евиденцијалност во македонскиот и германскиот јазик*, а Љубица Станковска го започна блокот со теми од областа на ономастиката со својот реферат *Српско-македонски топонимиски паралели*. Последните две теми од оваа сесија и воопшто на Собирот беа на Васил

Штерјоски кој се осврна на *Промена на македонките топоними во Албанија*, а во последниот референт на Собирот, Мери Јосифовска се задржа на *Личните имиња во народните песни од Егејска Македонија*.

Широкиот одзив на поставените теми, како и разновидноста на рефератите кои го збогатија годинешниот Меѓународен собир, уште еднаш ја оправдаа традицијата од повеќе од дведецении опстојување на научната манифестација„Денови на Благоја Корубин“.

Катица Топлиска-Евроска

811.163.3(062)(049.3)
821.163.3(062)(049.3)
930.85(497.7)(062) (049.3)

LII ЛЕТНА ШКОЛА (ОХРИД, 4 – 23 АВГУСТ 2019 Г.) И XLVI МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА – ЛИНГВИСТИКА (ОХРИД, 23 И 24 АВГУСТ 2019 Г.) НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје годинава ги организираше LII летна школа за македонски јазик, литература и култура и XLVI меѓународна научна конференција. Летната школа се одржа во периодот 4 – 23 август 2019 г., а Меѓународната научна конференција на 23 и 24 август 2019 г. Двата настана беа организирани во хотелот „Конгресен центар“, с. Долно Коњско, Охрид. Главни членови на организацискиот тим на Летната школа и на Меѓународната научна конференција беа директорката на Меѓународниот семинар, проф. д-р Славица Велева и м-р Евдокија Илијевска.

На LII летна школа за македонски јазик, литература и култура имаше вкупно 73 стипендисти од 19 земји: Австрија, Германија, Грција, Италија, Канада, Република Кореја, Полска, Република Кина, Романија, Руска Федерација, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Хрватска, Франција, Чешка Република и Холандија. За разлика од претходните неколку години, годинава летната школа траеше три седмици, а освен лекторската настава, предавањата и курсевите, беа организирани и неколку екскурзии (во манастирскиот комплекс „Св. Наум“, во Велестово и во Велгошти). Семинаристите беа поделени во седум групи водени од 8 лектори: почетно рамниште А1 (лектори: проф. д-р Симон Саздов и м-р Биљана Стојановска), почетно рамниште А2 (лектор: доц. д-р Борче Арсов), средно рамниште Б1 (лекторка: доц. д-р Гордана Алексова), средно рамниште Б2 (лекторка: доц. д-р Марија Паунова), високо рамниште – лингвистика (лекторка: м-р Андријана Павлова), високо рамниште – литература (лекторка: проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска) и високо рамниште – преведување (лекторка: Роза Тасевска). Лекторските вежби се изведуваа секој ден од 9:00 до 12:00 со вкупен фонд од 60 часа. Традиционално, веднаш по лекторските вежби секој ден се одржуваа предавања од страна на стручњаци од областа на македонските јазик, литература и култура, а во попладневен термин (15:00–16:30) секојдневно се одржуваа по два (изборни) курса истовремено (лингвистика и литература). Во вечерните часови семинаристите имаа можност да присуствуваат и на курс по македонско народно пеење и по македонски народни танци. Новина на оваа летна школа беше едицијата нови учебници за македонски јазик за странци во издание на Филолошкиот факултет „Блаже

Конески“ – Скопје, кои беа промовирани на отворањето на Летната школа и за првпат беа користени на годинешните лекторски вежби: „Тешкото“ (автор: Симон Саздов), „Лозје“ (авторка: Гордана Алексова), „Златоврв“ (авторка: Анета Дучевска) и „Везилка“ (авторка: Весна Мојсова-Чепишевска).

На XLVI меѓународна научна конференција се пријавија учесници од 14 земји: Македонија, Австрија, Бугарија, Грција, Италија, Полска, Романија, Русија, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција и Хрватска. Како и претходните години, Конференцијата беше поделена во две работни секции: лингвистика и литература. Координатори на лингвистичката секција беа доц. д-р Гордана Алексова и доц. д-р Борче Арсов, а координаторки на литературната секција беа проф. д-р Валентина Миронска-Христовска и проф. д-р Јасна Котеска.

Главните теми на лингвистичката секција беа *Македонскиот јазик наспрема другите јазици* и *Јазик – Стил – Комуникација*, а имаше и тематски блок *Јубилеи од два милениума – завет за третиот*, во чиишто рамки беа одбележани 1150 години од смртта на Св. Константин-Кирил Филозоф, 80 години од раѓањето на Лилјана Минова-Ѓуркова и 90 години од раѓањето на Кирил Конески. Главните теми на литературната секција беа *Македонската литература наспрема другите литератури* и *Литература – Традиција – Критика*, а беа одбележани и повеќе јубилеи, и тоа: 100 години од раѓањето на Димитар Митрев и на Владо Малески, 90 години од раѓањето на Гане Тодоровски, 80 години од објавувањето на стихозбирката „Бели мугри“ на Кочо Рацин, 75 години од објавувањето на „Песни“ на Ацо Шопов и, исто како и во лингвистичката секција, 1150 од упокојувањето на Св. Кирил Филозоф.

За лингвистичката секција се пријавија 48 учесници со вкупно 42 реферати. Од нив, на Конференцијата беа изложени 34 реферати. Излагањето на рефератите во лингвистичката секција беше поделено во два дена и, според официјалната програма, во вкупно 6 работни сесии (по три сесии во секој од деновите). Времето на излагање на рефератите беше ограничено на 15 минути, а работни јазици на Конференцијата беа македонскиот јазик, сите словенски јазици и англискиот јазик. По секоја работна сесија беа предвидени по 30 минути за дискусија.

Со теми посветени на јубилеите се претставија: **Анета ДУЧЕВСКА** (За декларативните реченици од аспект на информациската структура), **Томислав ТРЕНЕВСКИ** (Стилистичките проучувања и поучувања на Лилјана Минова-Ѓуркова – пристап што не треба да се заборави), **Славица ВЕЛЕВА** (Лингвистичките погледи на професорот Кирил Конески за глаголските форми и за зборообразувањето во македонскиот јазик), **Станислава-Сташа ТОФОСКА** (Префиксните зборообразувачки модели кај глаголите на движење во македонскиот јазик), **Силвана СИМОСКА** (90 години од раѓањето на Кирил Конески и 85 години од раѓањето на Волфганг Моч – омаж за македонско-германските научници зборообразувачи и јазикозбогатувачи), **Димитар ПАНДЕВ** (Улогата и влогот на Блаже Конески во јубилејните одбележувања на словенската писменост) и **Људмил СПАСОВ** (Улогата на фреската

„Седмочисленици“ во афирмирањето на култот на Св. Кирил и Методиј во Југоисточна Европа).

Со теми посветени на македонскиот јазик, односно на неговата современа состојба и на неговите развој и употреба, во државата и надвор од неа, се претставија **Виктор ФРИДМАН** (Граматика на пцостите во „Бомбите“ од 2015 г.), **Марјан МАРКОВИЌ** (Формална и семантичка деривација на прасловенскиот корен *slěd- во македонскиот јазик), **Марек МАЈЕР** (Општословенската позадина на создавањето на македонскиот предлог *врз*), **Елка ЈАЧЕВА-УЛЧАР** и **Марија ЧИЧЕВА-АЛЕКСИЌ** (Уште едно навраќање кон лексиката на Кониковското евангелие), **Александар НОВИК** (Терминология традиционной одежды македонцев-мусульман в Голо Бордо (Албания): музейные предметы Кунсткамеры из этнолингвистической экспедиции 2008–2010 годов), **Наташа ПИРИХ-СВЕТИНА** (Govorci makedonščine kot uporabniki slovenščine kot tujega jezika), **Елени БУЖАРОВСКА** и **Лилјана МИТКОВСКА** (Инверзија на субјект и предикат во македонскиот јазик), **Татјана ГАНЕНКОВА** (Сложените називи и категоријата определеност/неопределеност), **Бобан КАРАПЕЈОВСКИ** (Ономазиолошки определените именски групи со формален показател на категоријата определеност во македонскиот јазик), **Звонко НИКОДИНОВСКИ** (Вокалските извици во македонскиот јазик). Со заеднички реферат од областа на македонската фонологија се претставија **Бранислав ГЕРАЗОВ**, **Агата ТРАВИЊСКА** и **Веселинка ЛАБРОСКА** (Фонетските особености на самогласките во македонскиот јазик. Распределба на формантите).

Од пријавените реферати со споредбена тематика на Конференцијата беа изложени следниве реферати**: Елена ИВАНОВА** и **Лилјана МИТКОВСКА** (Градење дативно-предикативни структури во македонскиот јазик во споредба со рускиот и бугарскиот), **Ценка ИВАНОВА** (Колокацијата како диференцијален признак помеѓу словенските јазици (со осврт на бугарскиот, македонскиот и српскиот јазик)), **Марина СПАСОЈЕВИЌ** (Путеви двовидских глагола у српском и македонском језику), **Емил НИАМИ** (Феминативите во рускиот и во македонскиот јазик), **Константин ЈОАН-МЛАДИН** (Историски и стилистички размислувања за македонските и романските зборови со суфиксот од турско потекло *-лак / -lâc*), **Маргарита ВЕЛЕВСКА** и **Мира ТРАЈКОВА** (Поливалентната употреба на терминот QUE во францускиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик), **Радица НИКОДИНОВСКА** (Јазично-културолошките премостувања во италијанскиот превод на романот „Сиркачот“), **Сања МИХАЈЛОВИЌ-КОСТАДИНОВСКА** (Неологизмите во романот „Време на тишината“ и можностите за превод на македонски јазик), **Емилија БОЈКОВСКА** и **Емина АВДИЌ** (Јазичниот одраз на популизмот во македонскиот и во германскиот политички дискурс), **Моника ЏЕНЕСИН** (Self-translation in Translingual Writing: Luan Starova’s Albanian (*Koha e dhive*) and Macedonian (*Времето на козите*) versions of novel *The Times of the Goats*) и **Ѓонул**

УЗЕЛИ (Изучување на македонскиот јазик во несловенска средина, во функција на интеркултурно поврзување помеѓу Р Турција и Р Македонија).

Со теми поврзани со стилот и со стилистиката на македонскиот јазик се претставија: **Борче АРСОВ** (Зошто стилизација? (Павел Божигропски како *втората рака* во Кониковското евангелие)), **Лидија АРИЗАНКОВСКА** (Појавата на нови функционални стилови во македонскиот јазик во процесот на глобализацијата), **Лидија ТАНТУРОВСКА** (Интернет-стилистиката – како нова лингвистичка дисциплина или како нова стилистичка рамка на функционалните стилови), **Бојан ПЕТРЕВСКИ** (Информацискиот аспект на изразувањето на причината во политичкиот дискурс) и **Гордана АЛЕКСОВА** (Стилистиката во наставата по македонски јазик).

За лингвистичката секција на Конференцијата се имаа пријавено, но не ги изложија своите реферати и **Роман КРИВКО** (Древнейшая церковнославяская евхаристическая терминология) **Станислав СТАНКОВИЌ** (Македонски језик у образовном систему и службеној употреби у Републици Србији), **Бранимир СТАНКОВИЌ** (Определеноста во скопскиот градски говор во контекст на дијалектен континуум), **Роза ТАСЕВСКА** (Руско-македонски фразеолошки паралели), **Јасминка ДЕЛОВА-СИЛЈАНОВА** (Фраземи со компонента ‘коса’ (македонско-чешки паралели)), **Александра САРЖОСКА** (За некои италијанизми – лексички балканизми во македонскиот јазик), **Лилјана МАКАРИЈОСКА** (Кон особеностите на религискиот стил во изданијата на МПЦ) и **Лилјана ПАНДЕВА** (Јазикот и стилот на Владо Малески (со посебен осврт врз оказионализмите)).

Традиционално, лингвистичката секција на XLVI меѓународна научна конференција беше затворена со куса дискусија во врска со теми-предлози за следната Научна конференција, но и со изразеното задоволството на учесниците од разноликоста и од содржајноста на претставените реферати, како и од интересните дискусии што се развиваа по секоја од работните сесии, но и за време на паузите. Претставените реферати ќе бидат објавени и во зборник, со кој, несомнено, ќе се збогати македонската наука за јазикот, не само со трудови на македонски истражувачи туку и со значителен број истражувачи на македонските јазик, литература и култура од странство.

Борче Арсов[1]

[1] borcea@imj.ukim.edu.mk
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

811.163.3(496.5:=163.3)(062)(049.3)

СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

По иницијатива на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, македонскиот в.д. амбасадор Данчо Марковски и Советот за македонски јазик при Владата на РСМ, во организација на Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Албанија, во Пустец се одржа неколкудневен Семинар за усовршување на македонскиот стандарден јазик наменет за наставниците од основните училишта и гимназијата во Мала Преспа. Во дел од предавањата беа опфатени и група воспитувачи од локалната градинка. Предавачи на Семинарот беа професорките д-р Снежана Велковска, д-р Елена Јованова-Грујовска и д-р Весна Костовска од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, како и д-р Елизабета Бандиловска од Педагошкиот факултет во Скопје.

Иницијативата за организирање на Семинарот потекна од потребата да се реализираат конкретни настани и контакти што би придонеле за континуитетот во примената на македонскиот стандарден јазик од страна просветниот кадар во Мала Преспа и истовремено да се артикулираат новините што во изминатиот период се усвоени. Токму затоа, со предавањата се опфатија сите сфери од јазикот, при што присутните семинаристи беа поттикнувани да развиваат конструктивна дискусија со професорките. Непосредните контакти покажаа дека просветниот кадар, и покрај несоодветните услови во Пустец, е со силен ентузијазам при одржувањето настава на македонски јазик. По успешно завршениот Семинар, директорката на Институтот проф. д-р Елена Јованова-Грујовска и в.д. амбасадорот Данчо Марковски на 45 просветни работници им доделија сертификати за усовршување на македонскиот јазик.

Во општина Пустец фунционираат две деветолетки со подрачни училишта, како и гимназија. За нивните наставници и ученици Институтот донираше училишен прибор (папки, тетратки и пенкала) и неколку пакети свои изданија.

Со овој Семинар, се создадоа услови и можности за натамошен обмислен концепт за стручна соработка за одржување и зајакнување на јазичните врски преку учеството на докажани научни експерти од оваа област.

Семинарот има и пошироко значење, затоа што укажува на подготвеноста за проширување на оваа иницијатива и во останатите делови од албанската држава каде што живеат Македонци да бидат организирани слични настани.

Овој настан се одржа во еден мошне важен период во кој албанската Влада го донесе Законот за националните малцинства со што го најави процесот на имплементација на меѓународните стандарди за човековите права. Процес којшто во наредниот периодот ќе се развива и ќе овозможи активно вклучување на македонските културни друштва, особено во образовниот систем.

Настанот е поддржан од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и општината Пустец.

Весна Костовска

811.163.3(062)(049.3)

ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ (11 – 15 ноември 2019 г.)

Во периодот 11 – 15 ноември 2019 г. се одржаа четвртите *Отворени денови* на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје. Во текот на една работна седмица (11 – 15 ноември 2019 г.) вратите на Институтот беа отворени за сите вљубеници во македонскиот јазик и за почитувачите, како на делото на патронот на Институтот, така и на дејноста на вработените и на пензионираните научни работници.

За секој ден од *Отворените денови* беа предвидени различни активности. На свеченото отворање на манифестацијата, на 11.11.2019 г., поздравно обраќање имаше директорката на Институтот, проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, а извадоци од книгата „За македонцките работи“ читаа ученици од ООУ „Гоце Делчев“ од Скопје. На овој ден беа промовирани последните изданија на списанијата „Македонски јазик“ (бр. LXIX) и „Македонистика“ (бр. 17). Промотори беа главните уредници на списанијата, проф. д-р Снежана Велковска, односно проф. д-р Снежана Веновска-Антевска. Во продолжение беа промовирани две најнови изданија, кои произлегуваат од докторските дисертации на двајца научни работници од Институтот, и тоа: „Сложенките во македонските црковнословенски текстови“ од проф. д-р Весна Костовска и „Јазикот на првите преводи на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо“ од доц. д-р Борче Арсов. Промотор на книгата на Костовска беше проф. д-р Димитар Пандев, а книгата на Арсов ја промовираше проф. д-р Људмил Спасов. Овие две книги беа издадени од страна на две различни приватни издавачки куќи, но во соиздаваштво со Институтот за македонски јазик. На отворањето присуствуваа стручњаци од областа на македонскиот јазик, како и голем број пријатели и соработници на Институтот, вклучувајќи и дел од пензионираниот кадар. Присуството на медиумите му даде дополнителна важност на настанот и, со нивната помош, пошироката македонска јавност беше информирана за четвртите *Отворени денови*.

Вториот ден од манифестацијата (12.11.2019 г.) им беше посветен на нашите професори и колеги македонисти, од една страна, но и на младите и идните македонисти, од друга страна. Пред почетокот на настанот имаше организирана посета на спомен-собата на Крсте Мисирков, која се наоѓа на приземјето на Институтот. Бројот на заинтересирани беше голем и значаен, особено земајќи го предвид фактот дека најголем дел од присутните беа студенти македонисти од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје,

како и средношколци од СУГС „Георги Димитров“ од Скопје. Настанот се одржа во амфитеатарот на Институтот, а започна во 11 часот, со пригодна беседа од проф. д-р Снежана Велковска, по повод 90 години од раѓањето на проф. д-р Кирил Конески. Потоа, беа одбележани уште неколку јубилеи: 85 години од раѓањето на проф. д-р Мито Аргировски (пригодна беседа од проф. д-р Весна Костовска), 85 години од раѓањето на проф. д-р Ѓорѓи Ѓоргиевски (пригодна беседа од проф. д-р Лилјана Макаријоска), 80 години од раѓањето на проф. д-р Олга Иванова (пригодна беседа од проф. д-р Марија Коробар-Белчева), 80 години од раѓањето на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова (пригодна беседа од проф. д-р Снежана Веновска-Антевска), 60 години од раѓањето на проф. д-р Љупчо Митревски (пригодна беседа од проф. д-р Гоце Цветановски), 40 години од смртта на проф. д-р Аритон Поповски (пригодна беседа од проф. д-р Васил Дрвошанов) и 5 години од смртта на проф. д-р Убавка Гајдова (пригодна беседа од проф. д-р Веселинка Лаброска). Во вториот дел од активностите на овој ден, координаторката, проф. д-р Веселинка Лаброска, ја претстави наставната дејност на Институтот за македонски јазик, преку презентација на едногодишните и на двегодишните мастер-студии по македонистика со комуникологија, како и на тригодишните докторски студии, кои Институтот ги организира заедно со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје.

На 13. и на 14.11.2019 г., во рамките на *Отворените денови*, исто така, четврта година по ред, се одржа Меѓународна научна конференција, која годинава беше насловена „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања“. На конференцијата со меѓународен организациски одбор, а под претседателството на проф. д-р Лидија Тантуровска, беа пријавени вкупно 66 учесници од осум земји, и тоа од: Македонија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Полска, Русија и САД. На 13.11., Конференцијата ја отвори директорката на Институтот, а пригодно обраќање имаше и премиерот на РС Македонија, г. Зоран Заев. Понатаму, присутните ги поздрави и претседателката на меѓународниот организациски одбор. Во рамките на отворањето на Конференцијата беа промовирани два зборника: проф. д-р Људмил Спасов го промовираше Зборникот од првата меѓународна конференција организирана во рамките на првите *Отворени денови* на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од 2016 г. (со насловот: „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката“), а проф. д-р Искра Пановска-Димкова беше промоторка на Зборникот од минатогодишната Меѓународна конференција *Јазикот и културата – состојби и предизвици*. Промоција имаше и компактниот диск „Апстракти од Меѓународната научна конференција *Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања*“, од страна на проф. д-р Јордана Марковиќ. Конференцијата се одвиваше во повеќе простории на Институтот за македонски јазик и траеше два дена, а излагањата на учесниците беа организирани во три паралелни сесии.

Во рамките на *Отворените денови* за сите учесници на Конференцијата беше организирана дводневна екскурзија во Кратово, со посета на локалитетот Куклица и на Лесновскиот манастир. Тргнувањето од Скопје беше на 14.11.2019 г., веднаш по затворањето на Конференцијата, а посетата на Куклица и на Лесновскиот манастир, како и враќањето во Скопје беше следниот ден.

Со своето одржување по четврти пат, *Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје* полека стануваат традиционална манифестација, со која особено се зголемува видливоста на Институтот и не само што се истакнува значењето на овој храм посветен на заштитата и на истражувањето на македонскиот јазик, туку се нагласува и виталната важност на македонскиот јазик во нашето општество. До нејзиното следно, веќе јубилејно, одржување следната година, за кога со сигурност Институтот ќе подготви уште побогата програма, неговата врата останува отворена и во текот на целата година за сите добронамерници и за сите вљубеници во македонистиката.

Борче Арсов[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“–Скопје borce_arsov@yahoo.com

929 Рибарова, З.

IN MEMORIAM

ТАЖНО СЕЌАВАЊЕ

Зденка Рибарова (13 јуни 1945 – 13 март 2019)

На 13 март 2019 год. почина акад. Зденка Рибарова, долгогодишен раководител на Одделението за историја на македонскиот јазик, главен уредник на научноистражувачкиот проект *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* и член на МАНУ надвор од работниот состав.

За Зденка Рибарова имам пишувано по различни поводи, по повод одбележувања на годишнини од раѓањето, по повод издавањето на сите нејзини монографски трудови што придонесуваат за афирмацијата на македонската црковнословенска писменост во славистичката научна јавност, но ова е најтажниот повод по кој пишував, и пишувањето ми одеше мошне тешко – спомените постојано навираат, а ги има многу во годините што се нижеа ден по ден, од 1 јуни 1987 год., кога ме пречека во Институтот на мојот прв работен ден и ми стана постојана и најголема поддршка во моето научно усовршување.

Зденка Рибарова почина во Прага, во градот во кој е родена на 13 јуни 1945 год., каде што го стекнува основното, средното и високото образование и докторира на Карловиот универзитет во 1969 год. Нејзината докторска дисертација на тема *Императивот во старословенскиот јазик* ги претставува развојните тенденции при употребата на императивот во старословенскиот јазик врз основа на компаративна анализа.

Посетата на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид, градот што претставува симбол на Климентовата, Охридската книжевна школа, на чија дејност ѝ посвети многу научни трудови, претставува судбинска алка во нејзиниот живот, таму го наоѓа својот животен сопатник, таму има втор дом во кој се навраќа редовно секое лето и по враќањето во својот роден град, Прага.

Во Институтот за македонски јазик се вработува во 1975 год., учествува во сите фази од работата на проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* и станува еден од авторите на *Пробната свеска кон Речникот на македонските црковнословенски текстови* (1978), на *Индексот кон Речникот на македонските библиски текстови* (1985) што се темели врз 19 ракописи од XII до XIV век, претежно со библиска содржина со цел да се комплетира библискиот корпус за негова евентуална самостојна обработка. Рибарова ги водеше подготвителните работи за обезбедување на црковнословенските текстови во електронска форма, за индексирање, односно за идентификација на секоја збороформа според зададените критериуми, како основа за создавање стандардизиран електронски корпус на старите текстови. За

старословенскиот корпус, примарен извор претставува мануелното внесување на текстовите, што не претставува обично препишување зашто содржи во себе интерпретација со определување на границата на зборот и идентификација на содржината на текстот.

Рибарова се усовршува во сите фази од работата на Проектот, па се јавува како главен уредник и редактор и на првиот том (2006) и на првите свески (св. 8–13) од вториот том од *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*.

Сепак, според мислењето на Рибарова, дејноста на Одделението не се ограничува само на подготовката на Речникот (иако до денес тој се смета за негова основна задача), туку веднаш од почетокот е поставена на поширока основа со создавањето на архив на фотокопии од средновековните македонски текстови, зашто неопходен предуслов за квалитетна лексикографска работа претставува доброто познавање на особеностите на лексичкиот и граматичкиот систем на јазикот што лексикографски се обработува.

Рибарова учествува и во други проекти како на пр.: *Средновековна македонска книжевност* на Институтот за македонска литература (1982 – 1986), *Словенската писменост и дејноста на Охридскиот книжевен центар* при МАНУ под раководство на акад. Петар Хр. Илиевски (1996 – 1998), *Григоровичев паримејник* при Словенскиот институт на Чешката академија на науките во Прага, *Грчко-старословенски индекс* при Словенскиот институт на Чешката академија на науките во Прага, под раководство на Вацлав Чермак (2000–) и др.

Во врска со педагошката дејност на Рибарова ќе го споменеме ангажирањето на повеќе универзитети: Филозофскиот факултет во Загреб (1967 – 1968, 1973 – 1975) како лектор и предавач по чешки јазик, Филозофскиот факултет во Прага (1968 – 1973) како асистент по српскохрватски и старословенски јазик, Филозофскиот факултет во Брно (1997 – 1999) како лектор по македонски и српски јазик, Филозофскиот факултет во Прага (2000 – 2005) како лектор по македонски јазик. Во периодот во кој е ангажирана како лектор по македонски јазик на Масариковиот универзитет во Брно, таа има подготвено учебник вежбанка по македонски јазик[1] за чешките студенти, што се користи при изучувањето на македонскиот јазик и во Брно и на Карловиот универзитет во Прага. Рибарова е коавтор и на *Граматиката на чешкиот јазик*[2] издадена во 1997 год.

Во 2015 год. Зденка Рибарова во коавторство со Славомира Рибарова објави обемна „Чешка граматика со вежби“ на 531 стр., која во хрватската универзитетска средина е оценета како „прва научна граматика на чешкиот јазик што се одликува со научност, исцрпност, темелност, сеопфатност на обработуваниот материјал, изворност во концепциска и методолошка смисла, но и со приспособеност на универзитетските наставни програми на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб“.

---

[1] *Cvicebnice makedonštiny*, Brno 1998.

[2] *Граматика на чешкиот јазик, I дел: Граматика, II дел: Вежби*, Скопје 1997 (во коавторство со проф. д-р Донка Роус).

Со посредство на Рибарова, како иницијатор за соработката на нашиот Институт со Меѓународниот центар за лингвистика и семиотика „Вилем Матезиус“ при Институтот за формална и применета лингвистика на Карловиот универзитет во Прага, се отвори патот за млади соработници од нашиот Институт низа години континуирано да учествуваат на организирните курсеви по општа лингвистика.

Рибарова ја координира работата на Речникот со учества на заседанијата на Меѓународната и на поранешната Југословенска комисија[3] за речници на црковнословенскиот јазик, подоцна и на Меѓународната комисија за црковнословенски речници на националните редакции на црковнословенскиот јазик при Меѓународниот славистички комитет, чиј актуелен претседател беше до минатата година, а воспостави потесна соработка со Одделението за старословенски речник при Словенскиот институт во Прага и со Старословенскиот институт во Загреб.

Под нејзино раководство во рамките на Комисијата за црковнословенски речници при Меѓународниот славистички комитет се работи на *Споредбен индекс кон речниците обработувани во рамките на Комисијата за црковнословенски речници (Srovnávací index k slovníkům zpracovávaným v rámci Komise pro církevněslovanské slovníky)* од кој се издадени два тома под нејзина редакција (и во коавторство со обработувачите Наталија Андријевска, Барбара Балантич и Петра Станковска), кои се достапни на веб-страницата на МАНУ (ical.manu.edu.mk).

Споредбениот индекс во нова форма и во нови услови се надоврзува на иницијативата формулирана веќе на IV меѓународен конгрес на славистите во Москва (1958) на кој е прифатен проект за изработка на Црковнословенски речник. Оваа иницијатива предизвикува жива дискусија и завршува со модификации што резултираа со изработка на редакциските црковнословенски речници. Рибарова истакнува: „При оваа прилика сметам за умесно да потсетам на зборовите на основоположникот и првиот претседател на Комисијата за црковнословенски речници проф. Јозеф Курц, кој секогаш беше цврсто убеден дека предлогот за изработка на црковнословенски речник се базира врз вистинска потреба. Споредбениот индекс има цел овие речници меѓусебно да се поврзат и со тоа да се добие нов целосен поглед врз речничкиот фонд што тие го содржат. Споредбениот поглед овозможува подобро да се согледаат специфичностите на лексиката на секој одделен речник“.

Рибарова учествува на голем број домашни и меѓународни научни собири и конгреси, на *Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* со предавања и циклуси предавања од областа на историјата на македонскиот јазик, на научни дискусии и др., а на нејзина иницијатива, Семинарот го издаде трудот на Франтишек В. Мареш *Компаративна фонологија и морфологија на македонскиот јазик – синхронија и дијахронија* (2008).

Во центарот на научниот интерес на Рибарова се наоѓа старословенското

[3] Во нејзина организација во Институтот во 1988 год. се одржа и Советување за работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри.

книжевно наследство, јазикот на македонските текстови и особено охридските традиции во развојот на македонската црковнословенска писменост, но и меѓуредакциските контакти.

Во оваа пригода ќе се осврнеме на некои од нејзините пообемни трудови меѓу кои се вбројуваат и едициите за Радомировото евангелие и Григоровичевиот паримејник.

Трудот *Радомирово евангелие* е издаден во коавторство со проф. Радмила Угринова-Скаловска[4] и е посветен на ракописот што според Рибарова се изделува од другите текстови од аспект на сложената положба на македонската писменост во втората половина на XIII век – со различни влијанија, користење на предлошка што е веројатно од руска средина, со многу морфолошки промени, удвојување на објектот, замена на инфинитивот со да-конструкција, чување на дел од лексичките архаизми, присуство на бројни русизми, зборообразувачки подновувања. За ова издание авторките во 1989 год. го добија високото признание, наградата „Гоце Делчев“.

Првиот том од едицијата на *Григоровичевиот паримејник*[5], кој се поврзува со глаголската писмена традиција, приреден од Зденка Рибарова и Зое Хауптова, е издаден во 1998 год. и го содржи целосниот паримеен текст со богат критички апарат за подетално презентирање на меѓусебните односи на паримејниците[6], за лексичките, синтаксичките разлики, за некои морфолошки промени, правописни варијанти на заемките.

Изданието на *Индексите кон Старословенскиот речник*[7] од Рибарова, под ред. на Емилие Блахова, се засновува на лексикографската обработка на корпусот за новото издание на *Старословенскиот речник* на канонските ракописи од X и XI век, а содржи: комплетен индекс на заглавни зборови, на хомоними, на сопствени имиња, обратен индекс и индекс на честотата во употребата.

Изданието на МАНУ *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*[8], од 2005 год., претставува систематски поглед врз јазикот на македонските црковнословенски текстови, преку типичните појави што го карактеризираат на правописно-фонолошки, на морфосинтаксички и на лексички план.

И трудот под наслов *Палеословенистички студии*[9] издаден во 2009 год. е резултат на долгогодишните истражувања на лексиколошки и лексикографски проблеми, на јазикот на македонската црковнословенска писменост, и тоа од

---

[4] *Радомирово евангелие*, Стари текстови IV, Скопје 1988.

[5] Рибарова, Зденка, Хауптова, Зое. *Григоровичев паримејник, I. Текст со критички апарат*, Скопје 1998.

[6] Со Григоровичевиот паримејник се поврзани повеќе трудови на Рибарова (посочени во прилогот објавен во списанието *Македонски јазик* LVI, Скопје 2005, 41–48).

[7] *Indexy k staroslovenskému slovníku*, (red. E. Bláhová), Slovanský ústav AV ČR, Nová rada, sv. 16, Praha 2003.

[8] *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*, МАНУ, Скопје 2005.

[9] *Палеословенистички студии*, Посебни изданија, кн. 63, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2009.

правописно-фонолошки, морфосинтаксички и лексички аспект, како и на појавите што се значајни за историската дијалектологија и за историјата на македонскиот јазик воопшто.

Во издание на МАНУ во 2014 год. е издаден вториот том од едицијата посветена на *Григоровичевиот паримејник (II. Лексика, Index verborum)*. Комплетниот индекс овозможува целосен увид во речничкиот фонд на ракописот и е основа за другите три индекси: Индексот на заглавни зборови со близу 3700 единици, Обратниот индекс, кој ги содржи сите заглавни зборови обработени во комплетниот индекс и овозможува проследување на зборообразувачките тенденции, како и Грчко-старословенскиот индекс со сите грчки соодветници и со грчките варијанти, што овозможува увид во старословенската синонимија, семантиката на словенските зборови, еволуцијата на терминолошките значења, но и во адаптацијата на заемките и во калкирањето.

Под редакција на Зденка Рибарова е издаден *Споредбениот индекс кон речниците обработувани во рамките на Комисијата за црковнословенски речници при Меѓународниот конгрес на славистите*, том I (2015), том II (2018), што го обработува речничкиот фонд застапен во познатите старословенски и црковнословенски речници: четиритомниот Речник на старословенскиот јазик (SJS), речникот на најстарите канонски старословенски текстови (SS), хрватскиот црковнословенски речник (RCJH), македонскиот црковнословенски речник (RCJM), црковнословенскиот речник на српските евангелија (SRJ), српскиот редакциски речник (SRR) и Речникот на старорускиот јазик од XI до XIV век (SDRJ). Споредбениот поглед овозможува подобро да се согледаат специфичностите на лексиката на секој одделен речник и неговиот придонес во рамките на развојот на црковнословенскиот јазик.

Научната дејност на Зденка Рибарова е мошне богата, не само според бројот на трудовите во домашни и во странски списанија и зборници туку и по пристапот на темите што ги обработува, длабочината на мислата во толкувањето на третираните проблеми. Таа го нагласува значењето на факторот на традицијата во развојот на македонскиот јазик; сеопфатно ги претставува и научно ги образложува фонетско-правописните особености со истакнување на оние појави што се најспецифични; ги осветлува појавите што им даваат посебен белег на македонските текстови. Придонесот на Рибарова го потврдуваат бројните оценки и осврти на компетентни палеослависти. Нејзините научни трудови се мошне често цитирани, а за младите претставуваат своевиден образец за сериозен научноистражувачки пристап кон работата.

Рибарова е долгогодишен член на редакцијата на списанието *Македонски јазик*, придонесувајќи за презентирањето на македонистиката и за реномето на списанието, како и член на уредувачкиот одбор на списанието *Слово* на Старословенскиот институт во Загреб.

Ќе го споменеме и членувањето во: Македонскиот славистички комитет, Меѓународната комисија за црковнословенските речници и Меѓународната

комисија за електронска заштита на стари ракописи и старопечатени книги при Меѓународниот славистички комитет, Балканолошкиот совет при МАНУ и др.

Израсната во закрилата на својот татко, еден од најеминентните чешки палеослависти, проф. Јозеф Курц, таа грижливо го чува секој редок, вреден примерок од неговата богата библиотека, а голем дел од неа има донирано на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ.

Поради заслугите во афирмацијата на македонскиот јазик, на 27 мај 2009 год. Рибарова е избрана за член надвор од работниот состав на МАНУ во Одделението за лингвистика и литературна наука, а исто така ѝ е доделено и меѓународното признание „Блаже Конески“ во 2012 год. Рибарова е добитник на високата награда „Јозеф Добровски“ на Чешката академија за животно дело во 2015 год.

Рибарова во последниве години е самостоен научен соработник во Одделението за палеословенистика и византологија во Словенскиот институт при Академијата на науките на Чешката Република, главен уредник и редактор и на *Речникот на црковнословенскиот јазик од хрватска редакција* (т. II во 2015 и св. 21, 22 од т. III во 2016 и 2018 год.). Огромниот придонес на Рибарова за историската, црковнословенската лексикографија е несомнен, не само поради востановувањето на методолошките, организаторските поставки, обемната и одговорна редакторска работа, туку и поради бројните иницијативи при меѓународната координација на црковнословенските речници од различни редакции во рамките на Комисијата за црковнословенски речници при Меѓународниот славистички комитет.

Во нашиот Институт Зденка Рибарова нè водеше во лексикографската работа, но и во нашата индивидуална работа, како ментор на нашите магистерски и докторски дисертации. Таа беше исполнителна, со голема посветеност во работата, со темелен пристап и така нè учеше и нас, нејзините соработници; имаше одговори на сите наши прашања, ни предлагаше научна литература и бараше да ги следиме и постарите и новите палеославистички изданија; не дозволуваше да минуваат денови, нашите текстови ги прегледуваше најбрзо што може. Често ќе можевме да чуеме дека ние сме „школата на Зденка Рибарова“.

И денес си спомнувам на нашите секојдневни утрински средби во мојата канцеларија, од првиот ден кога в раце ги имаше фотоснимките на Радомировиот псалтир, што ми го предложи и како тема за магистерска дисертација, со нејзината поддршка го расчитав првиот лист од ракописот, го напишав првиот реферат за научна конференција, покрај мене беше и на мојот прв авионски лет на конференција во странство. Со неа ја делев радоста по одбраната на магистерската и на докторската дисертација, бев првиот нејзин докторанд, а со нејзина препорака ги објавив како монографски трудови во издание на Институтот.

Акад. Зденка Рибарова ќе остане запаметена по неуморното четиридеценско ангажирање во лексикографската и научната работа за афирмацијата на македонската црковнословенска писменост, по посветеноста на

соработниците на Одделението за историја на македонскиот јазик – под нејзиното будно око ги пишувавме првите прилози во научноистражувачката работа и со нејзината несебична поддршка се изградувавме низ сите фази од работата.

Нека ѝ е вечен споменот на нашата драга Зденка Рибарова!

Лилјана Макаријоска[10]

[10] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, makarijoska@yahoo.com

929 Стефанија, Д.

IN MEMORIAM

ДРАГИ СТЕФАНИЈА
(Охрид, 10 ноември 1933 − Охрид, 17 јуни 2019)
ЕДЕН ЖИВОТ, ЕДНА ПРИКАЗНА

Негде на релацијата Македонија – Словенија – Полска, поточно во градовите Охрид – Љубљана – Бјелско Бјала живееше и твореше Драги Поп Стефанија. Твореше на три јазика (македонски, словенечки, полски), но во срцето најголемата љубов ја имаше кон Македонија и родниот Охрид. Познат во наведените простори како лингвист, македонист, фолклорист, новинар и публицист. Постојано со еден духовит, малку саркастичен, но добронамерен коментар, да каже без да навреди, да насмее, но и да нѐ замисли колку во строгиот пристап треба да внесеме флексибилност и колку еластичноста треба да ја зацврстиме кога се во прашање теми поврзани со македонизмот, идентитетот, заштитата на македонскиот јазик. Години наназад заедничките средби и интереси го поврзаа, речиси, со сите македонски лингвисти, фолклористи, литерати, историчари затоа што секое доаѓање во Македонија тој ни носеше еден актуелен поглед кон нас однадвор и со неуморно љубопитство се информираше за сето она што се напишало или се пишува во Македонија од различни области. Неговото видување на секоја тема што ќе ја зафатеше беше со мултидимензионална проекција, секогаш подготвен да ги пренесе најновите истражувања (книги, статии, резултати од проекти), да ги претстави надвор од Македонија. До крајот на својот живот знаеше без некоја потреба да се јави во Институтот за македонски јазик за да праша дали има нешто ново што го работиме, што сме го отпечатиле или најпријателски и најсрдечно да запраша како оди работата. Таа негова спонтаност и едноставност не ја намалуваше вредноста на неговите истражувања бидејќи тој беше отворен за критика и бараше да се продискутира секоја тема што ја сметаше дека е вредна за да се постави, особено за актуелните состојби во македонскиот јазик, во македонската држава.

Она што може да се каже за неговата биографија во фрагменти го пренесуваме од книгата Македонистички погледи за да остане како историографски податок кој ќе го потврди и она што е напишано овде.

Драги Стефанија е роден во Охрид на 10. 11. 1933 година. Во Охрид го завршил основното и средното образование. Своето образование го продолжил на Филозофски факултет. Завршил под а) македонски јазик и литература, б)книжевност на народите на СФРЈ и в) руски јазик во 1958 година; а 1. степен

право во 1960 година. Како студент бил соработник во универзитетскиот весникот „Студентски збор“. Еден период, исто така, бил собирач на дијалектолошки материјал во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Извесно време бил стручен соработник по македонски јазик за квалификувани и висококвалификувани работници и подготвителни курсеви за упис на високите школи на луѓе без матура во Работнички универзитет во Скопје.

По 1963 година, по скопскиот земјотрес, се враќа во Охрид и работел во Заводот за школство на Охридска околија, како просветен советник за училиштата од втор степен, наедно бил и уредник на списанието за стручно-педагошки проблеми „Актуелности“ околу 3 години. Од 1965 година бил дописник на Радио Скопје, подоцна и на телевизијата. Во 1967 година станал лектор по македонски јазик на Филозофски факултет во Љубљана каде што докторирал во 1980 и во 1982 година станал доцент. Во 1986 бил избран за вонреден и во 1990 година за редовен професор по македонски јазик и литература на истоимената катедра. Од доцентурата до пензионирањето бил шеф на македонистичката катедра, којашто сам ја основал, а 4 години ја водел и југославистичката група.

Постојано соработувал со Филолошкиот факултет во Скопје и со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Држел предавања на Семинарот за македонски јазик, литература и култура.

Освен на Филозофскиот факултет во Љубљана, шест години предавал македонска литература на Филозофскиот факултет во Загреб и 15 години на Педагошката академија во Марибор, сега педагошки факултет. Држел предавања на посдипломски студии во Загреб и Љубљана. Бил ментор на 12 докторанти и дваесеттина магистранти. Бил чест гостин на летните славистички школи во Охрид, Скопје, Дубровник, Загреб, Задар и Љубљана. Специјални македонистички предавања имал на универзитетите во Берлин (14 дневен гостин професор на Хумболдтовиот универзитет со македонистички предавања за тамошните слависти); Ерланген (на Ерланген-Нирбергшкиот универзитет– двонеделен престој со предавања за македонската литература); Катовице (еден месец со редовни македонистички предавања за одржување, да не згасне, на македонистиката по 1981 година и преоѓањето на д-р Владимир Пјанка во Виена, со испити заостанати по воената положба во Полска); Трст (предавања за македонската јазично политичка ситуација пред словенечкото малцинство), Осиек, Риека, Сплит (во трите града имал македонистички предавања), Клагенфурт (двонеделен македонски курс пред студентите југослависти), Брно (неколку македонистички предавања за студентите слависти), Хамбург (одбрани поглавја од македонската јазична, книжевна и политичка ситуација) и на други места.

Д-р Стефанија објавувал македонистички и компаративистички студии и книги во Македонија, Словенија, Хрватска, Германија, Унгарија, Полска, Украина. Објавил 40 книги и стотина статии. Од книгите 10 се поврзани со

најмакедонскиот град Охрид, на пример: трите поврзани со Прличев– за панславизмот, преводот на Сердарот на словенечки со стручна и научна поддршка и Прличевата словенска граматика, двете книги за Миладиновци, петте за Охрид и Охридско: две за Викторија Поп Стефанија и една за Никола Поп Стефанија, Лечебникот од Охрид од 1833 година, и една книга за вицот од тој крај.

Напишал и објавил стотина статии и студии за разни јазични, книжевни, културни и современи проблеми, како од областа на македонската правна терминологија, така и од македонската секојдневна јазична практика. Од доцентурата до пензионирањето бил шеф на македонистичката катедра, којашто сам ја основал, а 4 години ја водел и југославистичката група. Д-р Стефанија објавувал македонистички и компаративистички студии и книги во Македонија, Словенија, Хрватска, Германија, Унгарија, Полска, Украина. Зад себе има оставено некаде околу 200 стручни текста. Активно учествува во јазичното катче на Благоја Корубин во весникот „Нова Македонија“ со десетини прилози за современиот македонски јазик. Овде само ќе спомене дел од неговите книги: *Makedonska književnost* (коавторство„„Školska knjiga”, Zagreb, 1988., 1991.); *Мал македонско-хрватски и хрватско-македонски речник // Mali makedonsko-hrvatski i hrvatsko-makedonski rječnik* (Zavičajna naklada „Žakan Juri”, Pula, 2006.). коавторство; *Glosarij zbornika bratov Miladinovih,* Ljubljana 1985; *Prličeviot panslavizam,* Ohrid 1986; *Viktorija Pop Stefanija,* 1-2 , Ohrid-Struga 1987; *Makedonska književnost* (soavtor, 19. stol.), Zagreb 1988, 1991; *Mali makedonsko-slovenski slovar in Mali slovensko - makedonsko slovar* (soavtor s Tonetom Pretnarjem), Ljubljana 1998.

Над 40 години живееше во Словенија, Љубљана. Бил член на Хелсиншки монитор на Словенија повеќе од 10 години. Во периодот од 1992 до 2001 година бил претседател на Македонската православна заедница „Свети Клиент Охридски“ во Словенија. Од 2007 година бил избран за почесен член на Друштвото на писатели на Македонија. Во 1998 година се пензионира, се враќа во Македонија, а од 2000 години предаваше балканска славистика на Академија Техничко-хуманистичка во Биелско Бјала во Полска, со посебни курсеви по македонски јазик.

Неговата животна и работна приказна може да се следи во постојано движење на релацијата Македонија – Словенија – Полска. Како најзначајно дело во послените пет години ќе ја издвоиме книгата „Македонистички погледи“ печатена во Охрид 2016 година во издание на НУ Завод и музеј. Поттинат од желбата на крајот во една книга да ги збере текстовите што беа потешко достапни за македонската читателска публика ја создаде оваа книга во која во седум делови се претставени различни текстови со различна тематика. Во предговорот на оваа книга академик Цветан Грозданов за Драги Стефанија ќе напише:„Неговите проучувања имаат теоретски карактер, имаат научен карактер, значење и тежина, а некои од нив претставуваат драгоцен придонес во славистиката и посебно во македонистиката.“

На почетокот се Придружните делови од книги (9 текста) што опфаќаат различна проблематика; потоа следуваат Статии и студии, јазично секојдневие (12 текста создавани во периодот од 1960 до 1985 година); Статии и студии, македонска лингвистика (11 текста); Македонско-словенечки врски (8 текста); Полемики (6 текста); Разни теми: книжевност, историја, фолклор, мотиви (11 текста); Научнопопуларни сведоштва (6 текста). Кон ова се два предговора, едниот од мислењето на академик Цветан Грозданов и предговорот од самиот автор Драги стефанија насловен „Кон моите македонсистички погледи во изборов“. На крајот од книгата е биографијата и библиографијата. Сето тоа ја прави оваа книга и практичен информатор за сето она што го истражувал Драги Стефанија во текот на својот живот. Она што ќе сакаше и Драги Стефанија да се спомене тука е дека книгата е посветена на неговите седум внуци (Свит, Вита, Маруша, Сара, Алекс, Софија и Клемен), она што секако го правеше многу среќен и богат човек.

За тоа каков човек беше Драги Стефанија во едно интервју како дел од проектот на НУ Библиотека „Григор Прличев“ − Роднокрајни критичари, новинарот го напишал следново: „Со д-р Драги Стефанија секоја средба е откривање еден нов свет. Разговорите можат да бидат бесконечни, но секогаш сврзани со преубавиот Охрид, неговото творештво, неговите предци.“ Кон ова може да се дополни дека не постоеше тема за која не беше подготвен да зборува Драги Стефанија. Знаеше да постави многу прашања, но и да одговори на многу прашања. Сакаше да дискутира со експерти од областа (лингвисти, историчари, литерати, фолклористи, филозофи), но и со други луѓе, тој ги уважуваше мислењата на другите. Неговата широчина и дарежливост, наедно и желбата да ја поддржува македонистиката беше таква што, иако соработувал како студент во Институтот за македонски јазик, не побара бесплатен примерок од Толковниот речник, туку секогаш си купуваше по два тома од сите што се отпечатија. При една средба во Охрид, во разговор, ми рече „голема работа сте направиле, мора да сте многу горди“, на смеа ќе се задеваше со досетки, но вистинскиот труд и дело знаеше да го цени. Со задоволство учествуваше на Деновите посветени на Благоја Корубин во Институтот за македонски јазик (кога беше во состојба) и на Научната конференција на Семинарот за македонски јазик во Охрид. Го радуваше тоа што и на овие две конференции најмногу се дискутира и сметаше дека најважниот дел е дискусијата.

Драги Стефанија е еден од оние што ја задолжија македонистиката, од неговите предавања излегоа многу странци што го научија македонскиот јазик, дознаа други кои сме, што сме, зошто сме. Има најразлични начини да се помине животот, обично работниот век, некој тоа го прават тивко, во молчења и во тесни граници (само онолку колку што е неопходно), за Драги Стефанија немаше граници, за него секогаш имаше предизвици. Дали тоа ќе беше некој стар текст (како Лечбеник од XIX век), некоја македонска народна песна или приказна, нешто што ќе го мотивира во разговор со охриѓани (на кафе, на пазар) или строга научна поставеност на некоја конференција. Сето тоа за него

претставуваше мотив, доволно да истражува, да дискутира, да потпрашува. Преку она што го остави како пишан текст ќе допре и до наредните генерации, и добро е што има такви луѓе што не си го штедат времето и што оставаат по себе нешто за идните генерации.

Драги Стефанија почина во родниот Охрид на 17 јуни 2019 година, онаму каде што припаѓаше целиот свој живот, таму каде што беше постојано со мислите. Нам ни останува да се сеќаваме на него и на сето она што го остави зад себе.

Снежана Веновска-Антевска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методи“ , Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, venovskas@yahoo.com

За издавачот:
д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

Лектура:
Редакцијата

Компјутерска обработка:
Александар Штерјев

Тираж:
300 примероци

Печат:
Винсент Графика